


*Далибор Јовановски*

# ГРЧКА БАЛКАНСКА ПОЛИТИКА И МАКЕДОНИЈА (1830 - 1881 год.)

Далибор Јовановски

# ГРЧКАТА БАЛКАНСКА ПОЛИТИКА И МАКЕДОНИЈА 1830 - 1881

BATO & DIVAJN
Corporation Graphic Center
2005

**Рецензенти:**

проф. д-р. Миноски Михајло

проф. д-р. Димески Димитар

**Лектор:**

Пејовиќ Тронда

CIP – Каталогизација во публикација Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

327(495:497)"1830/75

327(495:497.7)"1830/75

JОВАНОВСКИ, Далибор

Грчката балканска политика и Македонија : (1830-1881 год.) / Далибор Јовановски, - Скопје : Бато анд Дивајн, 2005. - 235 стр. ; 20 см

фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 213-221. Ђ Регистар

ISBN 9989-2382-0-0

а) Грција - Меѓународни односи - Балкан - 1830 - 1875 б) Грција - Меѓународни односи - Македонија - 1830 - 1875

COBISS.MK-ID 60285194

*На Филип и Симона*

## *ПРЕДГОВОР*

Грчката надворешна политика на Балканот и кон Македонија во наведениот период сеуште е недоволно разработена во македонската историографија, иако е доста значајна. Сепак, би било некоректно доколку не ги споменеме Крсте Битовски и покојниот Ристо Поплазаров, македонските историчари кои имаат пишувано за грчката политика кон Македонија. Политиката на Грција во регионот во минатото е доста значајна за да се разберат некои современи регионални односи и проблеми.

Подолго време размислував како да ја составам темата-дали тоа да биде тематски или пак хронолошки. Се решив за последното, бидејќи на тој начин подобро, но и поразбирливо може да се прикаже односот на грчката политика и општество кон регионот и Македонија.

Исто така би сакал да нагласам дека не случајно насловот говори за надворешната политика на Грција на Балканот. Имено, Грција во 1830 година станала независна држава, но нејзината територија опфатила само еден дел од Грците кои живееле во Османлиската држава. Тоа било доволно уште од самиот почеток грчките влади да размислуваат за територијална експанзија на север, не ретко користејќи ја надворешната политика за внатрешно политички цели. Грчките аспирации за територијално проширување можеле да се остварат, меѓу другото, и со водење на балканска политика, бидејќи односите на Грција со Османлиската држава биле односи помеѓу две балкански држави. Истото може да се каже и за односите помеѓу грчката независна и српската автономна држава, кои исто така беа дел од моите истражувања. Впрочем тоа биле односи на две држави на Балканот кои сметале дека немале некои поголеми територијални несогласувања, иако не ретко имале недоразбирања токму по прашањето на териториите, посебно во Македонија. Во помал обем се осврнав и на односите на Грците со Бугарите и Албанците. Секако неизбежни, за прикажување и анализирање, беа и односите помеѓу Грција и големите сили кои имале големо влијание не само во надворешната политика на малото балканско кралство, туку и во неговите внатрешни работи. Читателот ќе забележи дека внатрешнополитичката ситуација во Грција исто така е дел од оваа книга. Тоа не е без основа. Многу често, внатрешните состојби во една држава влијаат на нејзината надворешна политика. Балканските земји, и Грција посебно, не се исклучени од наведената констатација.

Покрај обидот за давање на еден преглед на грчката политика во регионот, добар дел од ова дело се однесува и на грчките дипломатски, политички, културни и образовни активности во Македонија. Последнава уште од самото формирање на грчката држава била сметана како територија која во иднина требала да влезе во составот на зголемната грчка држава, иако во овој период, приоритет имаа некои други области, како Тесалија или Крит. Привлечноста на Македонија за Грците била логична. Малото грчко кралство не располагало со големи економски ресурси кои би ги задоволиле потребите на населението. Затоа на Грција и требал животен простор, а истиот можел да се најде токму во Македонија, која и покрај сите проблеми

имала релативно големи и плодни полиња. Барањето на територии морало да се оправда. Токму затоа не ретко, многу грчки политичари и јавни личности говореле за Македонија како за историска грчка земја. Во таа насока грчките влади ќе работат на тоа да докажат дека Македонија треба да и припадне на Грција.

Работејќи на ова дело користев објавен и необјавен архивски материјал, книги, статии и весници се со цел да се обидам да дадам еден што е можно подобар и посодржан преглед на грчката политика во регионот и кон Македонија. Се надевам дека успеав во својата намера, иако секео дело секогаш може да биде подобро. Во контекст на претходно споменатото треба да се има на ум дека ниту една тема никогаш не може да биде докрај исцрпена или пак истражена. Во крајна линија отворањето на грчките архиви за македонските истражувачи може да даде уште поголем материјал и теми, секако.

Искрено не верувам дека постои некој што напишал било какво дело без да должи благодарност кон некого. Најмногу од се им благодарам на сопругата Симона за нејзината трпеливост и ведрина и на синот Филип, кој ме веселеше во моментите кога ми беше тоа потребно. На нив најмногу им должам и време и внимание. Исто така им благодарам на родителите на Симона- Љубомир и Виолета за сета помош што ми ја укажаа, на мојата баба Олга за се што направи за мене во мојот живот. Мојот професор, ментор и, најмногу од се, пријател, Михајло Миноски заслужува длабока и искрена благодарност за сите сугестии во моментите на создавањето на оваа книга. За жал еден друг мој професор и рецензент на ова дело, Димитар Димески, не го дочека неговото излегување. Ја користам оваа можност, за последен пат, да му ја изразам мојата почит. Би сакал со особено задоволство да ја изразам својата благодарност кон господинот Светозар Јаневски, генералниот директор на Скопската пивара, заради неговата несебична помош за издавањето на ова дело.

Скопје, јануари 2005 година *Авторот*

## ВОВЕД

Структурата и конфигурацијата на грчката земја, нејзината одлична географска положба и островскиот карактер придонеле Грците да станат добри трговци и морнари, кои ќе бидат меѓу најбараните трговци- посредници во Европа[1]. Во текот на XVI век биле создадени многу грчки ко-лонии низ Европа, а овој процес особено се засилува во XVIII век кога доаѓа до зголемен развој на грчкото општество и до ориентирање на натрупаниот капитал кон производство[2]. Главната активност на грчките трговци била насочена кон денешна Австрија, Унгарија, Италија, Германија, Русија и Франција каде што постоеле големи и моќни колонии на грчките трговци[3]. Овие грчки заедници, имајќи големи финансиски средства, ги поддржувале и ги финансирале грчките цркви, училишта, печатници, со што давале придонес за ширењето и јакнењето на филелинизмот, кој ќе се појави во Европа. Од 1711 година фанариотите служеле како владетели во Влашка и Молдавија со титулата - хосподар[4]. Тие тука успеале да воспостават врски со руските владејачки кругови. Тоа влијаело фанариотите да почнат да размислуваат да застанат на чело на една православна империја на Балканот, која би го зазела местото на османлиската, без да бидат внесени измени во поглед на положбата на поробените балкански народи[5].

Фанариотите најверојатно биле запознаени со проектот на руската царица Катерина II и на австрискиот цар Јосиф II, со кој се предлагало создавање грчка држава на чело со внукот на Катерина II Константин Павлович[6]. Според овој проект за поделба на османлиските територии на Балканот, дел од Србија, Босна и Далмација би ѝ припаднале на Австрија, а Египет би ѝ бил понуден на Франција[7]. Исто така, било предвидено формирање на државата Дакија, но под руска зависност. Остатокот би бил грчка држава, која не би можела да стапи во унија со Русија[8]. Тоа и не било потребно, имајќи предвид кој би бил на чело на проектираната грчка држава.

Иако фанариотите можеби можеле да бидат водачи на грчкото ослободително движење, тие тоа нема да го направат. Наместо нив, како ра-ководители на движењето застанале либералните слоеви на грчката трговска буржоазија, која во тој период значително го зголемува своето влијание. На засилувањето на нејзиното влијание особено му одговарало потпишувањето на Ќучук-Кајнарџиските договор помеѓу Русија и Османлиската Империја[9]. Со овој договор грчките бродови добиле право да пловат под руско знаме, со

---

[1] S. M. Sophocles, A history of Greece, Thessaloniki 1961, p. 183; Лалков Милчо, Балканското национално освободително движение през XIX век, София 1982, с. 54.
[2] Pantelis G. Vyssoulis, Macedonian Hellenism, Toronto 1983, p.18; Надя Данова, Национлният въпрос в гръцките политически програми, София 1982 , с. 26.
[3] P. Vyssoulis, Macedonian..., p. 18.
[4] L. S. Stavrianos, The balkans 1815 - 1914, Bershire 1963, p. 23.
[5] Николай Тодоров, Филики Етерия и Българите, София 1965, с. 27.
[6] Vladimir Dedijer, Interesne sfere, Beograd 1980, s. 63.
[7] И. С. Достян. Россия и балканский вопрос, Москва, 1972, с. 37.
[8] Исто.
[9] Г. Зоидис, Ригас Велестинлис, София 1973, с. 20; Н. Тодоров, Филики етерия.., с. 15.

што се здобиле со голема заштита и предност во однос на другите конкуренти. Таа позиција на грчките морнари и трговци значително влијаела врз развојот на целото грчко општество. Во тоа време грчката трговска елита започнала засилено да се одвојува од лидерството на Патријаршијата[10].

Мошне поволна околност за подготовка на тоа што ќе се случи во 1821 година бил и статусот на некои од областите во Османлиската Империја каде што живееле Грци. Примерите на Пелопонез[11] и егејските острови се доволни. Карактеристично за двата региона бил високиот степен на самоуправа. Треба да се напомене фактот што во погореспоменатите области Грците имале значително учество во управувањето. Овој тип на управување бил задржан сè до 1821 година. Кога станува збор за високото ниво на самоуправа на егејските острови, треба да се има предвид потребата на османлиската држава за искусни и вешти морнари, а тоа најмногу можеле да бидат Грците. Најголем дел од екипажите на османлиските воени и трговски бродови ги сочинувале Грците. Тие во текот на борбата за независност во добар дел ќе застанат на страна на востаниците, но "во текот на целата војна за грчката независност (1821-1830) драгоман на царската флота бил Грк, кој ги управувал операциите против бунтовниците"[12]. Исто така, кога станува збор за Грците, не треба да се заборави и постоењето на Арматолите како вооружени формации официјално признаени од страна на Портата за осигурување на редот и мирот во одредени региони[13]. Неразделно поврзани со нив се и Клефтите. Иако последниве биле повеќе разбојници, опеани од народот поради нападите врз Османлиите, сепак неретко некои од нив станувале Арматоли, а било можно и спротивното. И едните и другите масовно ќе учествуваат во востанието од 1821 година.

Грчката национална идеологија, која почнала да се формира, била под големо влијание на Француската револуција. За тоа влијание во Грција постоеле услови, бидејќи француската култура била раширена меѓу грчката интелигенција[14]. Така, еден од водачите на востанието од 1821 година, Колокотронис, во неговите мемоари напишал: "Според мојот суд, Француската револуција и дејствувањето на Наполеон му ги отворија очите на светот. Нациите пред тоа не знаеја ништо, а народот мислеше дека кралевите се богови на земјата и дека што и да сторат тие, мора да се рече дека било добро сторено..."[15]. Исто така, без никаков сомнеж, и краткотрајното француско владеење на Јонските Острови оставило впечаток и влијание кај некои грчки кругови. Во деловите на османлиската држава каде што имало Грци биле формирани некои помали групи што ги проповедале револуционерните идеи.

---

[10] Basil G. Gounaris, Social cleavages and national "aweking" in Ottoman Macedonia, East Europian Quaterly, XXIX, N. 4, Bouder 1996, p. 409.

[11] Стойчо Грънчаров, Балканският свят, София, 2001, с. 117-118; Richard Clogg, The movement for greek independence 1770-1821, London 1976, p. 13-14.

[12] Miša Gleni, Balkan 1804-1999, prvi deo, Beograd, 2001, s. 38.

[13] С. Грънчаров, Балканският.., с.121.

[14] Иван Доровски, Студии за балканскиот литературен процес во XIX и XX век, Скопје, 1992, с. 6-7.

[15] Марк Мазовер, Балканот. Кратка историја, Скопје, 2003, с. 112.

Таква била Јакобинската етерија во Цариград, формирана во 1794 година[16]. Меѓутоа, некои грчки интелектуалци, како на пример Адамантиос Кораис, и покрај своето восхитување од револуцијата и сето тоа што произлегло од неа, искажувале одредени стравувања, особено од фанатизмот и поделбите во редовите на револуционерите[17].

Идеите на Француската револуција нашле потполн одраз во програмата на Ригас Велестинлис[18]. Ригас се стремел кон изградба на балканска федеративна држава заснована врз принципот на " Слобода, еднаквост и братство", а во својот "Боев марш" ги повикува поробените народи во Османлиската Империја да ги здружат своите сили за нејзино уривање. Сепак, и покрај своите либерални идеи и погледи, Ригас не отстапил од грчките национални идеи за создавање на грчка држава, во чии граници би влегле и негрчки земји. Тој изработил карта на Грција, која, всушност, била карта на Балканскиот Полуостров[19]. Ригас во неговиот "Нов политички устав на жителите на Румелија, Мала Азија, Архипелагот, Молдавија и Влашка" од 1797 година во членот 1 напишал дека републиката е грчка и во неа има различни народи и религии[20]. Во членот 2 од тој Устав се вели дека сите што живеат во таа држава се дел од грчкиот народ. Поради ваквите ставови Ригас се смета за еден од основоположниците на грчката национална програма и грчкиот национализам[21].

Грчките интелектуалци, и покрај сè поголемото вплеткување во политичките активности, не заборавале на унапредувањето на образованието како важен дел во подготвката на народот за идните активности. Еден од патроните на развојот на учењето, кој дал голем придонес за развојот на грчката национална мисла бил и веќе споменатиот Адамантиос Кораис[22]. Тој,

---

[16]Πασχαλη Μ. Κιτρομηλιδη, Η Γαλλικη επανασταση και η Νοτιοανατολικη Ευρωπη, Αθηνα, 200 0, σ. 68 .

[17] Исто, с. 107.

[18] Според П. Висулис, Ригас (чие вистинско име било Андониос Киријазис) потекнувал од Македонија, поточно од селото Периволи, Кожанско. Неговото родно село Велестино претставувало зимска резиденција на неговите родители. P. Vyssoulis, Macedonian..., p.20.

[19] Н. Тодоров, Филики етерия.., с. 30.

[20] Richard Clogg, The movement for greek.., p. 157-158.

[21] Постојат и мислења дека Ригас повеќе се залагал за соработка помеѓу Грците и негрчките народи и го отфрлаат мислењето за негова заложба за грчка доминација врз останатите народи. Зоидис смета дека залагањето на Ригас за грчкиот јазик како службен во државата се должело на фактот дека грчкиот и турскиот јазик биле најраспространети на Балканот. (Г. Зоидис, Ригас Велестинлис, с. 53-54); Вудхаус вели дека Ригас дозволил да се испечатат 1.200 портрети на Александар Македонски, свесен за пропагандниот ефект на портретот на македонскиот освојувач. Според авторот, Ригас ги имал истите аспирации како и Александар за спојување на народите во слободно општество.( C. M. Woodhouse, The macedonian con-tribution to the struggle of Rigas, Balkan Studies, V. 30/1,Thessaloniki 1989, p. 35-41). Спиридонакис смета дека концептот на Ригас за Грција бил во согласност со византиската екуменска традиција и тој не исцртал никакви линии за разграничување помеѓу Грците и негрчките народи на Балканот, бидејќи тие биле браќа (B. G. Spiridonakis, Essays on the historical geography of the greek world in the Balkans during the Turkokratia, Thessaloniki 1977, p. 90-91).

[22] S. M. Sophosles, A History of Greece, p. 233-241.

како и многу други, за време на својот престој во Париз потпаднал под влијанието на Француската револуција. Во своето настојување за ширење на националните чувства меѓу Грците тој се сретнал со недостиг на јазична хомогеност меѓу Грците. Тогаш постоеле четири категории на грчки јазик: класичен, византиски, кој се користел во црквата, катаревуса, кој се користел од интелигенцијата и димотика, јазикот на обичниот човек. Кораис ќе се заложи за користење на катаревусата, која не ја употребувале пониските и повеќебројните слоеви на грчкото општество. Сепак, неговите книги биле читани со голем интерес и ентузијазам и дале голем придонес за развојот на грчката национална свест. Тој, во насока на запознавање на Грците со нивното минато, издал 26 тома книги под наслов "Грчка библиотека", кои содржеле дела на познати антички автори[23]. Кораис ова свое дело не ќе можел да го отпечати доколку не бил финансиски потпомогнат од браќата Зосимас, богати грчки трговци од Русија[24]. Меѓутоа, иако просветителските идеи од Европа најмногу ги опфатиле Грците, поголемиот дел од нив ќе останат на страна од обидите на Кораис и на другите грчки преродбеници за просветување на народот. Уште повеќе, сѐ до почетокот на Грчкото востание во 1821 година и името Елен, како што Грците се нарекуваат себеси, не било во општа употреба во рамките на големата грчка заедница во Османлиската Империја[25]. Во споредба со името Елен, повеќе биле употребувани термините Ромеј и Грк.

Незаобиколен религиозен фактор на Балканот била Цариградската патријаршија. Првично таа не била грчка институција, но со текот на времето Патријаршијата станала главен носител на обидите за елинизација на православните негрчки народи во регионот. Укинувањето на Пеќката патријаршија во 1766 година и една година подоцна на Охридската архиепископија е поврзано со дејствувањето на Цариградската патријаршија[26]. Од почетокот на XIX век ќе започне една систематска работа, чија цел ќе биде всадување на грчката национална свест кај негрчките христијански народи (Македонците, Власите, православните Албанци и кај Бугарите). На чело на оваа активност застанала Цариградската патријаршија[27]. Во таа насока цариградскиот патријарх Григориј V во 1806 и 1819 година издал циркулари до сите владици, во кои се барало да се распространи грчкиот јазик и

[23] С. Грънчаров, Балканският.., с. 114.

[24] Theophilus C. Prousis, The Greeks of Russia and the greek aweking 1774, 1821, Balkan Stdies, 28/2, Thessaloniki, 1987, p.272.

[25] John Th. Kakridis, The ancientGreeks and the Greeks of the War of Independence, Balkan studies, 4/2, Thessaloniki, 1963, p. 251.

[26] Фридман забележува дека укинувањето на двете црковни институции било "дел од општиот притисок да се елинизира негрчкото христијанско население од јужниот и централниот дел од Балканот, а особено Словените, кои претставувале мнозинство."(Цитирано според Петар Хр. Илиевски- Конвергентни и дивергентни тенденции во развојот на Балканскиот јазичен сојуз и перпективите на Европската мултијазична заедница; Балканот во новиот милениум, Скопје 2002, с. 194).

[27] Крсте Битоски, Грчката просвета во Македонија во османскиот период до 70-тите години од XIX век, Школството, просветата и културата во Македонија во времето на преродбата, Скопје 1979, с.258-259.

образование меѓу христијаните. Цариградската патријаршија немала добри односи со голем дел од грчката интелигенција, особено со оние што биле под силно влијание на просветителството и на Француската револуција. Кон Цариградската патријаршија се придружиле и другите грчки православни цркви од Блискиот Исток и од Африка. Некои црквени великодостојници дури издавале и списи, во кои жестоко ја обвинувале интелигенцијата. Така ерусалимскиот патријарх Антимос во 1798 година го издал памфлетот "Татковско учење", во кој ја критикува активноста на новите сили во грчкото општество. Меѓу другото, Антимос во овој памфлет навел дека Господ од ништо ја издигнал Османлиската Империја на местото на Византија во мометите кога последнава започнала да ги напушта основите на православието[28]. Според Антимос, преку султановата власт Господ ги штител православните од тоа што доаѓало од Запад и на тој начин го заштитувал православието од девијациите. Со други зборови, идеите што ги ширел дел од грчките интелектуалци биле во спротивност со желбите на Господ.

Важен настан во развојот на грчкото национално и просветителско движење е основањето на "Филомузос етерија" во септември 1813 година во Атина[29]. Главна задача на ова здружение било патриотското воспитување на младите со посредство на образованието, издавањето книги, собирањето старини. На веста за формирањето на "Филомузос етерија" веднаш реагирала грчката емиграција во Виена со испраќање финансиска поддршка за неа[30]. "Филомузос етеријата" добила финансиски средства и од руски извори блиски до царскиот двор[31].

Веќе во следната 1814 година во Одеса била формирана најпознатата и најсилна грчка политичка организација "Филики етерија". Основачи на организацијата биле Емануил Ксантос од Патмос, Атанасиос Цакалов од Јанина и Николаос Скуфас од Епир[32]. Инаку, тројцата биле осиромашени трговци. Основна цел на "Филики етерија" било ослободување на Грците и формирање грчка држава со главен град Цариград[33]. Треба да се напомене дека никој од заверениците немал претстава за географските контури на татковината ниту за тоа што спаѓа во неа[34]. Тоа воопшто не им пречело да бидат целосно посветени на зацртаната цел. Нејзините членови биле многу дисциплинирани во поглед на завереничките правила. Инаку, самите членови на Етеријата биле разделени на седум степени: 1)побратими; 2)препорачани; 3)јереи; 4)пастири; 5)архипастири); 6)посветени и 7)началници на посветените[35]. Во својата преписка етеристите користеле посебна шифрирана азбука од 22 знака, составена од грчки букви и арапски бројки[36].

---

[28] Richard Clogg, The movement for greek.., p. 59.
[29] Григорий L$vovi~ Арш. И. Каподистрия и греческое nacional$no-osvoboditel$noe движение 1809-1822, Москва 1976, с. 50.
[30] R. Clogg, The movement for greek..., p. 82-82.
[31] Th. Prousis, The Greks of Russia.., p. 272.
[32] Исто, p. 274.
[33] Исто.
[34] M. Gleni, Balkan, s. 41.
[35] Г. Л. Арш, Тайное общество Филики Етерия, 1965, с. 50-51.
[36] Исто, с. 56.

"Филики етерија", нормално, многу брзо ја проширила својата мрежа во Русија и ги развила своите контакти со грчките заедници во Москва, Петербург, Одеса, Херсон, Кишинев и др[37]. Оваа организација развила активност со цел да организира мрежа, преку која би подготвила востание. Етеријата се обидела во своите редови да го привлече и рускиот министер за надворешни работи Каподистрија. Имено, на двапати, во 1817 и во 1820 година на шефот на руската дипломатија, инаку Грк по потекло, му било понудено да застане на чело на ова заговорничко здружение[38]. Каподистрија, како човек што добро ја познавал меѓународната ситуација, ја одбил понудата. Тој јасно ставил на знаење дека Етеријата не можела да очекува поддршка ниту од него, а уште помалку од царската влада. Овој, во тој момент руски дипломат сметал дека културно и образовно издигнување, а не востание, биле побезбеден начин за постигнување социјална и национална промена. Прераното востание, според него, би имало големи и несогледливи последици за Грците[39]. Тој сметал дека наместо да застане на чело на оваа организација, за грчките интереси било подобро доколку го задржи местото шеф на руската дипломатија.

Центарот на "Филики етерија" во 1818 година од Одеса бил пренесен во Цариград, значи поблиску до Грција[40]. Не треба да се запостави ниту фактот дека Цариград или Константинопол, како што го викале Грците, бил османлиска престолнина, а со тоа во градот биле присутни амбасадори на големите сили.

Некои членови на Етеријата се застапувале и за дејство против Османлиите во соработка и со другите балкански народи. Соработката со другите балкански народи била посакувана во насока на остварување на аспирациите и замислите за создавање грчка држава. Верската блискост бил факторот што дополнително ја олеснувал можноста за соработка. Идејата на Георгиос Левендис за заедничко грчко-српско дејство против османлиската држава во 1817 година, со помош на Караѓорѓе, не успеала поради убиството на српскиот востанички водач[41]. За остварување на оваа идеја бил ангажиран и Георгиос Олимпиос. Интересно е што Караѓорѓе во текот на Првото српско востание не покажал некој поголем интерес за соработка со Грците. Напротив, тој немал некое високо мислење за нив. Позната била неговата аверзија спрема белградскиот патријаршиски митрополит Леонтиос[42], кого го сметал за близок до османлиските власти. Меѓутоа, по поразот на во-станието го променил мислењето. Тој ќе стане и нејзин член.

"Филики етерија" развила своја активност и во јужните делови на Македонија. За таа цел во Македонија бил испратен Јоанис Фармакис, кој воедно бил задолжен да ја распространи активноста на организацијата и во

---

[37] Th. Prousis, The Greks of Russia.., p. 275.
[38] Исто, p. 276.
[39] Исто, p. 277.
[40] Г. Л. Арш, Тайное общество..., с. 66.
[41] А. Ј. Кумануди, Србија и Грчка у XIX веку, Београд 1907, с. 21-21.
[42] Dušan Lukač, Heterija i Karadjordje, Συνεργασια Ελληνων και Σερβων κατα τους απελευτερωτικους αγωνες 1804–1830, Θεσσαλονικη, 1979, σ. 155.

Тракија[43]. Организираното дејствување на "Филики етерија" во одредени области на приморскиот дел на Македонија траело од 1818 до 1821 година, и тоа главно меѓу грчкиот елемент. Сепак, Фармакис успеал да придобие некои повидни личности, особено од црковниот живот, како серскиот митрополит Хрисантос, владиката од Ардамерија и др[44]. Еден од позна-чајните дејци на Етеријата во тоа време бил Емануел Папас, трговец и банкар од Серез.

Ликвидирањето на водачот на Првото српско востание, како што видовме, не било пречка за "Филики етерија" да ги продолжи нејзините активности во насока на придобивање на Србите, кои веќе, на некој начин, стекнале автономија. Во октомври 1820 година Александар Ипсиланти испратил писмо до Милош Обреновиќ, во кое му предлагал заедничка работа против Османлиите. Некаде кон крајот на 1820 година, според Кумануди, бил составен договор за сојуз помеѓу Србите и Грците, кој бил потпишан од Ипсиланти, но не и од Милош[45]. Причина за тоа било апсењето од Османлиите на Аристидис Папас, кој го носел договорот кај Милош. Понудата на Етеријата била логична доколку се имаат предвид нејзините аспирации. "Филики етерија", поточно нејзини делови, во текот на подготовките на востанието сметале дека би било добро да се покрене општобалканско востание против османлиската држава[46].

Конечно, по подолги подготовки, во април 1821 година избило востание на Пелопонез[47]. На 25 март 1821 година владиката Германос свечено го благословил востанието во Патрас, објавил почеток на борба во Мани, Петробеј Мавромихалис и целата област пламнала[48]. На ова востание му претходела акцијата на "Филики етерија", предводена од Ипсилантис во Влашка и Молдавија, но сепак тоа што се случувало на Пелопонез ќе има поголемо значење за историјата на Грците. Востанието уште од самиот почеток го карактеризирале жестоки судири помеѓу двете страни, проследени со големи масакри. За среќа на востаниците, во почетокот Портата повеќе била ангажирана во напорите да му стави крај на владеењето на Али-паша Јанински[49]. Од таа причина, османлиската држава не можела да употреби поголеми воени сили за справување со грчките востаници, но и кога ќе

---

[43] Јоанис Фармакис бил по потекло од Блаце, од западниот дел на приморска Македонија. Тој бил член на "Филики етерија" од 2 август 1817 година. ( Στεφανου Ι. Παπαδοπουλου, Η προετοιμασια τησ παλλιγγενισιας στη Μακεδονια, Θεσσαλονικ η 1968, σ. 15).

[44] R. Clogg, The movement for greek…, p. 188.

[45] А. Ј. Кумануди, Србија и Грчка.., с. 36-38.

[46]Στεφανος Ι Παπαδοπουλος, Το Σχεδιον Γενικον της Φιλικης Εταιρειας και οι επαφες με τουσ Σε ρβους, Συνεργασια..., σ. 51.

[47] Douglas Dakin, The unification of Greece, London 1972, p. 40.

[48] С. Грънчаров, Балканският.., с. 149.

[49] Овој феудалец од јужна Албанија пред почетокот на Грчкото востание имал контакти со некои членови на "Филики етерија". Али-паша дури искажал подготвеност да соработува со Грците. Сепак, до тоа не дошло. Али-паша не бил човек, на кој можело да му се верува. (Види повеќе во: Dennis N. Skiotis, The Greek revolution: AliPasha's last gamble-Hellenism and the first greek war of liberation (1821-1830). Continuity and change, Thessaloniki, 1976, p. 97-109).

се случи тоа, османлиската војска, поради својата слабост, тешко излегувала на крај со востаниците.

Грците во Османлиската Империја поради почнувањето на востанието биле изложени на жестоки репресалии од муслиманите. Од насилството не бил поштеден ниту патријархот. На Велигден - 22 април 1821 година - јаничарите во текот на свечената служба го грабнале Григориј V и го обесиле пред вратата на Патријаршијата[50]. Постапките на Османлиите нема да доведат до смирување на востанието. Напротив, тоа ќе добива сè поголема жестина.

Востанието подготвувано од "Филики етерија" нема да ги заобиколи најјужните делови на Македонија, каде што веќе имало гранки на оваа заговорничка организација. Во текот на 1821 година Емануел Папас со некои свои истомисленици кренал востание на Халкидик, но набргу востанието било задушено од Лабуд-паша и било проследено со терор врз локалното население[51].

Во најјужните делови на Балканот ситуацијата била поинаква. Многу брзо по почетокот на востанието бунтовниците го контролирале речиси целиот Пелопонез, но биле спречени во нивните обиди да воспостават контрола во централна Грција. Сепак, и покрај успесите, грчките востаници биле длабоко поделени. Таа поделеност била базирана и на регионалното потекло, но и на позицијата на групите во грчкото општество. Покарактеристична била поделбата на т.н. воена и т.н. цивилна партија. Цивилната партија била предводена од Александрос Маврокордатос[52], а воената од Теодорос Колокотронис. Обид за помирување на овие две групации бил направен уште во декември 1821 година на Првото востаничко собрание во Епидаурус. На ова собрание во јануари 1822 година бил донесен привремен устав, кој бил направен според моделот на францускиот од 1795 година[53]. Донесувањето на овој устав, всушност, значело победа на цивилната партија. Меѓутоа, нејзините противници нема да се помират со тоа и во периодот што следува Грција, покрај тоа што ќе биде арена на грчко-османлиски судири, таа ќе биде и терен на внатрегрчки судири, кои ќе кулминираат во граѓанска војна што нема да биде во полза на развојот и успехот на востанието.

За разлика од Српското востание од 1804 година, кое не испровоцирало некој поголем одек во Европа, востанието во Грција предизвикало вознемиреност и возбуденост во интелектуалните кругови во Европа, каде што се развивало Филеленското движење. Стотици филелени, со желба да им помогнат на востаниците, се упатиле кон бреговите на Пелопонез. Најголем број од оние што дошле да се борат во Грција биле Германци, а потоа Французи и Англичани[54]. Тие пристигнале во Грција за да им помогнат на Грците во нивната борба за независност, но набрзо ќе се разочараат од

[50] С. Грънчаров, Балканският.., с. 149.

[51] John C. Vasdravelis, The greek struggle for independence. The Macedonians in the revolutin of 1821, Thessaloniki 1975, p.

[52] Единствен фанариот што успеал на грчката политичка сцена.

[53] С. Грънчаров, Балканският.., с. 153.

[54] Марија Тодорова, Замислувајќи го Балканот, Скопје, 2001, с. 103.

однесувањето на современите Грци и нивните бескрајни меѓусебни расправии. Многумина од филелените биле изненадени од недостигот на префинетост кај Грците и отсуството на физичка сличност со Хелените од класичната претстава за нив[55]. Сепак, тоа не го сменило сочувството на европските либерални кругови спрема Грците[56]. Покрај поддршката од Европа, Грците добиле поддршка од младата држава САД. Во нивна полза се заложиле тогашниот американски претседател Џон Адамс, Томас Џеферсон и др. Сепак, во филеленството имало и нешто друго. На пример, некои членови на Лондонскиот одбор за Грција, формиран во март 1823 година, биле успешни трговци што стекнале мошне големо богатство тргувајќи со колониите. Според нивната процена, новата грчка држава била предодредена да стане највлијателна поморска сила во Медитеранот и затоа сметале дека поддршката на Грците била паметно деловно вложување[57]. Значи, тука немало филантропија туку само прагма и интерес. Сепак, поголемиот дел од ова здружение искрено сакал да им помогне на Грците. Таков бил Џереми Бентам. Тој им давал правни совети на грчките востанички власти за насоките, по кои можела да се организира државата.

Балканските народи се солидаризирале со своите грчки едноверници. Поголем број доброволци од балканските земји се бореле во редовите на востаничките сили. По задушувањето на Негушкото востание во 1822 година, кое несомнено било под големо влијание на тоа што се случувало на југ, поголем број македонски Словени, Власи, Грци, меѓу кои бил и воста-ничкиот водач Караташо, заминале за Грција. Тука тие зеле учество во востанието. Тие се бореле за слободата на грчкиот народ со мисла дека со тоа се отвора пат за ослободување на Македонија[58]. Всушност, противникот и верата ги обединувале поробените народи на Балканот. Македонските учесници во грчката борба за независност се истакнувале со својата активност и неретко добивале високи воени позиции. Така Марко Бочвар учествувал како воен командант на поголема група борци[59]. Тој загинал во една битка во 1823 година кога била победена војската на скадарскиот Мустафа-паша кај Карпеник. Истакнат учесник во борбите во Грција бил и Атанас од Пијанец. Тој во востанието се вклучил од самиот почеток, а се здобил и со висок воен

---

[55] M. Gleni, Balkan 1804-1999, I, Beograd, 2001, s. 47.

[56] John Shea, Macedonia and Greece, The struggle to define a new balkan nation, Jefferson 1997, p. 93.

[57] M. Gleni, Balkan, s. 51 (Марија Тодорова дава една доста интересна дефиниција за тоа што е филелинизам-"Меѓународно протестно движење, во коешто романтичната настроеност и чистиот хероизам постоеле заедно со национализмот, религијата, радикализмот и трговската алчност"; М. Тодорова, Замислувајќи го.., с. 102).

[58] Михајло Миноски, Влијанието на политичките промени на Балканот врз формирањето на македонската нација до Разловечкото востание (1876 година), Македонија, Прашања од историја и култура, Скопје 1999, с. 196.

[59] Д. Зоргафски, Ѓ. Абаџиев, А. Митрев, М. Керамитчиев, Егејска Македонија во нашата историја, Скопје 1951, с. 88. За потеклото на Бочвар постојат и поинакви мислења, односно дека тој по потекло бил Грк или Албанец. (Види во: Христо Андонов-Полјански, Одбрани дела, т.2, Скопје, 1981, с. 290).

чин[60]. Како доброволци се споменуваат и Никола Атанас од Воден, Ставро Јоану од Охрид, Сотир Дамјановиќ од Битола, Кочо Битолчанецот, Спиро Паскал[61]. Воденчанецот Ангел Гацо по неуспехот на Негушкото востание се приклучил кон грчките борци, а неговиот син Мицо подоцна стигнал до чинот генерал.

Иако во времето на востанието прашањето на границите отворено не се поставувало, сепак некои грчки интелектуалци и политичари се произнесле и во таа насока. П. Кодрикас во 1822 година го издал своето дело " Политички белешки во однос на грчката кауза", во кое ја развил идејата за создавање на грчко кнежевство, кое би било вазално во однос на Портата, а би ги опфаќало континентална Грција и островите[62]. Од годините на воста-нието се и барањата на А. Псалидас Грција да ги добие Епир и Тесалија, кои би послужиле како излезни пунктови кон Македонија и кон Албанија[63]. Според А. Маврокордатос, Грција требало да ги добие земјите до Олимп и Ида без Македонија и Епир, или т.н. вистинска Грција. Сосема поинакво мислење имал Каподистрија. Тој сметал дека "грчкиот народ се состои од луѓето што по паѓањето на Цариград не престанале да ја исповедаат источноправославната религија и да го говорат јазикот на своите прадедовци, кои останале под духовна и световна власт на својата црква, без разлика во кој дел од Турција тие се наоѓаат. Тие граници биле исцртани пред 1821 година..."[64].

Грците по првичните апели преминале на организирање и канализирање на надворешнополитичката пропаганда со внимание кон периодичниот печат. Така, во март 1824 година во Мисолонги почнал да излегува "Telegrafo Greco" на италијански јазик, а од март 1827 до март 1829 година излегувал "L'Albeille Grecque". Во Нафплион излегувал "Courrier d'Orient", а во Егина "Courrier de la Grece"[65].

Неуспехот на Османлиите брзо да го задушат востанието и барањето помош од нивниот формален вазал, владетелот на Египет - Мехмед Али, која ќе пристигне, но со големи репресалии, неминовно водело кон излегување на судирот од локални рамки. Кон ова треба да се додадат и интересите на големите сили, кои довеле до вмешување во грчко-османлискиот судир на Англија, Русија и Франција. Сепак, почетокот на востанието не навестувал таков развој на настаните. Многу брзо по почетокот на востанието амбасадорите на Англија, Франција, Австрија и на Прусија во Цариград се

---

[60] За него позитивно се изјаснил и грчкиот воен министер Адам Дука. (Николай Тодоров. Воин Трайков, Българи участници в борбите за освобождение на Гърция, София 1971, с. 32).
[61] Исто, с. 35-42.
[62] Тој во 1824 година барал целосна независност за Грција и христијански владетел во Цариград. (Веселин Трайков, Идеологическите течения и програми в националноосвободителните движения на Балканите до 1878, Софиј 1978, с. 124).
[63] Н. Данова, националният въпрос.., с. 53.
[64] В. Трайков, Идеологическите.. , с. 125.
[65] Иван Ичев, Родината ми права или не - външнополитическа пропаганда на балканските страни (1821-1923), София 1996, с.58.

обратиле кон Грците да не се бунтуваат против својот законски владетел[66]. Русија во почетокот на востанието исто така не ги поддржувала востаниците, но со текот на времето таа ќе ја смени својата политика, поаѓајќи првенствено од своите интереси. Веќе во 1823 година дошло до промена на ставот на официјален Лондон во поглед на грчкото прашање. Тогаш на чело на владата во Лондон дошол Кенинг, кој сметал дека Русија би ја проголтала Грција со еден залак, а следниот би била османлиската држава[67]. Зад промената на англискиот став се криел стравот на Лондон од можна руска интервенција што би ги загрозила англиските интереси, поточно патот за Индија. Како и да е, Лондон и Петербург морале да започнат меѓусебна комуникација во врска со Грција. Во тој правец, во март 1826 година во руската престолнина пристигнал војводата од Велингтон, кој во разговорите со своите руски домаќини на 1 април таа година го договорил Протоколот од Петербург, со кој на Портата ѝ било понудено медијаторство, а на Грците еден вид автономија[68]. Настрана не останала ниту Франција. Така трите големи европски и христијански сили на 24 јуни (6 јули) 1827 година во Лондон склучиле конвенција, според која Грција требала да биде под сизеренство на султанот, кој би добивал годишен данок, а власта би била избирана од Грците, но османлискиот владетел би имал определено учество. Според членот 3 од таа конвенција границите на грчката територија дополнително ќе бидат определени[69]. Нивните обиди за смирување на состојбите не дале плод и како резултат на тоа во октомври 1827 година здружената англо-руско-француска ескадра тешко ја поразила османско-египетската флота, со што бил отворен патот кон грчката слобода. Треба да се напомене дека здружената флота на трите големи европски сили била командувана од англиски адмирал, кој без претходна објава на војна едноставно ја збришал османско-египетската флота[70]. Тогашниот англиски премиер Велингтон изразил големо негодување од акцијата, но работата веќе била завршена[71]. Набрзо избувнала и Руско-османлиската војна, чие примирје Грците се обиделе да го искористат за остварување на своите национални аспирации.

Во 1828 година на конференцијата на островот Порос Каподистрија предложил пред претставниците на големите сили два проекта [72]. Според првиот, северната граница на Грција требало да минува по линијата Волос - Сајдес, а според вториот проект линијата требало да минува од Солунскиот Залив, северно од Олимп и Мецово до Јонско Море. Непосредно пред потпишувањето на Одринскиот мир, Каподистрија испратил предлог до рускиот цар Александар I за поделба на Османлиското Царство[73]. Предлогот

[66] В. Н. Виноградов, Герцог Веллингтон в Петербурге, Балканские народ& и европейские pravitel$stva в XVIII-начале XX века, Москва, 1982, с. 120.
[67] J. A. R. Marriot, A history of Europe 1815-1939, London, 1956, p. 61.
[68] Исто, p. 62.
[69] Международни актове и договори (1648-1918), док. 70, София 1958, с. 117-118.
[70] J. L. Talmon, Romanticism and revolt, Europe 1815-1848, London, 1967, p. 114.
[71] Исто.
[72] Н. Данова, Националният въпрос.., с.53.
[73] Vladimir Dedijer, Interesne sfere, Beograd 1980, s. 70, Георги П. Генов, източният въпрос, София 1924, с. 314; Според Блаже Ристовски, предлогот бил формулиран на 19/31 март 1828 година,

предвидувал формирање конфедерација од пет здружени држави, која би ја заменила османлиската држава, а главен град би бил Цариград. Конфедерацијата би се состоела од : 1)Кралството Грција, 2)Кралството Епир со Албанија, 3) Кралството Македонија што би се состоело од Македонија, Тракија, островите на Пропонтида и егејските острови Имброс, Самотраки и Тасос, 4)Српско-бугарското кралство и 5) Влашка и Молдавија. Неговиот предлог не бил прифатен од руска страна[74]. Паралелно со ова, течела активност на одредени не многу влијателни грчки кругови од Македонија за нејзино припојување кон Грција. На Четвртото национално собрание во Аргос една мала делегација бегалци од Македонија, во состав : Г. Христидис, А. Скандалидис, Д. Стагеиридис и П. Наум, поднела меморандум до Каподистрија, во кој се опишувала борбата во Македонија и се искажувала нивната увереност дека Македонија е неразделен дел од слободна Грција и затоа ја молат владата да бара од големите сили Македонија да биде вклучена во границите на грчката држава[75]. Ваквите барања биле нереални, а и не соодејствувале со вистинската состојба на теренот, но биле индикатор дека во иднина и османлиската област Македонија ќе биде интересна за грчките аспирации. Впрочем, Македонија ќе биде сметана како грчка земја.

Конечно, со Лондонскиот протокол од 3 февруари 1830 година Грција била прогласена за независна држава[76]. Со членот 2 од договорот Грција се прогласува за кралство, а кралот не може да биде избран од кралските дворови на Англија, Русија и на Франција. Изборот на суверенот дополнително ќе биде направен. Каподистрија, иако не бил задоволен со

---

а бил разгледан од Русија на 4/16 септември 1829. (Блаже Ристовски. Македонскиот етнокултурен и национално-политички развиток до почетокот на XX век во Балканскиот културно-истириски контекст. Македонија... Скопје 1999. с. 16).

[74] За тоа како ја замислувал Каподистрија оваа конфедерација има неколку мислења. Генов сметал дека Каподистрија под грчки земји ги подразбирал кралствата Грција, Македонија и Епир, со што конфедерацијата би била доминантно грчка. (Генов, исто); Всушност, Генов се повикува на тврдењето на Ѓувара (C. Djuvara, Cent projetes de partage de la Turquie, Paris, 1914, p. 382); Ова мислење го дели и Грнчаров со констатацијата дека тешко може да се оспори заклучокот на Ѓувара (С. Грънчаров, Балканският.., с. 165) Ристовски, пак, е на мнение дека Каподистрија под грчки земји не ги подразбирал ниту Македонија, ниту пак Епир. (Б. Ристовски, исто, с. 18); Достјан смета дека Каподистрија го составил проектот според областите кои историски се совпаѓале, но и се прилагодил на општествено-политичките состојби, кои тогаш владееле во османлиската држава. Така, северната граница на Кралството Грција ја поставил според барањата на востанатите Грци, Кралството Епир како да го воскреснува неодамна уништениот Јанински пашалак, а Кралството Македонија во својот континентален дел одговарало на составот на Румелискиот ејалет без Тесалија.Достјан за Србија, Грција и Дакија го изразува мислењето дека тие биле направени по принципот на етничккото сродство на населението. а Македонија и Епир вклучувале територии со мешано население. (И. С. Достян, Россия и ... с. 297-298); самиот Каподистрија, на прашањето на големите сили за границите на новата држава, ја предложил линијата Мецово-Олимп, бидејќи во средниот век и во новото време Тесалија била задржана како грчка област, додека Македонија била освоена од Словените и од други племиња. (Ιωαννη Σ. Κολιοπουλου, Ιστορια της Ελλαδος απο το 1800, Θεσσαλονικη, 2000, σ. 84).

[75] John C. Vasdravelis, The greek struggle for independendce..., p. 197; Spyros D. Loukatos, John Kapodistrias et la Macedoine, Balkan Studies V. 16/1, Thessaloniki 1975, p.89-91.

[76] Член 1 од договорот, Меѓународни актове.., док. 71, 118

резултатите од договорот, сепак се согласил со решението на големите сили. Тој не бил задоволен со територијалниот опфат на Грција, иако границите сè уште не биле дефинирани, како и од отстранувањето од решавањето за нивната судбина. Неговите обиди да го добие Крит не успеале[77]. Големите очекувања на Грците не се оствариле, но тие ги прифатиле решенијата на големите сили, бидејќи со тоа добиле независна држава, прва од сите балкански народи, иако во тоа време таа е повеќе медитеранска.

[77] Владимир Виноградов, Великобритания и Балканы од Виенского конгреса до Кримской войны, Москва 1985, с. 142

# 1. ГРЦИЈА И БАЛКАНОТ

# 1830 - 1856

## *1.1. Организирањето, зацврстувањето и првите дипломатски активности на грчката држава 1830-1848*

Лондонскиот протокол, со кој Грција станала независна држава, не значел и решавање на проблемите во неа. Изборот на крал на Грција воопшто не бил лесен. Според договорот помеѓу големите сили во 1830 година, за грчки крал требало да биде избран Леополд Саксен Кобуршки, но тој набрзо се откажал од тронот, на кој воопшто на стапнал[1]. Состојбата во Грција уште повеќе се искомплицирала по убиството на Каподистрија во 1831 година. Тоа било знак за големите сили поинтензивно да се вмешаат во грчките внатрешни работи. Трите сили-заштитнички биле заинтересирани за обезбедување стабилен режим во Грција, кој нема да бара добивање на територии[2]. Сепак, поради фактот дека еден дел од Грците останал надвор од границите на новосоздаденото кралство, а тоа имало и слаби економски извори, требала да се очекува активност што ќе води кон територијално проширување[3]. Грците имале и потреба од животен простор, што исто така водело кон барања за територијално проширување. Конечно, во 1832 година големите сили го решиле и проблемот со изборот на нов грчки крал. Со членот 1 од договорот помеѓу Англија, Франција, Русија и Баварија од 7 мај 1832 година за нов грчки крал бил поставен Фридрих Отон, вториот син на баварскиот крал[4]. Новиот грчки крал, според членот 3 од договорот, ќе ја носи титулата крал на Грција, а не на Грците. Тоа значело дека тој не е крал и на оние Грци што останале да живеат во рамките на османлиската држава. Со тоа големите сили, кои влијаеле врз изборот, сакале да избегнат османлиски протести и негодувања.

Првиот поголем надворешнополитички проблем на Грција се јавил во односите со Портата. Новата држава од сите страни била опколена со османлиски владенија, а султановата влада, и покрај сите договори, не ја признавала границата[5]. Големите сили, односно трите земји-заштитнички по преговорите со османлиските власти потпишале договор со нив, со кој се утврдила северната граница на Грција, така што таа се движела по линијата Арта - Волос. Со тоа Грција конечно можела да почне да функционира како независна држава.

---

[1] Владимир Стојанчевић, Јужнословенски народи у османском царству од Једренског мира 1829 до Париског мира 1856 године, Београд 1971, с. 18.
[2] Barbara Jelavich, Balkan nations under european protectorship, Actes du Premier congres international des etudes balkaniques et sud-est europeennes, Sofia 1969, p. 399.
[3] Harry Psomiades, The Eastern question : the last phase, Thessaloniki 1968, p.18.
[4] Мария Тодорова, Подбрани извори за историята на балканските народи XV-XIX век, док. 206, София 1977, с. 293-294.
[5] Международные отношения 1830-1856, Москва 1990, с.101.

Пред пристигнувањето на првиот грчки крал било протребно да се регулираат односите помеѓу Грција и Баварија. На 1 ноември 1832 година во Минхен бил потпишан договор за сојуз и пријателство меѓу Баварија и Грција, со кој бил регулиран престојот на 3500 баварски војници на грчка територија на три години[6]. Откако биле регулирани односите, Отон можел да пристигне во неговата нова татковина. На 6 февруари 1833 година Отон дошол во Нафплион и се искачил на грчкиот престол, притоа упатил и проглас до своите поданици, во кој свечено изјавил дека ќе ги штити нивните интереси, како и интересите на грчката држава[7]. Отон на почетокот од своето владеење во Грција всушност и не управувал со земјата, бидејќи бил малолетен. Затоа раководењето во земјата било преземено од тричлено регентство[8].

Баварското регентство се соочило со тешка економска и политичка состојба во земјата, во која речиси и немало посилна власт. Затоа постепено морале да бидат преземани мерки со кои државата би почнала да фунционира. На надворешнополитички план првите чекори биле направени со организирање на дипломатската служба. Регенството на 3/15 април 1833 година издало декрет, со кој се формираат Секретаријатот на државата и Државниот секретаријат на кралската куќа и надворешните работи[9]. Со тоа биле поставени темелите на грчката надворешна служба, која значително ќе придонесе за репрезентирањето на грчките национални интереси во Европа, а особено на Балканот, често на штета на интересите на другите балкански народи.

Најтежок проблем се појавил во однос на автокефалноста на Грчката православна црква. Со декрет на регентството од 23 јули/4 август 1833 година било прогласено создавањето на Грчката автокефална православна црква, а тоа е сторено без одобрување на Цариградската патријаршија[10] На грчкиот крал му бил потчинет Светиот синод на новосоздадената црква. Со декрет било создадено и посебно министерство, а биле направени и реформи во манастирите. Зад создавањето на Грчката автокефална црква стоеле круговите што биле под англиско и француско влијание[11]. Русија не сакала да се согласи со самостојноста на Грчката црква зошто сметала дека тоа не е во склад со нејзините интереси, а за тоа имала поддршка и од Цариградската

[6] State papers 1832-1833, London 1836, p. 733-736.

[7] Исто, p. 1245-1247; Rene Ristelhueber, Histoire des peuples balkaniques, Paris 1950, p. 193.

[8] Регентсвото го сочинувале: грофот Јозеф фон Арманшперг, Лудвиг Маурер и генералот Карл Вилхелм фон Хајдем ( В. Трајков, Иделогическите.., с. 186).

[9] Haris Carabarbounis, The A. Coundouriotis report (1861). A contribution of the greek diplomatic service in the 19th century, Balkan Studies, V. 26/2, Thessaloniki 1985, p. 366-367.

[10] Надя Данова, Гръция и Цариградската Патријаршия през втората половина на XIX век, Годишник на Софиския университет, т. 62, кн. история 1968, София 1969, с. 278-279.

[11] Според А. Тахиаос, Баварците ја создале Грчката автокефална црква со цел слободните Грци да бидат одвоени од нивниот духовен центар-Патријаршијата. (A-E. N. Tachiaos, The national regeneration of the greeks as seen by the russian intelligentsia, Balkan Studies, V.30/2, Thessaloniki 1989, p. 305). Вакалопулос,.пак, смета дека со автокефалноста се целело кон одвојување на црквата од руското влијание и кон зачувување на државната независност.( Κωνσταντινος Βακαλοπουλος, Νεοελληνικη ιστορια 1204–1940, Θεσσαλονικη 1991, σ. 164).

патријаршија, но и од многу Грци во самото Кралство[12]. Сигналите за почеток на опасни пројави за грчката влада биле дадени со откажувањето на руските дипломатски претставници да земат учество во прославите по повод автокефалноста. Активност пројавил и рускиот претставник во Атина, Катакази, кој заедно со монасите почнал пропаганда против новоформираната црква. Противниците на Грчката православна црква особено се засилиле кога при крајот на 1833 година од Русија се вратил Константинос Икономос. Тој поради новонастанатата ситуација бил испратен од Русите[13]. Според него, реформите во црквата ќе му донеле само зло на грчкиот народ и расцеп на елинизмот, кој сè уште не бил доволно силен[14]. Икономос отворено изјавувал дека Грците што се кренале на востание во 1821 година никогаш не сметале дека Грчката црква можела да се ограничи само на границите на малата грчка држава.

Настаните поврзани со автокефалноста на Грчката црква покажале еден факт, кој е карактеристичен за политичкиот и економскиот развој на Грција не само за овој период, а тоа е огромното влијание на трите сили-заштитнички врз грчките политички кругови, без разлика дали тие во идни-на ќе бидат во позиција или опозиција. Надворешниот фактор доминира во грчката политика, бидејќи трите сили-заштитнички имале интерес на Балканот и во источниот Медитеран, а ниедна од овие сили во тоа време не можела да толерира предност на некоја друга сила во Грција, со цел да обезбеди политичко и економско влијание[15]. Секоја од трите сили-заштитнички имала влијание врз основните политички групи во Грција. Така, тие биле означени како "англиска", "француска" и "руска" партија[16], а амбасадорите на трите големи сили биле патрони на гореспоменатите партии. Во такви услови прашање е колку Грција била независна во вистинска смисла на зборот. Проанглиската партија била раководена од фанариотот Александрос Маврокордатос[17]. Влијанието на оваа партија меѓу народот било незначително, но таа имала приврзаници во поголемите градски центри. Англофилите се залагале за централизирана монархија со модерен и оперативен административен и воен апарат. Во врска со односите со Османлиската Империја, тие се залагале за мирни односи со својот северен сосед и за решавање на проблемите по пат на преговори.

Француската партија била раководена од Јоанис Колетис, а најголемиот дел од нејзините привзаници бил од редовите на војската, интелигенцијата, младината и поранешните востаници[18]. Оваа политичка

---

[12] D. Dakin, The unification..., p. 8.

[13] Μακρυγιαννης, Απομνιμονευματα, Αθηναι, 1953, σ.112.

[14] Н. Данова, Гърция и ..., с. 281; John Nocolopoulos, From Agatangelos to the megali idea. Russia and the emergence of the modern greek nationalism, Balkan Studies, V.26/1, Thessaloniki 1985, p51-52.

[15] Harry Psomiades, The Character of the new greek state, Hellenism and the first greek war of liberation (1821-1830), continuity and change, Thessaloniki 1976, p. 148; B. Jelavich, Balkan nations under..., p. 399.

[16] Овие политички групации, всушност, постоеле под наведените имиња уште од времето на Грчкото востание.

[17] Н. Данова, Националният.., с.67.

[18] Исто.

групација многу не се залагала за решавање на економските проблеми во земјата. Франкофилите ги давале највоинствените и најпатриотски политичари, кои ја издигале програмата за активна политика спрема Османлиската Империја и за територијално проширување на Грција кон север.

Руската партија ја раководел Колокотронис[19]. Оваа партија имала голем број приврзаници помеѓу обичниот народ. Во прво време таа се залагала за зачувување на добрите односи со османлиската држава, но со текот на времето, паралелно со заладувањето на руско-османлиските односи, доаѓа и до промена на ставот на оваа групација и нејзино воинствено расположение спрема единствениот грчки сосед.

Огромното влијание на големите сили сепак имало и позитивни нешта. Тоа значело гаранција на територијалниот интегритет на државата, чиј единствен сосед била османлиската држава, која, и покрај својата заслабнатост, сè уште била пресилна за Грција и можела да ја окупира без поголеми тешкотии.

Кон крајот на 1833 и почетокот на 1834 година Грција ги акредитирала своите први дипломатски претставници во поголемите европски држави[20]. Првиот грчки дипломатски претставник во Цариград, К. Зографос, имал задача да го привлече вниманието на претставниците на големите сили на неопходноста за припојување на Крит кон Грција и за проширување на нејзините поморски граници[21]. Во исто време, Спиридон Трикупис, грчки претставник во Лондон, јавно зборувал дека неговата земја можела да биде гарант на политиката на мир на Балканот, ако ги добие Крит, Тесалија, Епир, Самос и Карпатос[22]. Оваа активност не дала плод, но значајна е како прво јавно изјаснување на грчки политичари во однос на територијалното проширување на младото и слабо Кралство. Македонија не била спомната во овие барања, но тоа не значи дека не била посакувана. Таму, иако Грците биле мнозинство во крајбрежните региони и во некои градови[23], имало одредени кругови што посакувале спојување на Македонија со Грција. Тие

[19] Barbara Jelavich, Russia and the greek revolution, Thessaloniki 1962, p. 27-28.

[20] Константин Зографос бил испратен во Цариград, Спиридон Трикупис во Лондон, Ј. Карацас, подоцна Ј. Колетис во Париз, Ј. Суцос во С. Петербург, А. Маврокордатос во Минхен, Виена и во Берлин, А. Метаксас во Мадрид. (H. Carabarbounis, The A. Coundouriotis..., p.368; Нина А. Дулина, Османская империя в международных отношениях (30-40-е годы XIX века), Москва 1980, с. 131-132); САД во 1833 година ја признале Грција како независна држава. Иако во 1837 година двете држави склучиле трговски договор, сепак сè до 1868 година не биле воспоставени дипломатски односи.(Stephen Xydis, Diplomatic relations between United States and Greece 1868-1878, Balkan Studies, V.5/1, Thessaloniki 1964, p.47).

[21] Международные отношения.., с. 91.

[22] Н. Данова, националният.., с. 75.

[23] М. Мазовер, Балканот, с. 132. Треба да се има предвид дека под терминот "Грци" се подразбирале сите што припаѓале под духовната јурисдикција на Цариградската патријаршија. Подоцна, како што неретко тие ќе преоѓаат од една црква во друга, бројот на тие што се чувствувале или пак биле сметани за Грци се намалувал. Грчкиот историчар Евангелос Кофос, од друга страна, пак, пишувајќи за населението во Македонија, како линија на која започнува словенската зона ја навел линијата од Драма, па оди кон Серез, понатаму ги опфаќа Кукушката, Еницевардарската, Воденската каза и завршува во Костурската каза. Притоа, во областите на Неврокоп, Мелник, Струмица и Битола имало мешано словенско, грчко и влашко население.(Ιστορια του ελληνικου εθνους, τ. ΙΓ, Αθηνα, 1977, σ. 381).

кругови сметале дека во случај да не е можно директно приклучување на Македонија кон Грција, пожелно би било формирање македонска држава, која подоцна би се споила со Грција[24].

Економските и политичките проблеми предизвикани со независноста на Грција од Османлиската Империја биле предмет на разговорите што ги водел грчкиот претставник во Цариград, Зографос, во текот на 1834 година со султановата влада. Практичната цел на овие разговори било склучување трговски договор меѓу двете држави, но до тоа не дошло. Портата не сакала да се согласи со некои грчки барања, кои, според неа, го повредувале османлискиот суверенитет[25]. Портата се спротивставила на: 1) правото на Грците во османлиската држава да имаат османлиско државјанство, 2) правото на емиграција од островите Хиос и Самос и 3) отворање грчки конзулати на нејзината територија. Непопустливоста на Портата довела до прекин на преговорите, а грчкиот министер за надворешни работи Ризос се жалел пред странските дипломатски претставници поради користењето на грчките поданици од Портата како средство за притисок врз Грција. Портата ги задржувала грчките трговски бродови во своите пристаништа, со што ѝ бил зададен удар на грчката трговија. Сепак, со помош на рускиот пратеник А. П. Бутењев, грчката страна успеала да издејствува дозвола за испраќање грчки конзули во османлиската држава, но од бараните деветнаесет конзулски и вицеконзулски места биле добиени само седум[26].

Како резултат на дозволата што ѝ ја дала Портата, Грција почнала да ги испраќа првите конзули во османлиската држава. На 6 декември 1834 година пристигнал во Солун првиот грчки конзул Валијанос, кој веднаш бил примен од локалните власти[27]. Со тоа официјално започнува дејствувањето на грчката дипломатија на територијата на Македонија. Пред да пристигне во Солун, Валијанос воспоставил потконзулат во Волос, а под негова надлежност бил и потконзулатот во Кавала[28]. Валијанос бил наименуван од својата влада за конзул во Македонија со седиште во Солун[29]. Во работата на грчките официјални претставници од голема корист ќе им биде помошта од месните приврзаници на елинизмот - учителите, општинарите, трговците,

[24] Државен Архив на Република Македонија (понатамуу ДАРМ), м - 1571,Nouvelle-Rigny, Salonique 2 juillet 1834,Archives du Ministere des Affaires Etrangeres( AMAE), Turqie, Vol. 81, f. 379-380.

[25] Междунароные отношения.

[26] Грчката влада со конзулските инструкции од 1 јануари 1834 и 30 јануари 1835 година предвидувала основање на повеќе од педесет конзуларни места. Половоната од нив требало да се отворат на територијата на османлиската држава, а остатокот во Европа. (H. Carabarbounis, The A. Coundouriotis…, p. 368; Международные отношения.., с. 102).

[27] Британски документи за историјата на македонскиот народ, т. I, док. 61, Џон Чарнауд-лорд Понсонби, Солун, 13 декември 1834, Скопје 1968, с. 80.

[28] ДАРМ, м - 87;Guys-Rigny, Salonique, 18 decembre 1834, AMAE Salonique, Correspondance Commerciale, V. 21, f.313; Μακεδονια 400 χρονια ελληνηκις ιστοριας και πολιτισμου. Αθηνα 1982, σ. 450.

[29] ДАРМ, м - 87;Valiano-Guys, Salonique, 14 fevrier 1835, AMAE Salonique, Correpondance Commerciale, V.21, f.330.

клерот и др. Грчкиот конзул развил широка активност со цел да воспостави што поголема мрежа на агентства по должината на брегот[30].

Во овој период значајно оптоварување на грчко-османлиските односи било дејството на пиратите по должината на македонскиот брег, за што Османлиите често ја обвинувале грчката страна[31]. Поради непрекинатото дејствување на пиратите, солунските власти побарале од грчкиот конзул неговата влада да испрати бродови за да ги казни пиратите. Таа го исполнила ова барање и испратила неколку бродови, кои повеќе се труделе да влијаат врз пиратите за да се повлечат[32]. Иако имале извесен успех, сепак пиратите повторно се појавиле, што довело до нови османлиски протести.

На внатрешен план, во чест на роденденот и полнолетството на кралот Отон, во јуни 1835 година престолнината на Грција била преместена во Атина, која повторно почнала да се издига од урнатините и да го враќа стариот сјај[33]. Грците во овој период почнале да размислуваат за изградба на железница и за поврзување со светот. Плановите за овој потфат биле разгледувани во 1835 година, но конструирањето останало неисполнет сон за повеќе од триесет и пет години. Слабите финансии и ниската акумулација на капиталот ја лишувале грчката држава од странски кредити и инвестиции[34].

Грчката влада правела сè што треба за да ги заштити своите подани-ци во османлиската држава, но и под своја заштита да земе што повеќе султанови поданици. Во таа насока грчкиот конзул во Солун изгледа дека имал добиено наредба од својата влада да ги држи вратите на конзулатот отворени за сите што доаѓале тука, а тоа доведувало до големи несогласувања со османлиските власти[35]. Ова бил еден од начините за придобивање на населението, но и проблем што долго ќе ги оптоварува грчко-османлиските билатерални односи. Во текот на ноември 1835 година во Солун пристигнал Цами Караташо со цел да го регулира својот имот во околината на Бер. Тој се сретнал со грчкиот конзул Валијанос и ја добил неговата заштита. Ваквата постапка на Валијанос ги разгневила локалните османлиски власти во Солун, но конзулот своето однесување го објаснил со фактот што Караташо бил полковник во грчката војска[36]. Со цел да ги оправда своите негодувања, солунскиот паша пред странските конзули, меѓу нив бил и Валијанос, покажал писма што биле најдени кај некои заробени бунтовници, а на кои се наоѓал

---

[30] ДАРМ, м - 87; Guys-Rigny, Salonique, 9 fevrier 1835, AMAE, Salonique, Correspondance Commerciale, V. 21, f.327.

[31] Исто.

[32] I. Βασδραβελλη, Η πειρατεια εις τα παραλεια της Μακεδνιας, Μακεδονικα, Ε, Θεσσαλονικη 196 3, σ. 355–356.

[33] Одлуката за преместување на престолнината во Атина била донесена на 18 септември 1834 година.(R. Restelheuber, Histoire des peuples..., p. 194, Νεα Ελληνικη εγκυκλοπαιδεια, Τ.23, Αθηναι 1967. σ.589).

[34] Basil Gpunaris, Greco-turkish, railway conection: illusions and bargains in the late nineteenth century, Balkan Studies, V.30/2, Thessaloniki, 1989, p. 311.

[35] ДАРМ, м - 87; Guys-Duc de Broglie, Salonique, 4 Novembre 1835, AMAE, Salonique, Correspondance Commerciale, V. 21, f.336.

[36] Британски.., т. I, док.69, Ч. Блант-лорд Понсонби, Солун, 17 ноември 1835 година, с.85-85.

потписот на Караташо. Немајќи друго објас-нување, грчкиот конзул ветил дека ќе ја извести својата влада за ова, со цел Караташо да биде фатен[37]. Оваа, а и други постапки на грчкиот конзул довеле до заладување на неговите односи со османлиските власти во Солун, што во иднина нема да биде ретко. Кулминација на несогласувањата меѓу грчките дипломати и османлиските власти било затворањето на грчкото агентство во Кавала во декември 1835 година. Валијанос, поради своите затегнати односи со локалните власти, побарал од францускиот конзул во Солун да се заложи кај нив да го повлечат своето решение со објаснување дека протерувањето на грчкиот агент лошо ќе се одрази врз трговијата[38]. Проблемот наскоро бил надминат и дејствувањето на грчкото трговско агентство продолжило. Односите помеѓу Грција и османлиската држава, меѓу другото, повремено биле оптоварувани со дејствувањето на грчки чети на османлиска територија, кои често се судирале и со османлиските трупи, а потоа се повлекувале во Грција, каде што добивале заштита од грчките власти[39]. Поради тоа, османлиската влада често протестирала, но проблемот долго време не бил решен.

По здобивањето со независност, грчките власти му посветувале големо внимание на образованието, особено на младите. На островот Андрос во 1836 година било основано училиште од Каирис, учесник во востанието и еден од најголемите мислители на Грција во тоа време[40]. Тука се школувале и ученици од другите делови на Балканот. Уште од самото основање ова училиште станало значаен центар за елинизација. Истовремено во Атина, под закрила на владата, било формирано Образовното друштво со цел да работи за подобрување на работите на образовно поле, но и за спроведување на грчката пропаганда[41]. Голема поддршка во работата на ова здружение му давале политичарите, интелектуалците, трговците, подоцна и банкарите и др. Кралската наредба од 1836 година за основање на атинскиот Универзитет "Отон" ги поставила темелите на високото образование во Грција. Универзитетот официјално е отворен во 1837 година и неговата работа се стимулирала во насока на потребите на државата и нејзината замислена идна улога на Балканот[42]. На Универзитетот во почетокот од неговото работење имало четири факултети - филозофија, теологија, право и медицина, со 52 студенти. Меѓу првите студенти на атинскиот Универзитет бил и Константин Робев, кој во учебната 1837/38 година се запишал на медицинскиот факултет[43]. При Универзитетот требало да се формира едно тело, чија задача би

[37] Исто.

[38] ДАРМ, м - 87; Guys-Duc de Broglie, Salonique, 18 decembre 1835, AMAE, Salonique, Correspondance Commerciale, V.21, f.407.

[39] ДАРМ, м - 87; Guys-Thiers, Salonique, 15 sptembre 1836, AMAE, Salonique, Correspondance Commerciale, T. 22, f.94.

[40] Симеон Радев, Макединия и българското възраждане въ XIX вякъ, ч.II, София, 1927, с.194-195.

[41] Ристо Поплазаров, Пропагандната дејност на грчките друштва во Македонија во втората половина на XIX век, ГИНИ, XII/2, Скопје 1958, с. 187; К. Βακαλοπυολος, Νεοελληνικη..., σ.67.

[42] И. Илчев, Родината ми.., с. 44; Н. Данова, Националният .., с. 159.

[43] К. Робев, поради немирите во Атина во 1839 година, ги продолжил своите студии во Виена. (Љубимир Герасимов, Книгата и Македонците во Преродбата. Школстсвото... с.628).

било да го зголеми влијанието на Грција помеѓу балканските народи. Требало да се подготват учители што ќе работат во османлиските земји, а со цел да ги зацврстат врските помеѓу внатрешниот и надворешниот елинизам. За таа цел се користеле не само Грци, туку и припадници на другите балкански народи што биле под големо грчко влијание.

Некои кругови во грчката влада во Атина многу брзо започнале да ги разгледуваат можностите за соработка со другите балкански народи, иако првите иницијативи во таа насока биле приватни. Така, во 1837 година биле направени првите обиди за контакти со српското кнежевство. Во летото истата година во Србија дошол Манакис, грчки кралски чиновник, кој во разговорот со кнезот Милош изразил желба да стане прв грчки конзул во Србија[44]. Тогаш не бил постигнат договор, а контактите ќе продолжат во следната година.

Грчките дипломати во османлиската држава почнале да покажуваат поголема активност со цел да го зголемат своето влијание, особено во оние области каде што имале интерес. Грчкиот конзул во Солун Валијанос со една комисија заминал во Касандра за да се запознае со состојбата во таа област. Вистинската цел на ова негово патување била да постави свои агенти и да ги користи нивните информации[45]. Заради оваа своја мисија на Касандра, Валијанос морал да ги подобри своите лоши односи со османлиските локални власти во Солун. Од овие мисии во иднина голема корист ќе има грчката влада, која многу добро се служела со агентите ангажирани од Валијанос[46].

Грците употребувале разни начини за да ја засилат својата пропаганда. Така, започнале да ги користат орденитe и медалите како средство за надворешнополитичка пропаганда. Во 1837 година бил создаден "Орденот на спасителот" со пет степени[47]. Со овој орден во иднина ќе бидат одликувани голем број личности, за кои грчката влада сметала дека се значајни за остварување на нејзините интереси. Меѓу првите што го добиле овој орден бил и францускиот конзул во Солун Шарл Едуард Гиј. Тој бил одликуван со највисокото грчко признание во септември 1837 година[48]. Оваа постапка на грчката влада го принудила францускиот амбасадор во Цариград да му укаже на својот грчки колега дека одликувањето на францускиот конзул нема да влијае врз однесувањето на француската влада во иднина[49].

Прогласувањето на 25 март, денот кога грчкиот народ во 1821 година востана за слобода, за национален празник на Кралството Грција било повод

---

[44] Славенко Терзић, Србија и Грчка, Београд 1992, с. 27; Радош Љушић, Кнежевина Србија (1830-1838), Београд 1986, с.379.

[45] ДАРМ, м- 87; Guys-Mole, Salonique, 26 avril 1837, AMAE, Salonique, Correspondance Commerciale, T.22, f.153.

[46] Исто.

[47] И. Илчев, Родината ми.., с. 311.

[48] Шарл Гиј го добил одликувањето, според грчкото објаснување, поради неговите заслуги кон Грците во времето на неговото службување во Триполи (Либан) и Солун. (ДАРМ, м - 87; Guys-Mole, Salonique, 30 septembre 1837, AMAE, Salonique, Correspondance Commerciale, T.22, f.184).

[49] Исто, f.183.

за излив на силни страсти[50]. Тогаш празнувањето се претворило во демонстрации со извици: "Кон Цариград". На тој начин постепено се создавала атмосфера, во која лесно поминувале повиците за ослободување на останатите Грци, но и за територијално проширување на земји, кои претежно не биле населени со грчко мнозинство. Тоа во блиската иднина ќе биде користено и од владите за насочување на незадоволството од лошата економска ситуација.

Контактите помеѓу Грција и Кнежевството Србија, кои ги започнал Манакис, продолжиле и во 1838 година. На пат за Грција, во септември 1838 година, Манакис повторно се сретнал со Милош, при што српскиот кнез му дал писмо за грчкиот министер за надворешни работи, Зографос, во кое се бара воспоставување на поблиски односи[51]. До воспоставување на такви односи не доаѓа, но затоа грчката влада го одликувала српскиот кнез Милош со Орденот на спасителот[52]. Со оваа постапка бил оставен простор за понатамошни контакти помеѓу двете страни.

Во текот на 1838 година македонскиот преродбеник Анатолиј Зографски бил наименуван за настојател на руската мисија во Атина. Руската дипломатија имала доверба во Анатолиј, особено во областа на црковните работи во Грција[53]. Русија во моментите на неповолен развој на црковното прашање во Грција за нејзините интереси имала потреба од личност што добро ги познавала состојбите во Грција, а тоа бил Анатолиј[54].

Една од карактеристиките на грчката држава во првите години на нејзината независност била активноста на разните заговорнички здруженија. Атина во 1839 година била арена за дејствување на разни комитети. Некои од нив биле поврзани со кругови што се залагале за територијално проширување на Грција, а некои со емигрантските кругови од разните балкански земји, тогаш под османлиска власт. Иако имало судир на интереси помеѓу овие кругови, сепак тие меѓусебно соработувале зашто имале заеднички непријател - Османлиската Империја. Еден комитет составен од македонски емигранти во тоа време дејствувал во Атина[55]. Комитетот бил поврзан со

---

[50] Н. Данова, Националният.., с. 73.

[51] Р. Љушић, Кнежевина Србија, с. 379.

[52] Милош бил одликуван поради неговите заслуги за спасување на грчките робови за време на Грчкото востание, со тоа што ги откупувал.(Vladimir Stojancevic, Problemi saradnje balkanskih naroda u nacionalnooslobodilackim pokretima u Turskoj u prvoj polovini XIX veka, JIC, br. 4, Beograd 1969, s. 58; Р. Љушић, Кнежевина Србија, с. 378).

[53] Симон Дракул, Архимандрит Анатолиј Зографски, Скопје 1988, с.245.

[54] Истата година кога Анатолиј дошол во Атина, во Солун излегла неговата книга "Началное учение", која беше прва словенска книга отпечатена во споменатиот град во, исто така, првата словенска печатница на Теодосиј Синаитски[54]. Анатолиј, нешто подоцна, во текот на 1839 година во грчката престолнина ќе го доведе својот роднина Павле, попознат како Партениј Зографски, кој тука во периодот што следувал завршил Духовна академија[54], а исто така бил и сведок на многу настани во Грција кои, по сè изгледа, имале влијание врз неговиот понатамошен развој (Исто с. 347-359).

[55]

Γρηγοριος Βελκος, Εγγραφα απο το αρχειο του συνοικισμου Νεα Πελλα, Μακεδονικα, 20, Θεσσα λονικη 1980, σ.262–262.

определени кругови на грчката влада. Голема активност во формирањето на разните друштва покажале учесниците во Грчкото востание. Стариот востанички водач Колокотронис основал едно тајно друштво - Феникс, кое било копија на Филики етерија, со цел да се организира востание во Епир, Тесалија и во Македонија[56]. Грчката влада јавно не учествувала во овие активности, но исто така не ги попречувала, што можело да се толкува дека ги одобрува. Сепак, најголеми контроверзи од сите организации што дејствувале во Грција оставила активноста на "Филортодоксната етерија". Етеријата била основана во јуни 1839 година, а нејзини цели биле: 1)признавање од кралот дека православната вера е официјална религија во Грција, во спротивно би бил соборен, 2) помирување на Грчката православна црква со Цариградската патријаршија и 3) истовремено востание во Епир, Тесалија и во Македонија[57]. Собиралиште на етеристите била руската амбасада, а нејзини поважни членови биле Никитас Стаматопулос, Георгиос Каподистрија, Емануел Папас, Икономос, Метаксас, кои соработувале со Макријанис и Караташо[58]. Завереницитe во ноември 1839 година сакале да ги заземат Мисолонги и Нафплион и во исто време да предизвикаат востание на Пелопонез и во јужните османлиски области, а кралот и кралицата да бидат грабнати, при што би им била понудена можност да го прифатат православието или да абдицираат[59]. Овој нивен план не успеал и во декември 1839 година заверата била откриена, а Етеријата укината. Една од причините за неуспехот на Етеријата било и нејзиното слабо влијание меѓу обичниот свет.

Проблемот со дејствувањето на пиратите по должината на македонскиот и тесалискиот брег повторно ги оптоварил односите со Цариград. Османлиските власти, како и во претходниот период, побарале од грчката влада да интервенира и да ги спречи пиратските напади. За таа цел, адмиралот Канарис се упатил кон македонскиот брег и на 11 мај 1839 година се појавил кај Света Гора, каде што се судрил со пиратите[60]. Тој успеал да зароби повеќе пиратски бродови и ослободил извесен број заложници, а потоа се упатил кон Солун[61]. Успехот на Канарис не значел и крај на недоразбирањата меѓу османлиските и грчките бродови во Солунскиот Залив и околу Халкидик. Кон средината на јуни дошло до оружен инцидент помеѓу еден грчки и еден османлиски брод, при што бил заробен и еден грчки капетан. Грчкиот конзул Валијанос побарал од османлиските власти веднаш да го ослободат капетанот, а во пристаништето се вратил и Канарис[62]. Недоразбирањето

[56] Dimitrije Djordjevic, Revolutions nationales des peuples Balkaniques 1804-1914, Beograd 1961, p. 69.
[57] Μακεδονια..., σ. 445; K. Βακαλοπουλος, Νεαελληνικη..., σ.178.
[58] J. Nicolopoulos, From Agathangelos..., p.49; K. Βακαλοπουλος, Νεαελληνικη..., σ.178; Μακρυγιαννις, Απομνιμονευματα, σ.102–103.
[59] Според Декин, можно е Филортодоксната етерија да биде продолжение на Феникс ( D. Dakin, The unification..., p. 72; K. Βακαλοπουλος, Νεαελληνικη..., σ. 178).
[60] I. Βασδραβελλη, Η πειρατεια εις τα..., σ.356–357.
[61] Британски.., т. I, док. 99, Ч. Блант-Виконт Понсонби, Солун, 7 јуни 1839 година, с. 132.
[62] ДАРМ, м - 13; Ch. Blunt-Ponsonbie, Salonica, 20th june 1839, FO 195/100.

наскоро било решено без да доведе до поголеми последици во меѓусебните односи.

Источната криза, која започнала во 1839 година како резултат на судирот меѓу Османлиите и египетскиот владетел Мехмед Али, придонела некои политички кругови во Грција да размислуваат за засилување на својата активност, која би довела до територијално проширување. Грчкиот министер за надворешни работи Зографос, во една депеша до Маврокордатос го изложил своето размислување дека неговата земја, во вонредни услови, би ѝ нанела смртоносен удар на османлиската држава со охрабрување на востаничките движења во Епир и во Тесалија[63]. И покрај ваквите ставови на свои истакнати дипломати, грчката влада официјално правела сè за да ги подобри односите со својот моќен северен сосед, кои постојано биле во некаква криза. Официјална Атина сметала дека во тој момент не требало да се заостгруваат односите со Цариград, а за тоа била советувана дури и од Франција, која, пак, го поддржувала Мехмед Али[64]. Тогаш празнувањето на 25 март не било направено со очекуваната помпа, а му било посветено внимание на дејствувањето на разните заговорнички групи со цел тие да не предизвикаат затегнатост во односите со Портата. Всушност, Грција не сакала да ја провоцира султановата влада пред отпочнувањето на преговорите за склучување трговски договор помеѓу двете земји.

Кон крајот на ноември 1839 година грчкиот крал го испратил во Цариград Константинос Зографос, кој носел писмо со честитки за султанот Абдул Меџид по повод устоличувањето, но приемот бил доста студен[65]. Вистинската цел на доаѓањето на Зографос во Цариград било продолжување на преговорите за трговски договор, кои биле прекинати во 1834 година. По неколкумесечни преговарања, грчката и османлиската делегација постигнале согласност за склучување трговски договор. Тој бил потпишан на 3 март 1840 година[66]. Меѓутоа, потпишувањето на договорот не значело и негово имплементирање во практиката. Имено, во Грција избил голем гнев по по-вод потпишувањето на трговскиот договор, а Зографос бил обвинет дека премногу попуштил пред Османлиите[67]. Според мислењата што преовладувале во Атина, договорот не им донел поволни услови на грчките трговци и тие морале да плаќаат давачки што не биле предвидени за трговците од другите земји. Кралот Отон дури одбил да го ратификува договорот, а јавното мислење се свртило против него. По таквиот развој на настаните во Атина драстично се променило расположението спрема османлиската држава, кое и без тоа не било позитивно. Со праќањето на Христидис во Цариград кралот се обидел да ја поправи ситуацијата, но во тоа не успеал[68]. Тоа бил сигнал за зголемена активност на разните комитети. Разни грчки емисари биле испратени во Епир, Тесалија и во Македонија за да подготват терен за акција,

[63] Driault et L' Heretier, Histoire diplomatique de la Grece de 1821 a nous jours, II, Paris 1925, p.188.
[64] Н. Данова, националният.., с. 75.
[65] ΕπΔΑΡΜεινωνδα Κ. Κυριακιδου, Ιστορια του συγχρονου Ελληνισμο, τ. I, Αθηναι, 1892, σ.424.
[66] Driault et L'Heritier, Histoite diplomatique…, p.199.
[67] Международные отношения.., с. 103.
[68] Μακρυγιαννις, Απομνιμονευματα, σ.103–104.

а некои од нив стапиле во контакт и со незадоволните муслимани. Во прилог на активностите на овие емисари била и лошата османлиска управа. Особено била лоша состојбата на населението во Македонија. Таквата состојба предизвикувала иселување на некои луѓе во Грција, каде што " владата на кралот Отон ги прима, за после да се враќаат на османлиска територија за да го креваат населението против Портата"[69]. Повторно се разгорело и прашањето за заштитата на населението. Османлиските власти сакале да го спречат ставањето на населението под грчка заштита, зашто стравувале дека доколку не се направи нешто, целата раја во Солун ќе се погрчи[70]. Покрај споменатата активност, постепено започнува и навлегување на четите на османлиска територија. Најзагрозена во тој поглед била Тесалија, особено областите околу Волос и Аграфа[71].

Своето дејствување го засилиле разните грчки здруженија, но и групите што ги собирале емигрантите од балканските земји. Самиот град Атина во тоа време претставувал единствено место каде што балканските народи можеле да ја задоволат желбата за духовно и световно образование, а да се блиску до родното огниште. Во октомври 1840 година Макријанис разговарал со Валенцас за навлегување во Тесалија и во Македонија, во што би учествувал и Караташо, а како термин бил одреден март 1841 година[72]. За таа цел биле собирани средства и луѓе, кои потоа биле испраќани во пограничните реони. Караташо за ова го известил Суцос, началник на дворската кацеларија, кој пак го известил кралот Отон, а грчкиот суверен за целиот план го информирал францускиот амбасадор, кој веднаш побарал стопирање на активностите[73]. Макријанис, наместо да ги прекине, ги продолжил. Еден од неговите блиски соработници, Ларион, заминал за Египет каде што се сретнал со Мехмед Али, со кого била договорена заедничка соработка на Крит[74], а египетскиот владетел испратил свои емисари во Епир, Тесалија и во Македонија[75]. Продолжувањето на активностите на групата околу Макријанис зборува дека грчката влада не била заинтересирана, но била и немоќна да ги спречи групите и здруженијата што можеле да бидат искористени за остварување на грчките интереси. Една друга група млади луѓе собрани околу Александрос Рангавис исто така правела подготовки за востание во делови на Османлиската Империја и била поврзана и со одредени заговорнички кругови во неа[76]. Во заговорот учествувал и грчкиот претставник во Цариград Аргиропулос, а високиот офицер на грчката војска

---

[69] ДАРМ, м - 87; Peltier-Guizot, Salonique, 6 fevrier 1840, AMAE, Salonique, Correspondance Commerciale, T.22, f.361.

[70] Британски.., т. II, док. 6, Ч. Блант-Понснонби, Солун, 9 април 1840, с. 15.

[71] Исто, док.7, Ч. Блант-Понсонби, Солун, 5 мај 1840, с.17.

[72] Μακρυγιαννις, Απομνιμονευματα, σ.104.

[73] Исто, с. 114-115; Н. Данова, Националният.., с. 80-81.

[74] Бугарскиот историчар Симеон Дамјанов смета дека во Грција постоела силна опозиција да се дејствува заедно со Мехмед Али против султанот поради сеќавањата за египетските насил-ства на Пелопонез од времето на Грчкото востание. (Симеон Дамянов, Френската политика на Балканите, София, 1977, с. 184).

[75] Μακρυγιαννις, Απομνιμονευματα, σ.

[76] Α. Ραγκαβης, Απομνημονευματα, τ. II, Αθηναι, 1895, σ.89–91.

Вејкос требало да ги води четите што би навлегле на османлиска територија. Овој план за востание не успеал поради вмешувањето на Англичаните, кои немале интерес во тој момент да поддржат една акција што би го загрозила султанот, но затоа имале влијание врз некои членови на групата.

Во дискусиите што се воделе во Грција за кризата во односите со османлиската држава почнале да се исцртуваат и границите на териториите, кон кои биле насочени усилбите на грчките политичари. Тие првенствено ги посочувале Крит. Тесалија и Епир, т.е. земји со претежно грчко население, но се набројувале и Цариград и Македонија[77]. Весниците прокламирале ослободување на Крит, Тесалија, Епир, Македонија, Самос и на Хиос. Некои од грчките дипломати во османлиската држава јавно давале изјави во насока на територијално проширување на Грција. Еден од нив бил и грчкиот вицеконзул во Кавала, кој јавно говорел за можноста за територијално проширување на Грција[78]. Територијалното проширување на грчката држава кон север било мотивирано со незадоволството од нејзините граници, големиот број Грци што живееле во османлиската држава и со барањето животен простор, кој бил повеќе од потребен заради подобра економска иднина. Таа иднина би била обезбедена со добивањето на нови територии, кои би биле богати и би можеле да ја прехрануваат Грција. Такви биле Тесалија, Македонија и Тракија.

Атина и поголемите населени места во Грција во почетокот на 1841 година биле преплавени со брошури, во кои се пишувало за обновување на Византиската Империја, иако таа од одреден број грчки интелектуалци била сметана како олицетворение на мракот. Со голем ентузијазам била прославена дваесетгодишнината од Грчкото востание, а на фасадата на Универзитетот била поставена голема биста на Ригас[79].

Засилувањето на активностите поврзани со желбите за територијално проширување не довело до стагнација на активностите што воделе кон посакуваното економско зајакнување на Кралството. Со морална и материјална помош на Швајцарецот Жан Габриел Ејнар, во март 1841 година била формирана Националната банка на Грција, на чие чело застанал Георгиос Ставрос[80]. Тоа била прва позначајна банкарска институција во земјата, која била формирана во слободна Грција и во иднина ќе даде голем придонес за развојот на грчката пропаганда на Балканот.

Избувнувањето на востанието на Крит ги запалило страстите во Грција. Во Атина бил формиран Централен комитет на Критјаните, кој бил раководен од Рениерис, Апостолидис и Антонијадис, со цел да праќаат помош во луѓе, оружје и пари[81]. Дејствувањето на овој Комитет, но и вкупното однесу-

[77] Н. Данова, Националният.., с. 83.

[78] Британски.., т. II, док. 16, Ч. Блант-Понсонби, Солун, 3 декември 1840, с.28.

[79] Петар Ников, Българското възраждане, София 1981, с. 73; Driault et L'Heritier, Histoire diplomatique…, p.203.

[80] Gregory A. Perdicaris-D.Webster, Athens 12 april 1841.Despatches from United States consuls in Greece 1837-1906, Desriptive list, Sofia 1989, p.16; K. Βακαλοπουλος, Νεαελληνικη….. σ.182.

[81] Driault et L'heritier, Histoire diplomatique…, p.215;

Σ. Θ. Λασκαρη, Διπλωματικη ιστορια της Ελλαδος, Αθηναι, σ. 58–59.

вање на грчката влада, предизвикале загриженост кај османлиските власти. Затоа османлискиот пратеник во Атина Мусурос упатил неколку протести до грчката влада, но тие не дале плод[82]. И британската влада не можела да се согласи со грчките дејства. Палмерстон ја опоменувал владата во Атина да ги прекине овие акции, со кои се помага востание кое не може да успее. Тој дури му се заканил на Отон со губење на престолот[83]. Се покажа дека Грците не се загрижиле од ваквите протести и закани, сигурни во меѓусебните несогласувања на големите сили.

Заканите и протестите не ја принудиле грчката влада да ги прекине активностите на разните организации и здруженија, а и многу офицери на кралската војска зеле активно учество во дејствата на заговорниците. Грчката влада испратила повеќе емисари на Балканот, кои требало да ја испитаат состојбата[84]. Истовремено, на Света Гора се истоварила поголема група бунтовници, кои имале задача да кренат востание. Меѓу нив биле забележени и офицери на грчката војска, кои носеле грчки воени униформи и ордени. Османлискиот амбасадор во Атина постојано испраќал информации дека постои раздвиженост помеѓу емигрантите од земјите што се наоѓаат под османлиска власт во насока на кревање востанија, а биле во контакт со грчката влада[85]. Тие известувања помагале за благовремена реакција на османлиските власти. Така истоварувањето на Халкидик завршило со заробување на калуѓерот Иларион и разбивање на групата. Османлиите се сомневале дека оваа, а и некои други акции се дело на грчката влада во соработка со Мехмед Али[86]. Како поткрепа на своите тврдења и стравувања за можно кревање востание тие го наведувале присуството на поголем број грчки бродови во солунското пристаниште и заробувањето на неколку чунови со оружје во близината на Солун[87].

Грција не сакала да ги прекине активностите на разните здруженија ниту по потпишувањето на Лондонската конвенција за протоците на 13 јули 1841 година, бидејќи сметала дека англо-француските односи сè уште биле конфликтни. Затоа продолжило дејството на комитетите. Кон крајот на јули во Тесалија, во околината на Волос, се истоварил капетанот Валенцас[88]. На ова веднаш регирале османлиските власти со испраќање силни воени единици, кои без поголеми борби го принудиле Валенцас да се повлече. Портата демонстрирала решителност во поглед на одбраната на суверенитетот на својата територија. Затоа, нејзините воени команданти во Тесалија добиле наредба да користат репресивни мерки против грчките активности и по

[82] Исто.
[83] Виноградов, Политика Великобритании.., с. 218.
[84] ДАРМ, м - 90; Gillet-Guizot, Salonique, 23 juin 1841, AMAE, Salonique, Correspondance Politique, V. 1, f. 10.
[85] Исто.
[86] Британски.., т. II, док. 27, Понсонби-Палмерстон, Терапија, 26 јуни 1841, с. 47-48.
[87] Исто, док. 34, Ч. Блант-Понсонби, Солун, 22 јули 1841, с. 55.
[88] ДАРМ, м - 90; Gillet-Guizot, Salonique, 5 aout 1841, AMAE, Salonique, Correspondance Politique, V.1, f.13.

потреба да навлегуваат на грчка територија[89]. Тензијата во односите помеѓу двете соседни држави и понатаму немала да попушти. Грчкиот печат што пристигнувал во оманлиската држава бил полн со военоподбуцнувачки написи. Можело да се очекува дека ставовите изнесувани во грчкиот печат нема повеќе да бидат толерирани од осман-лиските власти. Тоа и се случило и на 30 октомври 1841 година сите пратки што носеле грчки весници биле вратени во Атина[90].

Неуспехот на Критското востание и завршувањето на османлиско - египетскиот конфликт довеле до постепено намалување на напнатоста во односите на Атина со Цариград, но не и до приближување. Новиот грчки конзул во Солун Суцос, кој при крајот на ноември 1841 година пристигнал во македонското пристаниште, не стапил веднаш во контакт со османлиските власти, ниту пак овие се брзале тоа да го сторат[91]. Тоа најдобро кажува дека односите помеѓу двете соседни држави не можеле лесно да бидат нормализирани.

Смирувањето на состојбите на Истокот било можност големите сили да им посветат внимание на начините, со кои би можеле да се избегнат поголемите конфликти. Османлискиот амбасадор во Париз Мустафа Решид ја известил Портата дека Европа била заинтересирана за мирно регилурање на меѓународните конфликти, па затоа предложил склучување договор со Грција под покровителство на Франција, Англија и Русија, со што би се спречиле понатамошните несогласувања[92]. Иако постоеле вакви желби, а и ситуацијата во пограничните области на османлиската држава била мирна, локалните османлиски власти воопшто не верувале дека Грците можат да седат мирни[93]. Нивните сомнежи многу брзо се потврдиле кога повторно дошло до затегнување на грчко-османлиските односи. Причина за најновото недоразбирање бил изборот на двајца Грци од островот Псарос, кој бил во составот на Османлиската Империја, за членови на грчкото Собрание[94]. Османлискиот амбасадор во Атина упатил демарш до грчката влада, во кој се барало отповикување на ова решение. Портата сметала дека со ваквата постапка Грција јасно покажала територијални претензии кон дел од Османлиското Царство, а тоа не било далеку од вистината. Исто така, биле активирани и османлиските дипломатски претставници во Лондон и во Париз со барање англиската и француската влада да извршат притисок врз Грција за оваа да го повлече решението. Покрај дипломатската активност, Портата презела и воени мерки со цел да изврши притисок врз Атина. Оваа постапка на Портата предизвикала загриженост кај грчката влада. Кралот Отон на 6 февруари 1842 година се сретнал со Макријанис и со министерот на војската Влахопулос, со кои разговарал за можните воени мерки што би биле

---

[89] Исто, f.14.

[90] Британски.., т. II, док. 40, Ч. Блант-Ч. Бенкхед, Солун, 2 ноември 1841, с.66.

[91] Исто, док. 42, Ч. Блант-Ч. Бенкхед, Солун, 4 декември 1841, с. 70.

[92] Н. А. Дулина, Османская империя.., с.134.

[93] ДАРМ, м - 90; Gillet-Guizot, Salonique, 23 janvier 1842, AMAE, Salonique, Correspondance Politique, V. 1, f.27-28.

[94] Н. А. Дулина, Османская империя.., с. 134.

преземени од Грција[95]. Големите сили во тој момент не сакале повторно да имаат криза на Истокот, па затоа се вмешале во најновото грчко-османлиско недоразбирање. Францускиот амбасадор во Цариград побарал од Портата објаснување за движењето на османлиските воени единици кон грчката граница[96]. Османлискиот министер за надворешни работи одговорил дека тоа е сторено за да се смири населението и тоа може да бида пренесено во Атина. Истовремено и францускиот амбасадор во Атина вршел притисок врз грчката влада[97]. Најновото заострување на односите меѓу Атина и Цариград неминовно довело и до заладување на дипломатските односи. Новиот грчки претставник во Цариград Маврокордатос при врачувањето на своите акредитиви не бил најдобро примен од големиот везир. Тоа го принудило Маврокордатос да се состане со францускиот и со англискиот амбасадор во Цариград и да побара нивна помош за надминување на проблемите. Истовремено, претставниците на Франција, Русија, Англија, Прусија и на Австрија во Атина побарале од грчката влада да ги повлече своите трупи од границата, а оние што се на пат кон неа, да се вратат[98]. Грчката влада, како што можело да се очекува, немала сили да му се спротивстави на притисокот на големите сили и го намалила бројот на трупите на границата. Многу брзо владата во Атина ја повлекла одлуката за избор на пратениците од островот Псарос што значело и крај на кризата во односите помеѓу двете држави[99]. Обидот на грчките политички кругови да се изберат двајца пратеници по потекло од османлиската држава за членови на грчкото Собрание не успеал, бидејќи немал никаква меѓународна поддршка, но првпат отворено биле изнесени намерите за во иднина.

По смирувањето на напнатоста во односите помеѓу Грција и Османлиската Империја големите сили побарале од кралот Отон да преземе мерки што би ја подобриле економската состојба во земјата, со цел да почне отплатата на грчкиот долг. Мерките што ги презел Отон не ги задоволиле силите-заштитнички. Затоа на 5 јули 1843 година во Лондон била одржана конференција, на која била утврдена годишната камата и отплатата на грчкиот долг од 3 635 922 франци, а била формирана и комисија за контрола на грчките издатоци[100]. Решенијата на конференцијата предизвикале големо незадоволство во Грција, зашто очигледно Отон можел да има внатрешна поддршка само кога носел пари од големите сили. Меѓутоа, незадоволството од економските мерки било само причина за изразување на несогласувањето со политиката на баварската династија, особено во врска со прашањата што биле поврзани со надворешната политика. Во земјата била организирана завера, со која требало да се изврши државен удар. Во подготовките на превратот активна улога имале А. Метаксас, К. Зографос и М. Суцос од проруската, А. Лондос од проанглиската и Р. Паламидис од профранцуската

[95] Μακρυγιαννις, Απομνιμονευματα. σ.122–123.
[96] ДАРМ, м - 1041; Bourqueney-Guizot, Pera, 4 mars 1842, AMAE, Turquie, f,180.
[97] Исто, f. 182.
[98] Исто, f. 186.
[99] Н. А. Дулина, Османская империя..., с.135.
[100] D. Dakin, The unification..., p. 76.

партија, а активност пројавиле и Макријанис и полковникот Д. Калергис. Отон дознал за овие активности, но сметал дека може лесно да излезе на крај со нив[101]. Настаните што следуваа покажаа дека Отон погрешил во своите проценки. Имено, на 3 септември 1843 година во Атина избил бунт со барање за свикување на Уставотворно собрание. Некои кругови му советувале на кралот да не попушта пред барањата и воено да им се спротивстави на бунтовниците, но амбасадорите на Англија, Франција, Русија, Австрија и на Прусија извршиле притисок врз Отон и последниов морал да се согласи со нивните барања[102]. Заседавањето на Уставотворното собрание започнало на 8 ноември 1843 година. Почетокот на работата на Собранието бил обележан со расправијата помеѓу делегатите во врска со прашањето за учеството на претставници од јужните османлиски области. Османлискиот претставник во Атина, откако дознал за расправата во врска со прашањето на учеството на делегати од османлиските области, веднаш протестирал до грчката влада и најавил дека Портата тоа ќе го смета како акт спротивен на добрососедските односи и дека тој ќе предизвика немири во османлиските области[103]. Грчкиот министер за надворешни работи Трикупис одговорил дека народните претставници не ги претставувале Псарос, Македонија или Тесалија, туку дека тие потекнувале од тие области, а живееле во Грција и се нејзини поданици, што било признаено и од Портата. Меѓутоа, Османлиите, најверојатно веќе поучени од настаните во минатото, воопшто не им верувале на дадените грчки декларации. Настаните во Грција неодминливо создале тревога кај османлиските власти во Солун. Тие добиле од Портата инструкции за дејствување во случај на демонстрации на симпатија кон тоа што се случувало во Грција[104]. Иако тогаш постоеле некои кругови што имале симпатии спрема Грција, сепак тие биле послаби во споредба со оние во минатото[105]. Ситуацијата била потешка во Епир и во Тесалија, каде што бројот на Грците бил многу поголем. Османлиите сметале дека епирското население било поврзано со капетанот Гривас, Макријанис и др., а и името на Колетис, кој потекнувал од Епир, било изговарано со голем респект[106]. Тоа било повеќе од доволен знак за тревога. Затоа Портата решила да се испратат воени засилувања во Епир и во Тесалија, а османлиската флота го засилила своето патролирање по брегот на Тесалија и на Македонија[107]. Во настојувањето да се избегне поголемо заострување на грчко-османлиските односи, очекувано повторно се вмешале големите сили. Особена активност пројавила Англија. Притисокот на лордот Абердин, кој отворено се заложил

---

[101] Θεοδωρος Θεοδωρου, Η Ρουσια και η επαναστασης της 3ης σεπτεμϖριου 1843 με βαση εγγραφ α των Αρχειων της ΕΣΣΔ και τον περιοδικο τυπο εκεινης της εποχης, Βαλκανικα Συμμυκτα, τ.4, Θεσσαλονικη 1992, σ. 81.
[102] Исто, с. 82.
[103] Driault et L'heritier, Histiore diplomatique…, p. 254.
[104] ДАРМ, м - 15: Ch. Blunt-Stratford Canning, Salonica, !0th November 1843, FO195/176.
[105] Исто.
[106] ДАРМ, м - 90: Gillet-Guizot, Salonique, 12 decembre 1843, AMAE, Correspondance Politique, V.1, f.13.
[107] Исто, f.14.

да се повлече предлогот за застапеност во Парламентот на претставници од Епир, Тесалија, Македонија и од Псарос, не дал резултати. По жестоки дискусии било решено да се дозволи присуство на претставници од горенаведените области[108].

Баварската династија се чувствувала загрозена од развојот на настаните и затоа кралот Отон побарал од силите-заштитнички да помогнат во изработката на конзервативниот устав, а работата почнала на 15 јануари 1844 година[109]. Големите сили се согласиле, бидејќи тоа било во нивен интерес, но не сакале да интервенираат во полза на Отон. Во работата на комисијата за составување на уставот активно учествувале Андреас Метаксас, Александрос Маврокордатос и Јоанис Колетис. Уставот бил составен под силно англо-француско влијание, а Русија успеала да издејствува наследникот на Отон да исповедува православна вера, што всушност била нејзина најголема грижа во тој момент[110]. Особено внимание при составувањето на уставот му било посветено на прашањето на Грчката православна автокефална црква. Уште на првата седница на Уставотворното собрание министерот за вероисповед Схинас, кој инаку бил близок до фанариотските кругови, се обидел да ги убеди пратениците дека автокефалноста е противканонски акт. Таквиот став го застапувал и при работата на Комисијата за составување на уставот. Тогаш дошло и до жестока расправија помеѓу Схинас и Спиридон Трикупис, член на Комисијата, кој сметал дека политичката независност оди заедно со црковната[111]. Ставот изнесен од негова страна бил поддржан од повеќето членови на Комисијата. Всушност, тој став не се разликувал од православната традиција. Конечно, на 18 март 1844 година бил прогласен Уставот на Кралството Грција. Според овој највисок законодавен акт, во членот 1 православната вера е прогласена за официјална во државата и има предност над другите религии, а според членот 2 Грчката православна црква е догматски обединета со Цариградската патријаршија, но ја чува еднаквоста и е сосема независна во однос на која било црква, а е управувана од Светиот архијерејски синод[112].

Иако донесувањето на Уставот претставувало голем настан, сепак најголем печат на заседанието дал говорот на Колетис во јануари 1844 година. Колетис при својот настап пред Уставотворното собрание изјавил дека " Грција не е само Кралството Грција, тоа е најмалиот и најсиромашниот дел. Грци се и тие што живеат во Јанина, Солун, Серез, Одрин, Константинопол, Трабзон, Крит, во Самос или во која било земја од грчката историја или

---

[108] Γ. Ασπρεα, Πολιτικη ιστορια της Νεοττερας Ελλαδος, Αθηναι 1967, σ. 167.

[109] B. Jelavich, Balkan nations under..., p. 400; Eleuteros Prevelakis, The greek constitution of 1844 and the great powers,
Ελληνικες ανακοινωσεις στο Ε διετνες συνεδριο σπουδων νοτοανατολικης Ευροπης, Αθηναι 198 5, σ. 40.

[110] Русија, за да успее во своите настојувања, се повикала на договорот за брак на Отон од 1836 година, со кој било предвидено неговиот наследник да исповеда православна вера. (E. Prevelakis, The greek constitution..., p. 423).

[111] Γ. Ασπρεα, Πολιτικη ιστορια ..., σ. 170–171.

[112] Исто, с. 175; Edward J. Foster, A short history of modern Greece 1821-1953, London 1958, p. 15.

раса"[113]. Според него, војниците на независноста не биле само оние од 1821 година, туку сите што се бореле за слобода од паѓањето на Цариград. Колетис говорел дека постоеле два центра на елинизмот - Атина и Цариград, при што Атина била само главен град на Кралството, а Цариград е големата престолнина и надежта на Грците. Во говорот на Колетис била формулирана "мегали-идејата" - грчката великодржавна доктрина, која имала големо влијание врз развојот на нова Грција[114]. Таа била идеолошка база на стремежите на владејачките кругови во Атина за создавање на голема грчка држава, во која би биле вклучени земји што се грчки, но и негрчки територии. Официјалното соопштување на "мегали-идејата" предизвикало силен одглас во Грција, но и загриженост надвор од неа. Говорот на Колетис бил поздравен од Г. Терцетис, според кој излагањето на грчкиот политичар треба да се пренесува на следните поколенија, а пофалби добил и од А. Маврокордатос, А. Пецалис. Х. Перевос и др. Според Зисис Сотирис, кој потекнувал од Кожани, Колетис со својот говор изразил надеж дека грчкото знаме ќе се развиело над палатата на Константин Палеолог и над храмот Света Софија, со што плодот на Ригас ќе биде пожнеан[115]. Воопшто, не само грчките интелектуални кругови, кои ја креирале идеологијата на "мегали- идејата", туку и целото грчко општество постепено било зафатено со национален занес. Многумина почнале да размислуваат за Цариград како политичка престолнина, за Атина како престолнина на писменоста и културата, а за Ерусалим како престолнина на религијата[116]. Сепак, а времето тоа ќе го покаже, "мегали-идејата" била и добар начин за решавање на внатрешните проблеми. Идеите на Колетис брзо биле прифатени од кралот Отон, кој сакал да застане на чело на грчките планови за територијално проширување. Тоа бил добар начин да го зацврсти престолот, а и да го зголеми влијанието меѓу обичниот свет, кој поради лошата економска ситуација во Грција не гледал со посебен респект кон баварската династија. Често "мегали-идејата" се користела за меѓусебно обвинување на политичарите околу прашањето кој е патриот, а кој е предавник, и тоа во моменти кога немало што да му се понуди на народот[117]. Говорот на Колетис, кој не бил случаен, јасно ја покажал желбата за територијално проширување, кое би ѝ донело на Грција не само обединување на сите Грци, туку и богати територии. Впрочем, и самиот

[113] Driault et L'heritier, Histoire diplomatique..., p.252, Бугарската историчарка Данова, врз база на протоколите од грчкото Собрание, за говорот на Колетис во Собранието дава подруга изјава на Колетис:"Поради својата географска позиција, Грција е центар на Европа, исправена оддесно го има Истокот, а одлево - Западот. Нејзината определеност беше со паѓањето (се мисли под османлиска власт ) да го просвети Запад, а со преродбата Истокот. Првото го исполнија нашите предци, а второто ни е наложено на нас. Тогаш (во време на востанието) сите ние, кои го носевме името Грци, бевме обединети од еден дух, но делумно ја постигавме целта. Ние во едната рака го носиме знамето на религијата, а во другата ослободувањето на сите едноверни христијани воопшто. Грци се сите што веруваат во Христос и кои го имаат грчкиот за мајчин јазик. (Н. Данова, Националният.., с. 87-88).

[114] Международные отношения 1830.., с. 111.

[115] Н. Данова, Националният.., с. 91.

[116] Les Grecs a toutes les epoques, Paris 1870, p.332.

[117] Н. Данова, Националният.., с. 95.

Колетис нагласил дека територијата на Кралството е најмалиот и најсиромашниот дел.

На надворешен план говорот на Колетис предизвикал остра реакција на британската влада. Лондон бил вознемирен од настапот на грчкиот политичар во Парламентот, пред сè поради шовинистичките примеси во неговата програма, а Палмерстон го нарекол Колетис - нов Алипаша[118]. Османлиска-та влада, како реакција на настаните во Грција, го заострила својот однос спрема грчките државјани на нејзина територија. Тоа го принудило грчкиот пратеник во Цариград Аргиропулос да побара помош од францускиот амбасадор за заштита на грчките поданици[119]. Говорот на грчкиот премиер се совпаднал со стравувањата на Османлиите од навлегувањата на грчките чети, кои зачестиле во тој период. Една поголема група грчки бунтовници во текот на мај 1844 година навлегла во Тесалија, во околината на Лариса[120]. Османлиските власти во Солун стравувале дека оваа, а и некои други групи би можеле да се поврзат со некои елементи во јужна Албанија и да предизвикаат нереди. Странските конзули се труделе да ги уверат Османлиите дека грчката влада добро знае дека тоа не било во нејзин интерес и тоа не би го дозволила, иако имало индивидуалци во Грција што биле расположени за такви акции[121]. Сепак, извештаите за некои напади во Тесалија ги засилиле османлиските сомнежи и стравувања[122]. Тоа довело до османлиска реакција. Портата го започнала стариот начин на справување со грчките акции. По-крај засилувањето на воените единици на границата, османлиската влада во-вела и мерки на економски притисок врз Грција, а особено врз грчките пода-ници што живееле на нејзина територија. Султановата влада добро знаела дека нема да претрпи поголеми економски штети од ваквите постапки, но затоа грчките трговци и грчката економија можеле сериозно да бидат погодени. Во Цариград, грчкиот амбасадор жестоко протестирал поради османлиските мерки. Тоа довело до сериозни несогласувања меѓу него и османлиските власти. Затоа, Аргиропулос, како и претходно, побарал помош од претставниците на силите-заштитнички, зашто можело да дојде до големо заострување на, и онака лошите, османлиско-грчки односи[123]. Вистинската причина за ваквата реакција на грчкиот дипломат бил стравот од спроведувањето на административната забрана за работа на грчките занаетчии во Цариград, но и во другите делови на државата. Со тоа сериозно би ѝ се наштетило и на Грција, која посредно имала корист од нивната работа. Неговата молба наишла на добар прием кај претставниците на големите сили. Како што можело и да се очекува, амбасадорите на Англија, Русија и на Франција интервенирале во полза на барањето на Аргиропулос, зошто

[118] Виноградов, Политика Великобритании.., с.219.
[119] ДАРМ, м - 1043; Bourqueney- Guizot,bd, AMAE, Turquie, V. 289, f.89
[120] ДАРМ, м - 21; Ch. Blunt-Stradford Canning, Salonica,1st june 1844, FO 78/558.
[121] Исто.
[122] Британски.., т. II, док. 95, Страдфорд Кенинг-Абердин, Цариград, 17 јуни 1844, с. 140.
[123] ДАРМ, м - 1043; Bouesquency-Guizot, Therapia, 7 octobre 1844, AMAE, Turquie, V. 289, f. 141.

владите на овие три големи сили не сакале дополнително заострување на грчко-османлиските односи[124].

Односите помеѓу двете соседни држави продолжиле да бидат напнати, иако Колетис се обидел да покаже дека води поумерена политика[125]. На територијата на Грција биле засилени османлиските разузнавачки активности со цел да се следат активностите на разните заговорнички здруженија. Тогаш во Атина дејствувале повеќе групи емигранти од разни делови на Балканот, кои биле под османлиска власт[126]. Нивната активност, без никакво сомнение, била интересна за Османлиите. Османлискиот претставник во Атина Раду открил три завери. Првата била организирана од многубројните капетани од Епир, Тесалија и од Македонија. Раду навел имиња на 53 капетани, кои би можеле да бидат опасни за османлиските интереси[127]. Тие сакале да навлезат во османлиските погранични области. Османлискиот претставник успеал да подмити некои од нив со цел да не вршат упади, а други пак за месечна плата ги придобил да го известуваат за акциите на разните капетани. На чело на втората завера стоел Колетис, кој за таа цел имал многу соработници како министерот за војна Цавелас, кој имал големо влијание во атинските политички кругови, потоа атинскиот гувернер Мансалас, генералот Мамурис и др[128]. Заверата имала неверојатни цели, имајќи ја предвид силата на грчката држава, и политичка и економска. Главна цел на заверата било да се предизвикаат немири во Епир , Тесалија и во Македонија, а по можност и во Цариград, кои потоа би биле заземени. Планот предвидувал и можност за придобивање на словенското население на Балканот за заедничка борба против Османлиите, која би придонела за побрзо заземање на земјите кон кои претендирала Грција. Во Атина била организирана и завера, во која учествувале балкански Словени организирани во Трако-бугарско-српското или Македонското друштво[129]. Ниту една од овие завери не дала резултати, бидејќи не постоеле услови за тие да бидат реализирани. Тоа не значи дека османлиските власти во пограничните области не презеле активности за заштита на својот територијален интегритет. Тие, врз основа на известувањата што ги добивале, со цел да спречат каков било обид за навлегување на чети од Грција, го зајакнале воениот гарнизон во Лариса[130].

---

[124] Исто, f. 142.

[125] Меѓу другото, обидите на Колетис за умереност во односите со османлиската држава може да се должат и на постојаните опомени од Франција, значи од неговиот главен поддржувач помеѓу големите сили, дека нема да се жртвува за Грција. ( С. Дамянов, Френската.., с. 190-191, ф. 47).

[126] Stojancevic, Problemi saradnje..., s. 60.

[127] Никола Шћеровић, Врење и завере против Турске четрдесетих година XIX века, Историјски записи, XI/2, Цетиње, 1955, с. 132.

[128] Исто, с. 133.

[129] D. Djordjevic, Revolutions..., p.77. (Еден од членовите на ова здружение бил Георги Раковски, кој во 1841-1842 година зел учество во Браилските бунтови и таму бил уапсен и осуден, но како грчки државјанин со помош на грчката дипломатија бил ослободен и преку Марсеј се вратил во Атина).

[130] Британски.., т. II, док. 124, Ч. Блант-Страдфорд Кенинг, Солун, 28 март 1845, с. 189.

Грчко-српските контакти продолжиле и во овој период, иако на неофицијално ниво. Во текот на март 1845 година во Атина престојувал кнезот Михаило[131]. Неговото доаѓање предизвикало коментари не само во политичките кругови, туку и кај пошироката јавност. Михаило побарал прием кај грчкиот крал Отон, а Колетис, грчкиот министер-претседател и министер за надворешни работи му ветил на поранешниот српски кнез дека ќе уреди да дојде до негова средба со грчкиот суверен. Кога за ова разбрал османлискиот амбасадор во Атина, Мусурус, протестирал не само за можната аудиенција туку и поради посетата на Михаило[132]. Тој побарал помош и од австриските амбасадор Прокеш, но овој одбил да интервенира со образложение дека Михаило Обреновиќ имал руски пасош[133]. Колетис бил ставен во незгодна ситуација, но Отон побарал, како услов за прием, Михаило да дојде во придружба на некој странски дипломат. Дипломатите на кои се надевале Грците, а тоа биле рускиот и австрискиот амбасадор, не искажале готовност да го придружуваат Михаило[134]. Со тоа биле исцрпени сите можности за прием на Михаило кај грчкиот крал, по што тој навреден ја напуштил грчката престолнина[135]. Резултатот на посетата на Михаило предизвикал различни коментари во грчката јавност. Некои го обвинувале Колетис за неостварувањето на приемот кај Отон, а други пак сметале дека тоа било дело на странските дипломати, кои стравувале дека постои можност по евентуалното враќање на Михаило на власт во Србија да дојде до поблиски врски помеѓу Грција и Кнежевството Србија[136].

Во времето на владеењето на Колетис (1844-1847 година) се засилила панелинската пропаганда. Во училиштата и на атинскиот Универзитет грчката младина била учена и воспитувана дека има неразделна врска помеѓу древна Грција, Византија и нова Грција. На атинскиот Универзитет се воведени и византиски студии, кои дотогаш биле запоставени[137]. Византија почнала да се прифаќа како контраст на Османлиската Империја, која се доживувала како најголем непријател. Грчките раководни структури, во име на образованието, почнале да ги повикуваат во Атина повидните претставници на интелигенцијата на османлиските Грци, со цел да помогнат во изработката на подобра програма за образовна пропаганда, но и да предаваат на атинскиот Универзитет. Во таа насока Маврокордатос го придобил учителот од Солун Г. Г. Пападопулос да изработи подробен проект за создавање училишна установа што ќе биде наменета за децата на христијаните од земјите надвор од Грција[138]. Во 1845 година Колетис го поканил А. Мустоксидис да предава на

---

[131] Mihailo Laskaris, Knez Mihailo u Atini, Šišicev Zbornik, Zagreb 1939, s.211.
[132] Исто.
[133] Driault et L'heritier, Histoire diplomatique…,p. 278.
[134] M. Laskaris, Knez Mihailo…, s. 211.
[135] Најверојатно Михаило се надевал на подобар прием во Атина, а сметал и на благодарност за потегот на неговиот татко Милош, кој во 1842 година испратил 25000 драхми како помош за атинскиот универзитет.(Emmanuel Protopsaltis, Aide hellenique aux Montenegrins et Serbs durant leurs combats contre les Turcs 1862-1876, Greek-serbian cooperation 1830-1908, Belgrade 1982, p.12).
[136] M. Laskaris, Knez Mihailo…, p. 213.
[137] George Arnakis, Byzantium and Greece, Balkan Studies, V.4/2, Thessaloniki 1963, p. 386-388.
[138] Д. Данова, Националният.., с. 159.

атинскиот Универзитет. Неговиот повик до Мустоксидис претставувал вистинска порака за активност на грчките училишни установи. Писмото било објавено во атинскиот печат. Колетис повторно подвлекол дека Грција е повикана да го просвети Истокот со распространување на просветата, со што ќе им го подготви политичкото обединување, а атинскиот Универзитет можел да помогне во таа насока[139]. Повикувањето на османлиските државјани во Атина со цел да помогнат во изработката на плановите на образовната пропаганда бил најдобар начин за пенетрација на грчкиот образовен систем во османлиската држава како средство за ширење на грчкото влијание.

Грчко-османлиските односи продолжиле и понатаму да бидат затегнати, но барем во 1846 година не биле до тој степен лоши за да биде потребна интервенција на големите сили. Во текот на спомената година османлискиот амбасадор неколку пати протестирал поради граничните инциденти, но грчката влада одговарала со противобвинувања дека пљачкашки банди, составени од Турци и Албанци, дрско ја минувале границата и вршеле грабежи[140]. Одговорите, во кои имало противобвинување, биле честа практика на грчката влада, која за таа цел ја користела несигурната состојба на заедничката граница.

Почетокот на 1847 година бил одбележан со ново сериозно заострување на грчко-османлиските односи. Причина за најновото заладување било одбивањето на османлискиот амбасадор во Атина да му дозволи на Караташо да отпатува во Цариград[141]. Главниот мотив за таквиот потег на Мусурус било незадоволството на Портата од однесувањето на Караташо во текот на настаните на Крит во 1841 година. Можеби османлиското одбивање немало да биде толку тешко за Грците, доколку во целата работа не бил инволвиран грчкиот крал. Последниов се почувствувал навреден од односот на османлискиот амбасадор, бидејќи Караташо бил негов аѓутант. Незадоволството на Отон кулминирало при еден прием кога тој, пред странските дипломатски претставници во Атина, јавно го навредил османлискиот дипломат, по што овој побарал извинување[142]. Отон одбил да се извини поради својата позиција на грчки суверен. Тоа довело до остри османлиски протести, а на страната на Мусурус застанал англискиот амбасадор во Атина. Англија воопшто не била задоволна од постапките на грчкиот крал, кои не се совпаѓале со нејзините интереси и биле под силно влијание на профранцуските кругови во Грција. Затоа ја користела секоја можност да му наштети. Откако Отон не попуштил, Мусурус во текот на февруари ја напуштил Атина. Заминувањето на османлискиот дипломат од грчката престолнина ја отворило можноста за целосен прекин на дипломатските односи меѓу двете држави. Османлиските власти се заканиле со протерување на сите грчки конзули од нејзината територија[143]. Во оваа затегнатост се вмешала и француската дипломатија, која стравувала од можност за паѓање на Колетис, со што би се намалило

[139] Исто, с. 160.
[140] Г. Ασπρεα, Πολιτικη ιστορια..., σ. 205.
[141] Σ. Θ . Λασκαρι, Διπλοματικη..., σ.64; Г. Ασπρεα, Πολιτικη ιστοριας... , σ. 205.
[142] Σ. Θ. Λασκαρι, Διπλοματικι...,σ.65.
[143] Исто.

влијанието на Париз во Грција. Со посредство на францускиот амбасадор во Атина, грчкиот крал испратил лично писмо до султанот Абдул Мецит, но наместо тоа османлиската влада му наредила на грчкиот амбасадор да го напушти Цариград, со што дипломатските односи фактички биле прекинати[144]. На 16 октомври 1847 година грчката влада испратила до големите сили еден меморандум, со кој сакала да ја објасни својата позиција како одговор на еден друг меморандум што бил испратен од Портата, но и да ја намали затегнатоста во односите со својот сосед[145]. Во меморандумот грчката влада објаснувала дека со цел да дојде до приближување на двете држави, секогаш се трудела да биде во добри односи со Мусурос, но некои странски фактори се мешале во неговата работа. Според овој меморандум Караташо, претставен како потполковник и аѓутант на кралот Отон, побарал да замине во Цариград во приватна посета, а за тоа приложил и писмо од негов пријател, инаку лекар на големиот везир Решид-паша, со кое тој го уверувал дека може да дојде во Цариград, каде што ќе наиде на добро расположение за да ја врати во сопственост земјата во Македонија, која порано му припаѓала на неговото семејство. Се признавало дека Караташо бил вмешан во организирањето на немирите во Тесалија, но поради тоа бил уапсен. По излегувањето од затвор неговото однесување не можело да се смета како опасно.[146] Тоа не било доволно и османлискиот амбасадор и понатаму го сметал Караташо за човек што организира непријателски активности во Грција, иако истиот тој им издавал дозволи и на други личности што во 1841 година навлегле на османлиска територија, па дури и за личност што била означена како водач на Македонската етерија[147]. Исто така, Караташо имал одобрение за своето отсуство и од кралот, а одбивањето на службеникот да му издаде виза било навреда, која довела до затегнување на односите меѓу двете земји. Грчката влада се обидела да ги објасни и чекорите што следувале. Меморандумот не предизвикал некои реакции, но со интервенција на францускиот амбасадор во Цариград било спречено протерувањето на грчките поданици од османлиската држава[148]. Наскоро биле изгладени недоразбирањата меѓу грчката и османлиската влада и во февруари 1848 година Мусурус се вратил во Атина, но без кралското извинување[149].

Грција, како единствена независна христијанска држава на Балканот не била имуна на случувањата во Европа. Настаните што ја потресле Европа во 1848 година имале одраз во Грција. Тамошните весници биле полни со написи за европските настани. Републиканските тенденции ги зафатиле редовите на студентската младина, но и на војската[150]. Дополнително влијание врз грчката јавност имале демонстрациите на Јонските Острови. Во Аргостол,

[144] Г. Ασπρεα, Πολιτικη ιστοριας..., σ. 206.
[145] ДАРМ, м - 21; Memorandum Adresse par le gouverment de S. M. Hellenique aux represants des cinq grandes puissances, FO 519/145 .
[146] Исто.
[147] Во меморандумот не се наведува името на водачот на Македонската етерија.
[148] Г. Ασπρεα, Πολιτικη ιστορια..., σ. 206.
[149] Σ. Θ. Λασκαρι, Διπλοματικη..., σ. 65.
[150] Международные отношения ,1830.., с. 243.

политичкиот центар на Јонските Острови, по повод националниот празник на Грција, на 25 март 1848 година биле одржани демонстрации, на кои се барало обединување со Грција. Истовремено, активностите на разните здруженија се засилиле, а со своето дејствување особено се истакнало Големото братство[151]. Некои дипломатски кругови сметале дека оваа орга-низација е трансформација на Филортодоксната етерија. Нејзините планови предвидувале кревање востание во Османлиската Империја, бидејќи Грчкото востание не ги исполнило целите[152]. Во неа членувале Грци што потекнувале од османлиската држава, поранешни државни службеници, кои по губењето на работата едвај чекале сигнал да земат оружје и да навлезат во Тесалија. Тие кругови сметале дека зафатеноста на големите сили со немирите во Европа нема да доведе до нивно мешање во грчко-османлиските односи. Нивните претпоставки можеби биле исправни, но во Грција постоел еден проблем, кој не бил во полза на нивните замисли. За разлика од порано, во тие моменти била забележана разединетост во грчките владејачки кругови. Кралот Отон, логично, не гледал благонаклонето на тенденциите кон републиканизам, кои почнале да се појавуваат во неговата држава, а од друга страна имало и политичари што ги поддржувале тие тенденции. незадоволни од владеењето на грчкиот монарх. Некои од нив воопшто не ги криеле своите размислувања. Синот на министерот Гларакис, кој престојувал во Солун во текот на март 1848 година, отворено го искажувал својот став во корист на република во Грција[153]. Нестабилноста на политичката состојба во Грција и активностите на тајните здруженија, кои не биле контролирани, предизвикале загриженост кај Османлиите. Се очекувале немири во Тесалија затоа што веќе имало појавување на клефти, а и дискусиите во грчкиот Парламент исто така предизвикувале интерес[154]. Како по правило, во сите кризни ситуации, а и сега, почнале активности на грчки емисари во Тесалија и во Македонија со цел да се поттикне населението на немири против османлиските власти, а биле растурани и грчки памфлети, со кои се повикувало населението на бунт, но овие интриги на грчките емисари не наишле на прием кај населението[155]. На таквото расположение сигурно влијаела и нестабилната политичка ситуација во Грција. Имено, во април 1848 година доаѓа до бунт на гарнизоните во Каламбака, Елида и Нафплион. Бунтот довел до судири, во кои приврзаниците на Отон успеале да победат, а дел од побунетите офицери и бунтовнички водачи се засолниле на територијата на Османлиската Империја. Меѓу нив имало и познати водачи на грчките чети, кои порано навлегувале во Епир и во Тесалија, како Валенцас и Папакоста, кои се засолниле во Волос[156]. Тие биле прифатени од османлиските власти, но за секој случај биле испратени надвор од Тесалија. Таквиот развој на настаните

[151] D. Djordjevic, Revolutions Nationales..., p. 83.
[152] Н. Данова, Националният.., с. 117.
[153] Британски.., т. III, док. 5, Ч. Блант - Каули, Солун, 22 март 1848, с. 10.
[154] ДАРМ, м - 90: Grasset - De Lamartine, Salonique, 16 mai 1848, AMAE, Salonique, Correspondance Politique, V. II, f.4.
[155] Исто, док. 10, Ч. Блант - Страдфорд Кенинг, Солун, 18 мај 1848, с. 17.
[156] Исто, док. 11, Ч. Блант - Страдфорд кенинг, Солун, 31 мај 1848, с. 18.

оневозможувал каква било активност на разните комитети и здруженија. Сепак, наскоро дошло до смирување на тензиите во Грција, што повторно неминовно придонесло за активирање на националното прашање, но по вербален пат. Клеоменис Икономос во еден свој говор на 15 јуни објаснувал дека грчката територија е онаа на Византиската Империја. Според него, грчката држава требало да ги опфаќа Средоземјето, Мала Азија, Тесалија, Епир, Македонија, Јонските Острови, Србија, Тракија, Бугарија, Дакија и Сирија[157]. Тој им се спротивставувал на сите што сакале да ја зачуваат османлиската држава. Еден друг грчки интелектуалец, Софијанопулос, сметал дека тронот на Грција се наоѓал во Цариград и затоа Грците требало да се подготвуваат за негово ослободување[158]. Тогаш дошло и до првото нагласување на словенската опасност за грчките интереси. Маврокордатос, лидерот на англофилската партија, испратил мемоар до кралот Отон, во кој укажува на фактот дека Словените исто така претендираат на османлиското наследство и со поддршка на Русија сакале да ги добијат Тракија и Македонија, кои, според него, биле грчки[159]. Маврокордатос најверојатно бил запознаен со одредени случувања во Македонија и во бугарските земји[160]. Тој предлагал засилување на надворешниот елинизам, како приоритет во работата на грчката влада, а за тоа треба да се користи и Црквата.

Изнесените размислувања го наметнале прашањето за односите со Патријаршијата. Притисок за помирување со Патријаршијата вршеле економски најсилните претставници на грчкото општество. Тие сметале дека Грција не би можела да опстане во границите од 1830 година и затоа било потребно проширување на Грција за сметка на северниот сосед. За да ги реализира своите стремежи за проширување, Грција морала да најде компромис со Патријаршијата, бидејќи авторитетот на оваа црковна институција бил силен и меѓу негрчкото население во Османлиската Империја, при што таа

---

[157] Н. Данова, Националният.., с. 105.

[158] Международные отношения ,1830.., с. 237.

[159] С. Терзић, Србија и .., с. 80.

[160] Така на пример уште во 1835-36 година во Скопје било формирано словенско училиште, со дозвола на тамошниот митрополит Гаврил, а во Солун, и покрај неуспешниот обид на веќеспоменатиот Теодосиј Синаитски да отвори училиште на народен јазик, сепак тој успеал во црквата Света Мина да држи богослужби на црковнословенски јазик. (Александар Трајановски, Црковната организација во Македонија и движењето за возобновување на Охридската архиепископија од крајот на XVIII и во текот на XIX век-до основањето на ВМРО, Скопје, 2001, с. 109-112). Во Велес дејствувал Јордан Хаџи Константинов-Џинот, кој отворил училиште на народен јазик. (Ристо Кантарџиев, Школството и просветата во Македонија во периодот на Преродбата- Школството, просветата.., с. 26-27). Големиот приврзаник на грцизмот, Димитар Миладинов, по средбата со рускиот славист Виктор Григорович во 1845 година започнал да се бори против грчкото културно влијание. (Славко Димевски, Врските на Д. Миладинов со Зографскиот манастир за помагање на црковно-просветителското движење во Македонија-Шлолството, просветата.., с. 279) Во бугарските земји, меѓу другото, Неофир Бозвели и Иларион Михајловски во 1844 и 1845 година барале од Портата да дозволи градење на бугарска црква во османлиската престолнина, но исто така и бугарски епископи за бугарските епархии. (Николай Генчев, Българското възраждане, София, 1995, с. 206).

можела да помогне во неговата елинизација[161]. Кон крајот на четирие-сеттите години од XIX век созреале условите за доближување со Патри-јаршијата. Конкретен повод за чекор кон помирување со Патријаршијата била смртта на грчкиот пратеник во Цариград Јаковакис Ризос Нерулос кон крајот на 1849 година, а на неговиот погреб присуствувал и патријархот Антим IV[162]. Овој настан влијаел врз грчката влада да преземе активности во насока на помирување со Патријаршијата и затоа во Цариград го испратил Мисаил Апостолидис да преговара. По неколкумесечни преговарања, конечно бил постигнат договор, со кој биле надминати седумнае-сетгодишните недоразбирања. На 29 јуни 1850 година на заседанието на Синодот на Патријаршијата бил прочитан документ, со кој било објавено создавањето на Грчката православна црква, а за периодот од 1833 до 1850 година било напоменато дека тоа е период на неканонско дејствување[163]. Со тоа биле надминати проблемите во односите помеѓу Грција и Патријаршијата и биле отворени вратите за соработка за заедничката цел - голема грчка држава.

Грчкото културно влијание во Македонија кон крајот на четириесет-тите години од XIX век било големо. Тоа се должи на работата на Патри-јаршијата, но во овој период започнало и силно влијание што доаѓало од Атина. Тогаш во грчката престолнина на школување на атинскиот Универ-зитет престојувале извесен број студенти од Македонија, а имало и уни-верзитетски професори, кои потекнувале од Македонија. Во Атина во август 1849 година пристигнал Григор Прличев со цел да се запише на медицин-скиот факултет[164]. Константин Миладинов во 1849 година, по двегодишно учителствување во Магарево, по препорака на училишниот инспектор од Атина Георгиос Пападопулос, со стипендија на селаните заминал за Атина, каде што се запишал на Филолошкиот факултет[165]. Во ова време во Атина имало и други македонски студенти - Јоан Генадиев[166], Јанаки Стрезов, Антим Ризо, Јоан Жинзифов, Иван Шумков, Петар и Константин Мишајкови и др[167]. Сиромашните македонски студенти и гимназијалци имале можност да добијат и стипендии од некои поимотни Македонци што работеле во Атина. Во времето кога Прличев првпат престојувал ва Атина постоело богато завештание од македонецот Вељо, по потекло од Блаце[168]. Грција имала интерес да доаѓаат ученици и студенти од другите делови на Балканскиот

---

[161] Н. Данова, Гърция и .., с. 289.
[162] Н. Данова, Националният.., с. 134.
[163] Н. Данова, Гърция и .., с. 292-293.
[164] Григор Прличев, Избрани творби, Скопје 1985, с. 60.
[165] Александар Стерјовски, Миладиновци и Битола, Зборникот на Миладиновци, Струга 1994, с. 148.
[166] Тој во 1852 година во Атина, под грчкото име Јоан Хармосину, објавил збирка поетски состави на грчки јазик, во која имало и неколку гатанки напишани од Прличев. Генадиев во 1869 година ја издал и збирката со црковнословенски напеви "Пасхалија", каде што се чувствувало грчкото влијание во неговото образование.(Хараламлије Поленаковиќ, Избрани дела, т. 4, Скопје, 1986, с. 148; Драгослав Ортаков, Музичката култура во Македонија во времето на Преродбата, Школството.., с. 564).
[167] Х. Поленаковиќ, Избрани.., с.148-149.
[168] Г. Прличев, Избрани.., с. 61.

Полуостров. Тие, доколку биле елинизирани, во иднина би можеле да бидат искористени за проширување и зацврстување на грчкото културно, а подоцна и политичко влијание. Иако намерите на грчките владејачки кругови биле насочени кон придобивање на овие студенти, сепак во секојдневниот живот овие млади луѓе чувствувале дека нивното потекло не е најдобро ценето од Грците[169].

Грција, како логична последица на барањата за засилување на надворешниот елинизам, ги почнува обидите да го наметне својот образовен систем и во училиштата на грчки јазик во османлиската држава. Таму биле испраќани училишни инспектори, кои го контролирале наставниот процес. Како учители биле испраќани и личности што потекнувале од османлиската држава, а биле приврзаници на елинизмот. Така на пример Маргарит Димица во 1850 година пристигнал во Битола, каде што работел како учител и вовел нови методи на учење, во кои се чувствувало француското влијание[170]. Работата во училиштата почнала да се организира според примерот на системот на Кралството Грција[171]. Во Солун во 1850 година било основано централно женско училиште на чело со Теагенис Харисис[172]. Од ова училиште понатаму ќе излезе кадар што ќе биде од голема полза за елинизмот. Со тоа Грција, иако на внатрешен план и политички и економски нестабилна, постепено, но сигурно воспоставува мрежа, која во иднина ќе ѝ користи за остварување на аспирациите за територијално проширување.

[169] Прличев бил навреден од коментарите на неговите колеги во однос на јазикот што го зборувале работниците од Костур минувајќи покрај Универзитетот.( Х. Поленаковиќ. Избрани.., с. 399).
[170] К. Α. Βακαλοπουλος, Ο Βορειος ελληνισμος..., σ. 218.
[171] Македония през погледа на австриските конзули 1851 -1877/78, т.1, док.2, София 1994, с. 24.
[172] Apostolos Vacalopoulos, A History of Thessalonik, Thessaloniki 1961, p. 111.

## 1. 2. Грција и Кримската војна

Почетокот на педесеттите години на XIX век во Грција го карактеризирало силното влијание на националниот проблем врз севкупниот политички живот во земјата. Постојано се говорело за ослободување на сонародниците од османлиската власт и за територијално проширување. Грција била единствената независна христијанска држава на Балканот, а истовремено милиони христијани биле под стегите на османлиската власт. Таквата реалност создавала месијанска настроеност во владејачките кругови во Грција, која наоѓала израз во "мегали-идејата"[173]. Грците уште од ослободувањето гледале преку границата. Повеќе авантуристички духови користеле секаква можност за да почнат да говорат за реставрација на Византиската Империја со Цариград како главен град. Рехабилитацијата на Византија, која од преродбениците била сметана за симбол на мрачност, теократија и деспотизам, а која започнала кон крајот на четириесеттите години, сега конечно била завршена. Биле рехабилитирани и средновековните вредности - силната монархиска власт, авторитетот на Црквата и на големите, во однос на територии, држави[174]. Особен импулс на ваквите тенденции во грчкото општество им давале грчките интелектуалци. Грчкиот историчар Константинос Папаригопулос, заедно со Г. Терцетис и Н. Драгумис, се залагале наместо Османлиската Империја да биде востановена унитарна христијанска држава, доволно силна за да игра улога на рамнотежа на силите во Европа[175]. Дури и оние грчки интелектуални кругови што имале полиберални идеи и се залагале за поблиски односи со другите балкански народи, не можеле да се одвојат од "големата идеја". Грчките федералисти, кои се залагале за балканска федерација, како грчка територија ја дефинирале и Македонија[176]. Кралот Отон не бил толку наивен за да не го искористи амбиентот создаден во грчкото општество. Тој започнал да го користи постојното расположение и го достигнал врвот на својата популарност меѓу Грците, идентификувајќи се со каузата на грчката експанзија[177]. При една нестабилна економска ситуација во земјата тој не можел да влијае врз решавањето на економските проблеми и единствена шанса да ја зајакне својата позиција меѓу Грците било да игра на националната карта. Во тие моменти Отон ја имал во раце добитната комбинација.

Затегнувањето на руско-османлиските односи и англо-француската поддршка на Портата во врска со прашањето на светите места во Палестина ги засилиле страстите во Грција и надежите за територијално проширување. Тогаш дошло и до зголемување на руското влијание во земјата. Тоа се должело не само на истата религија и на заедничкиот непријател, туку и на

[173] Международные отношения, 1830.., с. 284.

[174] Надя Данова, Марко Д. Балабанов и гръцкият културен и идейно-политически живот през XIX век, Исторически преглед, 3, София, 1986, с. 62.

[175] С. Терзић, Србија и .., с. 78.

[176] Vrban Todorov, Nineteenth century..., p. 96.

[177] Charles A. Frazee, The historian George Finlay and his correspondance with Cornelius C. Felton (1854-1859), Südost-forschungen, XXIII, München, 1964, p.180.

британската блокада на Пиреја во 1850 година, кога Грција понижувачки била присилена на еден британски поданик да му исплати отштета, а Франција, толку влијателна во земјата за време на Колетис, почнала да ги губи симпатиите на Грците поради нејзината политика во однос на праша-њето на светите места[178]. Популарноста на Русија, секако, се должела и на гледањето на еден дел од Грците дека со руска помош можело да се оствари територијалното проширување.

Пристигнувањето на Меншиков во османлиската престолнина дополнително ги подгреало страстите во Атина. Преговорите на рускиот пратеник со османлиските власти, кои почнале на 23 јануари 1853 година во Цариград, во Грција биле следени со големо внимание. Истовремено, повторно биле активирани круговите познати по своето залагање за остварување на "мегали-идејата", кои публикувале книги, брошури, статии во весниците, во кои се величела оваа идеја и се барала обнова на Византија, овој пат со помош на Русија. Целта на тие активности било кај Грците да се одржува во живот идејата за поврзаност на грчките и руските интереси[179], кои објективно се совпаѓале само во однос на непријателството спрема Османлиите, додека се чекале резултатите на руско-османлиските прего-вори. За време на престојот во Цариград, Меншиков се сретнал и со грчкиот амбасадор во османлиската престолнина Андреас Метаксас[180]. Во нивните разговори тие се заложиле за поблиски врски помеѓу двете држави, а Ме-таксас се надевал дека врските би можеле да прераснат во сојуз. Нормално било Метаксас да искаже желба за сојуз со Русија, зашто тој ѝ припаѓал на проруската партија. Пристигнувањето на адмиралот Корнилов и генералот Никапочински во Пиреја на 17 март 1853 година било знак за засилувањето на грчкото верување во руска помош за остварување на националните аспирации[181]. Корнилов се упатил и во Атина, под изговор дека сака да го види културното наследство. Тој можеби го посетил Акропол, но имал и интересни средби, барем за западните амбасадори. Во грчката престолнина тој се сретнал со Отон и со министерот за надворешни работи Пајкос. Рускиот адмирал, иако Грците го поставиле прашањето за нивните аспи-рации, не дал некои понуди во поглед на "мегали-идејата"[182].

Во времето кога во Атина пристигнале руските претставници, Константин Петковиќ, родум од велешкото Башино Село, добил специјална мисија

[178] Стефанос Пападопулос, Отношение греков к Росии в период Крімской войны (1853-1856). Политические, общественные связи народов СССР и Греции. Москва, 1989, с. 88 -89.

[179] Domna Dontas, Greek insurrectionary movement in Epirys, Thessaly and Macedonia, Ελληνικες..., p. 428-429.

[180] Driault et L'Heritier, Histoire diplomatique..., p. 375;
Στεφανου Παπαδοπουλου, Οι επαναστασεις του 1854 και 1878 στην Μακεδονια, Θεσσαλονικη, 1 970, σ.11.

[181] Driault et L'Heritier, Histoire diplomatique..., p. 375.

[182] Русите не сакале да се обврзуваат околу грчките територијални барања зошто тие не им одговарале на нивните интереси. Царот Николај I во февруари 1853 година изјавил дека нема да дозволи проширување на Грција, кое би ја направило голема сила. Оваа негова изјава најверојатно не им била позната на Грците. (Георги Генов, Източният въпрос, т. II, София 1926, с.23; Domna Dontas, Greek insurrectionary..., p. 429).

во османлиската држава, поточно во Цариград и во Македонија - на Света Гора и на други места[183]. На Света Гора во април 1853 година бил подготвуван заговор за кревање востание, во кој учествувале и Димитар Миладинов, Павле Громадов, Натанаил Стојановиќ и игуменот Иларион од Лазарополе[184]. Според планот, востанието требало да биде кренато доколку руските војски напредуваат на Балканот[185].

Засилувањето на активноста на круговите што сакале остварување на грчкото територијално проширување неминовно водело и кон активирање на некои водачи на грчките чети. Во времето на посетата на Корнилов на Атина, но и пред тоа, доаѓа и до првите навлегувања на грчки чети на османлиска територија. На нивно чело биле Каламатас и Кицо[186]. Тогаш османлиските власти забележале и доставување на поголеми количества барут од Грција, отколку што било вообичаено. Тоа било повеќе од доволна причина за сомневање. Зад ваквите активности стоеле кругови блиски до грчката влада. Грција тогаш била управувана од влада, во која биле претставници на француската и на руската партија. Од руската партија учествувале: А. Пајкос - министер за надворешни работи, С. Влахос - министер за просвета и С. Милиос - министер на војската, а од француската партија учествувале: А. Криезис - премиер и министер на морнарицата, Р. Паламидис - министер за внатрешни работи, С. Пиликас - министер за правда и Христидис - министер за финансии[187]. Министерот на војската Милиос и министерот за надворешни работи Пајкос работеле на предизвикување конфликт со Османлиите. Плановите што се подготвувале за дејства во Епир, Тесалија и во Македонија не можеле да се разработуваат без нивно знаење. Грчката влада официјално пред светот се залагала за мироубиво решавање на проблемите во односите со својот северен сосед, но истовремено работела на кревање востанија на териториите кон кои имала аспирации. Било планирано и создавање привремени влади, чија главна задача би било да објават присоединување на посакуваните области кон Грција[188]. Со тоа се сакало, во случај на поволен развој на настаните, големите сили да бидат ставени пред свршен чин, бидејќи Епир, Тесалија и Македонија би биле веќе присоединети кон Грција, така што на мировната конференција таквата состојба требало само да се ратификува. Сепак, претставниците на француската партија во владата не се согласувале со ваквиот пристап во односите со османлиската држава. Криезис, Пиликас, Христидис и Паламидис сметале дека Грција треба да остане неутрална, а доколку Османлиската Империја се распадне, тогаш

---

[183] Михајло Миноски, Влијанието на политичките процеси и промени на Балканот врз формирањето на македонската нација до Разловечкото востание (1876), -Македонија, Прашања од историјата и културата, Скопје, 1999, с. 197.

[184] С. Димевски, Врските на Димитар.., Школството, просветата.., с. 280.

[185] Исто; Миноски смета дека може да се претпостави оти Константин Петкович стапил во врска со Натанаил и бил информиран за тајните активности во Македонија (М. Миноски, Влијанието на политичките.., с. 197).

[186] Британски.., т. III, док. 117, Ч. Блант -Хју Роуз, Солун, 17 март 1853 година, с. 195.

[187] Δομνας Δοντας, Η Ελλας και αι δυναμεις κατα τον Κριμαικον πολεμον, Θεσσαλονικη, 1973, σ. 15.

[188] Н. Данова, Националният.., с. 167.

треба да се анектираат Епир, Тесалија и Македонија со помош на големите сили[189]. Ваквиот свој став тие го поткрепиле со тврдењето дека Грција не е подготвена за војна, што било и точно. Нивните ставови немале поддршка кај другиот дел од владата. На рака на министрите што се залагале за поцврст став спрема Османлиската Империја им одела и активноста на Русите. Имено, руските агенти вршеле пропаганда, со која привлекувале некои кругови во Атина. Таму пристигнал и еден руски повереник, кој донел 300 000 рубли за Атинската хетерија[190]. Исто така и кралот и кралицата лично застанале на страната на воинствената струја и ги раководеле плановите за воени дејства[191].

На османлиско-грчката граница започнало натрупување на грчки војски. Нерегуларните грчки воени сили биле зајакнати со околу 1500 борци, а грчката војска испратила коњаница и артилерија[192]. Населението во Епир и во Тесалија почнало да се вооружува, но Османлиите сè уште сметале дека ситуацијата не е загрижувачка. Во прилог на грчките активности одело и лошото однесување на османлиските власти спрема христијаните, а тоа го користеле грчките дипломатски претставници, излегувајќи им во пресрет на поплаките на христијаните и користејќи ја секоја можност за да протестираат пред османлиските власти, поединечно или во соработка со дипломатски претставници на другите европски држави[193]. Така, грчките конзули успевале да покажат загриженост за положбата и на негрчките христијани и со тоа да ги придобијат на своја страна.

Неуспехот на Корнилов и смената на Фуад-паша со Решид-паша на чело на османлиското Министерство за надворешни работи ги зголемило грчките надежи за почнување на руско-османлиски воен судир[194]. Грчкиот печат почнал да ги обвинува западните сили дека сакаат по секоја цена да ја зачуваат Османлиската Империја, а во написите неретко се застапувале проруски ставови. Главен изразувач на проруските идеи бил весникот Αιων (Век), кој го издавал историчарот Јоанис Филимон[195]. Со своите извеш-таи од Цариград весникот ги информирал Грците за преговорите во осман-лиската престолнина и ги прикажувал како многу важни за судбината на елинизмот. Во весникот исто така биле објавувани повици за мобилизација. Еден од поактивните во оваа насока бил Панајотис Суцос, кој напишал повеќе статии во овој весник. Тој во една од нив отворено ги критикувал Англичаните, а ги фалел Русите поради нивната активност против османлиската држава[196]. Постоеле и кругови што не се согласувале со целосното прилепување кон

[189] Исто, с. 168.
[190] В. Стојанчевиќ, Јужнословенски народи.., с. 405.
[191] А. Дебидур, Дипломатска историја Европе, т. II, Београд 1934, с. 160-161.
[192] Британски.., т. III, док. 122, Џ. А. Лонгворт - Страдфорд Редклиф, Битола, 21 април 1853, с. 202.
[193] Κωνσταντινος Απ. Βακαλοπουλος, Πως ειδαν οι Ευρωπαιοι προξενοι την κατασταση στη Μακεδονια, Μακεδονικα, 20, Θεσσαλονικη, 1980, σ. 94; Δ. Δοντας, Η Ελλας και αι δυναμεις..., σ.46.
[194] Driault et L'Heritier, Histoire diplomatique..., p. 375.
[195] С. Пападопулос, Отношение Греков.., с. 89.
[196] Driault et L'Heritier, Histoire diplomatique..., p 376.

Русите. Така на пример Аристидис Хрисовергис во своето дело "Грчкото востание" ја опишувал Русија како потенцијална опасност за Грција[197]. Сепак, и "русофилите" и "русофобите" биле насочени кон една цел - да ја видат "голема Грција" на Балканот[198]. Насекаде почнале да се растураат прокламации за обнова на Византија[199]. Атмосферата во Грција продолжила да се вжештува, а многумина почнале да си вообразуваат дека аспирациите лесно можат да се остварат[200]. Одредени кругови во Атина започнале кампања со цел да го придобијат западното јавно мнение за грчките аспирации. Грчките интелектуалци К. Папаригопулос, Г. Терцетис и Н. Драгумис активно учествувале во оваа кампања. Тие во 1853 година почнале да го издаваат весникот " Spectateur d'Orient", кој се печател на француски јазик, со цел да се објаснат грчките претензии[201]. Кон оваа група се приклучил и Александрос Рангавис[202].

Активностите што биле планирани во Атина барале големи материјални средства, кои Грција објективно ги немала. Затоа грчката влада почнала да собира средства за купување на оружје и воени бродови со помош на донациите од богатите грчки трговци од Виена, Букурешт, Лондон, Париз, Марсеј и др[203]. Зголемен бил и составот на редовната војска и таа изнесувала 9500 војници, но тоа негативно влијаело врз грчката економија.

Атинската влада презела и конкретни чекори во насока на мобилизирање на одредени воени единици. Министерот на војската, Спирос Милиос, издал наредба за засилување на воените единици во централна Грција, каде што раководењето на воените единици го презеле генералите Гарикиотис Гривас и Јоанис Мамурис[204]. Реално, тие сили не би можеле да војуваат со османлиската војска, но нивното засилување влијаело на грчката јавност.

Како резултат на овие активности, но и на расположението во земјата, состојбата на северната граница на Грција почнала да се заострува. Поголеми грчки регуларни и нерегуларни единици продолжиле да се

---

[197] Varban Todorov, Greek federalism during the nineteenth century (Ideas and projects), Boulder, 1995, p. 47.

[198] Исто, с. 48.

[199] Во својата книга Pro Graecia, Николаос Сариполос се обидел да ја докаже грчката супериорност над другите балкански народи од антиката до неговото време. Тој го потенцирал наднационалниот и обединувачки карактер на Византија. Сариполос предлагал формирање на грчка држава, во која би влегле континентална Грција, Мала Азија, егејските острови, Тесалија, Епир и Македонија. Според него, нормално било Бугарите, Србите, Власите и Молдавците да се приклучат кон оваа држава, бидејќи тие имале славни денови во средниот век и, уште поважно, поврзани биле со Грците преку православната вера. Во поглед на иднината на споменатите народи, Сариполос сметал дека би било нормално за нив да бидат елинизирани. Така, државата би била обединета грчка империја. (Исто, с. 52).

[200] Низ цела Грција била растурана прокламацијата на капетаните од Олимп и Паликарес во која, меѓу другото, било напишано дека: "ќе појадуваме на границата, ќе ручаме во Лариса, а ќе вечераме на Олимп". ( Driault et L'Heritier, Histoire diplomatique..., p.376-377).

[201] Н. Данова. Националният.., с.178.

[202] I. K. Βασδραβελλη, Η επαναστασις του1854 εις την Χαλκιδικην χερσονησον, Μακεδονικα, Ε, Θεσσαλονικη, 1963, σ. 103.

[203] Ιστορια του ελληνικου εθϖους, τ I Γ, Αθηνα 1977, σ. 143.

[204] Исто, с. 144.

концентрираат, но и да ги провоцираат Османлиите. Грчките офицери што ги раководеле овие единици отворено се фалеле дека населението во Тесалија било подготвено да се приклучи кон нивните единици кога ќе започнела руско-османлиската војна[205]. Грчки емисари вршеле пропагандна активност во Тесалија за да го поттикнат населението да востане против османлиската власт. Тоа почнало да ја загрижува османлиската влада и затоа таа сè посилно го изразувала своето незадоволство. На 17 јуни 1853 година османлискиот амбасадор во Атина Нешет-беј побарал од грчката влада да ги повлече нерегуларните сили од границата и да се коригираат одредени написи во грчкиот печат. [206] Грчкиот министер за надворешни работи Пајкос на барањата на османлискиот дипломат одговорил дека владата не може да ја коригира или да ја забрани фразеологијата на одредени весници, ниту пак да влијае или да ги промени идеите на грчкиот народ. Во поглед на четите, грчкиот министер, како и во минатото, одговорил со контраобвинување дека османлиски нерегуларни чети навлегувале на грчка територија и вршеле пљачкање на пограничните области. Друг одговор од грчката влада, чии министри ги поттикнувале антиосманлиските активности, не можел да се очекува.

Ситуацијата на османлиско-руската граница ја принудила Портата да започне прегрупирање на своите воени едници. И покрај опасноста од можни грчки навлегувања на османлиска територија, Портата започнала да ги повлекува своите единици од Тесалија и од Епир и да ги насочува кон Дунав, а границата кон Грција ја бранеле гарнизони составени од Албанци[207]. Османлиите се надевале дека англо-францускиот притисок ќе влијае врз Грција да не презема активности што би го загрозиле османлискиот суверенитет. Англија и Франција во текот на јуни 1853 година ја предупредиле Грција да не презема никакви активности против османлиската држава, зашто во спротивно ќе се соочи со нивна воена интервенција. Причина за за-каната бил проблемот во врска со три гранични села, кои Грција сакала да ги присвои, користејќи го намалувањето на османлиските воени единици во пограничните области[208]. Предупредувањето не ги загрижило грчките власти, кои ги продолжиле своите подготовки и активности убедени во почнување на руско-османлиска војна, која би довела до остварување на нивните национални аспирации.

Преминувањето на реката Прут од руските трупи во јули 1853 година било знак за пожестоко распалување на воената и националистичката треска во Грција. Започнало запишување на доброволци, а јавно се говорело дека дошло време за преместување на престолнината од Атина во Цариград. Весникот Αιων предничел со воеподбуцнувачките текстови, а во една статија од 20 јули 1853 година отворено се пишувало за востание во Епир, Тесалија и во Македонија и се повикувало населението на спомнатите об-

---

[205] ДАРМ, м - 17; Ch. Blunt - Stradford de Redcliffe, Salonica 16 june 1853, FO 195/371.
[206] Δ. Δοντας, Η Ελλας και οι δυναμεις..., σ. 45.
[207] Британски.., т. III, док. 131, Џ. А. Лонгворт - Страдфорд Редклиф, Битола, 23 јуни 1853, с. 219; D. Djordjevic, Revolutions nationales..., p. 87.
[208] Цариградски вестник, 27 юния 1853, г. III, бр. 127, с.3.

ласти да земе учевство во него[209]. За востановување на голема грчка држава јавно говореле и високи владини претставници. Некои грчки функционери што се наоѓале во османлиската држава не ги криеле своите заложби за воскреснување на Византија. При една посета на Солун кон крајот на јули 1853 година претседателот на судот во Патрас, на една вечера заедно со грчкиот конзул во градот, во присуство на конзулите од другите европски држави, одржал здравица за создавање грчка империја и ги повикал останатите да наздрават во таа чест, но тоа барање било одбиено[210]. Во тој период продолжило навлегувањето на грчки чети, составени од грчки државјани, а присуството на емисари на атинската влада и комитети во Епир и во Тесалија станувало сѐ позабележливо[211]. Сѐ повеќе се засилувал стравот дека евентуалниот пораз на османлиската војска на Дунав во веќе извесната војна со Русија ќе биде искористен од Грците за да предизвикаат востание во Тесалија и нејзино окупирање[212]. Во Грција повеќе не се криела желбата да избувне воен судир помеѓу Русија и Турција, а тоа да биде искористено за востание во Епир и во Тесалија. За таа цел близу до границата било концентрирано поголемо количество оружје и барут[213].

Почетокот на Руско-османлиската војна во октомври 1853 година, како што можело да се очекува, предизвикал големо раздвижување во Грција, а кралот и владата предвидувале пораз и распаѓање на Османлиската Империја. Со лично залагање на кралот Отон почнало создавање на големи воени единици, и тоа по една за Епир, Тесалија и за Македонија[214]. Во Атина било формирано Филеленско друштво со цел да се собираат средства за регрутација на доброволци, а во печатот сѐ повеќе имало написи насочени против османлиската држава[215]. Ламброс Вејкос, на чело на група од триста борци навлегол во Епир, каде што се споил со четите на Кацикојанис и Скалцојанис, а операција презел и Теодорос Зјакас[216]. Османлискиот амбасадор во Атина протестирал поради навлегувањето на грчките чети, а амбасадорите на Франција и на Англија упатиле остар демарш до Отон. Како резултат на протестите, грчкиот крал на 17 октомври 1853 година ја свикал владата на седница, на која била извршена смена на чело на Министерството на војската, Спирос Милиос бил заменет со Скарлатос Суцос[217]. Тоа била повеќе козметичка промена, бидејќи и новиот воен министер им припаѓал на круговите што се залагале за воен конфликт со северниот сосед. Отон немал

---

[209]Στεφανος Ι. Παπαδοπουλος, Προσανατολισμος Ελληνων προς Ρωσια κατα τον Κριμαικο πολεμ ο, Βαλκανικα συμμεικτα, τ. 3, Θεσσαλονικη, 1989, σ. 78.

[210] ДАРМ, м - 90; Mornard - Drouyn de Lhuys, Salonique, 12 janvier 1854, AMAE, Salonique, Correspondance politique, V.II, f. 71.

[211] Британски.., т. III, док. 136, Џ. А. Лонгворт - Страдфорд Редклиф, Битола, 4 август 1853, с. 232 - 233.

[212]Исто, док. 140, Џ. А. Лонгворт - Страдфорд Редклиф, Битола, 21 август 1853, с. 237.

[213] Цариградски вестник, 5 септемврий 1853, г.III, бр. 137, с.23.

[214] Μακεδονια..., σ. 447.

[215] D. Donta, The greek isurrectionary..., p. 432.

[216] Ιστορια του ελληνικου..., σ. 144.

[217] Исто.

намера да предизвикува немири во земјата во моменти кога се зацврстувала неговата позиција.

Развојот на воените дејства на руско-османлискиот фронт , а особено катастрофата на султановата флота кај Синоп во ноември 1853 година биле сигнал за засилувањето на бунтовничките активности на Грците. Во реонот на Касандра крстареле грчки емисари, кои меѓу населението проповедале кревање востание[218]. Во почетокот на декември 1853 година францускиот и англискиот амбасадор го посетиле грчкиот министер за надворешни работи Пајкос и го известиле дека забележале воени подготовки во земјата. Тие на Пајкос му порачале Грција да се држи на страна, со што би можела нешто да искористи од тековните настани, а во спротивно може да очекува остра реакција од нивните земји[219]. Истовремено, Англија и Франција настојувале да го спречат населението во Епир и во Тесалија да востане, а нивните агенти ги обиколувале овие области и се обидувале да го одвратат населението да крене востание[220].

Заканите на Англија и на Франција воопшто не влијаеле врз однесувањето на грчките власти, зашто овие биле убедени во крајот на Османлиското Царство. Во почетокот на јануари 1854 година во Македонија биле испратени воени лица со цел да го подготват теренот за востанички акции[221]. Тогаш се засилило дејствувањето на приврзаниците на "големата идеја". Тие претежно биле грчки поданици и членови на тајните здруженија[222]. Со својата активност, тие го зголемувале анимозитетот спрема муслиманите, а со тоа се труделе на своја страна да ги привлечат и останатите негрчки христијани. Приврзаниците на "големата идеја" ја пропагирале идејата за уривање на Османлиската Империја и подигање на пространа грчка империја, која би ги опфаќала Кралството Грција и целиот европски дел на Османлиското Царство[223]. За таа цел ги користеле и услугите на црковните авторитети кои имале влијание помеѓу христијанското население, без разлика на народносната припадност. Постоењето на независното Кралство Грција било од голема важност за активностите на овие групи, бидејќи давало придонес во пропагандните активности[224].

Низ цела Грција продолжило запишувањето на доброволци со цел да се зголеми бројот на борци што требало да навлезат на османлиска терито-рија. Офицерите во поголем број ја напуштале службата и оделе на граница-та, а биле ослободувани и затвореници, кои веднаш заминувале на север[225]. Гратчето Ламија било претворено во центар за организирање на четите што требало да навлезат во Тесалија, а во нивниот состав имало поголем број бе-

[218] Британски.., т. III, док. 146, Ч. Блант - Страдфорд Редклиф, Солун, 13 ноември 1853, с. 247.
[219] Цариградски вестник, 12 декемврїя 1853, год. 4, бр. 151, с. 4.
[220] Международные отношения 1830..., с. 286.
[221] Ристо Поплазаров, Великогрчката политика на Кралството Грција спрема Македонија во втората половина на XIX век, ГИНИ, XIV/1. Скопје, 1970, с. 57.
[222] ДАРМ, м - 90; Mornard - Drouyn de Lhuys, Salonique, 12 janvier 1854, AMAE, Salonique, Correspondance politique, V. II, f. 69.
[223] Исто.
[224] Исто, f. 68.
[225] Driault et L'Heritier, Histoire diplomatique..., p. 388.

галци од Тесалија. За командант на овие доброволечки единици бил поставен генералот на грчката војска Цавелас. Ваквиот развој на настаните ја зголемил загриженоста во Лондон и во Париз. Затоа двете влади презеле активности со цел да влијаат врз грчките политичари да го прекинат дејствувањето што можело да доведе до воен судир со османлиската држава. Дипломатските претставници на Англија и Франција протестирале против формирањето доброволечките единици, а во Англија биле објавувани публикации, во кои било наведено дека главен непријател на Грција била Русија, а не османлиската држава[226]. И покрај предупредувањата, односите помеѓу Атина и Цариград не се подобрувале. Грчкиот печат продолжил да објавува военоподбуцнувачки написи, а студентите демонстрирале, барајќи територијално проширување на Грција. Атмосферата што владеела во Грција, а била поттикнувана од одредени владини кругови, не дозволувала напуштање на воинствениот курс. Во јануари 1854 година биле планирани синхронизирани востанија во Епир, Тесалија и во Македонија, но на големо изненадување, востание избило само во Епир, каде што на 15 јануари во Радовици дошло до побуна[227]. Тогаш во Епир започнало и помасовно навлегување на грчки чети, на чие чело биле грчки офицери, но и учесници во востанието од 1821 година. Близу до Арта и Превеза навлегле четите на Димитриос Караискакис, него го следеле и Теодорос Гривас, Кицо Цавелас, Рангос, Зервас, Варнакиотис и др, а во нивните чети имаало и доброволци од Јонските Острови[228]. Набрзо востаничките акции се приближиле до Јанина. Кога во Атина пристигнале првите вести за епирското востание, воената треска ја достигнала својата кулминација. Панајотис Суцос и Софоклис Каридис почнале да пишуваат воени маршеви, во кои ги повикувале Грците на борба против Османлиите, а професорот по филозофија на атинскиот Универзитет Неофитос Вамвас во весникот Αιων ги повикувал Грците да ја остварат "големата идеја"[229]. Студентите ги продолжиле демонстрациите, со кои се величала "мегали-идејата", а добар дел од нив се запишал во доброволечките единици. Востанието во Тесалија, кое избило во почетокот на февруари 1854 година, било помогнато од голем број грчки доброволци. Во Тесалија со своите чети навлегле Катарахија, Фармакис, Зитунијадис, Папакостас, а на чело на операциите во оваа османлиска област застанал Христодулос Хасипетрос[230]. Четите носеле ознаки Е. Θ. М. - Епир - Тесалија - Македонија или В. В. - Византиска Империја. Теодорос Зјакас на чело на триста доброволци, организирани во т.н. чета на Олимп, навлегол во Тесалија со цел да стигне до Македонија[231]. Вестите што пристигнувале од Грција

[226] Виноградов, Политика Великобритании..., с. 310 - 311.

[227] Δ. Δοντας, Η Ελλας και αι δυναμεις..., σ.83; Ε. Κ. Κυριακιδου, Ιστορια του συγχρονου..., τ. Ι, σ. 639.

[228] Κ. Βασδραβελλη, Η επαναστασις του 1854..., σ. 104.

[229] Σ. Παπαδοπουλος, Προσανατολισμος Ελληνων..., σ. 79.

[230] Ε. Κυριακιδου, Ιστορια του συγχρονου..., τ. Ι, σ. 650; Driault et L'heritier, Histoire diplomatique…, p. 389.

[231] Во составот на оваа чета имало повеќе доброволци, кои потекнувале од најјужните делови на Македонија, а живееле во Грција и биле приврзаници на "големата идеја". (

предизвикале загриженост кај европските сили. Нивните амбасадори неколку пати протестирале кај грчката влада, но без резултати. Навлегувањето на грчките чети на османлиска територија и понатаму продолжувало, а се проширила и територијата, на која се одвивале опера-циите. Османлиите во почетокот на овие грчки акции не реагирале со контрамерки и повеќе се надевале на дипломатскиот притисок на Англија и Франција, кој не давал резултати[232]. Причината за таквото однесување на Портата лежела и во неможноста да ангажира поголем број добро обучени единици, кои во тие моменти се наоѓале на север. Во февруари 1854 година Караташо формирал одред, кој бил составен од македонски и други доброволци, со цел да се истовари на Касандра за да се обедини со поголем број борци, за кои се тврдело дека се подготвуваат во манастирите на Света Гора[233]. Многу брзо по формирањето на овој одред Карaташо заминал кон Скијатос, од каде што требало да се истовари во Македонија.

Заминувањето на доброволците кон Тесалија и Епир продолжило со несмален интензитет и во средината на февруари, а често било проследено и со паради. Сепак, сите Грци не биле воодушевени од затегнувањето на односите на нивната држава со Османлиското Царство. Трговците од островот Сира се плашеле од можноста Портата да ги затвори своите пристаништа за грчките бродови или да го конфискува грчкиот имот на нејзината територија, а некои трговци од Патрас се распрашувале кај американскиот конзул за можноста нивните бродови да се најдат под американско знаме[234]. Грчките трговци во минатото често ја чувствувале османлиската лутина поради грчките активности, при што губеле значајни материјални средства.

Продолжувањето на грчките акции предизвикало уште пожестоки англиски и француски реакции, но и од Портата било најавено заземање поцврст став спрема Грција. Предупредувања почнале да пристигнуваат и од грчките дипломатски претставници во европските престолнини. Грчките амбасадори во Париз, Лондон и во Цариград - А. Маврокордатос, С. Трикупис и А. Метаксас, стари и искусни политичари, укажувале на опас-носта за државата од политиката што се води. Тоа се должеше на нивните информации во секојдневните контакти. На 16 февруари Трикупис бил информиран дека владата во Лондон не е задоволна од политиката на Атина. Тогаш му било кажано дека Грција ја блокира добрата волја на владите во Лондон и во Париз, кои во моментите кога работеле на одбрана на осман-лискиот интегритет од руската опасност, не можеле да дозволат султановите поданици од грчка народност да се бунтуваат, а тоа да биде поддржано од владата во

---

I. Βασδραβελλη, Η επαναστασις του 1854..., σ. 104; Γιαννη Α. Τοζη, Αμερικανικαι και αγγλικαι π ληροφοραι περι της επαναστασεως εν Μακεδονια, Μακεδονικα, τ. Γ, Θεσσαλονικη, 1956, σ. 150 –151).

[232] Британски..., т..III, док. 169, Џ. А. Лонгворт - Страдфорд Редклиф, Битола, 18 февруари 1854, с. 282.

[233] Ристо Поплазаров, Востанието на Карaташо во 1854 година, Историја XII/ 1 - 2, Скопје, 1976, с. 109.

[234] Цариградски вестник, 27 февруарiя 1854, г. 4, бр. 162, с.1; D. Malteso - Secretary of the treasury department, Patras, 22th february 1854, Despatches from…, p. 30.

Атина[235]. А. Метаксас, пратеникот во Цариград, иако припадник на проруските сили во грчкото општество, бил против востанијата во Епир и во Тесалија, сметајќи дека се предвремени, но и задоцнети. Предвремени, според Метаксас, биле затоа што се кренати во моментот кога Русите го минале Дунав, а задоцнети затоа што ако почнеле порано, можеби би добиле и поддршка од европските влади, а сега сите биле против нив[236]. Метаксас при крајот на февруари бил повикан од Решид-паша, со кој имал долг и тежок разговор. Османлискиот дипломат јасно му ставил на знаење дека Портата не била задоволна од дејствувањето на Грците против нејзиниот тери-торијален интегритет, при што искажал очекување дека грчката влада ќе почне да се однесува задоволително, зошто во спротивно Грција ќе се најде во тешка ситуација[237]. Амбасадорите на Франција, Англија, Австрија и на Прусија на еден прием кај кралот Отон на 24 февруари 1854 година побарале од грчкиот монарх да престанат непријателските активности на Грција спрема османлиската држава. Кралот одговорил дека не можел да спроведува политика спротивна на барањето на јавното мислење и затоа бил наклонет да ја насочи својата работа кон остварување на "големата идеја", а кралицата Амалија јавно се изјаснила за територијално проширување на Грција[238]. Тоа било причина францускиот император Наполеон III на 26 февруари лично да се обрати до грчкиот крал. Повикувајќи се на француските заслуги за Грција, тој побарал од грчкиот крал да се воздржи од активности против Османлиската Империја, зашто во спротивно ќе бидат преземени остри мерки против Грција[239]. Притисоците на западните сили се покажале залудни. Тие, како и претходно, не влијаеле врз грчките власти, кои продолжиле да им помагаат на востаниците и ги празнеле воените магацини[240]. Верувањето дека тоа бил вистинскиот момент за остварување на "големата идеја" довело до потези на грчката влада, но и на кралот, кои не оделе во прилог на државниот интерес. Информациите што ги добивале грчките власти од своите дипломатски претставници од европските престолнини воопшто не биле земани предвид. Тоа многу брзо негативно ќе се одрази во надворешнополитичката позиција на Грција.

Состојбата во приморските делови на Македонија била мирна, но грчките емисари активно работеле и ги користеле настаните во Тесалија и во Епир за да ги запалат чувствата на населението[241]. Во нивната активност голема помош добивале од грчкиот печат што пристигнувал од Атина, а бил полн со военоподбуцнувачки написи. Османлиските власти во Солун биле принудени да ги контролираат поштенските пратки што пристигнувале од

[235]Driault et L'Heritier, Histoire diplomatique..., p. 390.
[236] С. Пападопулос, Отношение Греков..., с. 92.
[237] Цариградски вестник, 27 феврурія 1854, г. 4, бр. 162, с. 2.
[238] D. Donta, Greek insurrectionary..., p. 434 - 435.
[239] Международные отношения, 1830..., с. 287; D. Dakin, The unification..., p. 84.
[240] Цариградски вестник, 6 марта 1854, г. 4, бр. 163, с. 1; J. King - W. L. Marcy, Athens, 14 march 1854, Despatches from..., p. 30.
[241] ДАРМ, м - 90; Mornard - Drouyn de Lhuys, Salonique, 12 mars 1854, AMAE, Salonique, Correspondance politique, V. 2, f. 81.

Грција. Така и поштенските пратки што биле наменети за грчкиот конзулат биле контролирани, што довело до протести од грчкиот конзул[242]. Успесите на востаниците во Тесалија, во околината на Фарсала, но и новите грчки навлегувања во споменатата османлиска област предизвикале дополнителна загриженост во Солун, која била зголемена поради близината на островите Специос и Хидра до Халкидик, што значело и поволност за истоварување[243]. Премините на Пинд, кои воделе кон Епир и Тесалија, постепено биле освоени од грчките бунтовници. Од друга страна, грчките чети под водство на Папакоста успешно дејствувале кај Армиро, а во околината на Јанина се воделе борби, во кои учествувале и грчки војници, кои донеле артилерски орудија од магацините на грчката армија[244]. Комитетот што бил формиран во Атина за собирање донации наменети за помош на востаниците испратил писма до некои личности во Солун, во кои бара помош, но и покрај неколкуте мали донации предадени на пратеникот на комитетот од Атина, овој апел не постигнал поголем успех[245].

Развојот на состојбите во грчко-османлиските односи довел до големо заострување на односите помеѓу Атина и Цариград, кој имал поддршка од Франција и од Англија. На 19 март 1854 година османлискиот амбасадор во Атина Нешет-беј се сретнал со грчкиот министер за надворешни работи Пајкос, на кој му нагласил дека неговата влада сакала да ги зајакне односите со Грција и затоа очекува од неа да престане да ги толерира и да ги помага востаничките активности, при што упатил и ултиматум до грчката влада[246]. Со ултиматумот Портата барала: 1) Ветување дека водачите Цавелас, Зер-вас, Петрас, Караташо, Кондојанис, Папакостас, Вејкос, Караискакис и Бас-декис во рок од десет дена ќе се вратат во Грција и ќе се состави комисија што ќе им суди. Ако тие одбијат да се вратат, тогаш веднаш да се казнат. 2) Да се запре вооружувањето во државата кое ги има за цел пограничните области, да се прекратат воените подготовки и да се казнат сите чиновници што ги распалуваат страстите. 3) Под превезот на опасност за државните интереси да се спречат сите што оделе по државата и барале помош за востаниците и јавно се вооружувале. 4) Со сите законски можни мерки да се смири весникот Αιων, но и другите грчки весници што ги распалувале духовите и ширеле лаги. 5) Да се открие виновникот што ги отворил занданите во Халкида и ги вооружил криминалците[247]. За одговор биле дадени два дена. Грчката влада, која и без тоа немала намера да го прифати ултиматимот, ова го сметала за мешање во внатрешните работи. По два дена Пајкос повторно се сретнал со османлискиот дипломат. Тогаш тој изразил чудење поради острината на османлиската нота и го потсетил султановиот амбасадор дека Грција, преку

---

[242] Исто.

[243] Исто, f.82.

[244] ДАРМ, м - 90; Mornard - Drouyn de Lhuys, Salonique, 24 mars 1854, AMAE, Salonique, Correspondance politique, V. 2, f. 86 - 87.

[245] Исто, f. 88.

[246] Driault et L'heritier, Histoire diplomatique..., p. 393; Н. Данова, Националнят..., с. 166; Σ. Θ. Λασκαρι, Διπλοματικη..., σ. 71.

[247] Цариградски вестник, 27 марта 1854, г. 4, бр. 166, с. 1 - 2.

својот амбасадор во Цариград, подолго време известувала за разбојничките упади на нејзина територија, но не добила никаков одговор[248]. Во врска со наведените личности, Пајкос рекол дека тие повеќе не биле чиновници на грчката влада, бидејќи претходно поднеле оставки во службите, а со тоа не подлежат на нејзини наредби и не може да им се суди. Пајкос го известил османлискиот амбасадор дека грчката влада презема мерки за спречување на вооружувањето против соседната држава, колку што е во можност, а за написите во весниците грчкиот министер рекол дека ќе бидат преземени мерки, но Портата требало да знае дека и грчката влада била критикувана од нив поради мерките што ги преземала во врска со безбедноста во пограничните области[249]. Во продолжението на нивниот разговор Пајкос го информирал Нешет-беј дека грчката влада водела истрага во врска со бегството од затворот во Халкида, но немало резултати. Одговорот на грчката влада не ги задоволил османлиските барања. Како резултат на незадоволството од грчкиот одговор, на 21 март 1854 година османлискиот амбасадор во Атина ја напуштил грчката престолнина, со што биле прекинати дипломатските односи меѓу двете земји[250]. Истовремено, османлиската влада им наложила на грчките дипломатски претставници и трговци во рок од петнаесет дена да ја напуштат нејзината територија[251]. Целата оваа ситуација довела до криза во грчката влада. Министрите за правда и економија, Пиликас и Провеленгис, кои ја претставувале профранцуската партија, биле вознемирени од развојот на настаните и се обиделе да извршат притисок врз Отон со цел да дојде до промена на политиката, но немале успех[252]. Во почетокот на април грчкиот конзул го напуштил Солун и со француски брод заминал за Пиреја. Во насока на демантирање на некои гласини што се прошириле во јужните области на османлиската држава се ангажирала англиската дипломатија. Англискиот амбасадор во Цариград Страдфорд Редклиф испратил циркулар до сите англиски конзули, во кој било истакнато дека грчките бунтовници го подбуцнувале народот против султановата власт со гласини за англо-француска помош во нивната борба[253]. Со циркуларот се барало да се објаснат вистинските намери на британската влада и тој да биде преведен и објавен[254]. Францускиот и британскиот амбасадор во Атина официјално го известиле грчкиот министер за надворешни работи дека нивните влади решиле да ги блокираат грчките пристаништа и да ги конфискуваат сите бродови што пренесувале оружје и воен материјал. Со тоа започнал поголем притисок на Франција и Англија врз Грција со цел последнава да биде принудена да ги напушти активностите што воделе кон судир со осман-лиската држава.

---

[248] Исто, с. 2.
[249] Исто, с.3.
[250] Driault et L'Heritier, Histoire diplomatique…, p. 393.
[251] J. King - W. L. Marcy, Athens, 10 april 1854, Despatches from…, p.31.
[252] Σ. Παπαδοπουλου, Οι επαναστασεις..., σ 18 – 19.
[253] Кирил Пловдивски, Натанаил митрополит охридски и пловдивски (1820 - 1906) , София 1952, с. 204.
[254] Британски.., т. III, док. 175, В. К. Холмс - Кларендон, Битола, 11 април 1854, с. 291.

Засилениот притисок на западните сили не ги прекинал дејствата на разните здруженија во Грција, во кои членувале и емигранти од разни делови на Балканот. Караташо со петстотини доброволци, меѓу кои имало и со македонско потекло, на 16 април 1854 година успешно се истоварил на Лонгос кај Каламици, а тоа претставувало успех, бидејќи тој бил очекуван на Касандра, но со успешни маневрирања успеал да ги избегне османлиските и француските бродови[255]. Французите за намерата на Караташо дознале откако заплениле еден грчки брод, при што неговиот капетан протестирал и ги информирал дека поголем број борци што биле натоварени на мали бродови се упатиле кон Сикија, во чија близина и се истовариле, а потоа се упатиле кон Свети Никола, а на нивно чело бил Караташо[256]. На 20 април османлиските власти добиле известување за истоварувањето на Караташо. Тогаш решиле да испратат воени сили кон Халкидик со цел да се справат со бунтовниците. По истоварувањето Караташо испратил писмо до селаните на Полигирос, во кое барал обезбедување со прехранбени продукти, но некои првенци за ова ги известиле османлиските власти во Солун[257]. Многу брзо Караташо разбрал дека кон него се упатиле османлиски сили, па затоа се повлекол кон Ормилија. Во акцијата на османлиските војски се вклучиле и француските поморски сили што дејствувале по должината на македонскиот брег со цел да внимаваат на сите движења на бродови што можеле да бидат опасни за османлиските интереси. Францускиот воен брод "Херон" презел една мисија на патролирање во Солунскиот Залив и околу Касандра, која немала голем материјален успех, но со неа се сакало да се влијае врз христијанското население[258]. Набрзо дошло и до првиот судир помеѓу востаниците и османлиските сили кога Караташо, во близината на Полигирос, бил нападнат од башибозук и морал да се повлече кон манастирот во околината на Ормилија. За да се спречи можното пристигнување на засилување за Караташо од Скијатос и Скопелос, Османлиите го засилиле патролирањето околу Халкидик со осум бродови[259]. Османлиите и нивните западни сојузници сметале дека со прекинувањето на линиите по кои Караташо можел да добива помош, особено ноќе, неговиот отпор полесно ќе биде скршен.

Освен на Халкидик, османлиските власти имале големи проблеми и во најјужните делови на државата. Во Тесалија борбите помеѓу османлиските воени сили и грчките бунтовници сè повеќе се засилувале. Борбите се воделе и во близината на најголемиот град во Тесалија, Лариса, а речиси целиот залив на Волос бил контролиран од Грците[260]. Грчките востаници се појавиле и на западните падини на Олимп и во близината на Серфице, а борби имало и

[255] Р. Поплазаров, Востанието на Караташо.., с. 109.
[256] ДАРМ, м - 90; Mornard - Drouyn Lhuys, Salonique, 24 avril 1854, AMAE, Salonique, Correspondance politique, V. 2, f. 105.
[257] Исто, f. 107.
[258] Исто.
[259] ДАРМ, м - 90; Mornard - Drouyn de Lhuys, Salonique, 3 mai 1854, AMAE, Salonique, Correspondance politique, V. 2, f. 111.
[260] Исто, f. 112.

во околината на Гревена. Раководител на овие востанички групи бил Теодорос Зјакас, а целта на операциите било навлегување во југозападниот дел на приморска Македонија за да се спречат османлиските сили да навлегуваат од Епир и обратно[261]. Исто така, оваа област требало да биде претворена во координативен центар на востаничките области во Епир, Тесалија и во Македонија[262]. Хаџи Петрос настојувал да ја освои Каламбака, важно место под Пинд, а потоа да се упатил кон Трикала[263].

Развојот на состојбите на теренот довел до активност на некои француски и англиски дипломати. Така, францускиот и британскиот конзул во Битола заминале кон Епир за да извршат притисок врз востаничките водачи да се повлечат кон Грција, а нивните колеги од Солун заминале за Тесалија со истата цел, но не постигнале поголем успех[264]. Британската влада на 22 април 1854 година испратила мошне остра нота до грчката влада и до кралот Отон, во која го информирала за опасноста за него и воопшто за иднината на династијата. Наместо да попушти под притисокот, Отон ја продолжил својата воинствена политика и на местото на генералот Мамурис Спирос, за командант на воените единици во централна Грција го назначил Милиос, приврзаник на цврстата политика спрема Османлиската Империја[265].

На османлиската територија востаниците постигнале успеси, кои можеле да влијаат и врз оние што останале пасивни, а биле прекинати и комуникациите околу Трикала[266]. Сепак, поразите на грчките чети кај Домокос и кај Петра во Тесалија кон средината на април, како и на Зјакас кај Диминица во почетокот на мај довеле до пресврт и Османлиите започнале да ги истиснуваат грчките чети од овие месности[267]. Грците брзо се повлекувале од Тесалија, а тоа се сметало како дел од наредбите пристигнати од Атина[268]. На 5 мај Лондон и Париз повторно упатиле нота до грчката влада, со која барале Атина да го потпише Виенскиот договор за целоста на Османлиската Империја од 9 април 1854 година. Грчката влада побарала петдневен рок за да го разгледа договорот и да одговори, но тоа веќе било сфатено како одбивање на барањето[269]. Ова било доволно за Париз и Лондон да решат да преземат

---

[261] Κ. Βακαλοπυλος, Νεαελληνικη... σ. 203.

[262] Иако овие дејства се совпаѓаат со активностите на Караташо на Халкидик, не располагаме со материјали што би можеле да откријат или да потврдат планови за заеднички акции или цели во насока на припојување на Македонија кон Грција. Грчкиот историчар Константинос Вакалопулос тврди дека следната фаза од акцијата на османлиската територија би била заедничка инфилтрација во Солун на Караташо и борците од Тесалија. (Konstandinos A. Vakalopoulos, Modern history of Macedonia, Thessaloniki, 1988, p. 30).

[263] Ε. Κυριακιδου, Ιστορια του συγχρονου..., τ. II, σ. 652.

[264] ДАРМ, м - 90; Mornard - Drouyn de Lhuys, Salonique, 3 mai 1854, AMAE, Salonique, Correspondance politique, V. 2, f. 113; Κ. Βακαλοπουλος, Νεαελληνικη..., σ. 200.

[265] Ιστορια του ελληνικου..., σ. 147.

[266] ДАРМ, м - 22; R. Holmes - Clarendon, Monastir, 5th may 1854, FO 78/1025.

[267] Driault et L'heritier, Histoire diplomatique..., p. 393;Μακεδονια..., σ. 447; Σ. Παπαδοπουλου, Οι επαναστασεις του 1854..., σ. 25.

[268] ДАРМ, м - 90; Mornard - Drouyn de Lhuys, Salonique, 10 mai 1854, AMAE, Salonique, Correspondance politique, V. 2, f. 116.

[269] Цариградски вестник, 15 маія 1854, г. 4, бр. 173, с. 1.

акција со која конечно, според нивно мислење, ќе им стават крај на грчките активности.

Османлиските сили на Халкидик по влегувањето во Полигирос извршиле масакр врз населението, а теророт го прошириле и во другите делови на Полуостровот. Тоа било сторено со цел да се заплаши населението и тоа постепено да му ја откажува поддршката на Караташо. Тој пак, под дејството на османлиските топови, морал да се повлече и од манастирот кај Ормилија и да се упати кон Света Гора[270]. Таму, барем тој така се надевал, требало да добие заштита од монасите.

Владите на Франција и на Англија, како што веќе видовме, настојувале по секоја цена да ја пацифизираат Грција, а сега во игра бил и воениот притисок. Во таа насока биле разгледани повеќе варијанти - воена окупација на Пиреја или Кикладите, праќање на англо-француски војски во Епир и во Тесалија. На крај, било решено да се окупира Пиреја[271]. На 12 спроти 13 мај 1854 година 11 500 англо-француски војници се истовариле во Пиреја, при што биле заземени грчките воени бродови во пристаништето, барутаната и поштата[272]. Од Пиреја, дел од овие сили се упатил кон Атина за да го принуди грчкиот крал да се согласи со англо-француските барања. Кралот Отон, кој претходно ги одбивал сугестиите и нотите на западните сили, сега, под притисок на окупациските војски, морал да се согласи да запрат воените активности и да се формира нова влада, која би била според вкусот на Париз и на Лондон. Наскоро била формирана влада на чело со Маврокордатос, дотогашен грчки амбасадор во Париз, а во која биле вклучени приврзаници на проанглиската и профранцуската партија во Грција - Канарис, Паламидис, Аргиропулос, Калергис, Калигас и Псилас[273]. Новата влада издала декрет за амнестија, со кој се овозможувало враќање на четите и нивните команданти, а тоа бил, всушност, начин тие да се заштитат од можните османлиски ба-рања за нивно судење, во согласност со ултиматумот од 19 март. Исто-времено, во Грција сè поактивни станале антируските кругови, блиски до но-вата влада. Тие истакнувале дека Русија никогаш нема да помогне за осло-бодување на Цариград, бидејќи и самата имала аспирации кон османлиската престолнина[274]. Овие политички кругови сметале дека Русија повеќе ги заштитувала Словените на Балканот и затоа Грција требало да ја престрои својата политика, да ги убеди западните сили во праведноста на својата кауза и да се стреми да ги добие, според нив, чисто грчките провинции - Епир, Тесалија, Македонија, Крит, Самос и Хиос. Тогаш започнува позасиленото антисловенско дејствување на некои политички кругови во Грција, кои постепено ќе успеат да го наметнат својот став врз поголемиот дел од грчката јавност.

На Халкидик, Караташо се обидел да добие дозвола од калуѓерите на Света Гора да се засолни во некој од манастирите, но неговото барање било

270 ДАРМ, м - 90; Mornard - Drouyn de Lhuys, Salonique, 10 mai 1854…, f. 115.
271 Международные отношения,1830.., с. 291.
272 Цариградски вестник, 29маія 1854, г. 4,бр. 175, с. 1.
273 D. Donta, Greek insurrectionary…, p.439-440.
274 В. Трайков, Идеологическите..., с. 261.

одбиено. Затоа морал да се повлече кон Палеохори и Ново Село[275]. Истовремено, османлискиот воен притисок сѐ повеќе се засилувал. Караташо, во моментите кога бил притиснат од непријателот, упатил проглас до христијаните во Македонија, во кој ги објаснувал неговите цели[276]. Меѓутоа, веќе се наѕирал крајот на неговата акција.

Грчките чети околу Олимп биле во тешка ситуација, но не се повлекувале. Во Тесалија состојбата била поинаква. Населението повеќе не покажувало ентузијазам за помош на грчките чети, а бил засилен и теророт на башибозукот. На 29 мај во Лариса пристигнал францускиот дипломат Буре, кој донел позитивни вести за османлиските власти и за англо-француските сили во таа област за успешното истоварување на сојузничките сили и окупирањето на Пиреја[277]. Тој истакнал дека отпорот наскоро ќе биде скршен. Во почетокот на јуни 1854 година започнало помасовно враќање на грчките чети во матичната држава, при што поголемиот дел од грчките команданти како Цавелас, Папа Костас и Боцарис, знаејќи дека нивните акции нема да успеат, не се противел на француското посредување, при што важна улога одиграл Буре[278]. Во близината на Лариса, англискиот и фран-цускиот конзул во убедувањето на грчките водачи да се вратат во Грција имале поддршка од чиновник на грчката влада, кој дошол од Атина за таа цел[279]. Единствено во околината на Олимп продолжило дејствувањето на некои грчки чети.

Караташо, откако увидел дека не може да ги совлада османлиските сили и нивните француски сојузници, стапил во преговори со францускиот барон Русен за да се повлече во Атина. Двајцата успеале да се договорат Караташо безбедно да го напушти Халкидик. Проблем за реализирање на договорот била позицијата на Караташо. Тој бил блокиран и на копно и по море[280]. Османлиските власти со воен брод го блокирале заливот помеѓу

---

275 ДАРМ, м - 90; Mornard - Drouyn de Lhuys, Salonique, 24 mai 1854, AMAE, Salonique, Correspondance politique, V. 2, f. 121.

276 Исто, f. 122; Караташо во својот проглас се обраќа кон жителите на Македонија и ги повикува на востание за нејзино ослободување. Во својот проглас, Караташо никаде не го поставува прашањето за припојување на Македонија кон Грција, иако во извештаите на францускиот конзул од Солун Морнар востанието на Караташо се третира како грчко, а исто така и кај грчките автори. Несомнено дека населението на Халкиди било доминантно грчко. Сепак, и покрај тоа што претходно бил аѓутант на кралот Отон, неговата цел било ослободување на Македонија, а тоа во периодот кој следува ќе го докаже. Тој се прогласил за "Главен шеф на Македонија". М. Миноски ова го потврдува со еден австриски конзулски извештај од 8 јуни 1854 година( М. Миноски, Влијанието на политичките..., с. 199).Вакалопулос, кога е во прашање титулата "главен шеф на Македонија", ја поврзува со претходноспоменатото негово тврдење за координираност на акциите на Караташо и оние во Тесалија и јужна Македонија. Имено, тој, кога зборува за позицијата "главен шеф на Македонија", тврди дека со тоа назначување Караташо, всушност, ги координирал операциите не само на Халкидик, туку и во другите реони на јужна Македонија. ( K. Vakalopoulos, Modern.., p. 30).

277 ДАРМ, м - 90; Mornard - Drouyn de Lhuys, Salonique, 31 mai 1854, AMAE, Salonique, Correspondance politique, V.2, f. 125.

278 ДАРМ, м - 90; Mornard - Drouyn de Lhuys, Salonique, 13 juin 1854, AMAE, Salonique, Correspondance politique, V.2, f. 134.

279 Цариградски вестник, 12 юнія 1854, г. 4, бр. 177, с. 2.

280 ДАРМ, м - 90; cit dok, f. 133.

Лонгос и Света Гора за да не дозволат заминување на Караташо. Затоа, Французите морале да интервенираат во Солун. Баронот Русен и францускиот конзул Морнар се сретнале со солунскиот паша и му предале писмо, во кое се жалеле на однесувањето на османлиската морнарица, притоа барајќи негова интервенција. Нивната мисија била успешна, а пашата обезбедил и еден египетски трговски брод како помош за транспорт на борците на Караташо. Конечно, на 13 јуни 1854 година Караташо со дел од воста-ниците заминал за Атина[281]. Со тоа бил ставен крај на ова востание. Поради објективни услови востанието не можело да успее, но важно е што Караташо со оваа акција немал цел да ја припои Македонија кон Грција, туку сакал во неа да се вклучат сите христијани, од кои најголем број биле македонските Словени. Само со учество на сите христијани било можно ослободување на Македонија.

Повлекувањето на грчките чети и нивното враќање во Грција довело до проблеми во државата. Еден дел од припадниците на четите почнал да се занимава со пљачкање. Тоа, всушност, било резултат на структурата на четите. Грчката влада, во занесот дека почетокот на Руско-османлиската војна бил моментот за остварување на "големата идеја", дозволила поголем број криминалци да бидат ослободени од затворите и да се приклучат кон четите за да се борат против османлиските трупи. Нивното однесување уште во текот на борбите на север предизвикало незадоволство во Грција, бидејќи тие покажале кукавичлук во судирите. Со цел да воведе каков-таков ред, Калегрис во октомври 1854 година ги распуштил овие чети, но се соочил со отпор од страна на кралот и некои негови колеги во владата[282].

Владата во Атина, со цел да ги подобри своите позиции кај западните сили, започнала одредени активности во таа насока. Грчката влада, непосредно по завршувањето на авантурата со навлегувањето на османлиската територија, прибегнала кон интересен и небезрезултатен пристап во пропагандата. На 24 ноември 1854 година грчкиот генерален конзул во Лондон во весникот "The Times" објавил реклама со покана до сите заинтересирани да земат учество во градењето на пристаништата, сушењето на мочуриштата, правењето на патиштата и др., со загарантирана дивиденда[283]. Грчкиот министер за надворешни работи Вулгарис сакал рекламата да добие најширока распространетост. Оваа практика продолжила и понатаму. На сите што пројавиле готовност да ги поддржат грчките интереси во Европа им била дадена можност да учествуваат во експлоатацијата на грчките природни богатства со поволни услови.

Иако во Грција биле присутни странски воени сили, а владата била прозападна, кралот Отон не се откажувал од контактите со Русија. Неговиот аѓутант Димитриос Боцарис, син на Марко Бочвар, заминал за Петроград каде што присуствувал како личен претставник на грчкиот крал на круни-

---

[281] Исто, f. 134.

[282] Ch. A. Frazee, The historian George..., doc. 2, Finlay - Felton, Athens, $17^{th}$ october 1854, p. 198; Σ. Θ. Λασκαρι, Διπλοματικη..., σ.75.

[283] И. Илчев, Родината ми..., с. 312 -313.

сувањето на новиот руски цар Александар II[284]. Неуспехот во политиката спрема Османлиската Империја не влијаел да се заборават големите аспирации што по окупацијата на Пиреја ги искажувале интелектуалците. Грчките интелектуални кругови не престанале да разговараат и да нудат предлози за решавање на источното прашање. Г. Манос во 1855 година ис-пратил проект до француското Министерство за надворешни работи, со кој предлагал Балканот да биде разделен на три големи конфедерации - 1) Дунавска 2) Источна, која би ги опфаќала Цариград и османлиските воневропски провинции и 3) Елинска, која би се состоела од Грција, Тесалија, Епир, Македонија, Тракија, егејските острови Самос, Крит и Кипар[285]. Отон би бил крал на Елинската конфедерација, а секоја конфедерација би имала внатрешна автономија и свој службен јазик, додека Советот на трите монархии ќе го користел францускиот јазик. Овој предлог не бил прифатен.

Грција била немоќна да направи нешто повеќе за своето територијално проширување, па затоа биле обновени дипломатските односи со Османлиската Империја, каде што реално имала голем економски интерес. По обновувањето на дипломатските односи за нов амбасадор во Цариград бил испратен А. Кундуриотис. Тој на 27 мај 1855 година го потпишал грчко - османлискиот договор за трговија и морепловство, т.н. договор Каленџа[286]. Овој договор е првиот што воопшто бил склучен и операционализиран, бидејќи договорот на Зографос не бил потпишан од грчкиот крал. Со него Грците можеле слободно да тргуваат низ целата османлиска територија и под мошне поволни услови. Исто така, било регулирано и прашањето на грчките конзулати. Грција можела да отвори конзулати и вицеконзулати секаде каде што имала интерес на османлиска територија, но Османлиите, поучени од непријатното искуство со грчките дипломати, успеале да издејствуваат грчките дипломати што ќе дејствуваат на нејзината територија да не бидат од локалното население[287]. Со тоа за извесен период грчко-османлиските односи влегле во помирни води, што не значи дека Грција нема да работи во насока на своите аспирации за територијално проширување за сметка на северниот сосед.

Грција се обидувала да добие место на Париската мировна конференција , но нејзините барања не биле прифатени. По потпишувањето на Парискиот мировен договор, владата на Димитриос Вулгарис побарала странските војски да се повлечат од Грција. Окупациските војски во летото 1856 година ги започнале подготовките за повлекување, но во Грција имало и такви што сметале дека било подобро овие трупи да останат во земјата уште извесен период. Причина за ваквите гледања била вознемиреноста на одредени кругови од несигурната ситуација во Грција поради големиот број банди,

---

284

Ελευτεριας Νικολαιδου, Ο Δημητριος Μαρκου Μποτσαρης και η ανεκδοτη αλληλογραφια με τον κυβερνιτι Καποδιστρια, Δωδωνη,τ. Β, Ιωαννινα, 1973, σ. 404.

285 Н. Данова, Националният..., с. 180.

286 Исто, с. 181.

287 Исто.

кои претставувале проблем и за грчката војска[288]. Со цел да докаже пред големите сили дека стабилните односи со османлиската држава биле важни за нејзината надворешна политика, грчката влада кон средината на декември 1856 година се согласила со османлиските власти нејзиниот конзул во Волос Доскос да ги убеди водачите на четите што навлегле во Тесалија да се вратат во Грција[289].

Англо-француските окупациски сили се повлекле од Грција на 28 февруари 1857 година. Истовремено, била формирана меѓународна финансиска комисија со задача да ги разгледа мерките за укинување на заемот од 60 милиони франци што ѝ бил даден на Грција во 1832 година од Англија, Франција и од Русија[290]. Со тоа била воспоставена целосна странска контрола врз грчките финансии, економијата и администрацијата. Комисијата го покажувала надворешното мешање во внатрешните работи на Грција. За две години ( февруари 1857 - мај 1859 год.) комисијата одржала 40 заседанија, дејствувајќи како главен контролен орган. Таа ги повикувала грчките чиновници и им давала инструкции како да работат. Како резултат на работата на оваа комисија, Грција морала да прифати неповолни услови за исплата на заемот во износ од 900 000 драхми годишно. Тоа била цената што малото и сиромашно балканско кралство морало да ја плати како резултат на лошо водената надворешна политика за време на Кримската војна, погрешно проценетата меѓународна ситуација и поради преценувањето на своите, пред сè воени можности. Обидот на Грција да профитира од несогласувањата помеѓу Франција, Англија од една и Русија од друга страна, држави што ѝ помогнале на Грција да се најде на географската и политичката карта, се покажал како неплоден и понижувачки.

[288] Ch. A. Frazee, The historian George…, doc. 7, Finlay - Felton, Athens, 19 august 1856, p. 208.
[289] ДАРМ, м - 90; Delaporte - Walewski, Salonique, 19 decembre 1856, AMAE, Larisa, V. 3.
[290] Международные отношения, 1830..., с. 199.

# 2. ГРЦИЈА И БАЛКАНОТ 1860 - 1875

## 2.1. Грчките активности за остварување на "големата идеја" во последните години од владеењето на Отон

Неуспехот на грчката надворешна политика за време на Кримската војна ја принудил Атина да бара нови форми и методи за дејствување. Официјална Атина почнала да ги поддржува оние кругови што се залагале за активирање на грчката пропаганда во прилог на остварувањето на "големата идеја". Низ разни делови на османлиската држава било планирано да се создадат грчки здруженија, а особено внимание му било посветено на распространувањето на грчкиот печат во деловите на османлиската држава, кон кои се стремела Грција - Епир, Тесалија, Македонија, Крит, Тракија и деловите на Мала Азија. Исто така, Грција продолжила да испраќа учители[1]. Освен што распространувала грчки весници во Османлиската Империја, владата во Атина настојувала да ги стави под свое влијание весниците што излегувале на грчки јазик кај нејзиниот северен сосед. Еден од повлијателните весници на грчки јазик во Цариград - Βιζαντιος, уредуван од Ксенис, бил под директно влијание на Атина и објавувал главно панелински статии[2]. Грчките весници повторно почнале да пишуваат за обновата на Византиската Империја, при што Грците биле прикажувани како мнозинство во делови на Османлиската Империја, а нивниот јазик - како единствен на кој може да бидат напишани законите на една цивилизирана држава[3].

Голема опасност за целите на грчката политика и за нејзините аспирации се јавила во националното и културното будење на балканските Словени. Преродбенските појави во Македонија, која била сметана за грчка земја, предизвика извесна загриженост во Грција. Грчките весници почнале да известуваат за случувањата во Македонија, а во нив многу грчки истакнати јавни личности го изнеле својот став за одбрана на елинизмот во Македонија, но и со напад врз тие што биле сметани за негови главни противници. Некогашниот ученик на Димитар Миладинов, а подоцна и познат археолог Маргарит Димица на 25 октомври 1858 година во атинскиот весник"Αθηναι" објавил статија, во која ги обвинува браќата Миладинови дека шират панславинистички идеи во Македонија, користејќи ја својата позиција како грчки учители[4]. Димица своите обвинувања најверојатно ги базирал на одредени настани што се случиле претходно. Имено, веќе напоменавме дека Димитар Миладинов, како и неговиот помал брат Константин, биле големи приврзаници на грцизмот, но постепено ја менувале својата позиција и сè

---

[1] Александар Матковски, Македонија во делата на странските патеписци 1850 - 1864, Скопје, 1992, с. 385.

[2] ДАРМ, м - 1572; Note de la presse en Orient, Constantinople, 25 juin 1858, AMAE, Turquie, V. 115, f. 324.

[3] Русия и българското национално-освободително движение 1856 - 1876, , док. 101, София 1987, с. 230.

[4] Б. Дрангов, Димитръ Миладинов и църковно - насионалната борба. 100 години од учредяването на българската ексархия, София, 1971, с. 344.

повеќе се приклонувале кон словенството. Така, Димитар Миладинов уште во 1856 година имал судир со битолските Власи[5]. Сепак, неговата активност како учител била таа што го предизвикала Димица. Димитар Миладинов во 1858 година дошол во Кукуш, каде што почнал да работи како учител. Таму Димитар, заедно со Рајко Жинзифов, дал голем придонес за развојот и зацврстувањето на словенската просвета во градот[6]. Активностите од овој тип не можеле да останат без реакција, а како што видовме, тоа и се случило.

Во согласност со тактиката за отворање грчки здруженија на османлиската територија, кон крајот на педесеттите години од XIX век почнале да се формираат такви организации. Кон крајот на јануари 1859 година во Битола било формирано првото грчко здружение во Македонија "Δημοτικο καταστημα" или Казино[7]. Идеен творец на ова здружение бил јонскиот Грк Стаматис Папас, кој пристигнал во Битола кон крајот на 1858 година, а во здружението членувале граѓани од Битола, кои требало да плаќаат по 60 пјастри годишно[8]. На чело на Казиното биле тројца граѓани.

Добар дел грчки интелектуалци ја поддржувале мислата за обнова на Византија. Тие сметале дека Грција треба да го причека распаѓањето на Османлиската Империја и во согласност со големите сили да ја наследи султановата држава. Единствено однесувањето на Русија било неповолно за идеолозите на "големата идеја". Грчкиот министер за надворешни работи Рангавис се жалел пред францускиот амбасадор во Атина поради руската панславистичка политика во Македонија, Бугарија и во Тракија[9]. Отворањето училишта, ѕидањето цркви за во нив да се служи на словенски јазик, според Рангавис, било со цел да се измени грчкиот карактер на покраините. Во ваква атмосфера во текот на март 1859 година во Грција почнало да се зборува и за опсегот на територијата на проширената грчка држава, при што северните граници требало да допрат до Шар Планина и Стара Планина[10]. Тогаш, Грција се обидела да добие француска поддршка за акција на Истокот, но од Париз ѝ било советувано да не се прават никакви бунтови. Тоа било правдано со противењето на Англија[11]. Причина за ваквите грчки активности била веќе извесната Австро-сардиниска војна. Почетокот на војната во Грција предизвикал засилување на страстите и, како и неколку пати во минатото, овој момент бил сметан за поволен за остварување на "големата идеја". Успесите на италијанското ослободително движење и победите на Гарибалди уште повеќе влијаеле врз ентузијазмот на Грците, а воздржаноста на Отон била сметана како проавстриски став, што не било поддржано од обичниот свет[12].

---

[5] Историја на македонскиот народ, т. 3, Скопје, 2003, с. 27.
[6] Х. Поленковиќ, Одбрани.., т. 4, с. 564.
[7] Ристо Поплазаров, Пропагандната.., с. 196; K. Βακαλοπουλος, Το μακαδονικο ζητημα, Θεσσαλονικη, 1989, σ.143; Stephanos Papadopoulos, Ecoles et associations Grecques dans la Macedoine du nord, Balkan Studies, 3. Thessaloniki 1962, p. 401.
[8] ДАРМ, м- 92; Grimblo - Walewski. Monastir. 3 fevrier 1859. AMAE. Monastir. depeches politique. f. 356.
[9] Гргур Јакшић и Војислав Вучковић, Спољна политика Србије за време кнеза Михајла - Први балкански савез, Београд, 1963, с. 74.
[10] Исто, с. 72.
[11] Љиљана Алексић, Став Француске, с, 108.
[12] Ch. A. Freeze, The historian George..., p. 194.

Во Атина бил создаден комитет со цел да вооружува и да префрла доброволечки одреди за помош на Гарибалди, а во таа акција учествувале Зисис Сотирис, Леонидас Вулгарис, Панос Коронеос, Константинос Ломбардос. Тогаш и Караташо заминал на Апенинскиот Полуостров, каде што дал придонес во ослободувањето на Италија[13]. Во време на вриежот на италијанската борба за независност, во Атина една група студенти се обиделе да издејствуваат поддршка од министерот за војска Д. Боцарис за кревање востание во Епир, Тесалија и во Македонија[14]. Меѓутоа, кралскиот двор, во согласност со своите моментални ставови за помирлива политика во однос на османлиската држава, не се согласил со тој план. Најголем противник на овој план била кралицата Амалија, која во таа насока влијаела и врз други политички кругови во земјата и со тоа планот останал неостварен.

Опасноста од Словените за грчките интереси и аспирации во почетокот на 1860 година, која сè повеќе ги преокупирала грчките политички кругови, станала предмет и на дискусии во грчкиот Парламент. Пратениците побарале од владата поголема активност на грчките конзулати во Тракија и во Македонија, а и засилување и зголемување на бројот на грчките дипло-матски претставништва во наведените области[15]. Министерот за надворешни работи ги уверил пратениците дека владата ќе се погрижи за тоа. Во таа насока биле преземени и одредени чекори. Тогаш доаѓа до основање на грчки вицеконзулат во Битола, а прв вицеконзул бил Валијанос[16]. Отворањето на грчкиот вицеконзулат во Битола било направено со цел да се засили позицијата на елинизмот во тој дел од Македонија, соочен со дејствувањето на македонските предродбеници, но и да го засили влијанието врз влашкото население. Во овие делови од Македонија веќе бил почнат процес на еманципација на локалното македонско словенско население. Тоа биле процеси што се коселе со грчките интереси. Во Охрид во 1859 година било отворено народно училиште во месноста Месокастро[17]. Исто така во Охрид, два дена по смртта на митрополитот Дионисиј, на 29 декември 1859 година, Охридската црковно-училишна општина, месното граѓанство и интелигенцијата испратиле делегација во османлиската престолнина со молба во иднина Патријаршијата да не испраќа Грк за владика[18]. Во соседниот град Струга уште во

---

[13] V. Colocotronis. La Macedoine et l'Hellenisme. Paris. 1919. p.371, Во италијанската борба за обединување учествувале и други личности од Македонија. Така на пример Георги Капчев и Димитар Петров -Ножарот земале активно учество во борбата за обединување на Италија, поточно за ослободување на северниот дел од Апенинскиот Полуостров од австриска власт. (М. Миноски, Влијанието.., с. 200).

[14] К. Α. Βακαλοπουλος, Ο Βορειος Ελληνισμος..., σ. 370 – 371.

[15] Т. С. Бурмовъ, Българо - гръцката църковна распра, София, 1902, ц.75.

[16] ДАРМ, м - 14; Reports relative to british consular establishment 1858 - 1871. FO 198/26. Решението за отворање грчко дипломатско претставништво во Битола било донесено во 1853 година, но поради грчките активности поврзани со Кримската војна и прекинот на дипломатските односи помеѓу Цариград и Атина, тоа не било реализирано. (Далибор Јовановски. Прилог кон прашањето за грчката пропагандна активност во Битола во шеесеттите години на XIX век-до почетокот на Критското востание во 1866 година, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", кн. 55, Скопје, 2002, с. 137-138).

[17] Историја на македонскиот народ, т. 3, с. 28.

[18] А. Трајановски, Црковната.., с. 95.

1857 година Кузман Шапкарев, под влијание на Димитар Миладинов, во локалното училиште го вовел народниот јазик[19]. Во друг дел на Македонија, поточно во Кукуш, каде што, како што веќе видовме, учител бил Димитар Миладинов, исто така било истакнато барање за да се смени полјанскиот епископ Мелетиј. Споменатиот македонски преродбеник лично побарал од солунскиот митрополит Неофит да испрати на местото владика од домашно потекло[20]. Меѓутоа, тоа ќе случи дури по формирањето на првата унијатска општина во Македонија, токму во Кукуш. Со цел да се спречи ширењето на католицизмот, Патријаршијата направила значајни отстапки. Имено, на 29 октомври 1859 година за полјански епископ бил хиротонисан Партениј Зографски, кој бил прв домашен архијереј[21]. Меѓутоа, тоа било направено повеќе од тактички причини. Како и да е, споменатите настани укажуваат дека работите во Македонија се развивале мошне неповолно за грчките интереси и воопшто не се изненадувачки остриге реакции, дури и во грчкиот Парламент, кои ќе продолжат и понатаму.

Гореспоменатите настани не биле случајни и без основа. Имено, со реформскиот процес во турската држава, особено со Хатихумајунот, и покрај одредени ограничувања, биле зголемени верските слободи на христијаните. Со овој процес биле отворени вратите за позасилена еманципација на балканските негрчки православни христијанин[22]. Покрај Македонија, и во Бугарија се одвивале процеси што не биле поволни за грчките интереси[23].

Официјална Атина, со цел да ги зацврсти своите позиции на меѓународен план, кои биле осетно разнишани поради грчкото однесување за време на Кримската војна, презела одредени активности. Грчката влада испратила мемоар до англиската влада, во кој биле наброени руските потези што од нејзина страна биле сметани за интриги, со кои Русија наводно сакала да ја стави Патријаршијата под свое влијание[24]. Грчките политичари добро знаеле дека руската политика не била прифаќана со симпатии од Англија и

---

[19] Р. Кантарџиев, Школството и просветата.., с. 25.
[20] А. Трајановски, Црковната..., с. 127.
[21] Исто, с. 129..
[22] Султановата влада не ги прифатила барањата на претставниците на словенското население за воведување на народниот јазик во училиштата и богослужбата, поради наводниот страв да не се намали авторитетот на патријархот. (Глигор Тодоровски, Реформите на Големите сили во Македонија 1829-1909, Скопје, 1984, с. 28).
[23] На пример, во Пловдив во 1858 година локалните Бугари ги протерале патријаршиските свештеници, ги зазеле црквите и го наложиле црковнословенскиот јазик во богослужбата. Сепак, многу поголемо влијание имал настанот од 3 април 1860 година. Тогаш во цариградската бугарска црква Свети Стефан, Иларион Макариополски во текот на свечената литургија воопшто не го споменал името на патријархот. (Н. Генчев, Българското.., с. 301-302). Оваа негова постапка предизвикала големи негодувања кај Патријаршијата, но враќање немало.
[24] ДАРМ, м - 12; Lofthys - Russel. Viena. 5th january1860. FO 195/628: Освен владата, и грчките весници се вклучиле во обвинувањата кон Русија. Така, весникот Еон во 1857 година ги обвинил руските конзули дека биле причина за појавата на бугарското црковно-ослободително движење. Меѓутоа, и Бугарите не биле задоволни од однесувањето на рускиот амбасадор во Цариград Бутенев. Тие сметале дека тој бил под големо грчко влијание, особено на драгоманот во амбасадата, Гркот Аргиропулос (Кирил Патриарх Bqlgarski, Граф Н. П. Игнатиев и българският църковен въпрос, София, 1959, с. 24-28).

тука ја гледале можноста за добивање поддршка за своите аспирации. под плаштот на загрозеноста на грчкиот елемент во османлиската држава од панславистичката руска политика. Дури и легитимните барања на другите балкански народи биле сметани за опасни за грчките интереси и аспирации и биле негирани. Круговите што се залагале за остварување на грчките аспирации во таква атмосфера не можеле да мируваат. Во Атина бил формиран комитет за акција против османлиската држава, во кој влегле познати личности од јавниот живот на Грција - А. Маврокордатос, А, Метаксас, Д. Вулгарис, Д. Христидис, а на неговото чело застанал професорот П. Пиларинос[25]. Сличен комитет бил формиран и на Јонските Острови на чело со Константин Ломбардос. Комитетите подготвувале многу амбициозни планови. Така во плановите на Атинскиот комитет било предвидено уништување на османлиската флота во Цариград и освојување на градот, кој би бил претворен во нова грчка престолнина.

Грците пред западните дипломати се изјаснувале дека ако ја слушаат Русија, постоела опасност последнава да ја одземе нивната независност[26]. Можеби причина за поголемата грчка загриженост била и изјавата на рускиот голем кнез Константин при неговата посета на Атина, кога тој изјавил дека Грција и Србија треба да ја уништат османлиската држава, по што Словените би создале конфедерација, а Грците би ги анектирале грчките покраини. Најверојатно Константин не споменал кои области на Балканот ги смета за грчки покраини. Одредени кругови во Грција имале свои планови за дејствување. Изјавата на рускиот голем кнез била доволна причина за нивна активност. Грците побарале помош од Франција во прилог на планираната воена акција во Македонија, но од Париз повторно им била советувана воздржаност[27]. Негативниот одговор на Франција ја принудил Грција да се сврти кон нови сојузници во својата близина. Тогаш Терцетис почнал преговори со Кавур за евентуална соработка помеѓу Грција и Италија, кои ќе продолжат и во 1861 година[28]. Исто така, Терцетис остварил и посета на црногорската престолнина Цетиње, со цел на кнезот да му ги изрази добрите чувства на грчката влада. По враќањето од Цетиње, Терцетис, случајно или не, почнал јавно позитивно да зборува за Словените, што било невообичаено за грчка јавна личност што има влијание врз креирањето на грчката "мегали-идеја"[29].

Врз база на сè што се случувало, грчката влада почнала да размислува за склучување сојуз со блиските балкански народи, а најсоодветни за тоа биле Србите, кои имале автономно кнежевство и каква-таква војска. Исто така, во тој период помеѓу Грците и Србите не постоеле недоразбирања, особено во врска со териториите. Барем така се сметало. Во август 1860 година при-

---

[25] С. Терзиќ, Србија и ..., с. 94.

[26] ДАРМ, м - 12; Russel - Lofthys, London, 14[th] april 1860, FO 195/628.

[27] Михајло Миноски, Македонија во српско-грчките преговори за поделба на интересни сфери во 1861/62 година - Зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот " Кирил и Методиј", Скопје, 1989, с. 37.

[28] С. Терзиќ, Србија..., с. 94.

[29] Н. Данова, Националният..., с. 187.

стигнал првиот грчки предлог за сојуз со Србија, кој бил пренесен од страна на Палеолог, но кнезот Милош го одбил овој предлог[30]. Сепак, по смртта на Милош во септември 1860 година и доаѓањето на неговиот син Михаило на кнежевскиот престол дошло до промена на српската политика и се создале услови за почнување преговори помеѓу Србија и Грција за евентуален сојуз.

Грчките дипломати во Османлиската Империја, особено конзулите и вицеконзулите, како и во минатото, настојувале да придобијат што поголем број турски поданици на своја страна. Добивањето грчки пасош било олеснето, а исто така грчките дипломати често доаѓале во судир со османлиските власти поради претераното мешање во дејствувањето на локалните власти[31]. Меѓутоа, добивањето грчки пасош не значело секогаш и вистинска приврзаност кон Грција. Како што е наведено во еден британски дипломатски извештај, често грчки пасош се земало за набргу да биде заменет со друг, најчесто со руски[32].

Амбициите на грчките политичари често биле лимитирани со внатрешните политички проблеми. Политичката поделеност во Грција во овој период се рефлектирала и во работата на грчките дипломатски прет-ставници во османлиската држава. Така, грчкиот конзул во Солун, Три-јандафилис, кој во 1860 година го добил ова место, бил припадник на про-англиската партија на Маврокордатос и во согласност со тоа не сакал да им даде поддршка на некои групи што побарале негова помош за своите дејства[33]. Некои грчки организации од Турската Империја, пак, понекогаш не сакале да имаат блиски контакти со дипломатските преставници на теренот. Така, членовите на битолското Казино не соработувале со грчкиот конзул Валијанос. Тој бил познат по својата приврзаност кон остварувањето на грчките аспирации, но понекогаш бил опоменуван своите идеи да не ги кажува јавно. Тој ги следел активностите на Казиното, за кои сметал дека се под влијание на идеите на Гарибалди и успеал да дознае за намерата на двајца членови на клубот, Мина Бишта и Зузо да ја посетат Атина[34]. Тие, пред да заминат за грчката престолнина, се сретнале со Валијанос, но одбиле да му ја кажат вистинската цел на својата мисија. Грчкиот конзул се обидел да влијае и преку други членови на клубот со свои совети, со цел тие, според неговите размислувања, да не дојдат во контакт со неодговорни елементи во Атина, но тоа не било прифатено, бидејќи се сметало дека тој сака да ги наметне ста-вовите на грчката влада, која за членовите на Казиното не била прифатлива[35]. За нивната мисија во Атина и за контактите што биле остварени таму многу малку се знае[36]. Казиното при посетата на големиот везир Кибризли-паша

---

[30] S. Th. Lascaris, La premiere alliance entre la Grece et la Servie la traite d'alliance de Voeslau du 14 - 26 aout 1867, Monde Slave, N.9, Paris, 1926, p.5.

[31] ДАРМ, м - 10; Bulwer - Fuad Pasha, Constantinople, 5th june 1860, FO 78/1507.

[32] ДАРМ, м - 10; Bulwer - Russel, Therapia, 31 july 1860, FO 78/1509.

[33] ДАРМ, м - 5; Bulwer - Wilkinson, Salonica, 22 septermber 1860, FO 198/14.

[34] G. Tousimis, L'Orientasion idelogique garibaldienne de la jeunesse de Monastir en 1860. L'Activite de leur club et sa fermeture vehemente par le grand vizir Kibrisli, Etudes Balkanique, N.3-4, Sofia, 1992, p. 42.

[35] Исто.

[36] Григор Прличев, во еден апел на охридските Власи, пишува дека претставниците на Казиното во Атина се сретнале со некои политичари. При средбата со Метаксас, тој не се согласил со нивните

било разбиено, а добар дел негови членови биле уапсени. Англискиот конзул во Битола, во извештајот од 1 октомври 1860 година, кој се однесува за настаните поврзани со Казиното, известува дека ова здружение било дел од поголема тајна панелинска организација, а бил запленет и список со 160 имиња од целата организација, меѓу кои било и името на еден грчки министер[37]. Разбивањето на Казиното, очекувано, предизвикало голема возбуда во Битола, но не довело до поголеми инциденти.

Дејствувањата на круговите во грчкото општество што се залагале за соработка со другите балкански народи станувале сè поактивни, а особено залагање во тој правец покажал Караташо. Тој, заедно со Канини, во 1860 година во Неапол создал Елино-словенски комитет, чија цел било изградување сојуз помеѓу Словените и Грците[38]. Настаните во Италија, без никакво сомневање, влијаеле врз Караташо и неговите приврзаници позасилено да работат на кревање востание во Македонија. Тој кон средината на декември 1860 година испратил во Солун еден свој приврзаник, кој стапил во контакт со рускиот конзул Мустоксиди, инаку Грк по потекло. Пратеникот на Караташо во разговорот со рускиот дипломат нагласил дека целта на неговата мисија било кревање востание во османлиската држава[39]. Караташо ја сметал Македонија како најповолна за кревање востание, бидејќи најголем дел од населението бил христијански. Тој, поучен од искуството од 1854 година, не верувал во успех на евентуалното востание, ако тоа не биде помогнато од некоја сила. Затоа, неговиот пратеник побарал поддршка од рускиот конзул во Солун, но Мустоксиди одговорил дека тоа не било можно и пожелно би било пратеникот на Караташо да го напушти градот. Тоа значело крај на надежите за помош од некоја голема сила, зашто западните сили во тој момент не сакале да го нарушат територијалниот интегритет на Османлиската Империја[40]. Сепак, Русија и да сакала не можела да помогне.

Последиците од откривањето на Казиното се чувствувале и во текот на март 1861 година. Локалните власти во Битола уапсиле три лица, кои според

---

ставови, но затоа добиле поддршка од некои професори. ( Оливера Јашар - Настова, Григор Прличев и еден апел на охридските Власи во врска со воведувањето на мајчиниот јазик во училиштата. Животот и делото на Григор Прличев, Скопје, 1994, с. 27).

[37] Името и функцијата на министерот не се наведени. (Елена Зографска, Нови моменти и согледувања за Димитар Миладинов и неговото време. Зборникот на Миладиновци, с.165); Францускиот конзул во Солун во својот извештај, во кој говори за разбивањето на Казиното, навел дека уапсените биле поврзани со кругови во Атина кои сакале соборување на грчката влада.( ДАРМ, м - 90: Gullois - Thouvenel. Salonique, 9 octobre 1860. AMAE. Larisa. Correspondance politque, V. III, f. 70).

[38] Н. Данова, Националният.., с. 191.

[39] Constantinos Papoulidis, Quelques elelments nouveaux concernant les plans insurrectionnels de Tsami Caratasso sur le deliverance des peuples Balkaniques en 1860. Greek - serbian.... p. 110.

[40] Истовремено со овие активности на Карташо, во Македонија во овој период се одвивала конспиративна активност за организирање оружено востание, но немало единствен раководен центар. Некои од дејците имале врски со Кнежевството Србија за добивање помош. Таков бил Јован Георгиев Белев од Охрид, кој, како претставник на трговската куќа Робеви, често патувал во Белград. Исто така патувал и низ Македонија, одржувајќи врски со лица што развивале конспиративни активности. Меѓу нив бил и Кузман Шапкарев. (М. Миноски, Влијанието.., с. 202).

нив биле поврзани со некои членови на Казиното[41]. Од луѓето што биле уапсени и одведени за Цариград при посетата на големиот везир многумина биле испратени во заточеништво во Мала Азија. Мина Бишта, еден од поистакнатитите членови на Казиното, кој бил уапсен, починал во Цариград. На неговиот погреб еден јонски Грк одржал мошне емотивен говор, во кој нагласил дека било посеано семето, кое во некоја иднина ќе никне, а за Бишта зборувал како за маченик.

Грчките интелектуалци сè повеќе се занимавале со можноста за територијално проширување на Кралството. Многумина зборувале за обнова на Византија и давале идеи за воспоставување на големата грчка византиска држава. Еден од нив, Панајотис Калеврас, во 1861 година објавил еден проект-устав на идната грчка византиска империја[42].

Во Грција почнал да расте притисокот врз грчките власти да почнат преговори со Србија. Грчкиот крал Отон бил под постојан притисок на одредени грчки кругови да ѝ понуди на Србија договор за сојуз против Османлиската Империја. Тие биле свесни врз база на искуството од минатото, но и од реалната економска и политичка состојба во Грција дека малото балканско кралство не би успеало да ги реализира своите аспирации доколку дејствува самостојно. Притисок доаѓал и од Грците во Османлиското Царство, но во друга насока. Цариградските весници ја укорувале грчката влада поради нејзината незаинтересираност кон, според нив, бугаризацијата на Македонија[43]. Во една таква ситуација кралот Отон немал избор и морал да попушти. Така, за нов грчки пратеник во Цариград го назначил Марко Рениерис[44]. Тој како искусен и вешт политичар и дипломат требало да го зајакне грчкото влијание во османлиската престолнина, а за таа цел ќе ги користи цариградските Грци.

Во април 1861 година од една поголема група познати цариградски Грци бил формиран Грчкиот филолошки силогос, со задача да ја негува и да ја шири грчката писменост на Истокот, т.е. во османлиската држава[45]. Во Силогосот биле собрани најистакнатите личности на грчката заедница во Цариград и во него биле формирани комисии за образование, филологија и за археологија. Грчките трговци, банкари и воопшто, сите богати Грци, со сите сили го помагале Силогосот, со што давале придонес кон развојот на грчкото образование, кое требало да ги просвети многубројните Грци во османлиската држава и да им го подигне духот, но и да ги направи да мислат како Грци и оние што по својата етничка припадност, јазик и традиција не биле Грци.

---

[41] ДАРМ, м - 1; Calvert - Bulwer. Monastir. 21 march 1861. FO 78/1600.

[42] Калеврас предлагал Грција да ја наследи османлиската држава, а на нејзино чело да биде православен уставен император, кој би ја управувал и автокефалната црква. Во државата граѓанските права би постоеле за Грците и негрците, православните и неправославните, при што Грците по род би стигнале до сите функции во зависност од способностите, а оние што не биле православни можеле да добијат функција само до провинциски или општински советник и наредник во војската. ( М. Тодорова, Подбрани извори.., док 211, с. 299 - 300).

[43] Архив Г. С. Раковски, т. 3, Софија 1966, док.122, Хилендарски - Раковски, Цариград, 10 априлий 1861, с. 390 - 391.

[44] Petar Milosavljevic, The serbian - greek convention of 1861, Greek - serbian..., p. 86.

[45] К. Битоски, Грчката просвета.., с. 262.

Атинската влада не останала понастрана од активностите на Силогосот. Нејзиниот дипломатски претставник во Цариград, Марко Рениерис, станал член на Силогосот и тука биле испраќани и инструкции од Атина[46]. Ова зборува дека во тоа време постоела некаква координираност помеѓу Атина и цариградските Грци. Претставниците на Силогосот се тру-деле да привлечат поголем број Словени, но овие биле недоверливи спрема елинистичките тенденции. Не било никакво изненадување тоа што цари-градскиот Силогос ѝ посветил значајно внимание на Македонија. Со негово учество биле создадени слични друштва во Негуш, Воден, Струмица, Драма, Кожани, Кавала, Битола и во Крушево[47]. Всушност, Македонија, поради доминантното словенско население, особено го привлекувала вниманието на цариградскиот Силогос. Оваа османлиска област со својата местоположба го пресекувала патот што од Тесалија водел кон посакуваната престолнина - Цариград. Повеќе од половина од вкупната помош за грчките училишта во османлиската држава било наменето за Македонија - 715 од 1215 лири[48]. Истовремено, грчките дипломатски претставници воспоставувале поблиски контакти и со претставниците на Патријаршијата во Македонија со цел да го искористат нивното влијание[49]. Покрај Македонија, ова здружение дејству-вало и во Тракија, каде што постепено биле основувани негови клонови[50].

Формирањето на Силогосот во Цариград само ја покажува сè поголемата грчка загриженост за тоа што се случува во областите на османлиската држава, кон кои Грција имала аспирации. Во грчкиот Парламент повторно се зборувало за Македонија. Таму еден пратеник изјавил дека грчките цркви, грчкиот јазик и грчката народност во Солун биле предмет за шега и презир[51]. Реакцијата на парламентарецот не треба да биде изненадувачка ако се имаат предвид не само интересите на Грците, туку и информациите што доаѓале, без разлика дали биле вистинити или не[52].

Отсуството на дипломатски односи помеѓу Кралството Грција и Кнежевството Србија претставувало проблем за почнување преговори. Да се испратат преговарачи во Белград или во Атина не доаѓало предвид поради

---

[46] Русия и българското ... т. 1. ч. 2. док. 323. Лобанов-Ростовски - Горчаков. Цариград. 2 января 1862. с. 195.

[47] Ангел Димитров - Опити за денационализация на българското учебно дело през 50 - 70-те години на XIX век и съпротивата срещу тях. Българската нация през възраждането. София. 1986. с.363.

[48] Крсте Битоски. Континуитетот на македонските националноослободителни борби во XIX и почетокот на XX век. Скопје. 1998. с. 32.

[49] ДАРМ, м -1050; Хитрово - Петрович. Битоля. 25 априля/ 7мая 1861. АВПР. фонд: Главний Архив У - А2. д. 901.

[50] Види повеќе во:
Ελενη Δ. Μπελια, εκπαιδευση και αλυτρωτικη πολιτικη–Η περιπτεση της Θρακης, Θεσσαλονικη, 1995

[51] Блаже Ристовски. Портрети и процеси. т. 1. Скопје. 1989. с. 108.

[52] На пример, во обвинението против Партениј Зографски изнесено од солунскиот митрополит Неофит пред синодалниот суд во Солун со цел да биде сменет од позицијата епископ во Дојран. меѓу другото, било наведено дека тој наредил да се избрише грчкото писмо од кукушката црква и тоа да биде заменето со словенско (А. Трајановски. Црковната организација.., с. 134).

сомневањата што би се јавиле кај османлиските власти. Затоа доаѓањето на Гарашанин во Цариград било искористено за почеток на преговорите помеѓу двете страни. Првите преговори помеѓу Рениерис и Гарашанин биле одржани на 19 април 1861 година[53]. Рениерис, во согласност со тогашниот став на својата влада, на својот соговорник му рекол дека е важно христијанските народи на полуостровот заеднички да го решаваат источното прашање, без да чекаат ослободување од големите сили. Стравот од можноста некоја од големите сили да го заземе местото на османлиската држава бил повеќе од очигледен. Полесен противник била слабата османлиска држава отколку која било голема сила. Како прв чекор, според Рениерис, требало да се пристапи кон склучување сојуз помеѓу Грција и Србија, кон кој би се приклучиле и Романија и Црна Гора, со што би се засилиле шансите за остварување на целта[54]. Повеќе од јасно било дека не може да се победат османлиските воени сили доколку која било балканска земја самостојно се обиде да ги оствари своите аспирации. Грчкиот пратеник му го предал на Гарашанин и грчкиот нацрт-договор за сојуз, кој вториот во начело го прифатил и веднаш го испратил во Белград. Двајцата дипломати во текот на преговорите изработиле договор, за кој бил усвоен називот конвенција. Според овој договор, Грција требало да обезбеди редовна војска од 30.000 војници, да подготви колку што може посилна флота и да му раздели оружје и муниција на населението во Македонија и во Тракија[55]. Грците предложиле да се дополни договорот со клаузула за територијално проширување на двете држави, а Србија да стане кралство. Според дополнувањето, Грција би ги анектирала Епир, Тесалија, Македонија, Тракија и егејските острови, а Србија би ги добила Босна, Херцеговина, Горна Албанија и Црна Гора, ако последнава не инсистира на независност[56]. Гарашанин го предупредил Рениерис дека Србија не може да се согласи Македонија како словенска земја да стане грчка. Затоа, како контра-предлог Гарашанин предложил двете земји прво да ги добијат земјите северно од Шар Планина и јужно од Пинд и Олимп. Рениерис на овој потег на Гарашанин предложил да се повлече една линија што ќе ги обележи грани-ците на дејствувањето на двете пропаганди. Грците своите агенти би ги праќале од Берат, преку Корча, Битола, Демир Капија, Радовиш, Разлог до просторот јужно од Балкан Планина[57]. Кон крајот на јуни 1861 година конвенцијата била испратена до владите во Атина и во Белград, кои сериозно ја разгледувале. Контактите на Рениерис и Гарашанин продолжиле, но повеќе се однесувале на условите под кои Грција или Србија би влегле во војна. Притоа, Грција барала пролонгирање со цел да добие време[58]. Српскиот пратеник во септември 1861 година се вратил во Белград, каде што го презентирал тоа за што разговарал со Рениерис. По извесно време Рениерис добил писмо од Христиќ, во кое биле

[53] S. Th. Lascaris, La premiere alliance..., p. 6.
[54] Σ. Θ. Λασκαρι, Διπλοματικη..., σ. 118.
[55] Исто, док. 167а, Нацрт српско - грчке конвенције из 1861 године, с. 192 - 195.
[56] Исто чл.4.
[57] Г. Јакшић - В. Вучковић, Спољна политика.., с. 75.
[58] М. Миноски, Македонија.., с. 43.

објаснети српските проблеми во врска со подготовките на српската војска, како и со набавките на материјалите што биле потребни за војна[59].

Грчката влада преку генералот Калегрис ја информирала владата во Париз за грчко-српските преговори. Францускиот министер Тувенел не бил премногу импресиониран од овие преговори[60]. Тоа значело дека една од големите сили дознала за преговорите за склучување договор за сојуз пред тој да биде склучен.

Односот на голем број Грци спрема Русија, особено по Кримската војна, се променил. Руските активности секогаш биле гледани со голем сомнеж. Атинската влада со голема загриженост ја следела работата на руските конзули низ балканските земји, кои требало да влезат во идната голема грчка држава. Грчкиот вицеконзул во Битола Валијанос отишол во Сјатиста и во Кожани, како и кон границите на Македонија со Епир и со Тесалија, со задача "повторно да го привлече населението кон грцизмот, кое како резултат на активностите на руските конзули Хитрово и Јонин почнало да се приклонува кон панславизмот"[61]. Тогаш почнале недоразбирањата помеѓу грчките и руските дипломати, кои ќе бидат карактеристични за подолг временски период, иако во некои кризни ситуации, во зависност од приближувањето на двете држави, недоразбирањата ќе бидат прикривани, но не и решени или заборавени.

По разгледувањето на конвенцијата и анализата на севкупните односи со Грција, српската влада решила да не ја потпише. Со цел да се зачуваат постојните односи, било решено на грчката влада да ѝ се предложи одложување на потпишувањето за извесно време[62]. Одложувајќи го потпишувањето на конвенцијата со Грција, Србија покажала дека не е подготвена да се заштити од еднострана грчка акција, а непотпишувањето на договорот требало да придонесе за одвраќање на Грција од претераните територијални барања[63]. Меѓутоа, тоа не значело дека Србите сакаат да ги прекинат контактите. Михаило на прославата на српскиот национален празник во ноември 1860 година презел тактички потег со цел да ја покаже својата приврзаност кон Грција. Тој пред странските дипломати, иако немало грчки претставник во Белград, носел само еден орден - грчкиот Орден на спасителот[64]. На Рениерис на 18 ноември 1861 година му била соопштена српската одлука за одложување на потпишувањето на договорот, на што грчкиот претставник не го криел своето изненадување. Српскиот пратеник Ј. Ристиќ, во согласност со неговата влада, на Рениерис му предложил наместо потпишување договор, да дојде до

[59] Σ. Θ. Λασκαρι, Διπλοματικη..., σ. 119.

[60] Љиљана Алексић, Став Француске према Србији за време друге владе кнеза Милоша и Михаила 1858 - 1868, Београд, 1957, с. 104

[61] Македонија през погледа на ..., т. I, док. 64, Закслl - Барон фон Браун, Битоля, 7 ноември 1861, с. 187.

[62] М. Миноски, Македонија.., с. 43.

[63] Дејвид Мекензи, Илија Гарашанин - државник и дипломата, Београд 1987, с. 316.

[64] Русия и българското... т. I. ч. 2, София 1987, док. 323, Лобанов-Ростовски - Горчаков, Цариград. 2 януари 1862,с. 194.

размена на ноти[65]. Рениерис ја известил владата во Атина за српскиот одговор и за најновиот предлог и чекал одговор. Грчката влада го прифатила српското објаснување за одложување на потпишувањето на договорот. Истовремено, на својот пратеник во Цариград атинската влада му наложила да разговара со Ристиќ за заеднички дејства во провинциите со мешано словенско и грчко население[66]. Ова се однесувало на приморскиот дел од Македонија. Исто така, грчката влада, преку Рениерис, предложила пот-пишување протокол меѓу Грција, Србија, Црна Гора и Романија како основа за издејствување на начелото на немешање на големите сили во источните работи. Ристиќ не се согласил да се водат преговори помеѓу балканските држави зашто не можело да се смета на зачувување на тајноста[67]. Србија, исто така, не се согласила и со грчкиот предлог за дипломатска акција во Париз, со вклучување на Црна Гора и на Романија[68]. Овој српски одговор предизвикал незадоволство кај грчкиот пратеник Палеолог, но преговорите не биле прекинати. Палеолог изјавил дека грчката страна го прифаќа образло-жението за одбивањето на договорот за сојуз, но дека поради забраната грчката влада да се повикува на Србија, нема ништо од заедничката работа[69].

Паралелно со обидите за постигнување договор со Србите, Грција ги продолжила дејствата на територијата на османлиската држава во насока на остварување на своите цели. При крајот на декември 1861 година во јужните делови на Македонија многу активни биле тајните грчки здруженија, кои ширеле гласини дека имаат соработка со Гарибалди[70]. Истовремено, грчките дипломати ги продолжиле судирите со своите руски колеги. Валијанос, грчкиот конзул во Битола, протестирал кај рускиот конзул Хитрово поради неговото залагање за Словените, на што овој одговорил дека Русија еднакво се грижела за сите православни христијани, без разлика дали тие биле Словени, Грци или Власи, но тоа не било доволно за грчкиот конзул[71].

Во Грција постепено се создавала атмосфера дека работите полека созреваат и дека наскоро може да се очекува востание во османлиските провинции што биле посетувани од разни грчки емисари. Грчката влада се обидела да ја убеди и владата во Белград за таквиот развој на ситуацијата. Нејзиниот претставник во Цариград Палеолог му рекол на својот српски колега дека работите во Грција и во околните провинции нагло созреваат и востанието напролет било сосема извесно, а тоа морало да ги загрижи двете страни, зашто можеле "да паднат во вртлог поради неподготвеноста"[72]. Во Тесалија се прошириле гласови дека некој грчки капетан собрал 1.000 луѓе и

---

[65] Србија и ослободилачки.., док. 193, Ј. Ристић - Ф. Христићу, Цариград, 6(18) ноевмбра 1861, с. 225.
[66] Исто, док. 194, А. Кондуриотис - М. Ренијерису, Атина 20 новембра( 2 децембра) 1861 ,с.226 - 228.
[67] Исто, док. 197, Ј. Ристић - Ф. Христићу, Цариград, новембра 1861, с. 229 - 300.
[68] М. Миноски, Македонија во.., с. 46.
[69] Исто.
[70] ДАРМ, м - 1050; Хитрово - Лобанову-Ростовскому, Битоля, 28 декабря 1861, АВПР, ф; Главний Архив, У - А2, г. 1861, д. 901.
[71] ДАРМ, м- 1050; Хитрово - Лобанову-Ростовскому, Битоля, 18 января 1862, АВПР, ф:Главний Архив, У - А2, г. 1862, д. 1416.
[72] Србија и ослободилачки.., док. 205, Ј. Ристић - И. Гарашанину, Цариград, 22 јануара( 3 фебруара) 1862, с. 245.

со нив ќе тргнел кон Црна Гора, а Грците забрзано се вооружувале и би можеле да дејствуваат против османлиската војска на границата[73]. Наскоро навистина ќе дојде до немири, меѓутоа не во османлиската држава туку во Грција, но тие сепак ќе предизвикаат загриженост за стабилноста на делови од Османлиското Царство.

Политичката ситуација во Грција сè повеќе се заостурвала. Тешките економски проблеми и нереализираните ветувања на Отон за територијално проширување негативно влијаеле врз популарноста на баварската династија. Некогашните приврзаници на Отон, во кој гледале надеж за остварување на "големата идеја", полека, но сигурно станувале негови непријатели. Отон се надевал дека може да ја зачува популарноста со успеси на надворешен план, но и тука не постигнал резултати, особено во преговорите со Србија. На внатрешен план, грчкиот крал не сакал да го почитува распоредот на силите на политичките групи во земјата. Иако од 1860 година антидинастичката група на Епаминонда Делигеоргис имала мнозинство во грчкото Собрание, кралот решил да ја зачува владата на Мијаулис[74]. Овој потег на Отон бил причина за уште поголемо незадоволство во Грција, кое кулминирало со воениот бунт во Навплион на 13 февруари 1862 година, кој го довел во прашање опстанокот на баварската династија. Отон, сепак, успеал да излезе на крај со бунтовниците, а од голема помош му бил министерот на војската Димитриос Боцарис[75]. Меѓутоа, востанието, иако било неуспешно, всушност значело почеток на крајот на баварската династија. Дури и рускиот конзул во Сира, по консултациите со својата амбасада во Атина, им дал азил на некои востанички водачи[76].

Востанието очекувано довело до ослабување на надворешно-политичката позиција на Грција. Затоа, грчката дипломатија пројавила активност со цел да не дојде до целосен прекин на преговорите со Србите. Грчкиот претставник во Цариград Палеолог му изјавил на Ристиќ дека настаните во Навплион нема да влијаат на заедничката работа. Според него, во Грција се дошло до заклучок дека проблемите во внатрешната политика може да бидат залечени со поактивна надворешна политика[77]. Тоа било сосема погрешно сфаќање, што многу брзо и ќе биде потврдено. Меѓутоа, "мегали-идејата" често била користена за такви цели, иако Отон требало да биде свесен дека надворешната политика не му помогнала да го избегне востанието. Палеолог го информирал Ристиќ дека некои комитети во Италија сакале да кренат востание во османлиската држава. Сепак, грчкиот дипломат не бил до крај искрен со својот српски собеседник. Имено, Отон извесно време одржувал контакти со Гарибалди. Претседателот на Јонскиот комитет Ломбардос, кој имал директна врска со грчкиот крал, преговарал за заедничко дејство со

[73] ДАРМ, м - 1050; Копия донесенія Кназю Лобанову-Ростовскому, 1 февраля 1862, АВПР, ф: Главний Архив, У-А2, г. 1862, д. 1184.
[74] Nicolas Svoronos, Histoire de la Grece moderne, Paris, 1953, p.66 - 68.
[75] Ε. Ι. Νικολαιδου, Δημιτριος Μ. Μπτσαρης..., σ. 408 – 409.
[76] Salvagos - Baker. Syra. 23 march 1862, despatches from…, p. 45.
[77] Србија и ослободилачки.., док. 207. Ј. Ристић - И Гарашанину, Цариград 12 (24) фебруара 1862. с. 247.

големиот италијански патриот[78]. Гарибалди требало да се истовари во Превеза, а Грција требало формално да биде неутрална, со тоа што од нејзината територија би биле вршени упади на чети на османлиската територија. Ломбардос за таа цел во Грција се поврзал и со Рениерис, но наскоро Отон престанал да контактира со Ломбардос. Јонскиот комитет почнал да соработува со некои кругови во Атина што биле против власта на Отон. Грчкиот крал се плашел од можното истоварување на Гарибалди, зашто сметал дека тоа е опасно за неговиот престол[79]. Тој негов страв не значел и откажување на Отон од користењето на името на Гарибалди во некои разговори со странските дипломати, но и во плановите што биле поврзани со остварувањето на грчките аспирации.

Нередите во Грција предизвикале загриженост кај османлиските власти, но и вриеж кај Грците во султановата држава. Како мерка на внимателност, Османлиите ги засилиле своите воени сили во Епир и во Тесалија[80]. Кон границата биле испратени искусни воени команданти, кои веќе имале водено воени операции против Грците. Нестабилната политичка и безбедносна ситуација во Грција имала одраз и меѓу прогрчките кругови во Битола[81], иако влијанието на овие кругови, но и сочувството кон Грција, биле намалени во споредба со претходниот период[82]. Властите биле загрижени да не дојде до немири на христијаните, без разлика на нивната народност. Тогаш се проширеле гласини за можен меѓусебен сојуз на Словените, Романците и на Грците[83]. Како доказ се користеле посетите на разните емисари на некои делови од Македонија, но и од Епир и Тесалија, со цел да се постигне обединување на христијаните, а емисарите соработувале и со некои кругови во Грција[84]. Османлиите, иако не дошло до поголеми немири, не престанале да внимаваат на ситуацијата во областите што граничеле со Грција. Чувството на некои кругови во Епир и во Тесалија дека немирите во Грција може да доведат до отфрлање на османлиската власт било потиснато со османлиските репресалии[85]. Меѓутоа, овие османлиски акции нема да помогнат, бидејќи ситуацијата на границата, но и во пограничните области, и понатаму ќе биде напната. Активностите на разните грчки здруженија продолжиле во текот на целата година, а тие биле поврзани, ако не со целата влада, тогаш со некои нејзини министри. Една од карактеристиките на грчките влади била и честата поврзаност на одделни нејзини членови со разни заговорнички кругови, што претставува т.н. приватна дипломатија.

---

[78] Documenti diplomatici italiani, Prima serie 1861 - 1870, Volume II, Roma, 1959, doc. 160, Maniani - Ratazzi, Atene, 6 marzo 1862, p. 201.
[79] Н. Данова, Националният.., с. 185 - 186.
[80] ДАРМ, м - 1050; Хитрово - Лобанову-Росовскому, Битоля, 14 февраля 1862, АВПР, ф: Главний Архив, У - А2, г. 1862, д. 1416.
[81] Македония през.., док. 71, Закcл - Барон Баум, Монастир, 6 март 1862.
[82] Документи и материяли за историята на българския народ, София, 1969,док 104, Хитрово - Игнатиев, Битоля, 1 март 1862, с. 126.
[83] ДАРМ, м - 1; Calvert - Russel, Monastir, 6[th] march 1862, FO 78/1678.
[84] Исто.
[85] ДАРМ, м - 99; Ricasoli - Ratazzi, Salonico, 10 marzo 1862, Archivo Storico Ministero degli Affari Esteri (понатаму ASMAE).

Во согласност со настојувањата за пренасочување на вниманието од проблемите во земјата, кои биле уште потешки по неуспешното востание во Нафплион, Отон ја засилува надворешнополитичката активност. Тој почнува да испраќа емисари во европските престолнини. Во Торино го испратил познатиот грчки интелектуалец Терцетис со цел да ги изложи неговите мислења за настаните во Ориентот, како и проектите поврзани со грчките намери за решавање на проблемите на Балканот[86]. Грците, несомнено, биле под големо влијание на настаните што довеле до италијанското обединување, сметајќи дека и тие можат да ја остварат "големата идеја" според примерот на Италијанците. Сепак, Италијанците во времето на борбата за обединување се стремеле за обединување на териториите што биле целосно италијански или пак со италијанско мнозинство. Грците, од своја страна, работеле на добивање територии што биле целосно или мнозинско грчки - Епир, Тесалија, Крит, егејските острови, но и земји каде што Грците биле во малцинство, а не во мнозинство - Македонија и Тракија[87]. Тоа не пречело на дворот и во грчкото Министерство за надворешни работи да владее уверување дека "големата идеја" ќе доживее успех и ќе го запали Истокот. Во таа насока повторно било употребено името на Гарибалди, бидејќи имало изјави дека грчкиот и италијанскиот крал, заедно со Гарибалди, ќе постигнеле добар договор, а со испраќање емисари во османлиската држава ќе биде постигнат успех[88].

Бранувањата на грчко-османлиската граница станувале сè посилни и имале влијание врз населението. Во Епир, тајните здруженија постојано набавувале средства за борба, а разни грчки капетани повторно се појавиле по Пинд и во Олимп[89]. Привржаниците на поранешното Казино, во овие моменти повторно се активирале за да го шират своето влијание меѓу населението. Тие биле поврзани и со некои прогрчки влашки елементи во Костурско, кои се вооружувале и "како што велат, готови се да се кренат на востание при првото известување за немири во Епир"[90].

Сонот за територијално проширување на Грција повеќе не бил тајна за никого. Странските дипломатски претставници во Атина не криеле во своите извештаи дека целата грчка нација била обземена од сонот Кралството Грција да ја опфати територијата што ја владеела Византија. Истовремено, преовладувала свеста дека Грција била немоќна самостојно да војува со османлиската држава, па затоа бил потребен сојуз со Словените[91]. Рениерис во

---

[86] Documenti diplomatici.... s. prima. V. II. doc. 261. Mamiani - Durando. Atene. 17 aprile 1862. p. 300.

[87] Британскиот историчар Даглас Декин, правејќи споредба помеѓу италијанскиот Рисорѓименто и грчката "мегали идеја", смета дека Грците биле мнозинство по линијата Јанина-Солун, а во Македонија тие, освен во најјужните крајбрежни области, можеле да се најдат само во градовите или во некои села расфрлени помеѓу словенската и муслиманската заедница. ( Douglas Dakin. The greek unification and italian risorgimento compared. Balkan Studies, v. 10/1. Thessaloniki. 1969. p. 3).

[88] Исто.doc. 295. Mamiani - Durando. Atene. 1 maggio 1862. p. 333.

[89] ДАРМ, м - 1050; Хитрово - Игнатиеву. Битоля, 10 мая 1862. АВПР. ф: Главний Архив. У - А2. г. 1862, д. 1184.

[90] ДАРМ, м - 1050: Хитрово - Лобанову-Ростовскому, Битоля, 7 юня 1862, АВПР, ф: Главний Архив. У-А2, г. 1862, д. 1416.

[91] Documenti diploatici.... s. prima. V. II. doc. 341. Mamiani - Durando. Atene. 22 maggio 1862. p. 370.

еден разговор со секретарот на италијанскиот крал Виторио Емануеле, Бенса, му ја искажал надежта на Отон дека врз основа на зближувањето на народите можело да се формира елинословенско кралство[92]. Ваквите желби на грчкиот крал и на владата, всушност, биле стремеж за остварување на "големата идеја", под плаштот за соработка на народите. Сојузот со Словените бил посакуван во насока на остварување на аспирациите, бидејќи на теренот грчките дипломатски претставници немале многу разбирање за тежнеењата на словенските народи. Грчкиот конзул во Битола Валијанос, во присуство на англискиот козул Калверт, отворено го присвојувал делот од словенското население што бил приврзан кон Патријаршијата и за тој свој став спорел со својот руски колега Хитрово[93].

Кралот Отон бил свесен за реалната сила на Грција и затоа сметал дека во тој момент добро би дошла поддршката од Италија и од Франција. За таа цел, во престолнините на овие две држави го испратил Димитриос Боцарис. Отон го известил италијанскиот крал дека Боцарис е човек кому тој целосно му верува и побарал италијанската страна да одреди човек што ќе разговара со неговиот пратеник за настаните во Ориентот и за помошта што би ја добила Грција за "ослободување на христијаните во Ориентот и за обединување на грчката раса во слободно и христијанско владеење"[94]. Цел на мисијата на грчкиот пратеник било да издејствува заем и топови. Боцарис успеал да ја добие италијанската поддршка, но таа повеќе била декларативна, бидејќи реално Торино не бил во состојба да даде таков вид помош. По Италија, Боцарис кон крајот на јули 1862 година го посетил Париз. Грчкиот пратеник ѝ предал на француската влада еден меморандум, во кој, меѓу другото, се барало: 1) Франција преку своите конзули да дејствува за грчко-албанска соработка; 2) на Кралството Грција да му се обезбедат потребните средства за водење војна; 3) по дипломатски пат да се влијае врз другите големи сили да го прифатат принципот на неинтервенирање, а доколку се интервенира, тоа да биде во корист на христијаните; 4) Грција да биде заштитена од секаков напад од османлиската држава за време на учеството на грчките доброволци во востанието на христијаните, односно до објавувањето на војната[95]. Франција не ги прифатила грчките барања изнесени во меморан-думот и сугерирала воздржување од секаква воена акција. Франција во тој момент, и покрај декларациите на Наполеон III за поддршка на народите што барале слобода и обединување, не била заинтересирана за отворање на источното прашање.

Во времето на посетата на Боцарис на Торино и Париз, во Белград дошло до заострување на односите помеѓу Србите и Османлиите, што кулминирало со бомбардирање на српската престолнина од османлискиот гарнизон во Белградската тврдина. Српскиот пратеник во Цариград побарал од својот грчки колега да го информира за ехото на белградските настани во Грција. Палеолог одговорил дека Грција ќе се покаже како достоен сојузник, но кога

[92] Исто,doc. 387, Mamiani - Durando, Atene, 5 guigno 1862, p. 413.
[93] ДАРМ, м -1; Calvert - Russel, Monastir, 21 june 1862, FO 78/1678.
[94] Documenti diplomatici..., s. proma, V. II, doc. 471, Ottone, Re di Grecia - Vittorio Emanuelle II, Atene, 3 luglio 1862, p. 486.
[95] С. Терзиќ, Србија и .., с. 109.

ќе биде тоа, сè уште не е познато[96]. Белград имал потреба од сојузник. Затоа српската влада го испратила во Атина банкарот Јован Кумануди, Грк по потекло, со цел да ги испита можностите за продолжување на преговорите и за грчка помош во врска со последните настани во Србија. Српскиот пратеник на 9 јули 1862 година пристигнал во Атина, каде што преку Манакис стапил во контакт со Рениерис, при што дознал за мисијата на Боцарис во Италија и во Франција. Кралот Отон на 18 јули го примил Кумануди и се интересирал за силата на српската војска[97]. Грчкиот суверен во разговорот го информирал српскиот пратеник дека неодамнешниот воен бунт ја заслабнал грчката воена сила, па затоа го пратил Боцарис во Торино и во Париз за да добие воена помош. Од разговорите со грчкиот крал и со Рениерис Кумануди се уверил дека Грците нема да одговорат на српските барања сè додека не ги видат резултатите од Цариградската конференција во врска со прашањето на српските градови, и додека не го добијат одговорот на Боцарис од Торино и од Париз[98]. Истовремено, грчката влада побарала од Србија одолжување на преговорите во Цариград за да добие време за воени подготовки.

Грчките востанички комитети и понатаму не ја прекинувале својата активност. Истовремено, никнувале и нови комитети, чија цел била иста како и на другите, но имало место и за соработка со негрчките народи на Балканот. Така во Атина бил формиран комитет, во кој членувале познати личности од јавниот живот во Грција - Д. Калифронас, С. Влахос, П. Калигас, Д. Филаретос, А. Суцос, Ј. Филимон и др[99]. На чело на овој комитет бил атинскиот митрополит Михаил, а по неговата смрт го наследил новиот митрополит Теофилос. Комитетот почнал да контактира со некои претставници на балканските народи, а Манакис на 21 јули 1862 година го информирал црногорскиот владетел Никола дека комитетот собира донации за Црна Гора и веќе биле обезбедени 20.000 драхми.

Нестабилната политичка ситуација во Грција довела и до послаба дисциплина во вооружените сили, кои ни претходно не можеле да се пофалат со некоја дисциплина. Тоа било искористено за навлегување на групи грчки војници на османлиска територија, што било координирано со некои заговорнички кругови од двете страни на границата. При крајот на јули 1862 година двајца грчки офицери заедно со својата единица дезертирале на османлиска територија, а причините за тоа во прво време не биле најјасни[100]. Набргу целите на дезертирањата почнале да стануваат појасни. Кон крајот на август истата година повторно пристигнувале дезертери од Грција и иако помал број од нив по разговорите со грчкиот конзул се вратиле на грчка територија, веќе немало "сомнение дека честите дезертирања на грчките

---

[96] Србија и ослободилачки... док. 216, Ј. Ристић - И. Гарашанину, Цариград, 9(21) јула 1862, с. 269 - 270.
[97] Г. Јакшић - В. Вучковић, Спољашна политика.., с. 127.
[98] Исто.
[99] E. Protopsaltis, Aide hellenique aux..., p. 11.
[100] Македония през.., док. 92, Закл - барон фон Прокеш Остен, Монастир, 7 август 1862, с. 235.

војници имале врска со грчката пропаганда во Тесалија, Македонија и во Епир"[101].

Кон крајот на август 1862 година владата на Колокотронис ја известила српската влада дека Грција не била подготвена за активно учество во војна и побарала одложување на почетокот на војната за следната година[102]. Настаните што ќе следуваат нема да овозможат поактивна политика на Грција на надворешен план, но "големата идеја" нема да биде запоставена и заборавена. Владите, кралевите и политичарите се менувале, но целите останувале исти.

### *2.2. Промена на династијата во Грција и нов курс во грчката надворешна политика*

Двете големи мани на тогашна Грција биле финансискиот неред и бандитизмот, кој во голема мера се должел на економските слабости на државата. Годините по Кримската војна биле проследени со рапидно опаѓање на популарноста на кралот Отон, а и тој се покажал недораснат на задачата да води една држава како Грција во тој период[103]. Сите луѓе од доверба на кралот биле поставувани на значајни позиции во државата, но ни тоа не довело до подобрување на рејтингот на монархот. Напротив, политичката ситуација во државата сè повеќе се усложнувала и било прашање на време кога ќе дојде до поголеми немири. На надворешен план Отон, и покрај сите обиди, не постигнал резултати. Иако донесен на престолот со благослов на трите сили-заштитнички, тој во овој период не можел да смета на поддршка на ниедна од нив, а со тоа ни на наклонетоста на највлијаелните грчки политичари[104]. Во октомври 1862 година на Пелопонез избиле немири, кои набргу се прошириле и во Атина. Отон се надевал дека можеби некоја од големите сили заради своите интереси ќе го поддржи во справувањето со востаниците, но тоа не се случило[105]. На 11 (23) октомври власта ја презела тројката - Константинос

---

[101] Исто, док. 94, Заксл - барон фон Прокеш Остен, Монастир, 4 септември 1862, с. 240.
[102] М. Миноски, Македонија во.., с. 49.
[103] R. W. Seton - Watson. The rise of nationality on the Balkan. London. 1917. p. 54.
[104] B. Jelavich, Russia, Bavaria.... p. 127.
[105] Андрей Пантев, Дестабилизацията на англо-руските противоречия в Европа 1856 - 1875, Годишник на Софийския университет "Климент Охридски", исторически факултет, т. 71(1977), София, 1981, с. 105.

Канарис, Димитриос Вулгарис и Венизелос Руфос, а веќе следниот ден Отон бил детронизиран и ја напуштил земјата. Со тоа му бил ставен крај на владеењето на баварската династија во Грција. Превратот не бил крвав, но затоа годината што му претходела на соборувањето на Отон била проследена со крвави пресметки. Соборувањето на Отон не решило ништо, а партиските недоразбирања не стивнале, туку и се засилиле, бидејќи секоја партија тежнеела да биде на власт во моментот кога ќе биде избран новиот крал[106]. Новите власти во Грција не успеале да го воспостават редот во земјата, а за тоа многу и не се дискутирало. Бандите профитирале од ново-настанатата состојба во земјата, а на неколку километри од Атина без-бедноста била многу слаба.

Грчката привремена влада во односите со Србија ја продолжила дотогашната политика. Владата во Белград била известена дека во војната на српското кнежевство со османлиската држава грчките сили, во границите на своите можности, ќе ја извршат својата обврска спрема Србија. Тоа за Белград значеше дека понатамошните преговори се беспредметни. Затоа на Кумануди, кој сè уште се наоѓал во Атина, му било наредено да се врати во Белград[107].

Прашањето за пополнување на грчкиот престол уште еднаш било причина за ново мешање на големите сили. Особен интерес за поставување свој кандидат на грчкиот престол покажале Англија и Русија. Англија ја следела политиката на новата привремена влада на Грција. Гледајќи шанса за да го зголеми своето влијание во Грција, Англија во текот на ноември 1862 година првпат покажала спремност да ѝ ги отстапи Јонските Острови на Грција. Тогаш грчкиот вршител на должноста во Лондон Харилаос Трикупис се сретнал со англискиот премиер Палмерстон, при што од англиска страна било предложено отстапување на Јонските Острови без Крф[108]. Тоа не му се допаднало на грчкиот дипломат, но сепак прашањето за припојување на островите кон Грција конечно било отворено, и тоа од Англија.

По превратот една од првите грижи на привремената влада бил изборот на пратениците за Собранието, кое требало да изработи нов устав. Било решено да се дозволи избор на пратеници од грчките трговски колонии, како и присуство на пратеници од општините што потекнувале од османлиската држава. Грчките државјани што живееле надвор од Грција гласале во грчките конзулати[109]. Такво гласање било одржано и во грчкиот конзулат во Солун. При гласањето, во кое се избирале тројца пратеници, дошло до нереди, кои биле предизвикани од влијанието на двете партии што имале свои интереси[110].

Настаните во Грција предизвикале загриженост во Цариград, бидејќи можело да биде загрозена безбедноста на османлиските области што граничеле со Грција, а тоа, впрочем, неретко се случувало и во претходниот период. Состојбата во Тесалија била релативно мирна, иако биле закажани

[106] С. Даневъ, Очеркъ на дипломтическата история на балканскитя държави. София, 1931, с. 51.
[107] М. Миноски, Македонија во .., с. 50.
[108] Σ. Θ. Λασκαρι, Διπλοματικη..., σ. 85 – 86.
[109] Н. Данова, Националният.., с. 213 - 214.
[110] ДАРМ, м- 99; Vra Elza - Durando. Salonico, 11 novembre 1862, ASMAE.

демонстрации во полза на Грција, кои не се одржале[111]. Загриженоста на локалните османлиски власти била зголемена и со пристигнувањето на еден грчки воен брод во Солун, но и од податоците што биле добивани од разузнавачката служба. Голем дел од младината во Грција бил наклонет кон "големата идеја", при што и личните врски со населението во Епир и во Тесалија не биле за потценување. Некои кругови во Атина и во моментите кога политичката состојба во Грција не била стабилна имале намери да предизвикаат судири во епирските планини и да се бранат сè додека не пристигне помош однадвор[112]. Ваквите активности ја принудиле Портата да побара помош од големите сили. Османлиската влада преку својот амбасадор во Париз побарала француската влада да се заложи состојбата во Грција да не прерасне во отворено непријателство спрема султановата држава.[113] Одговорот на француската влада бил задоволителен за османлискиот амбасадор. Тоа сепак не влијаело на грчкото однесување. Грците во Тесалија пред дипломатските претставници на Италија и на Франција отворено изјавувале дека се надеваат на нивната поддршка во остварувањето на националните аспирации, а во поглед на Англија чекале да видат каков став ќе биде заземен за можноста принцот Алфред, синот на британската кралица Викторија, да го пополни испразнетиот грчки престол[114].

Наметнувањето на кандидатурата на англискиот принц за нов грчки крал предизвикало задоволство кај добар дел од грчката јавност. Кандидатурата на Алфред нормално и со големо задоволство била поддржана од проанглиската партија во Грција на чело со Маврокордатос, кој сметал дека англискиот принц со себе ќе ги донесе под грчка власт Јонските Острови, а дека подоцна тоа ќе се случи и со Епир и Тесалија[115]. Сличен став имал и поголем дел од грчките политички кругови, кои сметале дека со англиски принц на грчкиот престол, Англија би била поналонета кон реализирање на грчките аспирации.

Активноста на приврзаниците на кандидатурата на Алфред за нов грчки крал се проширила и на османлиска територија. Грчката колонија во Солун, составена од државјани на грчкото кралство, предизвикувала интерес кај странските конзули во Солун, но и кај локалните власти. Оваа колонија испратила делегација во Атина за да ја поздрави новата привремена влада[116]. Приврзаниците на Алфред испратиле меморандум до англискиот конзул во Солун, во кој биле искажани целосна поддршка на кандидатурата на Алфред и негодување спрема османлиските власти, кои не дозволиле одржување демонстрации во Солун во корист на Алфред што би биле организирани од грчката колонија[117]. Османлиите, од друга страна, не го криеле своето жалење од можноста да видат англиски принц на грчкиот престол. Освен директното

[111] ДАРМ, м - 99; Vra Elza - Durando. Salonico. 18 novembre 1862. ASMAE.
[112] Documenti diplomatici.... s. prima. v. III. doc. 225. Mamiani - Durando. Atene. 22 novembre 1862. p. 178.
[113] ДАРМ, м -12; Cowley - Russel. Paris. 20 november 1862. FO 195/711.
[114] ДАРМ, м - 99; Vra Elza - Durando. Salonico. 26 Novembre1862. ASMAE.
[115] Documenti diplomatici.... s. prima. v. III. doc. 259. Mamiani - Pasolini. Atene. 19 dicembre 1862. p. 220.
[116] ДАРМ, м - 1; Wilkinson - Russel. Salonica. 12th december 1862. FO 78/1683.
[117] Исто.

обраќање до англискиот конзул, приврзаниците на кандидатурата на Алфред, кои всушност биле приврзаници на "големата идеја", растурале слични прокламации низ Епир, Македонија и Тесалија, во кои се повикувало да му се даде поддршка на англискиот принц, кој ќе им донесе слобода на христијаните во османлиската држава[118].

Популарноста на принцот Алфред во Грција била потврдена на референдумот одржан во декември 1862 година, кога грчките гласачи со 230.016 гласа се изјасниле во негова полза, наспроти 2.400-те гласа за војводата од Лојхтенберг, кој бил поддржуван од Русија[119]. Со тоа била покажана слабата позиција на Русија во Грција во споредба со таа на Англија, која за разлика од порано, во тоа време во очите на Грците била гледана како поддржувач на нивните аспирации. Ентузијазмот на Грците спрема Аглија и кандудатурата на Алфред за грчкиот престол бил намален со решението на кралицата Викторија нејзиниот син да не го заземе празниот престол во Атина. Оваа нејзина одлука сепак не го довела во прашање преовладувањето на англиското влијание во грчките политички кругови, а не само во рамките на проанглиската партија. Тоа било констатирано и од француската влада, која сметала дека Јонските Острови се голем адут во англиски раце[120]. Тоа било точно. Ставот на англиската кралица предизвикал разочарување кај приврзаниците на грчките кругови во Солун, кои ги откажале и планираните демонстрации[121]. Тоа донекаде придонело за смирување на страстите во пограничните области на Османлиската Империја.

Грчката војска по настаните во Нафплион и по соборувањето на Отон била во криза. Во 1863 година грчките вооружени сили изнесувале 8.651 војник[122]. Државата не била во можност да одвои поголеми средства за војската, која, пак, била раздрмана од постојаните судири со разбојниците и од внатрешното недоразбирање помеѓу офицерите. Со таква состојба во војската Грција не била во можност да изврши напад врз османлиската држава, но тоа не значи дека не била опасна. Иако четите што навлегувале во Тесалија или Епир често вршеле пљачкање во споменатите области, неретко тие биле користени и за активности поврзани со "големата идеја". Тие често доброволно им се предавале на грчките власти, а тоа од Портата било толкувано како доказ дека водачите на четите имале политички цели, кои грчката власт не можела да ги скрие[123]. Мислата за територијално проширување, особено за добивање на Тесалија и Епир - по мирен или по воен пат, била вкоренета во размислувањето на Грците, кои не избирале средства за да го остварат тоа. Повторно се појавиле грчки емисари за да го бунтуваат населението, а за посигурно реализирање на нивните намери Грците сакале да

[118] ДАРМ, м - 99; Vra Elza - Pasolini. Salonico. 15 decembre 1862. ASMAE.
[119] B. Jelavich, Russia, Bavaria.... p. 129.
[120] ДАРМ, м - 1572; Note sur les affaires de l'Orient. Paris. janvier 1863. AMAE. Turquie. v. 116. f. 195.
[121] ДАРМ, м - 99; Vra Elza - Pasolini. Salonico. 30 decembre 1862. ASMAE.
[122] Душан Берић, Проект Љубомира Ивановића из 1866 године о устанку хришћана у европској Турској, Зборник за историју, бр. 27. Матица српска, 1983, Нови Сад, с.156.
[123] Русия и българското... т. I. ч. 2. док. 372. Лаговский - Новиков. Салоники. 24 декября 1862 ( 15 января 1863), с. 296.

ги придобијат Албанците и Словените[124]. Кон средината на јануари 1863 година една грчка чета навлегла во Тесалија. Тоа од османлиска страна било сметано како мала инвазија поттикнувана од грчката влада, бидејќи водачот на четата бил капетан на грчката војска[125]. Многу Грци во Атина не верувале во ваквиот вид акции во тој момент. Повеќе надежи се полагале во можноста лордот Елиот да го искористи своето влијание и да ја убеди османлиската влада да ѝ ги отстапи Епир и Тесалија на Грција[126]. Споменатата можност не била реална, бидејќи Англија не сакала да го отвори источното прашање, до што неминовно би дошло со таквиот потег. Англија, не без причина, сакала на грчкиот престол да постави личност што ќе им одговара на нејзините интереси. Османлиите биле принудени да преземат дипломатски активности што ќе го објаснат нивниот став во поглед на состојбите во Епир и во Тесалија. Османлискиот министер за надворешни работи Фуад-паша му изјавил на рускиот амбасадор во Цариград Новиков дека припојувањето на Епир и Тесалија кон Грција немало да им донесе никаква полза на овие две области, бидејќи и Грција била сиромашна[127]. Покрај овие активности на теренот, Османлиите почнале да ги гонат сите оние што биле во некаква врска со Грција или биле грчки воспитаници. Најголемиот сомнеж бил насочен кон луѓето што се школувале во Атина, бидејќи, според османлиските власти, "природно било дел од нив да е приврзан кон идеите на земјата каде што се воспитани и да ги распространуваат тие погледи помеѓу своите сонародници"[128]. Во Битола биле уапсени браќата Тома, Петро и Стефан Тано, Власи од Магарево - тогашен центар за ширење на прогрчките идеи во тој дел од Македонија, поради поседување сомнителна грчка литература[129]. Слични акции биле изведени и во неколку други христијански куќи и во грчкото јавно училиште, но без значајни резултати. Исто така, била проверувана содржината на писмата што доаѓале од Грција, а врз основа на содржината биле вршени апсења. Овие активности довеле до протести на грчкиот конзул во Битола[130]. Преземените османлиски акции не дале резултати, но доволно зборуваат за недовербата што ја имале Османлиите спрема Грците.

Грчките конзули во Македонија, и покрај честите недоразбирања со османлиските власти, не се воздржувале да ги обвинуваат пред нив македонските преродбеници, кои ги сметале за опасни за грчките интереси. Во февруари 1863 година Ѓорѓи Динката бил уапсен поради обвинување пред османлиските власти од грчкиот конзул во Солун, Атанасиос Маталас, дека бил руски агент и панславист[131]. Претходно грчкиот агент во Серез телеграфирал во Солун дека е неопходно Динката да биде задржан како распро-

---

[124] Исто.
[125] ДАРМ, м - 99; Vra Elza - Pasolini, Salonico, 20 gennaio 1863, ASMAE.
[126] Исто.
[127] Русия и българското.., т. I, ч. 2, док 376, Новиков - Горчакову, Цариград, 29 января 1863, с. 317.
[128] Македония през.., док. 105, Закл - Барон Прокеш, 11 декември 1862, с. 269 - 270.
[129] Британски документи за историјата на македонскиот народ , т. IV, 1857-1885, Скопје, 2003, док. 23, Битола, 15 февруари 1863, с. 154-155.
[130] ДАРМ, м - 1; Calvert - Bulwer, Monastir, 28th march 1863, FO 78/1764.
[131] Х. Андоновски, Семејството Држиловци.., с. 430.

странувач на идеи што не биле во полза на грчките интереси[132]. Можеби причините за клеветите на грчкиот конзул, меѓу другото, лежеле и во фактот што печатницата на чичкото на Ѓорѓи, Кирјак, која печатела книги на грчки јазик, по совет на Партениј Зографски отворила и словенски оддел, што предизвикало грчки реакции[133].

Настаните што следувале по паѓањето на Отон предизвикале внимание во Србија. Затоа, пред самиот избор на новиот грчки крал, српската влада решила да го испрати во Атина Георги Раковски за да ја испита сос-тојбата и можноста за заедничка акција против османлиската држава[134]. Кон средината на март тој тргнал за Атина со пасош на име Пападопулос. Тој во грчката престолнина се сретнал со Анастасиос Манакис. Преку него Раковски стапил во контакт со позначајните политички дејци во Грција од по-зицијата, но и од опозицијата - Вулгарис, Кумундурос и со воените коман-данти Коронеос и Леонтијакас[135]. Врз основа на разговорите и на тоа што го видел, Раковски заклучил дека мнозинството Грци стоеле зад политиката на проанглиската влада на Вулгарис. Според тогашниот став на грчките политичари, иднината на Грција можела да се изгради само во сојуз со Англија за борба против панславистите, иако помеѓу бегалците од Епир и од Тесалија што живееле во Атина преовладувало антианглиското ра-сположение. Раковски во Атина се сретнал и со рускиот амбасадор во Грција Блудов, од кој исто така добил потврда за своите согледувања дека политичката ситуација во Грција не била поволна за водење преговори за заедничко дејство против Османлиската Империја[136]. Раковски бил зачуден од фактот дека во грчкото Народно собрание имало самоповикани претставници од разни места - од Тракија, Македонија, Бугарија, Албанија и од позна-чајните места во Србија и во Романија, дури и од Абисинија[137]. За него бил неприфатлив принципот - секој православен е Грк. Мисијата на Раковски била со внимание следена од османлиската влада, според која српскиот пра-теник требало да предложи идеја за грчко-словенска федерација, но Грците тешко би го прифатиле тој предлог, зашто остварувањето на "големата идеја" требало да им го донесе лавовскиот дел[138]. Раковски разочаран ја на-пуштил Атина. По неговото заминување, Марко Балабанов требало да го информира српскиот кнез Михаило за политичкиот живот во Грција[139].

Прашањето на пополнувањето на испразнетиот грчки трон било ре-шено со номинацијата на данскиот принц Вилијам Адолф Георг, син на данскиот престолонаследник Кристијан, во текот на април 1863 година. Приврзаниците на "големата идеја" во Тесалија и во јужните делови на при-морска Македонија биле задоволни по објавувањето на веста дека данскиот

[132] Русия и българското.., т. I, ч. 2, док. 384, Лаговский - Новиков, Солун, 18 марта 1863, с. 334.
[133] Х. Андоновски, Семејството Државовци.., с. 424-425.
[134] Г. Јакшић - В. Вучковић, Спољна политика.., с. 177.
[135] В. Трайков, Раковски и балканските народи, София, 1971, с. 361 - 362.
[136] Н. В. Зуева и Е. М. Шатехина, Из истории балканской политики Росии 1856 - 1867, Балканские народы и европейские pravitelwstva в XVIII и начале XX века, Москва 1982, с. 158.
[137] В. Трайков, Раковски и балканските.., с. 382.
[138] Русия и българското.., т. I, ч. 2, док. 382, Новиков - Блудов, Цариград, 30 май 1863, с. 353.
[139] Н. Данова, Марко Д. Балабанов и гърцкия.., с. 66.

принц Георг наскоро ќе биде прогласен за грчки крал[140]. Нивните надежи за анексија на Епир и на Тесалија по оваа вест биле зголемени, бидејќи сметале дека новиот крал ќе биде под англиско влијание[141]. Конечно, со договорот склучен во Лондон на 13 јули 1863 година данскиот принц Георг станал нов грчки крал под името Георгиос I. Новиот крал ја носел титулата крал на Грците[142]. Оваа титула ги отелотворува аспирациите на Грците за инкорпорирање на териториите, кон кои Грција имала аспирации. Затоа не било никакво изненадување што Османлиите биле загрижени од титулата на новиот грчки крал, која се разликувала од онаа на поранешниот суверен Отон - крал на Грција. Поради тоа Портата се жалела пред големите сили дека новата титула имплицира легитимност на грчкиот монарх како крал на сите Грци, вклучувајќи ги и оние што биле под власта на султанот[143]. Беше потребно да се изнајде ново решение за титулата на грчкиот монарх. Компромисот бил најден во називот крал на Хелените, кој бил задоволителен и за големите сили и за султанот, а Грците тоа морале да го прифатат.

Промената на династијата во Грција, со англиска помош, означува запазување на принципите на конституционалната монархија на внатрешен, а на надворешен план - откажување, за извесен период, од непријателските дејства спрема османлиската држава и одржување на добрососедски односи со неа[144]. Таа политика била во насока на зачувување на интересите на трго-вскиот капитал, кој бил поврзан со стопанската активност на Грците во османлиската држава од една, и со британскиот капитал, од друга страна. Тоа значело и посилно поврзување на Грција со британската политика, рас-палување на антисловенската психоза и спротивставување на елинизмот со панславизмот. Почнало позасилено да се размислува за побрзо погрчување на негрчките народи во османлиската држава, со цел териториите што биле посакувани полесно да бидат припоени[145].

Грчкиот конзул во Солун Маталас повторно го обвинил Ѓорѓи Динката пред османлиските власти дека вршел клевета, по што овој вторпат бил уапсен, но набрзо бил ослободен[146]. Османлиските власти по ова побарале Маталас да биде заменет, што грчките власти набрзо го сториле.

Наведените активности преидзвикале загриженост во Атина и реакција на грчката влада. Така грчкиот министер за просвета, Николопулос, во септември 1863 година се обратил до сите професори и интелектуалци во Грција со барање да подготват еден план за заштита на грчкиот јазик во земјите каде што тој бил загрозен[147]. За разлика од порано, Атина сега почнала да прави планови, кои биле пореални и главна цел било распространување на грчкиот јазик во Тракија и во Македонија, за што бил формиран и посебен

[140] ДАРМ, м - 99; Vra Elza - Venostra. Salonico. 18 aprile 1863. ASMAE.
[141] ДАРМ, м - 90; Poncharra - Drouyn de Lhuys, Salonique, 12 avril 1863. AMAE, Larisse, v. 3, f. 110 -111.
[142] E. S. Forster, A short history..., p. 20.
[143] H. Psomiades, The Eastern question..., p. 19.
[144] Н. Данова, Марко Д. Балабанов и гръцкият.., с. 66.
[145] Архив Г. С. Раковски, 4, док. 138, М. Балабанов - Раковски, Атина, 24 август 1863, с. 176.
[146] Документи за българското възраждане от Архивата на Стефан И. Веркович, София 1967, док. 40, с. 67.
[147] С. Радев, Македония и българското.., ч. 3, София,1928, с. 361.

Македонски фонд во грчкиот државен буџет[148]. Наместо да бидат послушани советите на цариградските Грци дејството да се прошири не само на Балканот, туку и на целиот Исток , атинските професори му понудиле на Никопулос пореален план. Според нив, главното внимание требало да им се посвети на Македонија и на Тракија, а другите области да се оставаат[149]. За да се засили елинизмот во овие две области, било решено да се помогнат друш-твата што тогаш биле формирани со цел да се поддржи грчкото образование. Во Грција, исто така, престојувале 40 млади луѓе од Македонија, кои биле подготвувани да станат учители во својата земја. На 26 септември 1863 година во Атина бил основан пансион, во кој ќе бидат сместени младинци од Маке-донија и од Тракија на владина сметка[150].

Новиот грчки крал Георгиос на 30 октомври 1863 година пристигнал во Атина, каде што свечено бил прогласен за крал на Хелените - Георгиос I[151]. Новоустоличениот грчки монарх како подарок со себе ги донел Јонските Острови. Со тоа Англија конечно го повратила своето силно влијание во Грција, кое со Кримската војна било сведено на минимум[152]. На 14 ноември 1863 година во Лондон бил склучен договор, со кој Грција ги добива Јонските Острови, а тоа било сторено со согласност на Австрија, Франција, Прусија и на Русија[153]. Иако со договорот, според членот 2, Грција на островот можела да стационира онолку војници и бродови колку што биле потребни за одржување на редот и за собирање на даноците, сепак првиот чекор кон територијалното проширување бил направен. Тоа придонело да се засили верувањето на грчките националисти дека брзо може да дојде и до добивање на други територии, овојпат во рамките на османлиската држава. Меѓу про-грчките кругови во пограничните области на соседната држава почнале да се шират гласини дека Георгиос добил англиска поддршка за добивање на Епир и на Тесалија[154].

Грчките политички кругови кон крајот на 1863 година биле загрижени од будењето на балканските Словени, со што, според нив, биле загрозени позициите на грцизмот во Османлиската Империја. Порано словенското население, особено селаните, иако го задржале својот јазик и обичаите, под влијание на повисоките слоеви и црковниот клер надежите за подобрување на положбата ги гледало во Грција, но настаните во Бугарија, Србија и во Црна Гора оставиле силен впечаток[155]. Во Грција од многу страни почнало да се говори дека "големата идеја' била во опасност. Пратеникот Јалемос во Народното собрание отворено говорел дека настаните во Македонија и во Тракија ја загрозуваат "иднината на татковината и се издига една непроодна

[148] П. Ников, Българското.., с. 182.
[149] Т. Ст. Бурмовъ, Българо - гърцката... с. 275.
[150] Архив Г. С. Раковски, ч. 4, док. 148, Балабанов - Раковски, Атина, 28 септември 1863, с. 190 - 191.
[151] Henry Canfield - Seward, Athens, 20th november 1863, Despatches from...., p. 49.
[152] R. W. Seton - Watson, The rise of nationality...., p. 55.
[153] ДАРМ, м - 28; Analysis by Lord Tenderden of the Correspondance relating to the greek frontier 1832 - 1881, FO 195/1341.
[154] ДАРМ, м - 99; Vra Elza - Venosta, Salonico, 15 decembre 1863, ASMAE.
[155] Документи и материјали.., док. 113, Хитрово - Новиков, Битоля, 16 януари 1864, с. 137.

препрека за напредокот и големината на цивилизаторскиот елинизам"[156]. Министерот за надворешни работи на Грција во Парламентот бил прашан какви мерки преземала грчката влада за да го спречи напредокот на панславизмот во Македонија и во Тракија[157]. Посочените внатрешни притисоци постојано ја потсетувале грчката влада и во иднина да праќа добро подготвени дипломати во османлиските области, кон кои Грција имала аспирации, а каде што елинизмот бил загрозен. Нема сомнение дека и без притисоци, која било грчка влада немала да ги запостави националните интереси.

Завршувањето на кризата во Грција било сигнал за Белград да преземе одредени чекори во Атина. Српската влада, иако свесна за новиот курс во грчката надворешна политика, сакала да ги обнови контактите со атинските политичари. Јован Ристиќ, на пример, сакал да посредува во грчко-романскиот спор во врска со имотот на манастирите во Романија и ги понудил своите услуги за медијација на двете страни, но многу брзо се откажал од својата намера, стравувајќи од можноста да се замери со Грците[158]. По ова грчко-српските контакти биле замрзнати до крајот на годината.

Во согласност со договорот за добивање на Јонските Острови, на 2 јули 1864 година островите и официјално потпаднале под грчка јурисдикција, а два дена подоцна грчката војска пристигнала на новодобиената територија[159]. Речиси истовремено бил изгласан новиот грчки Устав, со кој Парламентот, наместо дводомен, станал еднодомен, а се здобил и со законодавна иницијатива[160]. Православната црква на Јонските Острови се присоединила кон Грчката автокефална црква.

Кон крајот на 1864 година Гарашанин преку рускиот конзул во Јанина, Јонин, се обидел да ги оживее контактите со политичките кругови во Грција, кои од српска страна биле сметани како пријателски. Јонин му советувал на српскиот политичар да воспостави односи со оние кругови во Атина, со кои можело да се соработува[161]. Гарашанин во почетокот на 1865 година се обратил до Рениерис во врска со можноста за соработка, но одговорот бил негативен.

Во почетокот на јануари 1865 година Грција наименувала нов конзул во Солун. Тоа бил цариградскиот адвокат Милисис[162]. Назначувањето на османлиски поданик за грчки конзул во Солун претставувало прекршување на грчко-османлискиот договор од 1855 година, но немало реакции од страна на османлиските власти. Трендот на грчко-османлиските добри односи бил потврден и на 8 април 1865 година со актот за признавање од страна на Портата на припојувањето на Јонските Острови кон Грција [163]. Со добивањето на

---

[156] С. Радев, Македония и българското.., ч. 3, с. 362.
[157] Архив Г. С. Раковски, ч. 4, док. 155, Балабанов - Раковски, Атина, януари 1864, с. 210.
[158] Г. Јакшић - В. Вучковић, Спољна политика.., с. 205.
[159] York - secretary of state, Zante, 6th june 1864, Despatches from…, p. 273.
[160] Международные отношения.., 1856 - 1878, с. 204; С. Даневъ, Очеркъ.., с. 51.
[161] Г. Јакшић - В. Вучковић, Спољна политика.., с. 204.
[162] ДАРМ, м - 89; Poncharra - Drouyn de Lhuys, Salonique, 20 janvier 1865, AMAE, Salonique, Correspondance commerciale, t. 25, f. 165.
[163] Σ. Θ. Λασκαρι, Διπλοματικη..., σ. 110.

Јонските Острови и со претходното устоличување на данскиот принц на грчкиот престол Грција за извесен временски период ги напушта агресивните ативности против османлиската држава. Причина за тоа бил и ставот на новиот грчки крал дека имал намера од Грција да направи кралство, кое ќе биде модел за Истокот[164]. Тоа значело дека ќе има застој во плановите за ширење на Грција, но нема да има нивен прекин. Ставот на новиот грчки крал нема да може да издржи подолг период, бидејќи сите позначајни политички личности или групации во земјата биле задоени со мислата за територијално проширена грчка држава.

Грција испраќала способни дипломатски претставници во османлиската држава, но и поранешните дипломати по враќањето од службата добивале значајни места во грчкиот политички живот, што на некој начин е потврда за нивната способност. На први јули 1865 година во Битола пристигнал новонаименуваниот грчки конзул Вангелиос Антипас, а неговиот претходник Валијанос, кој подолго време бил отсутен, бил избран за пратеник од островот Санторини и бил назначен за потпретседател на грчкото Собра-ние[165]. Антипас уште од самиот почеток на својата служба се ангажирал во правец на заштита на грчките интереси на штета на локалното македонско население. Тој воспоставил добри односи со локалните османлиски власти, како и со прогрчките кругови во регионот. Грчкиот конзул, заедно со некои гркомани од Битола помогнати од драгоманот на пашата, во текот на октомври 1865 година успеал да го попречи отворањето на едно словенско училиште во градот[166]. Сепак, и покрај соработката во полза на грчките инте-реси, постоеле и повремени недоразбирања помеѓу конзулот и битолскиот митрополит. Една интервенција на Антипас во полза на ослободувањето на Јани Арванитојанис, со помош на грчката амбасада во Цариград, довела до мало недоразбирање со битолскиот митрополит Венедик, бидејќи Арванитојанис бил познат како предводник на група што била против митрополитот. Зад залагањето на Антипас за ослободување на Арванитојанис се криела друга работа. Грчкиот државјанин бил поврзан со Папа Петро и Темелко, кои биле осудени поради нивната конспирација против османлиските власти[167]. Поврзаноста на Арванитојанис со заговорниците најверојатно била причина за ангажирањето на грчкот конзул и помошта од грчката амбасада во Цариград.

Грција, поточно грчката влада, сакала да ги зачува добрите односи со Портата, меѓу другото сметајќи и на нејзина поддршка во борбата со сè посилните движења за еманципација на балканските Словени. И покрај тоа, во Грција постоеле силни кругови, кои не биле расположени за при-ближување со османлиската држава. Некои претставници на овие групи се залагале и за соработка со Словените, пред сè со Србите, со цел полесно да се реализира "големата идеја", без да се доведат во прашање аспирациите на Грците. Еден од нив бил Александрос Кумундурос, кој во почетокот на јануари 1866 година

---

[164] Driault et l'Heritier, Histoire diplomatique..., p. 94.
[165] ДАРМ, м - 1; Calvert - Russel. Monastir. 8th july 1865, FO 78/1879.
[166] Русия и българското.., т. II, док. 104, якубовски - Игнатиев. Битоля, 23 октября 1865, с. 218.
[167] ДАРМ, м - 2; Calvert - Russel. Monastir. 25th october 1865. FO 78/1879.

не криел дека е заинтересиран за соработка со Србија. Тоа му било пренесено и на српскиот пратеник во Цариград Ристиќ преку грчкиот конзул на Крит Сакопулос[168]. Наскоро овие политички групи во Грција ќе имаат шанса посилно да влијаат врз грчката надворешна политика.

### *2.3. Критското востание и неговото влијание врз грчката надворешна политика*

Политиката на грчката влада за одржување добри односи со својот северен сосед, освен во трговските кругови, немала поголема поддршка кај населението, кое соочено со економски проблеми, како и порано едвај чекало да дојде до криза во односите со османлиската држава за да почне да формира чети што ќе навлегуваат на север. Настаните од 11 февруари 1866 година во Романија и соборувањето на кнезот Куза предизвикале големо внимание во Грција. Вестите што пристигнувале за случувањата во Романија ги зголемиле надежите на сите што сакале остварување на "големата идеја" дека наскоро може да дојде до состојби што би оделе во прилог на остварувањето на плановите за територијално проширување, а поактивен станал и стариот Комитет на светата борба на чело со Канарис, кој уште од времето на Отон имал разгрането мрежа на комитети во областите на османлиската држава, кон кои Грција имала аспирации[169]. Генералот Мавромихалис заминал на Крф за да се состане со некои приврзаници на Атинскиот комитет во насока на понатамошното дејствување.

Грчките етерии станувале сè поактивни и на територијата на Османлиското Царство. Тие растурале разни прогласи, во кои ги повикувале христијаните на борба за ослободување, а било нагласено дека Грција направила договор со Србија и со Црна Гора[170]. Овој вид активности бил доволен за османлиски протести. Османлискиот амбасадор во Атина го посетил грчкиот крал за да го извести дека Портата имала информации за поддршка на некои кругови на грчката влада на приврзаниците на "Македонското друштво"[171]. Кралот одговорил дека неговата влада била заинтересирана за добрососедски односи со својот сосед, а не за нешто спротивно на тоа[172]. Георгиос немал што друго и да одговори. Сепак, на теренот Грците ќе се соочат со нешто што не одело во полза на аспирациите. Одзивот на пропагандата на грчките здруженија во Солун бил многу слаб. Населението немало доверба кон прокламациите и зборовите на приврзаниците на

---

[168] Г. Јакшић - В. Вучковић, Спољна политика.., с. 247.

[169] ДАРМ, м - 100; - La Marmora, Atene, 17 marzo 1866, ASMAE.

[170] Писма Илије Гарашанина Јовану Мариновићу, књ. 2, Београд, 1931, док. 207, Београд, 26 марта 1866, с. 142.

[171] За жал, не располагаме со податоци што би дале повеќе информации и би ја откриле активноста на споменатиот комитет.

[172] Србија и ослободилачки.., док. 249, Ристић - Гарашанину, Цариград, 17(25) априла 1866, с. 402 - 403.

"големата идеја"[173]. Османлиските агенти во Грција со големо внимание ги следеле активностите на разните здруженија во Атина и за тоа ја известувале Портата. Оваа, од своја страна, исто така не седела со скрстени раце. Како мерка на претпазливост кон грчката граница биле испратени четири баталјони османлиска војска[174].

Напоменавме дека во Грција постоеле и политички кругови што биле заинтересирани за соработка со другите балкански народи, како можност за остварување на грчките аспирации. Токму тие ги обновиле контактите со Србите. Марко Рениерис стапил во контакт со Ристиќ со цел да го запознае со новата ситуација. Рениерис го известил српскиот пратеник дека во Епир нешто се подготвувало, но кралот и владата не сакале да поддржат акција против османлиската држава и затоа предложил да се разговара за акција без владата во Атина, но тоа било отфрлено од српска страна[175].

Активноста на комитетите во Атина со текот на времето сѐ повеќе се засилувала, а исто така некои нивни членови планирале и се обидувале да изведат акции на своја рака. Леонидас Вулгарис, заедно со некои негови истомисленици, формирал чети што требало да бидат уфрлени во Епир, Тесалија и во Македонија. Покрај него, на чело на четите биле поставени Петрос Влахија и капетанот Манолис[176]. Вулгарис со група свои приврзаници тргнал кон грчко-османлиската граница, а потоа кон грчкиот брег, од каде што се упатил кон Халкидик, каде што сакал да крене востание. Османлискиот амбасадор во Атина со големо внимание ги следел активностите на Вулгарис и постојано ја информирал Портата[177]. Како резултат на информациите од својот амбасадор во Грција, османлиската влада упатила воени бродови во близината на Халкидик со цел да го спречи можното истоварување на Вулгарис на полуостровот. Во почетокот на мај 1866 година Вулгарис со група од 32 бунтовници се истоварил на Халкидик, во близината на Сикија, но групата многу брзо била заробена[178]. Ваквиот исход од акцијата бил разочарувачки за некои кругови во Атина. Меѓутоа, тоа можело и да се очекува. Грчкиот конзул во Солун воопшто не интервенирал во полза на Вулгарис. Однесувањето на грчкиот дипломатски претставник во Солун можеби било изненадувачко, но тоа се должело на несогласувањето на владата во Атина со оваа акција. Владата во Атина официјално не знаела дали Вулгарис заминал во Тесалија или во Македонија[179], но тајно грчкиот министер Валаоритис го информирал османлискиот претставник во Атина за целта на акцијата[180]. Со ова грчката влада само ја потврдила ориентацијата на

---

[173] Н. Данова, Националният.., с. 224.
[174] Писма Илије Гарашанина... док. 216. Београд, 27 априла 1866. с. 168.
[175] Србија и ослободилачки.., док. 253, J. Ристић - И. Гарашанину, Цариград, 26 априла (8 маја) 1866. с. 410.
[176] Надя Данова, Критското востание през 1866 - 1869 и българската общественост, Исторически преглед XXVII/6, София 1971, с. 42.
[177] ДАРМ, м - 100; - La Marmora. Atene. 28 aprile 1866. ASMAE.
[178] ДАРМ, м - 99; Fernandez - legazione di Atena. Salonico. 13 maggio 1866. ASMAE.
[179] ДАРМ, м - 100: La Marmora. Atena. 5 maggio 1866. ASMAE.
[180] Ристо Поплазаров, Ослободителните вооружени борби на македонскиот народ во периодот 1850 - 1878. Скопје, 1978, с. 168. Μακεδονια..., σ. 451.

поблиски односи со својот сосед, а несомнено тоа го правела под силно англиско влијание. Заробениот Вулгарис бил доведен во Солун, каде што го посетиле странските дипломатски претставници. Во разговорот со нив Вулгарис изјавил дека неговата намера била да го крене населението на востание, а за овој негов потфат грчката влада не била информирана[181]. Вулгарис бил испратен во Цариград, каде што бил ослободен по интервенција на рускиот амбасадор Игнатиев.

Во источниот Медитеран, за среќа на оние кругови во Атина што се залагале за поцврст став спрема Портата, ситуацијата започнала да се комплицира. Имено, во текот на април дошло до заострување на состојбата на Крит, кога претставниците на локалното население побарале реформи. Овој настан бил доволен сигнал за некои кругови во Атина да започнат поза-силено да дејствуваат. Настаните на Крит придонеле да се обноват и грчко-српските контакти. Грчкиот претставник во Цариград се сретнал со својот српски колега со цел да ги разгледаат можните опции. Делијанис истовремено добил наредба од кралот да им предаде на претставниците на големите сили еден мемоар. Целта на овој мемоар било сондирање на ставовите на големите сили за можен грчко-османлиски конфликт[182]. Францускиот амбасадор во Цариград Мустије воопшто не го погледнал мемоарот, а неговиот англиски колега му рекол на Делијанис да ја информира својата влада да стапи во контакт со англискиот амбасадор во Атина, иако ги разбира причините зошто Грција не би можела да остане по страна во случај на христијанско востание[183]. Делијанис имал повеќе среќа во разговорот со рускиот амбасадор Игнатиев, кој го советувал Грција да не оди на директен конфликт со османлиската држава, туку да работи на спогодба со Србите и со Албанците. Рускиот дипломат го советувал Делијанис Грција да испрати човек во Белград, грчката емиграција да набави оружје и да почнат преговори со српскиот претставник во османлиската престолнина.

На 27 мај 1866 година една делегација на критски Грци пристигнала во Атина за да побара припојување на островот кон Грција[184]. Тие се сретнале со грчкиот крал Георгиос, кој ги советувал на воздржаност. Георгиос, освен на критските Грци, својот став за воздржаност морал да им го објаснува и на домашните политичари. Во тој правец, на својот министер за надворешни работи му велел дека Грција со лојалност и трпливост би добила многу повеќе отколку со непријателски активности. Неговиот став делумно се должел и на сондажата на расположението на претставниците на големите сили во Цариград направена од грчкиот амбасадор во османлиската престолнина. Исто така, ја знаел и реалната сила на грчката војска, која во тие моменти имала 7730 војници, 20 полски и 7 брдски артилериски орудија[185]. Со таа сила грчката армија секако не можела да ја победи османлиската војска.

---

[181] ДАРМ, м - 2; Wilkinson - Layons, Salonica, 14th may 1866, FO 78/1939.

[182] Ирена Сенкевич, Россия и Критское востание, Москва, 1970, с. 39.

[183] Србија и ослободилачки.., док. 260, Ј. Ристић - И. Гарашанину, Цариград, 17(29) маја 1866, с. 419.

[184] Henri de Mannenville, La Mission de M. de Gobineaue en Grece, Revue d'histoire diplomattique, t. 41, n. 2, Paris, 1927, p. 132.

[185] Σ. Θ. Λασκαρι, Διπλοματικη..., σ. 118.

Во моментите кога се заостувала Критската криза, Грција решила да го испрати во Цариград Антонопулос, поранешниот прв секретар на грчкото пратеништво во Цариград[186]. Грците сметале дека Антонопулос бил прифатлив за Србите и можел да ја има нивната доверба. Разговорите помеѓу Антонопулос и Ристиќ траеле речиси еден месец. На крајот двајцата успеале да се договорат за: 1) Кумундурос да дојде на власт; 2) да се прифати теренот од 1861 година и двете страни да се подготвуваат; 3) двете страни да ги подготват народите во османлиската држава, особено Албанците; 4) да не се употребува дипломатијата, а ако се јави потреба од европска помош, двете страни дополнително да се договорат; 5) доколку биде добиен предлог од Италија, тој да биде испитан и да се внимава Италија да не предизвика предвремено востание; 6) двете страни да спречат какво и да е предвремено востание; 7) денот на востанието да биде договорен помеѓу двете страни; 8) Албанците први да се кренат на востание, следени од грчки и српски доброволци, а по нив заедно да влезат во војна Грција и Србија; 9) пред започнувањето на востанието да се потпише формална конвенција; 10) воените прашања да бидат разгледувани од по еден грчки и еден српски офицер; 11) доколку на запад не започне војна, преговорите да се продолжат, зашто незапочнувањето на војната би го одложила востанието и целите би биле променети; 12) Грците да остават доверлив човек во нивното претставништво во Цариград заради преговори со Ристиќ[187]. Српскиот претставник го известил Гарашанин, кој по анализата на заклучоците ги прифатил, со тоа што советувал да се избегнуваат конкретни обврски сè до моментот кога кралот ќе ја прифател спогодбата[188]. Србите не сакале да влегуваат во спогодба со Грците, плашејќи се од честите промени на владите во Грција. Тие во грчкиот крал гледале гарант за исполнување на можниот договор. Настаните во Грција од јуни 1866 година го потврдиле ставот на Гарашанин.

Во текот на јуни во Грција повторно избила владина криза. По падот на владата на Руфос, кралот ги замолил Кумундурос и Делигеоргис да формираат влада, по што овие двајца започнале преговори, кои поради различните ставови бргу пропаднале, а една од причините било несогласувањето на Делигеоргис со преговорите, кои Антонопулос во името на Трикупис и Кумундурос ги водел со српскиот пратеник во Цариград[189]. По ова кралот му го доверил мандатот на Вулгарис, кој брзо формирал влада, но тој ѝ припаѓал на старата политичка структура во Грција и не бил способен да води флексибилна надворешна политика, така што за "мегали-идејата" Кумундурос, помогнат од Трикупис, бил подобар избор.

Владата на Вулгарис-Делигеоргис имала проанглиска ориентација и негативно се однесувала кон движењето на Крит и кон националните пропаганди на етериите во Епир и во Тесалија. Сепак, влијанието на Кумундурос во Грција и понатаму било големо, особено меѓу позначајните личности. Тие

[186] Србија и ослободилачки.., док. 261, Ренијерис - Ристићу, Атина, 18/30 маја 1866, с. 420 - 421.
[187] Исто, док. 265, Ристић - Гарашанину, Цариград, 24 маја( 5 јуна) 1866, с. 424 - 425.
[188] С. Терзић, Србија и .., с. 126.
[189] Domna Dontas, Greece and the Great powers 1863 - 1875, Thessaloniki, 1966, p. 62.

побрзо обезбедувале средства за борба отколку самата влада и затоа Јонин ги советувал Србите да разговараат со нив за заедничката работа. Грчката влада, од друга страна, одбивно се однесувала кон српските обиди за почнување преговори за склучување на сојуз. Вулгарис, како познат член на проанглиската партија, сметал дека не треба да се оди на сојуз со Словените, особено не во време на Критската криза, бидејќи англиската помош можела да биде изгубена[190]. И покрај познатите ставови на владата во Атина, Србите не се откажувале. Ристиќ се обидел со писмо до грчката влада да ги образложи причините за сојуз, но последнава го одбила неговиот предлог со образложение дека Грција не била подготвена за војна, што било и точно. Рениерис, кој бил соодветен човек за преговори и во секој случај добар познавач на внатрешните состојби во неговата земја, не гледал со симпатии на чекорите на српската влада и ја советувал да испрати свој човек во грчката престолнина, бидејќи тоа би донело подобри резултати[191]. Последниов имал причина за својот совет. Имено, Антонопулос го известил Ристиќ за развојот на ситуацијата во Грција и за неможноста да се постигне договореното помеѓу нив двајцата. Рениерис, за да не бидат прекинати контактите, го убедувал српскиот пратеник во Цариград дека постоела реална можност по заседанието на Парламентот во Атина да дојде до промена на владата, што би овозможило услови за постигнување на договор за сојуз. Таквата варијанта не се остварила, но затоа дошло до засилување на агитацијата на Комитетот за Крит, формиран во мај 1866 година, во кој членувале угледни политичари како Канарис, Христопулос, Рениерис, Ломбардос и др. На 10 јули 1866 година Критскиот комитет упатил проглас за собирање прилози за Критјаните, а почнало и испраќање на доброволци на немирниот остров[192].

Видовме дека политичката ситуација во Грција не била поволна за српско-грчките контакти. Тоа сепак не било пречка застапниците за соработка со Србија, преку Рениерис, и понатаму да се интересираат за можноста Белград да поведе војна со османлиската држава, во случај да дојде до востание во Епир, кое било подготвено од етериите. Српскиот пратеник во Цариград му објаснил на Рениерис дека за Србија единствено биле валидни заклучоците постигнати со Антонопулос[193]. За Србија, сосема логично, било неприфатливо да учествува во востанија, во кои не би партиципирала владата во Атина. Гарашанин, исто така, се сомневал дека Грција сакала да го привлече вниманието на Европа кон себе со цел да ја направи нивната држава посилна и поважна. Неговите сомнежи можеби биле претерани, но во секој случај не биле далеку од вистината.

Развојот на состојбата на Крит и сè поголемата активност на националистичките комитети во Грција неминовно морале да доведат до заострување на грчко-османлиските односи. Портата, знаејќи ја неговата цел, барала распуштање на Критскиот комитет. Тоа било одбиено од грчкиот министер за

[190] Ε. Κ. Κυριακιδου, Ιστορια του συγχρονου..., τ. 2, σ. 382.

[191] Србија и ослободилачки .., док. 290, Ристић - Гарашанину, Цариград, 25 јула(5 августа) 1866, с. 459.

[192] Г. Јакшић - В. Вучковић, Спољна политика.., с. 288.

[193] Србија и ослободилачки.., док. 294, Ристић - Ренијерису, Пера 10(22) августа 1866, с. 468.

надворешни работи, кој, од своја страна, како контраставив, допрел некои состојби во Епир и во Тесалија[194]. Позицијата на шефот на грчката дипломатија очигледно го навредила османлискиот амбасадор, кој одговорил дека би било подобро Грција да се погрижи за внатрешните проблеми, особено финансиските, отколку за Епир и Тесалија. Состојбите во Грција, очигледно, му давале можност на султановиот пратеник да дава забелешки, кои не биле далеку од вистината.

Активност пројавиле и некои здруженија на османлиските Грци. Во почетокот на септември во Атина пристигнал водачот на Јанинската етерија Арвандинос, кој во грчката престолнина имал средби со водачите на разни политички групи - Рениерис, Ломбардос, Боцарис и др[195]. Тогаш било решено во случај на австро-пруска војна да биде кренато востание во Епир и во Тесалија. Сепак, овие активности на грчките заговорнички групи останале изолирани, без поддршка однадвор. Имено, тие не добиле поддршка од големите сили, дури ни од Русија, со која соработувале. Игнатиев, на средбата со Панос Коронеос, еден од поактивните раководители на грчките етерии, кој пристигнал во Цариград, јасно му ставил на знаење дека не го одобрува планот за востание во Епир и во Тесалија, како поддршка на Крит[196].

Владата во Белград го послушала советот на Рениерис и во грчката престолнина испратила свој човек. На 16 септември во Атина пристигнал пратеникот на Гарашанин Љубомир Ивановиќ со задача да ја испита ситуацијата во Грција и можноста за склучување воен сојуз. Тој се сретнал со Рениерис, кого го информирал дека владата во Белград немало да склучува никаква спогодба со постојната грчка влада, зошто таа не покажала поголем интерес за тоа[197]. Боцарис во разговорот со српскиот пратеник му рекол дека војската и народот би тргнале во војна и без владата, но на повторната средба поранешниот грчки министер на војската му ја кажал на Ивановиќ реалната состојба во Грција и неможноста да се дојде до сојуз со Србија. Боцарис исклучил секаква можност грчката војска да интервенира во случај на востание во Епир и во Тесалија, бидејќи таа поседувала 60 до 70 топа, два воени брода и 8000 војници, но можело да се очекува праќање на голем број доброволци[198]. Боцарис, како човек на поранешниот крал Отон, изјавил дека во времето на баварската династија Грција материјално и војнички била поподготвена. По посетата на Ивановиќ на Атина станало јасно дека Грција нема наскоро да биде спремна за заедничка акција со Србија. Грците преферирале влегување во војна само ако бидат сигурни во својот успех, а за помош на востаниците би се ограничиле на праќање чети.

Затегнувањето на односите со османлиската држава и неуспесите на критските востаници ја принудиле Грција да бара поддршка од Русија, која дотогаш била сметана како поддржувач на словенските аспирации на Балканот, кои, според Грците, ги загрозувале нивните планови за тери-

[194] Исто, док. 300, Ристић - Гарашанину, Цариград 22 августа(3 септембра) 1866, с. 474.
[195] И. Сенкевич, Россия и .., с. 104.
[196] И. Сенкевич, Россия и .., с. 43.
[197] Србија и ослободолачки.., док. 314, Ивановић - Ристићу, Атина, 1(13) октобра 1866, с. 495.
[198] Исто, с. 496 - 497.

торијално проширување. Грчкиот конзул во Солун му говорел на својот руски колега за борбата на Криќаните и изразил надеж дека Игнатиев би можел да се заложи пред Портата за нивните права, бидејќи Грците се надевале на руска помош и целата нивна надеж, во тие моменти, била свртена кон Русија[199].

Османлиската влада, гледајќи како се одвиваат настаните, била загрижена за сè поголемите грчки активности и затоа, поучена од порано, презела соодветни мерки. Со цел помалку да се слуша и да се чита за востанието на Крит, османлиските локални власти во Битола го попречувале пристигнувањето на грчките весници, телеграмите во кои се споменувало за востанието биле конфискувани, а била зголемена и контролата на движењето во и надвор од градот[200].

Критската криза сè повеќе влијаела и на внатрешните состојби во Грција. Политичарите што се залагале за поцврст однос кон османлиската држава ги засилиле своите позиции, што било и очекувано, имајќи ја предвид позицијата на владата. Тоа влијаело и врз односот на грчкиот крал кон нив. Кралот Георгиос му дал на знаење на Кумундурос дека во случај на паѓање на владата на Вулгарис, тој би го добил премиерското место под услов во новата влада да не биде вклучен Ломбардос - водачот на антиантлиската опозиција.

Ситуацијата на Балканот не можела да ги остави големите сили индиферентни кон случувањата. Тие го зголемиле своето внимание кон регионот. Така и зачестените контакти на српските и грчките преговарачи не останале, поточно не можеле да останат незабележани од дипломатските претставници на големите сили во Атина и во Белград, кои за тоа ги информирале своите влади. Англиската влада добила информации од својот амбасадор во Атина и од конзулот во Белград дека Грција и Србија нешто подготвувале[201]. Официјален Лондон за своите информации ја известил Русија. Сомнежот дека Грците нешто подготвуваат со Србите го пот-тикнувале и некои публикации што биле издавани во Грција. Кон крајот на 1866 година Александрос Византиос ја издал брошурата "Востанието на Кандија и француската влада", во која авторот го критикува однесувањето на Франција[202]. Паралелно со критиките упатени кон Франција, Византиос го фали српскиот кнез Михаило како обединувач на словенските земји. Иако намерата на авторот била да ги посоветува грчките политичари како треба да дејствуваат во настојувањето да ги остварат националните аспирации, сепак посочувањето на Михајло како пример бил доволен знак за сомнеж.

Во текот на декември 1866 година односите помеѓу Грција и османлиската држава почнале нагло да се заоструваат. Покрај Критското востание и активностите што биле преземани во Грција за помош на востаниците, причина за заострувањето на односите биле и навлегувањата на грчките чети

[199] ДАРМ, м - 559; Хякубвски - Хитрово, Битоля, 25 сентабря 1866, Архив Хитрово, ф. 325, оп. 1, н. 672.
[200] Русия и българското.., т. II, София, 1990, док. 194, якубовски - Игнатиеву, Битоля, 23 октября 1866, с. 339.
[201] Србија и ослободилачки.., док. 331, Ристић - Гарашанину, Цариград, новембар 1866, с. 520.
[202] И. Сенкевич, Россия и .., с. 63 - 64.

во Епир, во близина на Арта, каде што исто така било подготвувано востание[203]. Портата почнала да се заканува со воена интервенција во Грција. Заострената ситуација во Грција и заканите на Цариград придонеле да дојде до паѓање на владата на Вулгарис. На 20 декември 1866 година нов претседател на грчката влада станал Кумундурос, а во неговата влада влегле и познатите политичари што се залагале за антиосманлиска политика - Трикупис како министер за надворешни работи, Боцарис како министер за војска и Ломбардос, кој го презел ресорот на морнарицата[204]. Остринатa на Критското востание ја принудила новата грчка влада уште во почетокот на нејзиниот мандат да почне да бара сојузници во поблиското соседство. На новата влада во Атина, повеќе од сигурно, ѝ ковенирале контактите, кои веќе ги имале со Србите некои нејзини блиски кругови. Кумундурос преку Антонопулос го информирал Ристиќ дека бил определен за склучување на договор за сојуз со Србија[205]. Грција увидела дека проблемите на Балканот можеле да се решаваат и без нејзино учество, а слабата воена моќ се надврзувала на потребата од сојуз со балканските народи, пред сè со Србија[206].

Новиот кабинет бил свесен дека дипломатските активности на надворешен план дотогаш биле запоставени. Затоа владата почнала да ги засилува дипломатските мисии на Грција во поголемите европски престолнини. На иницијатива на Трикупис, во дипломатски мисии биле испратени искусни политичари со цел да лобираат во полза на Грција[207]. Владата направила и планови за контакти со Црна Гора, Романија и со Египет. Исто така, Кумундурос, по сугестија на својот министер за војската Боцарис, почнал реорганизација на војската и нарачување оружје. Сите овие актив-ности, навистина очекувани имајќи го предвид составот на новиот атински кабинет, кажуваат во која насока оделе грчко-османлиските односи.

Атинскиот комитет, кој до преземањето на власта од Кумундурос пројавил голема активност во полза на критските востаници и на етериите во Тесалија и во Епир, сега го повикал Епирскиот комитет да работи на одржување на мирот во османлиските области со цел да не дојде до предвремено востание, кое би ги намалило шансите на Грција да постигне договор со Србија, а првата би била изложена на опасност[208].

Во согласност со потребата од придобивање на сојузници, кралот Гергиос ја прифатил иницијативата од грчката влада романскиот кнез Карол

---

[203] ДАРМ, м - 1050; Хкубовски - Игнатиеву, Битоля, 18 декабря 1866, АВПР, ф; Posolwstvo в Константинополи, г. 1866, д. 1420.

[204] Србија и ослободилачки.., док. 342, Ристић - Гарашанину, Цариград, 28 децембра 1866( 9 јануара 1867), с. 533.

[205] Исто, док. 336, Антонопулос - Ристићу, Атина, 20 децембра 1866( 1 јануара 1867), с. 527.

[206] M. Roussos, Charilaos Tricoupis and greeco - serbian alliance of 1867, Balkan Studies, v. 12/1, Thessaloniki, 1971, p. 84.

[207] Петрос Враилас Арменис бил испратен во Лондон, Теодорос Делијанис во Париз, Спиридон Метаксас во Петерсбург, Георгиос Ипсилантис во Виена и во Берлин, а во Вашингтон заминал Александрос Рангавис. (Goerge Arnakis - The Cretean revolution of 1866 and the mission of Alexander Rangavis to the United States, Actes du premiere congres international des etudes Balkaniques, Sofia, 1969, p. 391 - 392).

[208] Србија и ослободилачки.., док. 339, Ристић - Гарашанину, Цариград, 26 децембра 1866 (7 јануара 1867) , с. 529 - 530.

да биде одликуван со највисокото грчко признание - Орденот на спасителот. Во јануари 1867 година Георгиос го испратил во Букурешт својот пратеник Антонопулос со цел да му предложи на романскиот кнез заедничка акција против османлиската држава[209]. Како одговор на грчката иницијатива, Карол во Атина го испратил Јон Балачеану, кој требало да води разговори со грчките политичари. Истовремено, на грчкиот претставник во Цариград Петрос Делијанис му било наложено да почне преговори со неговиот српски колега[210].

Владата во Атина, како што гледаме, покажала голема активност, но таа не била единствена што дејствувала. Големите сили, со цел да го решат критскиот проблем, предлагале иницијативи преку кои, во секој случај, се труделе да го наметнат своето влијание. Францускиот министер за надворешни работи Мустије на 23 јануари 1867 година му предложил на својот руски колега Горчаков, Крит да биде припоен кон Грција, а во нејзина полза да биде извршена корекција на границата во Епир и во Тесалија[211]. Русија, иако тврдела дека било тешко да се одбие француската иницијатива, не се согласила со овој предлог, бидејќи сметала дека тој бил предложен во насока на добивање влијание врз Грците и христијаните во османлиската држава[212]. Имајќи го предвид минатото, руските сомнежи не биле без основа. Затоа царската влада вршела притисок врз Франција да го повлече предлогот, во што ќе успее. Со задоволувањето на грчките барања Франција сакала да создаде противтежа на Словените, но и да ја оддалечи Грција од понатамошна соработка со другите балкански народи, иако до 1863 година имала поинакви ставови.

Настаните на Крит ја притискале Атина да дејствува. Грчката влада забрзано работела да дојде до постигнување договор со Србите. Трикупис на 23 јануари 1867 година испратил писмо до Делијанис, во кое ги објаснил појдовните грчки предлози за склучување договор за грчко-српски сојуз. Според грчките предлози, како појдовни точки требало да се прифатат: 1) цел на сојузот било здружување на Грција и Србија против османлиските напади; 2) подготовка на заедничката работа со цел да се остварат христијанските барања во Османлиската Империја; 3) зголемување на грчките приходи со цел да се опреми грчката војска; 4) аналогни подготовки во Србија; 5) заедничка обврска за работа помеѓу балканските народи и нивно снабдување со муниција и оружје за востание; 6) објавата на војна против османлиската држава ќе дојде по склучувањето на договорот за сојуз; 7) доколку дојде до османлиски напад пред склучувањето на договорот, тој се смета за потпишан; 8) до постигнувањето на заедничката цел, оружјето нема да биде положено, освен со заедничка согласност; 9) двете страни ќе се спротивставаат на обидот на која било странска држава да потчини дел од европските области на Османлиското Царство; 10) нема да се склучува договор за сојуз со друга држава, доколку

[209] Constantin Velichi, Les relations roumano - grecques durant la periode 1866 - 1879, Revue des etudes sud - est europeennes, t. 8, N. 3, Bucarest, 1970, p. 528.

[210] Σ. Θ. Λασκαρι, Διπλοματικη..., σ. 120.

[211] D. Dontas, Greece and..., p. 92.

[212] ДАРМ, м - 11; Lyons - Stanley, Constantinople, 19th february 1867.

една од страните не биде информирана и 11) двете страни заеднички ќе работат на спречување предвремени востанија[213].

Првите разговори помеѓу Делијанис и Ристиќ биле одржани на 28 јануари 1867 година, при што предлозите на Трикупис му биле предадени на српскиот претставник[214]. Во разговорите што следувале откако Ристиќ ги разгледал грчките предлози, српскиот претставник нагласил дека најважно било да се истакне одредувањето на границите на областите што ќе бидат ослободени како цел на сојузот, а треба да се утврди и бројот на вооружените сили. Делијанис го информирал Трикупис за разговорите со Ристиќ и побарал да ги добие конечните грчки предлози. Трикупис во текот на февруари ѝ ги испратил предлозите на грчката влада. Од нив, поважни се: 1) доколку османлиската држава ја нападне Грција или Србија, двете земји ќе ѝ објават војна; 2) Грција ќе ги добие Епир, Тесалија, Крит, егејските острови и оние делови на Македонија, кои би се кренале на востание; 3) во случај на победа, Грција нема да има право да интервенира со територијални договори во Босна, Херцеговина, северна Албанија и на териториите северно од планината Балкан, а Србија нема да бара ништо јужно од таа планина; 4) Грција и Србија заеднички ќе работат големите сили да го признаат правото на христијанскиот Исток да располага со својата земја и на ниедна европска земја нема да ѝ биде дозволено да окупира дел од европските поседи на османлиската држава; 5) Грција треба да создаде војска од 30.000 војници и колку што може посилна флота[215]. Српската влада исто така подготвила свој предлог за склучување на договор за сојуз[216]. Делијанис му ги предал грчките предлози на српскиот пратеник, но наместо одговор од Ристиќ, го добил предлогот на Гарашанин. Грчкиот претставник во Цариград бил многу непријатно изненаден од српскиот предлог кој, меѓу другото, предвидувал во случај на победа јужниот дел од Македонија да биде анектиран од Грција, а северниот од Србија[217]. Тоа, секако, не ѝ одговарало на Грција. Делијанис за најновиот српски предлог веднаш го информирал Трикупис. Грците сметале дека српските предлози се должеле на зголемената воена моќ на нивната војска и на податоците за лошата состојба на грчката војска што српскиот пратеник во Атина, Ивановиќ, ги добил за време на својот престој во грчкиот главен град. Меѓутоа, Трикупис во никој случај не сакал да дојде до застој на преговорите или до нивно пропаѓање, бидејќи во постојната ситуација Грција имала голема потреба од сојуз со некоја држава, а најповолна за тоа била Србија, која исто така имала проблеми со Османлиската Империја.

Увидувајќи дека Србите почнале да бараат дел од територијата, која во Грција била сметана како грчка, атинската влада ќе се повика на претходните преговори со цел да докаже дека и Србите се согласиле Грција да ја добие

---

[213] M. Roussos. Charilaos Tricoupis.... p. 88.
[214] S. Th. Lascaris. La premiere alliance.... p. 19.
[215] M. Roussos. Charilaos Tricoupis.... p. 90 - 91.
[216] На седницата на Министерскиот совет, одржана на 15 февруари 1867 година, српската влада решила да ѝ предложи на грчката да се разговара за границите во Македонија. (Записи Јеврема Грујића, књ. 3, Београд, 1923, с. 105 - 106).
[217] Г. Јакшић - В. Вучковић, Спољна политика.., с. 322.

Македонија. Така, грчкиот министер за надворешни работи побарал од српската влада како основа да се земат преговорите од 1861/62 година и разговорите помеѓу Ристиќ и Антонопулос од 1866 година, тврдејќи дека Македонија била признаена како грчка земја[218]. На ова Ристиќ одговорил дека спомнатите преговори никогаш не завршиле со потпишување на договор и затоа тие не можеле да бидат сметани како валидни[219]. Исто така, Ристиќ објаснил дека преговорите со Антонопулос биле водени без согласност на тогашната грчка влада и, според тоа, тие биле неформални и прелиминарни. Ставот изнесен од српскиот дипломат не можел да ги задоволи Грците. Трикупис особено се чудел поради српските барања за поделба на Македонија. Тој и понатаму се повикувал на преговорите од 1861 година, односно на пис-мото од Христиќ до Ристиќ од 22 октомври таа година. Тој, исто така, го повикал српскиот пратеник во Цариград да ја посети Атина за да потпишат договор за сојуз, што било одбиено од Ристиќ како неизводливо и опасно[220]. На овој начин грчко-српските преговори западнале во криза, која можела негативно да се одрази на нивниот понатамошен тек, особено што Грците не можеле да се согласат некој да бара дел од Македонија, иако оваа област во тоа време немала приоритет во грчката надворешнополитичка активност за територијално проширување.

Проблемите во преговорите со Србија нема да влијаат врз надворешно-политичката активност на Грција во правец на склучување сојуз со некоја од поблиските земји. Во игра била и Романија. Пратеникот на романскиот кнез пристигнал во Атина. Јон Балачеану прво се сретнал со грчкиот министер за надворешни работи, кој ја изразил желбата на грчката влада за можност од договарање во правец на заедничка грчко-романска акција против османлиската држава[221]. Меѓутоа, грчкиот предлог не бил прифатен од Балачеану. Романскиот дипломат истакнал дека постои опасност од интервенција на големите сили, а и војската на неговата земја не била подготвена за каква било акција, па затоа би било подобро склучувањето на сојузот да биде оставено за во иднина. Трикупис одговорил дека и грчката војска не била во најдобра состојба, но развојот на критските настани, како и нестабилната состојба во Епир и во Тесалија ја присилувале неговата влада на вакви активности. Романскиот пратеник се сретнал и со грчкиот суверен, кој изразил еден поинаков став во поглед на начинот, на кој би се решиле проблемите. Кралот Георгиос во разговорите со Балачеану, во согласност со своите погледи во однос на Критската криза, индиректно нагласил дека повеќе се надевал на помош од големите сили за решавање на надворешно-политичките проблеми, отколку од некаква акција. Така можноста за некаков сојуз помеѓу двете влади била оставена за некои подобри времиња. Владата во

[218] M. Roussos, Charilaos Tricoupis…, p. 93.

[219] Г. Јакшић - В. Вучковић, Спољна политика.., с. 324. Сепак, по малку чудно, во едно свое писмо од 2 април 1863, кнезот Михаило, во врска со некои закани од Палмерстон за негова лична компромитација, му напишал на Христиќ дека единствената работа, за која може да биде компромитиран, бил договорот со Грците. ( М. Ф. Христић, Србија и Енглеска пре пола века, Београд 1910, с. 127).

[220] С. Терзић, Србија и .., с. 129, фуснота 38.

[221] C. Velichi, Les relations roumano - grecques…, p. 529.

Атина во исто време испратила тајни инструкции до грчкиот конзул во Египет да започне преговори со вицекралот за сојузништво помеѓу двете земји, кои требало да ги остварат своите аспирации со помош на оружјето[222]. И овој чекор не донел резултати, бидејќи египетската влада не била заинте-ресирана за сојуз. Очигледно Грција сè уште не можела да се договори со некоја држава, што претставувало голем проблем за атинската влада, имајќи ги предвид настаните на Крит.

Критската криза влијаела врз Атина да преземе чекори што во друга ситуација не би биле направени. Грчката влада, со цел да ги привлече Словените во Македонија почнала, иако кракотрајно, да ја менува тактиката на дејствување спрема нив. Атинскиот комитет им дал инструкции на етериите што дејствувале во некои делови на приморска Македонија да тежнеат кон воспоставување мирни односи помеѓу христијаните во Македонија и кон нивна меѓусебна согласност[223]. Приврзаниците на "големата идеја" почнале да дејствуваат во насока на инструкциите добиени од Атина, но немале поголем успех, бидејќи недовербата кон нив и кон нивните предлози била голема[224]. Ваквиот обид на Атинскиот комитет, кој во тоа време работи во целосна координација со грчката влада, не значел и напуштање на идејата за разгранување на негови комитети во Епир, Тесалија и во Македонија[225]. Целта на комитетите било да се предизвика движење на христијаните во горенаведените области. Во Серез бил формиран комитет, во кој членувале и Словени што биле под влијание на грчките кругови. Оваа група одржувала контакти со Атинскиот комитет[226]. Во западните делови на јужна Македонија

[222] Driault et l'Heritier, Histoire diplomatique…, t. III, p. 227.

[223] Русия и българското.., т. 2, док. 216, Лаговски - Игнатиеву, Салоники, 6 февраля 1867, с. 390.

[224] Во Македонија се одвивале процеси, во кои претставниците на Патријаршијата воопшто не покажувале подготвеност за соработка со претставниците на словенското население, бидејќи сметале дека тие не се во нивен интерес, односно во интерес на грцизмот. Така во Охрид во август 1866 година тамошниот патријаршиски митрополит правел опструкција во работата на учителот Дијамандиев. (Русия и ..., т. II, док. 174, с. 312); исто така и битолскиот учител Јоан Жинзифов имал проблеми со прогрчките кругови во градот во 1866 година. (Русия и ..., т. II, док. 177, с. 315-316); во 1867 година струмичкиот патријаршски митрополит Јеротеј не сакал да дозволи употреба на народниот јазик во црквите (А. Трајановски, Црковната..., с. 119-120). Овие активности на патријаршиските и прогрчките кругови во Македонија, за кои во конкретниов случај не располагаме со информации дека директно биле поддржани од грчките дипломатски претставници, биле предизвикани од настаните, кои воопшто не биле во интерес на грцизмот, особено од засилувањето на словенската просвета. Така во Солун во 1866 година било формирано првото словенско училиште, а истата година по иницијатива на Павел Божигропски, словенско училиште било формирано и во Гуменџе. (Б. Ристовски, Портрети..., т. 1, с. 102-109). Методиј Кусев во 1867 година, покрај веќе вообичаените барања за воведување народен јазик во училиштата и црковнословенски во црквите, известува и за започнувањето на еден друг процес, а тоа е водењето и на трговските книги на мајчин јазик. ( Б. Ристовски, Портрети..., т. 3, с. 30). Сите овие процеси и активности не можеле а да не предизвикаат реакции кај Грците, кои ги сметале за неповолни за нивните интереси, и можната соработка, како, во тој момент, единствен начин за ослободување од османлиската власт, едноставно била тешко да се оствари.

[225] ДАРМ, м - 171; Barbolini - Fernandez, 21 febbraio 1867, ASMAE.

[226] ДАРМ, м - 171; Fernandez - Venosta, Salonico, 25 febbraio 1867, ASMAE.

во 1867 година била формирана една грчка заговорничка организација[227], на чие чело биле Анастасиос Пихеон, родум од Охрид, а по потекло од Москополе, инаку учител во Костур, Николаос Филипидис од битолското село Маловиште и Јоанис Аргиропулос, лекар од Клисура. Забележливо е дека, најверојатно, тројцата биле Власи, но секако големи приврзаници на "мегалиидејата". Целта на оваа организација била да крене бунт во овој дел од Македонија по примерот на Крит[228]. Во оваа организација влегле и Јоанис Вузас и Јоанис Сиомос од Костур, Јоанис Бутарис, Михаил и Анастасиос Цирлис од Невеска и Јоанис Говедарос. Организацијата се проширила и во Кожани, Гревена, Лерин и др. Оваа заговорничка организација немала некои забележливи активности, бидејќи многу брзо била разбиена од локалните османлиски власти.

Активностите на грчките тајни комитети, како и порано, биле следени од османлиските власти, кои за нив ги известувале и претставниците на големите сили. Портата изразила стравување пред странските дипломатски претставници во Цариград дека на 25 март - денот на грчката независност, може да дојде до грчки напад врз османлиската држава, а тоа, според султановата влада, се потврдува и со подготовките што се вршеле во Грција во насока на кревање востание во Епир и во Тесалија[229]. Претпоставките на османлиската влада за подготовки за кревање востание во нејзините погранични области на грчка територија биле точни. Грчкиот министер на војската, Боцарис, активно работел на поттикнување востанички движења во Епир и во Тесалија и бил во постојан контакт со водачите на националистичките комитети[230]. Грција, сепак, не била способна и силна да изврши директен напад врз османлиската држава. Грците биле силни на зборови, но фактите ги враќале во реалноста. Грчкиот пратеник во Петербург Спиридон Метаксас, во разго-ворот со рускиот министер за надворешни работи Горчаков, отворено признал дека прекројувањето на картата на континентот тешко би се остварило[231].

Низ областите на османлиската држава што биле во близината на грчката граница започнала зголемена активност на грчките емисари со задача да го поттикнуваат населението против султановата власт[232]. Иако во тие моменти тешко би можело да дојде до општо востание на христијаните во Епир и во Тесалија, сепак грчките заговорници ја користеле секоја можност да предизвикуваат немири во наведените области како обид да се олесни позицијата на критските востаници. Што се однесува до Македонија, бројноста

---

[227] Вакалопулос ја нарекува нова Филики етерија (K. Vakalopoulos, Modern.., p. 54).
[228] Исто.
[229] Русия и българското.., т. 2, док. 225, Игнатиев - Горчакову, Цариград, 12 март 1867, с. 412; На рака на османлиските обвинувања оделе и одредени изјави на грчките дипломатски претставници во Македонија, изјави кои можеби им биле познати и на локалните османлиски власти. Така грчкиот вицеконзул во Серез Лангада изјавил дека востанието ќе се прошири насекаде во Турција доколку востаниците на Крит издржат до пролетта 1867 година. (Љубиша Доклестиќ, Подготовките на Србија за војна со Турција и тајната дејност на Стеван Верковиќ во Македонија во периодот од 1862-1876, ГИНИ, XVIII/3, Скопје, 1984, с. 80).
[230] Ε. Νικολαιδου, Δημητριος Μ. Μποτσαρης..., σ. 465.
[231] Русия и българското.., т. 2, док. 224, Горчаков - Игнатиев, С. Петерсбург, 13 март 1867, с. 407.
[232] ДАРМ, м - 171; Fernandez - Venosta, Salonico, 18 marzo 1867, ASMAE.

на грчкото население оневозможувала разгорување на поголемо востание, кое би било во грчка корист[233]. Негрчките жители на Македонија, иако добар дел биле верни приврзаници на Патријаршијата, не гледале со големи симпатии кон Грците и кон нивните активности и аспирации. Сепак, во Серез се шереле гласини за можно истоварување на големо одделение на елинско-италијански андарти кај Света Гора[234].

Поради заострувањето на односите со својот северен сосед и неуспехот во обидите да се придобие некоја држава за сојузник, Грција почнала да го омекнува својот став спрема Србија. Тоа било и логично и очекувано. Трикупис побарал од Делијанис да ги продолжи преговорите со Ристиќ. Грчкиот министер за надворешни работи во писмото до својот претставник во Цариград од 26 март 1867 година нагласил дека источното прашање треба да се реши со заедничка акција на христијанските народи на Балканот, кои по ослободувањето сами требало да решат за својата судбина, па затоа немало потреба од одредување на границите[235]. Во ова писмо Трикупис, најверојатно, мислел на границите во Македонија, бидејќи бил премногу сигурен дека Грција по победата би го добила најголемиот дел од Македонија и од Тракија.

Делијанис му ги пренел на Ристиќ најновите ставови на Трикупис за претходно неутврдување на границата и побарал Србите да го дадат своето мислење за ова. Србија цел месец го одложувала одговорот и на 25 април 1867 година, наместо одговор, Ристиќ му предал на Делијанис вербална нота, во која се докажувала, според српските погледи, неоснованоста на грчките барања[236]. Во нотата се отфрла тврдењето на Трикупис дека Конвенцијата од 1861 година може да се користи како основа за преговори, а во поглед на територијалното проширување Србија не можела да прифати Грција да добие 4 500 000 нови жители, кои би ѝ припаднале доколку ги анектира Епир, Тесалија, Архипелагот и деловите на Македонија што би востанале[237]. Ваквиот српски став не му се допаднал на Трикупис, кој побарал Србија да се прошири со добивање на независноста и зголемување на бројот на жителите, но многу брзо преговорите повторно биле прекинати[238].

---

[233] Италијанскиот конзул во Солун сметал дека Грците што доминирале на Халкидик и во јужните делови од приморска Македонија биле наклонети кон воен судир со Османлиите. Тој исто така дава и свои податоци за составот на населението во Македонија. Според овие податоци, населението во Македонија изнесувало 800 000 жители, од кои: 400 000 Словени и Власи; 60 000 Грци; 310 000 Турци и Албанци и 30 000 Евреи. (исто). Интересно е видувањето на британскиот историчар Марк Мазовер, кој смета дека Грците од османлиската држава, најверојатно мислејќи на поголемиот дел од нив, не биле многу заинтересирани за Кралството Грција, кое било сиромашно. (М. Мазовер, Балканот, с, 121). Слично мислење изнесува и Миша Глени. Имено, кога говори за солунските Грци, тој истакнува: "Солунските Грци биле во близок допир со трговци, свештеници, интелектуалци и владини службеници од Кралството Грција, но во целина не покажувале желба економската динамика што им ја давал Солун да ја жртвуваат заради иднина во едно слабо кралство"-Miša Gleni, Balkan 1804-1999, prvi deo, s. 194).

[234] Љ. Доклестиќ, Подготовките на Србија..., с. 79.

[235] S. Th. Lascaris, La premiere alliance…, p. 20.

[236] С. Терзић, Србија и.., с. 130.

[237] Г. Јакшић - В. Вучковић, Спољна политика.., с. 329 - 330.

[238] На теренот во Серез, како што известувал Верковиќ, Власите-гркомани држеле тајни состаноци со цел Македонија да се присоедини кон Грција, бидејќи се плашеле да не ја грабне Србија. ( Љ. Доклестиќ, Подготовките на Србија..., с. 80).

Грција не престанувала да им помага на критските востаници, како и да испраќа чети во Тесалија, кои се судирале со османлиските сили. На Крит со бродови биле пренесувани намирници и воен материјал, а во текот на април 1867 година во составот на востаничките сили се нашла една единица на грчката војска составена од 60 војници [239]. Истиот месец атинската влада испратила емисар во Цетиње со цел да го провери расположението на Црна Гора во насока на акција против Османлиската Империја.

Освен на Балканот, грчката дипломатија пројавила активност и на американскиот континент. Грчкиот пратеник во САД, Рангавис, со помош на претставникот на Атинскиот комитет, Леонидас Родоканакис, инаку тогашен грчки конзул во Бостон, ги направил првите контакти со официјалните американски личности. Тој се сретнал со претседателот на Комисијата за односи со странство на американскиот Конгрес, Чарлс Самнер, со кој разговарал за грчките аспирации[240]. Рангавис се сретнал и со државниот секретар Вилијам Сјуард, од кого отворено побарал бродови и воен материјал. Сјуард, иако не сакал да врши снабдување на востаниците со оружје, се согласил со барањето на грчкиот дипломат под услов целата трансакција да се изведува преку трета страна[241]. На тој начин Грција успеала да обезбеди барем дел од неопходните воени средства што многу им недостигале на нејзините вооружени сили.

Грчките комитети при крајот на април започнале да испраќаат чети на османлиска територија. Околу 400 борци навлегле длабоко во Тесалија. Капетанот Караулис се појавил во околината на Гревена и Хасија[242]. Целта на овие чети било да предизвикаат во Тесалија немири од пошироки размери, па затоа османлиските власти упатиле воено засилување во проблематичните реони.

Кабинетот на Кумундурос, имајќи потреба од руска помош за време на Критското востание, бил подготвен да направи отстапки, според нивно мислење, во поглед на бугарското црковно прашање. Тогаш атинската влада се ангажирала кај Патријаршијата за таа да стане поотворена кон можноста за компромис, но без да ги напушти основните територијални барања на "големата идеја". Тогаш се појавил предлогот на патријархот Григориј VI за автономна бугарска црква, ограничена помеѓу Дунав и планината Балкан[243]. Иако предлогот, несомнено, од грчки аспект бил некој вид компромис, сепак тој покажувал дека и во време на неповолна политичка ситуација за Грција, привrзаниците на "големата идеја", но не само тие, не се откажувале од своите аспирации, во кои спаѓале и османлиските области Македонија и Тракија. Така грчкиот пратеник во Цариград Делијанис отворено му рекол на Игнатиев дека Бугарите морале да бидат ограничени на планината Балкан и

---

[239] Driault et l'Heritier, Histoire diplomatique..., t. III, p. 224.
[240] G. Arnakis, The Cretean revolution..., p. 392.
[241] Исто, p. 393 - 394.
[242] ДАРМ, м - 1046; Лаговски - Игнатиеву, Салоники, 7 мая 1867, АВПР, ф: Посольство в Константинополе, г. 1867, д. 2265, с. 106 -107.
[243] Зина Маркова, Българската ексархия 1870 - 1879, София, 1989, с. 272; Предложената бугарска црква требало да ги опфати Трновската, Видинската, Варненската, Самоковската, Преславската, Софиската, Дристриската и Червенската епархија. (Кирил, Патриярх Бвлгарски, Граф Игнатиев...,с. 243.

тоа била најголемата концесија што грчката страна можела да ја направи, бидејќи тогаш се решавало за политичката иднина на Грција, која зависела од тоа прашање, кое всушност било борба помеѓу славизмот и елинизмот[244].

Неповолниот развој на критските состојби повторно ја принудил грчката Влада да им посвети внимание на односите со Србија, поточно да ги продолжи преговорите меѓу двете страни. Кон крајот на мај 1867 година Делијанис повторно се сретнал со Ристиќ. Во текот на разговорите Србија побарала од грчката страна да испрати свој претставник во Белград[245]. Како одговор на ова Трикупис предложил Србија да испрати свој пратеник во Атина, бидејќи одењето на грчкиот пратеник во Белград, според мислењето на грчката влада, можело да доведе до сомневање кај Османлиите. Тоа не било далеку од вистината. На крајот, како компромис било решено претставниците на двете страни да се сретнат во Мехадија. Паралелно со овие договарања, во Петроград престојувал грчкиот крал Георгиос поради венчавката со кнегињата Олга, ќерка на великиот кнез Константин[246]. Русија, поради своите интереси во регионот, била заинтересирана да дојде до сојуз помеѓу Грција и Србија. Таа нејзина заинтересираност му била пренесена на кралот Георгиос од рускиот цар Александар II со молба грчкиот суверен да го заложи својот авторитет во таа насока.

Грчката влада во меѓувреме се подготвила за продолжението на преговорите со Србија. Трикупис за грчки преговарач го назначил Петрос Занос, на кој му биле дадени инструкции да ги брани грчките ставови и да ги прифати оние српски ставови, кои не ги погодувале грчките национални интереси. Тоа, всушност, бил почетниот грчки став. Занос на 5 август 1867 година од Сирос заминал за Виена, каде што пристигнал на 13 истиот месец[247]. Кога стигнал во Виена, Занос дознал дека тука биле кнезот Михаило и Јован Ристиќ. Грчкиот претставник се сретнал со нив и имал подолг разговор, при што била нагласена потребата од сојуз, бидејќи ниедна од двете земји не била способна поединечно да направи нешто во правец на остварување на целите. Прашањето за одредување на границата не било решено ниту во овие разговори, што било и очекувано, имајќи ги предвид ставовите на двете страни и претходниот тек на преговорите. Занос не се согласил ниту со предлогот на српскиот кнез заедно да појдат во Иванка, со објаснување дека тоа нема да биде добро за неговата мисија и за Грците[248]. Затоа тој предложил преговорите да бидат водени во Фесло, што било прифатено од српска страна.

Завршните преговори помеѓу Грците и Србите за склучување сојуз започнале на 18 август 1867 година. Грција ја претставувал Занос, а Србија Гарашанин, Петрониевиќ и Ристиќ. Уште во почетокот на преговорите Занос искрено истакнал дека неговата земја веќе една година била во некој вид воена состојба и е многу исцрпена од помошта што му ја испраќала на Крит.

[244] Gregoire Troubetzkoï. La Politique russe en Orient, Revue d'histoire diplomatique, Xxi/2, Paris, 1907, p. 177; , Кирил патриарх български, Ексарх Антим (1816 - 1888), София, 1956, с. 234.
[245] Σ. Θ. Λασκαρι, Διπλοματικη..., σ. 121.
[246] N. Roussos, Charilaos Tricoupis…, p. 94.
[247] Исто, p. 96.
[248] S. Th. Lascaris. La Premiere alliance…. p. 23.

Затоа било пожелно Србија да го одреди крајниот рок за подготовките, зашто Грција не сакала својот потенцијален сојузник да го вовлече во работа, за која не била подготвена[249]. Кон ова признание на Занос за исцрпеноста на неговата земја треба да се додаде и слабата подготвеност на грчката војска. Како и да е, било заклучено како краен рок да биде утврден март 1868 година. Откако било решено прашањето за крајниот рок на подготовките, на ред дошло најтешкото прашање - утрдувањето на територијалните придобивки. Занос сакал да го избегне прашањето за територијалното проширување со образложение дека минималните добивки било лесно да се одредат, но опасно би било да се отвори прашањето на максималните добивки[250]. Тврдењето на Занос не било без основа. Сепак, грчкиот преговарач на крајот попуштил со намера да не губи време. Гарашанин, од своја страна, побарал Србија да ги добие Босна, Херцеговина и Стара Србија до Дрим и Искер. Тогаш Занос на барањето од српска страна да се споменат Босна, Херцеговина и Стара Србија, како одговор побарал Грција да ги добие Епир, Тесалија и Македонија, а Крит воопшто не го спомнал, бидејќи бил убеден дека Грција островот ќе го добие многу брзо. Притоа, Занос му рекол на Гарашанин дека Македонија била лулка на елинизмот и како таква мора да биде грчка[251]. Тоа не ѝ се допаѓало на српската страна. Занос во писмата до својата влада се жалел дека самото споменување на Македонија предизвикувало недо-разбирање. Исто така, грчкиот дипломат не можел да се согласи со тврдењата дека просторот помеѓу Серез и реката Вардар не бил населен со доминантно грчко население[252]. Гарашанин со грчкиот контрапредлог заминал за Иванка, а Занос, Ристиќ и Петрониевиќ отишле во Фесло за да ги продолжат преговорите. По консултациите, Гарашанин ги информирал српските преговарачи за наредбата на кнезот Михаило Србија да ги бара Босна и Херцеговина, а на Грција да ѝ бидат признаени Епир и Тесалија, со барање Стара Србија да се добие без соодветен надоместок за Грција[253]. Занос бил информиран за барањето на српскиот кнез, но тој, како што можело да се претпостави, не сакал да се согласи со тоа и продолжил со тактиката на секое споменување на Стара Србија да ја бара Македонија. На крајот, двете страни сепак се согласиле да се усвои принципот на компензација, но без назначување на областите. На некој начин, тоа било успех на грчкиот дипломат, затоа што не биле назначени областите што би биле добиени. Во поглед на воените сили, Грците биле свесни за своите реални можности и затоа Занос со резерва ја прифатил обврската Грција да подготви војска од 30 000 луѓе и колку што може посилна флота[254]. Грција не била во можност да поставува поголеми услови, бидејќи настаните на Крит полека но сигурно, како императив на грчката надворешна политика, ѝ ја наметнале потребата од

[249] Исто, p. 24.
[250] Г. Јакшић - В. Вучковић, Спољна политика.., с. 390.
[251] Σ. Μαρκεζινη, Πολιτικη ιστορια της Νεοτερας Ελλαδος 1828 – 1864, τ. 2, Αθηναι, 1966, τ. 2, σ. 59.
[252] Исто, с. 64.
[253] Г. Јакшић - В. Вучковић, Спољна политика.., с. 393.
[254] N. Roussos, Charilaos Tricoupis..., p. 92.

склучување сојуз со некоја држава, а во тој период единствено Србија била подготвена на каков-таков компромис со Грција.

Договорот за сојуз помеѓу Грција и Србија бил потпишан на 26 август 1867 година во Фесло од Занос, како претставник на Грција и од Милан Петрониевиќ, како претставник на српската влада. Договорот содржел 17 члена. Грција и нејзиниот нов сојузник Србија во преамбулата на договорот нагласиле дека неподносливата положба на христијаните на Истокот и желбата сами да ја решат својата судбина биле причина за потпишување на спогодбата. Според членот 1, целта на сојузот ќе се оствари со сите расположливи средства, но објавата на војна на Османлиската Империја ќе биде направена само со претходен договор, освен во случај на претходен османлиски напад врз некоја од земјите-потписнички; чл. 2) Србија до март 1868 година ќе обезбеди војска од 60 000 луѓе без резервниот состав, Грција 30 000 војници и колку што може посилна флота; чл. 3) доколку османлиската држава нападне некоја од земјите-потписнички, другата ќе дава помош во рамките на своите можности, но кога ќе дојде определениот рок, двете држави ќе бидат обврзани да одговорат на нападот со воени средства; чл. 4) војната ќе се води до конечното ослободување на европскиот дел на османлиската држава, но во случај на непредвидени тешкотии, двете страни можат да ги прекинат воените дејства веднаш штом ги осигураат- Грција - анексијата на Епир и Тесалија, а Србија - анексијата на Босна и Херцеговина; чл. 5) последниов случај нема да го разбие сојузот, бидејќи акциите ќе продолжат при првата поволна ситуација; чл. 6) кога војната ќе биде објавена, двете држави-потписнички нема да склучат сепаратен мир; чл. 7) во случај на поголем успех, двете држави- потписнички ќе се договорат за склучување посебен договор, со кој ќе се одредат границите и идните односи, а ќе се почитува желбата на народите што учествувале во војната било да сакале присоединување кон земјите-потписнички, било да сакале формирање независни држави во рамките на конфедерацијата; чл. 8) двете страни ќе се залагаат големите сили да им го признаат правото на христијаните на Истокот сами да решаваат за својата судбина, а доколку некоја од странските сили сака да зграби дел од европските територии на османлиската држава, тогаш државите-потписнички на договорот ќе се спротивставаат со сите сили; чл. 9) двете држави заедно ќе работат меѓу христијанските народи со цел да ги придобијат за борба, а подоцна ќе ги снабдат со оружје; чл. 10) во таа смисла ќе работат и кај Албанците; чл. 11) покрај двете држави-потписнички, кон работата да се приклучат и Црногорците со цел да се придобијат некои племиња во Албанија; заеднички ќе настојуваат да ја придобијат Романија, а во Црна Гора ќе се ангажира Србија; чл. 12) двете држави ќе си помагаат во војна, но и при склучување на мировниот договор; чл. 13) нема да се склопуваат сојузи со други држави во врска со предметот на договорот без поретходно меѓусебно информирање; чл. 14) пред почетокот на воените операции ќе се изработи конвенција со цел да се одреди начинот на нивното водење; чл. 15) договорот треба да биде таен; чл. 16) договорот ќе стапи во сила по неговата ратификација од кралот на Грција и од српскиот кнез; чл. 17) ратификациите ќе бидат разменети во Атина, шест недели по потпишу-

вањето[255]. Воочливо е дека двете страни не постигнале договор за поделба на Македонија на интересни сфери. Сепак, и покрај сите недоразбирања ова е прв договор помеѓу две балкански земји една независна-Грција и една автономна-Србија.

Веднаш по враќањето на Занос во Атина договорот итно бил испратен до кралот Георгиос, кој тогаш се наоѓал во Копенхаген, со цел тој да биде одобрен од него[256]. Наместо брзото одобрување на договорот за сојуз од грчкиот суверен, дошло до неочекуван застој: грчкиот крал воопшто не брзал да го одобри. Тој, свесен за реалната сила на Грција и за нејзините можности, не се согласувал со вториот член од договорот, бидејќи сметал дека Грција не била во можност да обезбеди толкава војска[257]. Исто така, се сомневал во силата на српската војска, односно дека таа не е толку силна како што била претставена на хартија. Грчкиот крал од свои извори бил информиран дека војската на неговиот потенцијален сојузник имала недостиг од офицерски кадар, а резерви речиси и не постоеле[258]. Затоа Георгиос подолго време го одложувал одобрувањето на договорот, а за тој свој потег имал силен аргумент - неподготвеноста на војските на двете страни за дејствување против османлиските сили.

Освен сојуз со некоја блиска држава, Грција барала поддршка од Русија поради критското прашање и се обидувала да го прикрие своето незадоволство од активностите на руската пропаганда во деловите на османлиската држава каде што Грција имала свои аспирации. Меѓутоа, и тоа одело тешко. Привржаниците на "големата идеја" во Солун отворено го искажувале своето незадоволство од руското дејствување во тој дел од Македонија и од подбуцнувањето, кое, според нив, го вршеле руските агенти против грчкиот клер[259]. Сепак, официјално грчката влада не го изразувала своето незадоволство, иако била загрижена за развојот на настаните и во Македонија и во Тракија. На таков однос грчката влада била принудена и поради барањето на Криќаните за соработка со балканските Словени. Раководството на критските востаници во есента 1867 година, подготвувајќи се за нови борби, се стремело да најде сојузници помеѓу соседните балкански народи. Тие барале од грчкиот конзул на Крит, Дендринос, да испрати свои пратеници на Балканот, но тој ги упатил во Атина на консултации со тамошниот Критски комитет[260]. Одговорот на Дендринос јасно покажувал дека грчката дипломатија не сакала во тие моменти да дозволи самостојно дејствување на востаничките водачи и настојувала колку што може да ги контролира.

Одобрувањето на договорот од Фесло и понатаму било сопирано од грчкиот крал. Владата во Атина почнала да станува нервозна од одолжу-

---

[255] Г. Јакшић - В. Вучковић, Спољња политика.., с. 510 - 513.

[256] Driault et l'Heritier, Histoire diplomatique..., t. III, p. 236.

[257] Σ. Μαρκεζινη, Πολιτικη ιστορια..., τ. 2, σ. 61.

[258] Георгиос со право се сомневал во силата на српската војска. Гарашанин пред да замине во Иванка побарал од Блазнавац да објасни кога ќе завршат подготовките. Српскиот воен министер одговорил дека не бил во можност да го одреди рокот. (Г. Јакшић - В. Вучковић, Спољна политика.., с. 390; D. Dakin, The unification..., p. 116).

[259] ДАРМ, м - 171; Fernandez - Capelo, Salonico, 9 settembre 1867, ASMAE.

[260] И. Сенкевич, Россия и .., с. 102 - 103.

вањето на ратификацијата на грчко-српскиот договор за сојуз од страна на кралот Георгиос. Со цел да влијае за побрзо ратификување на договорот, на 2 октомври Кумундурос испратил ново писмо до кралот Георгиос, во кое барал да ја поддржи политиката на грчката влада, а тоа значело да ја ратификува спогодбата. Кралот се согласил со барањето, но побарал датумот за крајот на воените подготовки да се замени со формулацијата "што е можно побрзо"[261]. Ова негово барање не било прифатено. Затоа Георгиос и во ноември, кога се вратил во Атина, одбил да го ратификува договорот за сојуз. Таквиот негов став довел до судир со Кумундурос. Членовите на кабинетот на Кумундурос сметале дека кралот морал да ја прифати политиката за поцврст однос кон Османлиската Империја. Во таа насока, грчката влада на 13 декември 1867 година му предложила на Парламентот да изгласа воен кредит, што било и сторено од споменатата институција[262]. Тоа не довело до зацврстување на позицијата на владата во однос на кралот. Затоа премиерот се решил за радикален чекор. Кумундурос, и покрај политиката што ја водел и за која реално имал поддршка од поголемиот дел на грчката јавност, но и од политичките кругови, поради недоразбирањата со кралот во декември 1867 година поднел оставка. Кралот, по сѐ изгледа, не се двоумел да ја прифати оставката. Мандатот му го понудил на друг политичар. Нов претседател на владата станал Аристидис Мораитинис, кој исто така бил привзраник на сојузот со Србија, па и тој многу брзо поднел оставка, а на негово место дошол Вулгарис.

Откако поставил колку-толку свој човек на челото на владата, Георгиос направил мала отстапка во однос на ратификацијата. Имено, тој се согласил, наместо неговиот предлог во врска со крајниот рок за крајот на подготовките, да се промени датумот, па така како краен рок бил одреден 1 септември 1868 година, наместо претходно усвоениот датум 1 март таа година[263]. По овој компромис кралот Георгиос, конечно, на 10 јануари 1868 година ја ратификувал спогодбата, која била разменета со Фрањо Зах на 22 јануари во Атина[264]. Со тоа се отворила можноста за побрзо склучување на воената конвенција помеѓу двете земји и за конечно зацврстување на воениот сојуз.

Заострените грчко-османлиски односи не можеле да не се рефлектираат и во некои делови на приморска Македонија. Некои привзраници на "големата идеја", кои ја посетиле Атина, по нивното враќање во Солун зборувале за можноста од скорешен прекин на дипломатските односи помеѓу Грција и османлиската држава и за објава на војна од страна на Атина. Притоа, било планирано општо востание во Епир и во Тесалија, а во Македонија, каде што не можело да се крене такво востание, требало да дојде

[261] D. Dontas, Greece and..., p. 116.

[262] Собранието се согласило Грција да одвои 10 000 000 драхми за подготовка и војна; 1.600 000 драхми за обезбедување на јавната сигурност и 1.600 000 драхми за вооружување на воените бродови. (И. Сенкевич, Россия и.., с. 146).

[263] D. Dakin, The unification..., p. 118.

[264] N. Roussos, Charilaos Tricoupes..., p. 99.

до истоварување на грчки андарти на брегот на Касандра[265]. Ваквата можност во тој момент била нереална, бидејќи Грција војнички не била подготвена да поддржи поголемо востание во Епир и во Тесалија со истовремено истоварување на Касандра. Исто така, кабинетот на Вулгарис настојувал да не ги заострува и онака лошите односи со Османлиите сè додека Грција не биде целосно подготвена за борба. Сепак, тоа било најава за можните грчки акции во блиска иднина, особено по ратификувањето на спогодбата со Србија. Во приморскиот дел на Македонија прогрчките кругови покажале голема активност со цел да влијаат врз населението. Еден дел од нив бил школуван во Атина и со своето знаење требало да влијае врз населението за да го придобие за целите на "големата идеја", а од значителна помош им биле и црковните лица од Патријаршијата, кои поради совпаѓањето на интересите ѝ служеле на грчката пропаганда[266].

Откако биле разменети ратификациите на спогодбата за сојуз помеѓу Грција и Србија, почнале преговорите за составување на Воената конвенција. Преговорите биле водени од Николаос Манос како претставник на грчката и Фрањо Зах како претставник на српската влада, кој во Атина престојувал под псевдонимот Јован Главаш[267]. За разлика од преговорите за сојуз, разговорите за склучувањето на Воената конвенција брзо завршиле и на 28 февруари 1868 година тие ја потпишале. Според Конвенцијата, европскиот дел на османлиската држава бил означен како место за заеднички воени операции, при што поморските воени операции биле исклучиво во надлежност на Грција[268]. Според членовите 7 и 8 од Конвенцијата, бидејќи било тешко да се одреди како ќе се развивале грчките операции во Епир и во Тесалија, како и српските во Босна и Херцеговина, двете страни се договориле секоја од нив да постапи според најповолните оперциски планови, а со членот 9 се одредува планот за операции во Македонија (која не е спомената со име), според кој грчките војски требало да дејствуваат околу утоките на реките Вардар и Бистрица и да ги прекинат комуникациите помеѓу Солун и Битола[269]. Со потпишувањето на Конвенцијата конечно завршиле повеќегодишните преговори за сојуз помеѓу Грција и Србија, во кои главен проблем, за кој двете страни не успеале да се спогодат, била Македонија. Грција гледала на Македонија како на дел од идната територијално проширена грчка држава и не сакала да врши какви било концесии кога била во прашање оваа богата земја, премногу потребна за идниот посакуван развој на тогаш малото и сиромашно Кралство Грција. Пристигнувањето на Фрањо Зах во Атина и водењето на преговорите за склучување на Воената конвенција не останало незабележано од претставниците на големите сили, но и од новинарите[270]. Францускиот претставник Гобино во Атина го дознал и псевдонимот на Зах,

[265] ДАРМ, м - 171, Fernandez - Memabrea, Salonico 11 febbraio 1868, ASMAE.
[266] ДАРМ, м - 89, Mustier, Salonique, fevrier 1868, AMAE, Salonique, Correspondance commerciale, t. 25, f. 340 - 341.
[267] Σ. Θ. Λασκαρι, Διπλωματικη..., σ. 125.
[268] Г. Јакшић - В. Вучковић, Спољна политика.., с. 451.
[269] Исто, с. 452.
[270] Македония, год. 2, 9 мартъ 1868, бр. 15, с. 4.

но не го открил неговиот вистински идентитет. Гобино се сретнал со грчкиот министер за надворешни работи, од кого побарал информации за погледите на Грција кон новосклучениот сојуз помеѓу Романија и Србија[271], но всушност сакал да дознае нешто повеќе за престојот на Зах во Атина. Одговорот на грчкиот министер бил двосмислен и Гобино не можел да ги извлече посакуваните податоци[272]. Османлиските власти се сомневале дека Грција склучила договор за сојуз со Романија, но амбасадорите на западните земји во Цариград тоа го оцениле како невозможно[273]. Грчката влада успеала да ги убеди претставниците на странските држави дека не постои договор помеѓу Грција и Србија.

Критското Генерално собрание во почетокот на мај 1868 година решило да избере пратеници за грчкиот Парламент. Тие биле свечно испратени во Атина, каде што пречекот од грчката влада бил повеќе од студен. Причина за таквиот однос на владата, а подоцна и на кралот бил дипломатскиот притисок од претставниците на странските држави. Османлискиот претставник во Атина отворено изјавил дека ќе ја напушти грчката престолнина, а западните дипломати, дури и рускиот претставник Новиков, ги советувале делегатите да ја напуштат Атина со цел да не ја отежнуваат и без тоа комплицираната позиција на грчката влада[274]. Со цел да ја демонстрира својата решителност, атинската влада преку својот министер за внатрешни работи Мавромихалис најавила прекин на помошта на владата за критските востаници, доколку претставниците на критското Собрание не ја напуштат Атина. Односите помеѓу кабинетот на Вулгарис и Криќаните паднале во голема криза по ваквиот прием на критските претставници.

Во Македонија претставниците на грчката пропаганда ја продолжиле својата активност, која, со затегнувањето на состојбите на Крит, станувала сè поголема. Целта била населението од различно потекло постепено да се асимилира за полесно да ја прифати "големата идеја"[275]. Тие почнале да се залагаат за подобрување и распространување на грчкото образование. Тогаш за управник на грчкото училиште во Солун бил наименуван Маргарит Димица, кој го претворил училиштето во гимназија[276].

Развојот на настаните на Крит и однесувањето на европските сили не биле поволни за Грците. Сепак, не било сè толку црно. Во екот на Критската криза САД, кои официјално ја признале грчката независност уште во 1833 година, решиле да го подигнат нивото на дипломатските односи со Грција. На 16 јуни 1868 година Чарлс Такерман, како прв американски амбасадор во Атина, му ги предал своите акредитиви на грчкиот крал[277]. Овој потег на американската дипломатија предизвикал големо внимание, но и задоволство, бидејќи во согласност со активностите на Рангавис во САД се очекувала

---

[271] Склучен на 14 февруари 1868 година.
[272] Документи за новата история на българския народ из Виенските държавни архиви 1830 - 1877, част I, София 1948, док. 79, Прокеш - Бойст, Константинопол, 20 март 1868, с. 83.
[273] Исто, док. 78, Прокеш - Бойст, Константинопол, 13 март 1868, с. 82.
[274] И. Сенкевич, Россия и .., с. 157 - 158.
[275] ДАРМ, м - 89, Moustier, Salonique, 3 mai 1868, AMAE, Correspondance politique, Salonique, t. 25, f. 364.
[276] A. Vacalopoulos, A history of Thessaloniki, p. 109.
[277] S. Xydis, Diplomatic relations..., p. 47.

американска помош, особено на воен план. Затоа грчката јавност, но и политичките кругови, му придавале голема важност на првиот американски амбасадор во Атина, а тоа особено се забележувало кај новиот премиер Кумундурос[278], кој во меѓувреме повторно дошол на чело на грчката влада. Многу брзо односите помеѓу двете земји уште повеќе ќе се зацврстат.

Критската криза, која доминирала во грчкото општество, била поволна можност за активност на разни комитети, но најголема улога и влијание имал Атинскиот комитет. Во летото 1868 година Леонидас Вулгарис имал план да организира воена експедиција со цел да се истовари во јужна Македонија за да изврши намалување на османлискиот притисок на Крит[279]. Со ваквата негова замисла не се согласил Атинскиот комитет, по што Вулгарис, под притисок на Комитетот, се откажал од својот план. Востанието на Крит во текот на јули и август 1868 година принудило повеќе грчки групи, особено од османлиската држава, да се заложат и да се ангажираат за поголема соработка со другите балкански народи. Причината за тоа треба да се бара во сè потешката состојба на востаниците. Балканот, поточно христијанските народи во регионот, сè уште целосно не биле обземени со меѓусебната недоверба. Припадници на повеќе балкански народи уште од почетокот на востанието се бореле заедно со грчките востаници против заедничкиот не-пријател. Во битката кај Вафе во 1868 година загинале тројца студенти од Битола, кои студирале на атинскиот Универзитет и еден работник од кос-турското село Смрдеш, Христо Тамџули[280]. Комитетот од Арта започнал соработка со Комитетот за востание на христијаните од Букурешт, раководен од бугарскиот банкар Христо Георгиев. Комитетот од Арта бил во директна врска со Атинскиот комитет и го информирал за целата своја активност[281]. Во оваа соработка бил вклучен и некој комитет од Кожани[282]. Комитетите одржувале постојана кореспонденција помеѓу себе, а многу активен бил М. Маврокордатос, кој се грижел за запишување на доброволци, но и за при-бирање финансиски средства од побогатите Грци. Комитетот од Букурешт сакал да испрати една чета во Македонија и за таа цел ги засилил контактите со комитетите во Арта, Волос и во Кожани. На чело на четата требало да биде рускиот генерал со грчко потекло Каракатаци[283]. Раководителите на епирските комитети го информирале рускиот амбасадор во Атина Новиков за разговорите со комитетот во Букурешт[284]. Меѓутоа, недостигот на средства претставувал голем проблем за остварување на замислените акции. Активностите на разните комитети не биле тајна за Високата Порта. Османлиски-те власти, преку својот амбасадор во Атина, биле редовно информирани за активностите на разните комитети во грчката престолнина. Како резултат на овие известувања во пограничните области, османлиските воени сили добиле

[278] Македония, г. 2, 20 юлий 1868, бр. 34, с. 4.
[279] Н. Данова, Критското въстание .., с. 42.
[280] Р. Поплазаров, Ослободителните.., с. 216.
[281] Љубомир Дурковиќ - Јакшиќ, Анонимна и загонетна брошура из 1868 године о организацији за устанак хришћана на Балкану против Турака, Историјски Гласник, 1 - 2, Београд, 1979, с. 148.
[282] Не располагаме со повеќе информации за овој комитет и за неговите активности.
[283] Исто, с. 151.
[284] И. Сенкевич, Россия и.., с. 174 - 175.

засилувања за да ги спречат евентуалните грчки упади, а владата во Атина била предупредена дека ќе одговара за сите последици од непромислените дејства[285].

Додека на Крит настаните се развивале релативно неповолно за грчките интереси, во Србија бил убиен кнезот Михаило. Настаните во Србија и убиството на кнезот Михаило во јуни 1868 година предизвикале голема загриженост на грчката влада поради можното откажување на новото српско регентство од договорот за сојуз. Со цел да го испита пулсот на новото регентство, Делијанис на 30 јули 1868 година му испратил писмо на Ристиќ, во кое, меѓу другото, му ја честитал новата должност и ја искажал увереноста дека грчко-српското разбирање и сојузништво продолжиле и понатаму[286]. Ристиќ во одговорот до Делијанис ја искажал благодарноста за сочуството и го уверувал дека Србија не го променила своето однесување кон Грција. Сепак, земјата поминувала низ тежок период по убиството на кнезот и затоа Србија се надева на грчкото разбирање. Ристиќ нагласил дека Србија била приврзана кон сојузот и ги продолжувала подготовките, а се надева дека тоа го прави и Грција[287]. Грците од српскиот одговор извлекле заклучок дека Србија сака да се оддалечи од обврските што произлегувале со договорот за сојуз, што не било неточно.

Османлиските дипломатски претставници во Грција продолжиле засилено да внимаваат на дејствувањето на комитетите. Османлискиот конзул во Сира ги информирал локалните власти во Солун дека четири помали бродови натоварени со поголемо количество барут, управувани од членови на грчките комитети исловиле кон македонскиот брег. Властите во Солун испратиле воени бродови кон Халкидик, при што во близина на Касандра заплениле три од четирите брода[288]. Екипажите на заробените бродови биле уапсени, но наскоро биле ослободени. Четвртиот брод, кој бил и најголем, успеал да ја избегне османлиската заседа и да го истовари барутот на Касандра. Оваа акција не предизвикала заострување на ситуацијата на Халкидик.

Атина продолжила да внимава на однесувањето на српското регентство. Грчкиот министер за надворешни работи Делијанис во текот на септември 1868 година се интересирал преку пратеникиот во Цариград за политичките планови на српската влада[289]. Тоа значи дека Грција, и покрај незадоволството од одговорот на Ристиќ, сè уште се надевала на заедничка акција со Србија.

Истовремено Грција, во согласност со зајакнувањето на своите односи со САД и договорите на Рангавис со некои американски политичари, започнала да се снабдува со американско оружје, кое, во секој случај, ѝ било повеќе од потребно. Во октомври 1868 година грчката влада потпишала договор за купување на 15 000 пушки - тип ремингтон од САД, а во следниот

[285] Македония, г. 2, 27 юлий 1868, бр. 35, с. 4.
[286] D. Dontas, Greece and..., p. 130.
[287] ДАРМ, м - LVI/ 666, ф: Јован Ристиќ, Ristich - Delyanni, Belgrade, 5/17 auot 1868.
[288] ДАРМ, м - 7, Wilkinson - Elliot, Salonica, 22 september 1868, FO 195/811.
[289] С. Терзић, Србија и .., с. 145.

месец грчкото Собрание изгласало резолуција за благодарност кон САД поради нивната "загриженост за грчката нација"[290].

Грчката влада, со цел постојано да има информации за состојбите во Србија, кои можеле да влијаат врз потпишаниот договор за сојуз, во ноември 1868 година го испратила својот прв дипломатски претставник во Белград, конзулот А. Доскос, кој веднаш бил примен од српските раководители[291]. Доскос, по контактите со српскиот политички врв, ја известил својата влада дека регентството не му се спротиставувало на австриското влијание и како последица на тоа во тој момент Србија имала резервиран став кон сериозни разговори и зацврстување на односите со Грција.

Грчката влада, иако осамена, без поголема надворешна поддршка поради внатрешните состојби во земјата, не сакала да направи самостоен обид во правец на подобрување на односите со својот единствен сосед. Напротив, во Парламентот грчките политичари што биле на власт во ноември 1868 го-дина отворено зборувале за војна со османлиската држава[292]. Владата во Ца-риград повеќе не можела да ја толерира активноста на грчките комитети, кои, според неа, биле поддржувани од атинската влада. Османлискиот амба-садор во Атина Фотијадес-беј на 11 декември 1868 година се сретнал со грчкиот министер за надворешни работи, при што отворено го изразил незадоволството на својата влада од однесувањето на Грција во поглед на Крит, но и од фактот што некои грчки политичари учествуваат во атинскиот Критски комитет. Тој исто така укажал на говорите на министрите во Парламентот, со кои се барало анексија на островот кон Грција. Тогаш Фотијадес му го предал на П. Делијанис ултиматумот на османлиската влада, во кој се барало: 1) да се распуштат четите и да не се формираат нови; 2) да се разоружаат бродовите "Еносис", "Крит" и "Панхеленион"; 3) да се казнуваат, во согласност со законите, сите што извршиле злодела врз османлиските државјани и да им се плати отштета на нивните семејства и 4) во иднина однесувањето на Грција да биде во согласност со меѓународните закони[293]. Османлиската влада ѝ дала на грчката рок од осум дена позитивно да одговори на ултиматумот. Во спротивно, се заканила дека османлискиот амбасадор и конзулите ќе ја напуштат Грција и дипломатските односи ќе бидат прекинати. Владата во Атина била по малку изненадена од остриот османлиски ултиматум, но немала намера да попушти. Всушност, иако не сакал да му се покори на ултиматумот, атинскиот кабинет, имајќи ја предвид ситуацијата во земјата, и да сакал не можел да попушти пред османлиските барања. Затоа грчката влада негативно одговорила на османлиските барања и слично како и во 1854 година, својот став го бранела со неможноста да ги

[290] S. Xydis, Diplomatic relations..., p. 49.

[291] Georgia Ioannidou - Bitsiadou, La Situation politique et culturelle en Serbie et les relationes greco - serbes a l'epoque de la regence ( 1868 - 1872), Balkan Studies, V. 24/2, Thessaloniki, 1983, p. 439.

[292] Κωνσταντινος Σβολοπουλος, Καθοριστικοι παραγοντες της αλυτρωτικης πολιτικης της Ελλαδος – εκτιμησεις και υποθεσεις με αφορμη την επανασταση 1866 – 1869, Βαλκανικα Συμμετικα, 2, Θεσσαλονικη, 1983, σ. 86.

[293] Driault et l'Heritier, Histoire diplomatique..., t. III, p. 267.

спречи стремежите на народот[294]. Портата на 16 декември 1868 година ги прекинала дипломатските односи со Грција и им дала петнаесетдневен рок на грчките државјани да ја напуштат османлиската територија[295]. Голем дел од грчката јавност под влијание на пропагандата не бил воопшто загрижен за можните последици, туку напротив, ентузијазмот бил голем и се засилила идејата за територијалното проширување[296]. Можноста за почнување воени дејства од страна на Грција била минимална. Иако Грција можела да собере околу 30 000 војници, сепак поради финансиската слабост тешко би можела добро да ги опреми. Прашање е колку би биле дисциплинирани овие единици. Грчката влада во тој период одвојувала 1/3 од буџетот за воените потреби, но тоа не било доволно[297].

Наредбата на османлиската влада до грчките дипломатски претставници да ја напуштат нејзината територија била неотповиклива. Грчкиот конзул во Битола Антипас, на 17 декември бил замолен да го напушти градот заедно со сите грчки државјани[298]. Истото им било кажано и на грчките дипломати и државјани во Солун, но тамошните османлиски власти постапувале многу повнимателно со цел да не дојде до инциденти[299]. Амбасадорите на Прусија, Франција и на Англија биле замолени од нивниот грчки колега за заштита и застапување на грчките интереси, но тие негативно одговориле на неговото барање[300]. Затоа грчкиот амбасадор во османлиската престолнина, П. Делијанис, по негативниот одговор на амбасадорите на трите европски сили, немајќи друг избор, на 24 декември го замолил својот американски колега во времето на прекинот на дипломатските односи тој да ги застапува грчките интереси во Цариград[301]. Американскиот амбасадор, во согласност со политиката на зближување со Грција, го прифатил грчкото барање.

Грција, која била целосно изолирана, без посилен сојузник во својата непосредна близина, морала да се соочи со реалноста дека востаниците ги губат битките, а големите сили не се расположени да дозволат припојување на Крит кон Грција. Наполно осамена, финансиски исцрпена, Грција не можела повеќе да им помага на критските востаници. Големите сили, со цел да ѝ стават крај на Критската криза, за 9 јануари 1869 година закажале по-четок на конференција во Париз за решавање на критскиот проблем. Грч-киот министер за надворешни работи испратил едно писмо до претставниците на големите сили со барање критското прашање да се реши во полза на Грција и нејзиниот народ[302]. Истовремено Грција, преку својот пратеник во Париз Рангавис, со помош на рускиот претставник Штакелберг, се обидела да добие

[294] Македония, г. 2, 25 ноемврий 1868, бр. 52, с. 4.
[295] Исто, г. 3, 7 декемврий 1868, бр. 2, с. 4.
[296] Исто, г. 3, 14 декемврий 1868, бр. 3, с. 4.
[297] К. Σβολοπουλος, Καθορτιστικοι παραγοντες..., σ. 88.
[298] ДАРМ, м - 2, Calvert - Clarendon, Monastir, 24[th] december 1868, FO 78/2047.
[299] ДАРМ, м - 90, - La Vallete, Salonique, 28 decembre 1868, AMAE, Larissa, v. III, f. 271.
[300] Исто, f. 270.
[301] ДАРМ, м - 116, Seward - Morris, Washington, 1 january 1869, Diplomatic instructions of the Department of state, 1801 - 1906, Turkey.
[302] С. Даневъ, Очеркъ.., с. 53.

место на конференцијата, но тоа било одбиено од другите сили[303]. Рангавис остро протестирал против оваа одлука со образложение дека таа била понижувачка за неговата земја, но тој до крајот на конференцијата не можел да присуствува на нејзините заседанија. Грција не можела да решава за прашања што биле важни за нејзината судбина поради својата реална сила.

Големите сили, покрај притисокот врз Грција, вршеле притисок и врз Портата за да ги олесни условите за напуштање на нејзината територија од грчките државјани. Рокот за заминување бил продолжен за три недели, а за сите грчки државјани што ќе покажале добро однесување било решено дека можат да останат[304]. Османлиските власти дозволиле оние грчки државјани, кои работеле во странските дипломатски претставништва, исто така да можат да останат во земјата. Сите Грци што имале и грчко и османлиско државјанство, доколку се откажеле од првото, можеле да останат во османлиската држава[305]. Со ваквите активности на османлиските власти "панхеленската пропаганда, која произведе големи тешкотии, претрпе силен удар"[306]. Таа пропаганда била многу активна, не само против османлиските власти, туку и против Словените. Иако Грција барала поддршка од Русија во врска со критското прашање, привржаниците на "големата идеја" во Серез и околината зборувале меѓу населението дека доколку дошла Русија, целата земја ќе им била дадена на великодостојниците, а доколку дошла Грција, тогаш ќе ги имале сите права и слободи[307]. Дипломатскиот пораз, кој веќе се назирал во однос на критското прашање, очигледно не влијаел врз активностите на грчката пропаганда.

Почетокот на Париската конференција не значел и крај на грчките настојувања за заедничка акција со Србите. Информациите што ги добивала атинската влада од својот конзул во Белград го зголемиле грчкото сомневање во српската искреност за заедничката работа и склучениот договор. Затоа Атина решила во српската престолнина да испрати воено лице, кое требало да ги утврди вистинските состојби на воено поле. Непосредно пред завршувањето на Париската конференција, во почетокот на февруари 1869 година во Белград пристигнал мајорот на грчката војска, Николаидис, со писмо од Делијанис до Ристиќ. Делијанис со писмото го информира Ристиќ дека целта на мисијата на Николаидис било запознавање со воените подготовки што ги вршела Србија и со опременоста на српската војска за да може и грчката војска, заради идното заедничко дејство, да набави слична опрема[308]. По обиколката на српските воени единици и објекти Николаидис дошол до заклучок дека постои голема несразмерност помеѓу огромните складишта воени материјали за сите воени родови и лошата обученост и извежбаност на српската војска. Непосредно пред заминувањето на Николаидис за Атина, Ристиќ му предал писмо за Делијанис, кое, всушност, било обид за некое

[303] Н. С. Княпина, Внешная политика России второй половины XIX века, Москва, 1974, с. 70.
[304] ДАРМ, м - 7, Wilkinson - Elliot. Salonica, 14[th] january 1869, FO 195/952.
[305] ДАРМ, м - 2, Blunt - Clarendon, Monastir, 19[th] january 1869, FO 78/2102.
[306] Исто.
[307] ДАРМ, м - III/29, ф. Јован Ристиќ, Влашић - Ристићу, Серез, 28 јануара 1869,
[308] С. Терзић, Србија и.., с. 148.

оправдување за српската неангажираност во поглед на исполнувањето на обврските од сојузниот договор. Ристиќ во писмото го уверувал Делијанис дека Србија низ целата криза била со Грција, но немала доволно сознанија за грчките намери и никогаш не ги прекинала подготовките. Затоа Ристиќ барал од Грците навремено да известуваат за нивните намери со цел Србија да биде во можност да ги изврши своите обврски од договорот[309]. По посетата на Николаидис на Србија и писмото на Ристиќ до Делијанис, Грција конечно била убедена дека нема ништо од заедничката акција со Србија, која очигледно не била ниту војнички подготвена за тоа, ниту пак, гледајќи го развојот на настаните, била политички расположена.

Грција не можела да им се спротивстави на решенијата на големите сили, впрочем искуството од 1854 година сè уште не било заборавено. Затоа, атинската влада се согласила со решенијата на големите сили во врска со Крит, а тоа значело островот да остане во рамките на Османлиската Империја. Грчкиот печат како главна причина за прифаќањето на решенијата на Париската конференцијата ја навел изјавата на рускиот цар, со која тој одбил да им даде поддршка на Критјаните и ги советувал да се покорат[310]. Со тоа, на некој начин, биле поставени правците, кај кои ќе се бара причината за неуспехот. Конечно, на 15 февруари 1869 година биле обновени дипломатските односи со османлиската држава, со што бил ставен крај на Критската криза.

## *2. 4. Политика на приближување кон османлиската држава - обид за пенетрација*

Неуспехот да се реализира "големата идеја" и убедувањето дека големите сили биле решени да го зачуваат територијалниот интегритет на османлиската држава ја натерале Грција да води попомирлива политика спрема својот сосед. Кралот Георгиос по критскиот неуспех почнал да се залага за политика на пријателство и соработка со соседната држава, за што имал и поддршка од грчките кругови во Цариград[311]. Сепак, целта - остварување на "големата идеја" - не се менувала. Сите напори на грчката влада биле насочени кон зацврстување на елинизмот, кој очигледно трпел неуспеси. Затоа било решено надворешната политика да се ревидира и наместо соработка со другите балкански народи, Грција да се преориентира на соработка со османлиската држава, при што големи напори би биле насочени кон културниот и

[309] ДАРМ, м - LVI/666, ф: Јован Ристиќ, Ристић - Делијанису, Београд, 13(25) фебруара 1869.
[310] Македония, г. 3, 15 февруарй 1869, бр. 2, с. 4.
[311] Κ. Αιλιανου, Η Αυστρο – Ουγγαρια , σ. 45.

политичкиот развој на грчките заедници во султановата држава[312]. Двата центра на елинизмот - Атина и Цариград ќе почнат уште поблиска и покоординирана активност во насока на заедничката цел. Тие се согласиле со политиката што нудела две перспективи: а) дозвола на елинизмот да дејствува во насока на ограничување на словенските акции во Македонија и во Тракија, б) барање позначајна улога во османлиската администрација[313].

Едно од полињата каде што можело да се дејствува било образованието. Затоа во Атина сè повеќе се зборувало за потребата од засилување на грчкото образование во османлиската држава и негово финансиско помагање од страна на Грција. Развивањето и пропагирањето на грчката писменост во областите на османлиската држава каде што Грција имала свои аспирации, а особено во Македонија и во Тракија, претставувало едно од најголемите преокупации на грчката влада[314]. Во таа насока, на 17 април 1869 година во Атина бил формиран Силогосот за ширење на грчката писменост[315]. Кралот Георгиос на 30 април потпишал указ, со кој се одобрува формирањето на Силогосот и се потврдува неговата организација[316]. Во активностите на ова здружение биле вклучени повеќе видни политичари и претставници на јавниот живот во Грција. Силогосот добивал морална и, што е поважно, мате-ријална поддршка од грчката држава. Во таа насока Министерството за над-ворешни работи со специјално писмо ги информирало сите конзули и дипломатски служби за создавањето на Силогосот и ги повикало да содејствуваат во "неговото патриотско и општополезно дејство"[317]. Ши-рењето на грчкото образование се сметало за национална должност, а сите акции требало да се изведуваат во согласност со османлиските закони и по мирен пат[318]. Грчките учени го поддржувале ширењето на образованието помеѓу православното негрчко население во Македонија, Тракија и во Епир[319].

Сè до почетокот на седумдесеттите години од XIX век Македонија во очите на Грците била една од османлиските провинции што требало да станат дел од проширеното грчко кралство. Реализацијата на оваа аспирација би следувала по добивањето на другите региони што биле поблиску до кралството - Тесалија. Епир и Крит, т.е. оние територии кои за Грците имале приоритет[320]. Затоа, Грција во овој период ќе му посвети поголемо внимание на пропагирањето на грчкото образование, со цел да го зацврсти своето културно влијание, како и да го заштити сè пoслабиот елинизам во Маке-

---

[312] Helene Belia, La Contribution du "Syllogue pour la propagation des lettres Grecques" a l'encouragement de l'Hellenisme de Macedoine 1869 - 1886. Communications grecques au VI-e congres international des etudes du sud-est europeen, Athenes, 1990, p. 277.

[313] Исто.

[314] Κ. Βακαλοπουλος, Το μακεδονικο..., σ. 132.

[315] К. Битоски, Грчката просвета.., с. 263.

[316] Лазар Мојсов, Околу прашањето на македонското национално малцинство во Грција, Скопје, 1954, с. 95, ф. 17.

[317] А. Димитров, Опити за .., с. 363.

[318] H. Belia, Le Syllogue…, p, 278.

[319] B. Gounaris, Social cleavings and national…, p. 413.

[320] Evangelos Kofos, Dilemmas and orientations of greek policy in Macedonia, 1878 - 1886, Balkan Studies, 21/2, Thessaloniki, 1980, p. 45.

донија. Грчките весници пишувале дека во Солун треба да се пратат способни личности, кои ќе употребат соодветни средства за заштита на елинизмот[321]. Активностите на Силогосот за ширење на грчката писменост во Македонија биле насочени кон следниве области: 1) формирање на образовни институции, 2) совети и инструкции за наставниците, 3) издавање на книги и карти што се однесуваат за Македонија и 4) давање предлози за прашањата поврзани со Македонија[322]. Силогосот најголемо внимание ѝ посветил на првата област, бидејќи со ширењето на грчката писменост, без никакво сомнение, се олеснувал патот за политичката пропаганда.

Активноста на грчката пропаганда не била насочена само на образовното поле. Грчките агенти и нивните приврзаници во Серез биле во непрекината преписка со своите истомисленици од Солун, правејќи планови како да се осуети и да се запре панславистичката активност во Македонија. Тие македонските Словени ги сметале за Грци, кои биле словенизирани при словенското населување во Македонија[323]. Грчките дипломати во османлиската држава не стоеле настрана од активностите. Тие давале свои предлози за заштита на грчките национални интереси. Така, грчкиот конзул во Битола, Петрос Логотетис, во екот на антипатријаршиската борба во градот, на 22 септември 1869 ѝ предложил на својата влада усвојување на строги мерки против тие што се бореле против Патријаршијата. Според предлогот на Логотетис, требало да се инсистира битолскиот митрополит да го задржи својот остар курс против противниците, кои би биле подложени на економска војна, притисоци преку локалните власти и др[324]. Меѓу причините за овој предлог на грчкиот конзул биле преземањето на црквата Света Недела во градот од страна на локалното словенско население, барањето за воведување словенска богослужба во црквите во Битола, како и формирањето на посебна црковно-училишна општина во градот, која веќе не била во рамките на Патријаршијата[325]. Предлозите на Логотетис не биле прифатени, но доволно кажуваат за целосната ангажираност на некои делови од грчката дипломатија во правец на остварување на "големата идеја" со бескомпромисна борба.

Османлиското вмешување во грчко-бугарската црковна расправија ја загрижувало атинската влада, која најмногу се плашела од тоа дека губењето на моќта и престижот на Патријаршијата би било победа за Русија, чија цел, според сфаќањата на некои грчки политички кругови, било искористување на Словените не само против Османлиите, туку и против Грците[326]. Изложените грчки стравувања биле претерани, бидејќи за Русија, во случај на уништување на османлиската држава, Грците и Грција не би претставувале поголем проблем. Впрочем и Османлиите, кои иако во октомври 1869 година преговарале со грчката влада за прашањето на националноста на оние Грци што биле

[321] Македония, г. 3, 25 октомврий 1869, бр. 48, с. 4.
[322] H. Belia, Le syllogue..., p. 281.
[323] ДАРМ, м - III/33, ф: Јован Ристиќ, Влашић - Ристићу, Серез, 30 јула 1869,
[324] Μακεδονια..., σ. 454.
[325] Ѓорѓи Димовски-Цолев, Стремежите и борбата на битолското граѓанство за еманципација од патријаршиската доминација во црковно-училишен домен-Школството..., с. 413-414.
[326] D. Dontas, Greece and..., p. 158.

родени во османлиската држава, но имале грчко државјанство[327], кон Грција гледале како кон "незначајна сама по себе, но иритирачки инструмент во рацете на непријателските сили"[328].

Грција, како што може да видиме, повеќе била загрижена поради словенската опасност и затоа грчката влада, интелектуалната елита, јавното мислење и свештенството биле обземени со тоа како да им се спротивстават на сè посилните позиции на Словените во османлиската држава, кои биле главна пречка за грчките аспирации за проширување до Скадар и Стара Планина[329].

Доаѓањето на 9 јануари 1870 година на чело на грчкото Министерство за надворешни работи на Валаоритис, доверлив човек на кралот и близок до западните сили, придонело за засилување на антирускиот карактер на грчката надворешна политика[330]. Сите општествени чинители на грчката национална мисла и грчките тежнеења во руската поддршка на бугарското барање за автономна црква гледале голема опасност за грчките национални интереси. Сепак, основите на грчко-словенските судири не биле духовни и религиозни, туку политички и територијални[331]. Главен камен на сопнувањето била Македонија, на чија територија во своите национални аспирации сметале и Грците и Бугарите, а подоцна и Србите.

Грција, во согласност со насоките на својата надворешна ориентација, образовната политика во Македонија ја израмнила со својата национална политика. Тоа значи дека целите на образовната биле исти со целите на националната политика[332]. Донациите за активностите на Силогосот за ширење на грчката писменост доаѓале од разни страни на Грција, но и од странство. Во текот на февруари 1870 година повеќе од 47 000 драхми за Силогосот биле испратени од Грција, а во атинските весници се пишувало дека распространувањето на учењето било флотата по суво[333]. Во актив-ностите на Силогосот учествувале и грчките конзули. Затоа грчката влада во областите каде што дејствувал Силогосот испраќала способни конзули. Грчкиот конзул во Солун Ватикиотис, заедно со активистите на Силогосот, често вршел обиколка на реоните од Македонија што биле под негова надлежност[334]. Силогосот, со помош на грчките конзули, презел иницијативи пред локалните османлиски власти да добие дозвола за формирање нови или за подигнување на нивото на старите училишта. Така во 1870 година Силогосот успеал да формира две гимназии, по една во Битола и во Солун[335].

---

[327] ДАРМ, м - 11, Elliot - Clarendon, Constantinople, 21st october 1869, FO 78/2078.
[328] ДАРМ, м - 11, Elliot - Clarendon, Constantinople, 4th october 1869, FO 78/2078.
[329] Driault et l'Heritier, Histoire diplomatique..., p. 323 - 324.
[330] Исто.
[331] Чедомир Попов, Француска и Србија 1871 - 1878, Београд, 1974, с. 65.
[332]

Σοφια Βουρη, Εκπαιδευση και εθνικισμος στα Βαλκανια. Η περιπτοση της Βορειοδυτικης Μακεδ ονιας 1870 – 1904, Θεσσαλονικη, 1992, σ. 71.
[333] Македония, г. 4, 22 февруарий 1870, бр. 27, с. 4.
[334] Р. Поплазаров, Пропагандната.., с. 192.
[335] H. Belia, Le syllogue..., p. 281.

Грчките дипломатски претставници во османлиската држава со голема внимателност ги следеле настаните поврзани со формирањето на Бугарската егзархија и можните последици од тоа за грчките аспирации. Солунскиот конзул Ватикиотис ѝ пишувал на атинската влада дека целта на Бугарите била прво да се добие црковна независност, а потоа да се пристапи кон политичко освојување на Македонија[336]. Стравот од Словените, воопшто, при-донел за расположението на Грците, не само оние од Кралството, за поблиски односи со османлиската држава. Јанинскиот митрополит Софрониј говорел дека секој Грк, разбирајќи ги интересите на својот народ "ќе биде со Хасан, со агите, бидејќи само со помирување со Турците", Грците ќе можат, со дејство на својот ум, да го постигнат завладувањето на Балканскиот Полуостров и да го подготват обновувањето на Византија[337].

Официјалното признавање на Бугарската егзархија со султановиот берат од 28 февруари 1870 година предизвикало големо негодување на Грците и во Кралството Грција и во Османлиската Империја. Грчката влада не сакала да изгледа, барем јавно, премногу збунета и агресивна. Нејзиниот пратеник во Цариград советувал смиреност[338], но истовремено не ја криел загриженоста поради членот 10, кој нудел можност за организирање на плебисцити за припадност кон некоја од двете православни цркви[339]. Неприфаќањето на султановиот ферман од Патријаршијата создало едно ново прашање помеѓу православните христијани во османлиската држава. Не било никакво изненадување што во веќе создадениот црковен спор се вклучила и Атинската митрополија, поточно Грчката автокефална црква. Таа, секако, застанала на страната на Патријаршијата[340]. Интересите на грцизмот ги обединиле двете цркви.

Заострувањето на ситуацијата во Западна Европа предизвикало внимание на некои кругови во Грција. Тие сметале дека затегнатата ситуација во Европа можела да се искористи за остварување на грчките аспирации. Сепак, тоа било нереално. Затоа кралот Георгиос морал да влијае и врз најзапалените приврзаници на "големата идеја" да не изведуваат акции на територијата на османлиската држава, користејќи го заострувањето на ситуацијата во Европа со почетокот на Француско-пруската војна во јули 1870 година[341]. Дури и Александрос Кумундурос, кој се залагал за поблиска соработка со балканските народи, не сакал отворено да ја менува политиката

---

[336] Μακεδονια..., σ. 454.

[337] А. М. Селищев, Греко - болгарские отношения в Македонии в 1870 - 1880, Македонски преглед, V/3, София, 1931, док. 1, Леонтыев - росс. импер. послу въ Константинополе, 30 юна 1870, с. 64.

[338] Кирил, Патриарх Български, Граф Игнатиев.., с. 326.

[339] Рускиот пратеник во Цариград Игнатиев, очекувано, во овој период имал повеќе средби со неговиот грчки колега. Рускиот дипломат, најверојатно во обид да го смири својот грчки собеседник, тврдел дека доколку не бил вметнат чл. 10, тогаш постоела опасност Бугарите да не го прифатат ферманот; меѓутоа, бројот на бугарските епархии бил значително намален. Имено, од бараните триесет, тие добиле само петнаесет. (Исто, с. 304).

[340] Исто, с. 348-351.

[341] Κ. Αιλιανου, Η Αυστρο – Ουγγαρια..., σ. 44.

во моментите кога повремено доаѓал на чело на грчката влада[342]. Тоа не значи дека во Грција се откажале од мислата за навлегување во Епир, Тесалија и во Македонија и за нивно вклучување во Кралството Грција[343].

За време на Француско-пруската војна дошло до нови грчко-српски контакти. Грчкиот пратеник во Цариград Рангавис разговарал со својот српски колега Христиќ за можните воени подготовки. Во разговорот двајцата дипломати се задржале и на прашањето за грчко-словенските недоразбирања, при што Рангавис изјавил дека немало потреба од поделби помеѓу христијаните и затоа тој им издал прецизни инструкции на грчките конзули во оние градови на османлиската држава каде што имало мешано население, со цел тие да влијаат врз состојбите и да придонесуваат за отстранување на можните судири[344]. Меѓутоа, политиката на Грција во тоа време не била насочена на соработка со Словените, а изјавата на Рангавис не одговарала на развојот на состојбите на теренот. Така на пример, во Серез приврзаниците на "големата идеја" отворено зборувале за сојуз помеѓу Грција и османлиската држава со цел да се засили Истокот[345]. Според нив, со Турците требало да се однесуваат пријателски, да влегуваат во османлиската администрација и да заземаат што подобри позиции во Царството. Причина за тоа бил стравот од Словените и од нивната бројност, која можела да доведе до словенска надмоќ[346]. Приврзаниците на "големата идеја" во текот на ноември пуштиле гласини во Серез дека грчката влада била готова да склучи сојуз со Османлиската Империја и веќе одредила личност што ќе го потпише договорот[347]. Овие најави биле чиста пропаганда, бидејќи во тој момент, и покрај подобрувањето на грчко-османлиските односи, не постоеле услови за таков договор, пред сè поради сè уште големата османлиска недоверба кон Грците.

Грција, барем официјално, се залагала за добрососедски односи со османлиската држава, но тоа не довело и до укинување на разните националистички комитети, ниту пак до спречување на формирање нови комитети, чија цел била уривање на османлиското владеење во Европа. Леонидас Вулгарис во 1870 година го формирал "Комитетот за ослободување на народите на Истокот". Една од главните задачи на Комитетот било да работи за подобрување на односите помеѓу Грците и Словените, а тој соработувал со Кумундурос, Заимис и со атинскиот митриполит Теофилос[348]. Сепак, и покрај декларираното залагање за соработка со Словените, пратеникот на Комитетот, кој се сретнал со рускиот амбасадор во Цариград Игнатиев, на прашањето на рускиот дипломат дали Комитетот бил расположен за

[342] Varban Todorov, Greek politics in the 70's of the 19th century and the idea of a balkan federation, Etudes balkanique, n. 3, Sofia, 1993, p. 97.
[343] ДАРМ, м - 90, Molin - Jules Fevre, Salonique, 12 septembre 1870, AMAE, Larissa, v. III, f. 376.
[344] Писма Филипа Христића - Јовану Ристићу (1868 - 1880), Београд, 1953, док. 7, Терапија, 18 септембра 1870, с. 12.
[345] Ана Райкова, Стеван Веркович и Българите, София, 1978, док. 15, с. 105 - 106.
[346] Исто, док. 16, с. 108.
[347] Исто, док. 17, с. 111.
[348] V. Todorov, Greek politics in..., p. 94.

соработка со Србија одговорил дека тоа не било можно поради сомнежите дека Кнежевството било блиско со Австро-Унгарија[349].

Иако Грција не покажала провокаторски активности кон својот сосед во време на Француско-пруската војна, владата во Атина сакала да ја искористи Конференцијата во Лондон, која се одржувала во јануари 1871 година, за да добие територијално проширување. Новиот грчки премиер, Кумундурос побарал од големите сили да го разгледаат прашањето за исправка на грчко-османлиската граница. На османлиските обвинувања за навлегувањата на грчките чети на османлиска територија, кои вршеле пљачкање, грчката влада одговорила дека тоа било предизвикано од неприродната демаркациона линија[350]. Грчкото барање не било поддржано од големите сили, кои на Конференцијата решавале поважни работи што го засегале нивниот интерес. Уште повеќе, од Англија стигнало предупредување до Грција во вид на совет за владата во Атина со препорака последнава да води поумерена политика.

Доаѓањето на Кумундурос на чело на владата во Атина, по правило, предизвикувало сомнежи кај Портата и надежи кај оние структури во другите балкански региони што биле заинтересирани за меѓусебна соработка во насока на заедничко дејствување против османлиската држава. Владата во Белград веднаш по формирањето на новиот кабинет на Кумундурос испратила честитка до новиот грчки премиер, кој од своја страна ставил на знаење дека постои можност за спогодба[351]. Меѓутоа, тоа не значело дека но-вата грчка влада била подготвена за брзо дејствување и спогодување со Србите. Грчкиот пратеник во османлиската престолнина Рангавис во раз-говорот со српскиот претставник Христиќ истакнал дека новиот грчки премиер работел на подготовките, но сметал дека сè уште не било време за акција, што не значело дека не треба да се работи на зближување помеѓу народите[352]. Грчките политичари не можеле да го заборават однесувањето на Србија во времето на Критската криза, особено по потпишувањето на договорот за сојуз. Истовремено, Грција водела и дволична политика во однос на Србија. Грчкиот амбасадор во Виена Ипсиланти им испратил депеша на некои претставници на австроунгарското Министерство за надворешни работи дека Србија имала намери кон османлиската територија[353]. Осман-лиите дознале за ова, но се посомневале и на Грците. Османлиските сомнежи ја ставиле официјална Атина во незгодна позиција. Рангавис се обидел да ја смири Портата со ставот дека Грција била миродубиво расположена и ќе се обидела да влијае и врз Словените во таа насока[354]. Поради настанатата ситуација Грција морала да ѝ даде објаснување и на Србија. Рангавис се сретнал и со српскиот пратеник Христиќ со цел да го пренесе објаснувањето на грчкиот министер за надворешни работи Христодулос дека грчкиот амбасадор во Виена немал

[349] Писма Филипа.., док. 20, Пера, 2 децембра 1870, с. 26.
[350] D. Dontas, Greece and…, p. 175 - 176.
[351] Писма Јована Ристића - Филипу Христићу, Београд 19 , док. 12, Београд, 28 јануара 1871, с. 26.
[352] Писма Филипа.., док. 35, Пера, 17 фебруара 1871, с. 43.
[353] Писма Јована.., док. 19, Београд, 3 априла 1871, с. 30.
[354] Писма Филипа.., док. 39, Пера, 17 марта 1871, с. 48.

намера да каже оти Србија била повоинствено расположена отколку Грција, туку сакал да ја потенцира миролубивата грчка политика[355]. Оваа постапка на грчкиот дипломатски претставник во Виена ги прекинала грчко-српските контакти за заедничко дејство, за што Атина во тоа време, објективно, воопшто не била заинтересирана.

Распространувањето на грчката просвета од страна на Атинскиот силогос била координирана со владата во Атина, а тоа го покажува и циркуларот од 22 мај 1871 година, испратен од грчкото Министерство за надворешни работи до грчките конзули[356]. Со циркуларот се предвидувале начините за унапредување и зајакнување на грчкото образование во османлиските области: 1) формирање основни училишта во поважните градови и населени места,
2) организирање на гимназии во главните градови на османлиските вилаети, 3) школување на учители што потекнувале од локалното население,
4) создавање на училишни инспекции, во кои ќе учествуваат и црковни лица, 5) засилување на врските на грчките конзули со локалните црковни и просветни личности заради воочување на нивните потреби[357]. До 1871 година во Османлиската Империја биле формирани 75 силогоси и клубови и 7 во Грција, а тоа било направено во соработка со сродниот силогос од Цариград[358]. Приврзаниците на "големата идеја" во Серез сакале да создадат некаков вид азбука, на која во Атина би се печателе училишни и црковни книги, кои би се растурале по околните села, а исто така би се праќале и што повеќе деца во Атина, а по завршувањето на образованието тие би се вратиле од грчката престолнина[359].

Подобрувањето на односите со османлиската држава не значело и целосно стекнување доверба спрема Грција и спрема некои нејзини водечки политичари од страна на Портата. Следниов пример ја потврдува констатацијата. Владата во Атина за свој нов дипломатски претставник во османлиската престолнина го наименувала познатиот политичар Харилаос Трикупис, но Портата побарала од грчката влада да наименува друга личност за свој амбасадор, бидејќи Трикупис во очите на османлиските власти бил компромитиран со неговото дејствување за време на Критската криза[360].

Османлиската недоверба била засилувана и со честите навлегувања на грчките чети во Тесалија, кои овојпат имале повеќе пљачкашки карактер, но османлиските власти тоа го третирале како атак врз сувереноста на државата и соодветно на тоа презеале акции против четите. Грчките власти често се жалеле на реакциите на османлиските воени сили против грчките чети, при

---

[355] Исто, док. 42, Пера, 30 марта 1871, с. 52.
[356] З. Маркова, Българската.., с. 274.
[357] Σ. Βουρη, Εκπαιδευση και εθνικισμος..., σ. 72.
[358] К. Битоски, Грчката просвета.., с. 263.
[359] Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, т. III, кн. 1, Белград, 1983, док. 197, Верковиќ - Ристиќ, Серез, 21 август 1871, с. 267.
[360] Писма Филипа.., док. 59, Бујукдере, 4 јуна 1871, с. 71 - 72.

што неретко доаѓало и до нивно навлегување на грчка територија[361]. Ваквата состојба на границата нема да биде решена подолг временски период.

Во текот на летото 1871 година Кумундурос, користејќи ја својата репутација како политичар што се залага за соработка со Словените, стапил во преговори со рускиот пратеник во Атина Сабуров, со цел да се реши егзархискиот проблем. Притоа, грчкиот премиер отворено го изнел несогласувањето со членот 10 од ферманот за формирање на Егзархијата[362]. Тој, всушност, бил загрижен поради можноста Патријаршијата да не добие 2/3 од населението, со што грчките аспирации би биле загрозени. Стравот на грчката влада се должел на народносниот состав на населението во некои делови на Македонија.

Во времето на заострувањето на црковниот спор во Атина дошло до промена на владата. Заимис наскоро го заменил Кумундурос, но тој ја продолжил политиката на својот претходник. На патријаршискиот престол во Цариград исто така имало промена. Новиот патријарх Антим VI имал намера да води попомирлива политика спрема црковниот спор со Бугарите и во таа насока сакал да направи компромис. Официјална Атина нема да остане настрана. Грчкиот премиер Заимис бил запознаен со намерите на Антим, но не сакал да дозволи да бидат направени концесии, кои би можеле да ги загрозат грчките аспирации и од своја страна предложил како линија за разграничување да бидат земени горниот тек на реката Вардар и Родопите [363]. Тој, исто така, му дал инструкции на грчкиот претставник во Цариград да го советува Антим како основа да го земе ферманот од 1870 година, при што да бара од Бугарите да ги намалат своите побарувања[364]. Всушност, овие инструкции се должеле на расположението на патријархот Антим да ѝ отстапи на Егзархијата и епархии[365], за што Грците несомнено сметале дека е премногу. Владата на Заимис воопшто не криела дека не била задоволна од дејствувањето на патријархот[366]. Грчкиот пратеник во Цариград добил две телеграми од Атина, во кои кралската влада жестоко протестира против отстапувањето на Велес на Егзархијата[367]. Грчката автокефална црква, како што видовме, била инволвирана во настаните поврзани со Егзархијата. Нејзините великодостојници отворено му се спротивставувале на прифаќањето на членот 10 од ферманот, со образложение дека прифаќањето ќе доведе, во рок од десет или дваесет години, до губење на Македонија и Тракија[368]. Францускиот амбасадор во Атина забележал дека елинизмот тешко би се откажал да го гледа грчкиот црковен клер помеѓу словенското

[361] ДАРМ, м - 93, Moulin - Jules Favre, Salonique, 7 aout 1871, AMAE, Turquie, f. 89.
[362] П. Ников, Българското.., с. 330.
[363] З. Маркова, Българската.., с. 276.
[364] D. Dontas, Greece and…, p. 199.
[365] Антим бил подготвен да ја отстапи и Пловдивската епархија без градот Пловдив , Созополската епархија без градот Созопол и делови од Одринската епархија. (Кирил, Патриарх Български, Граф Игнатиев.., с. 395-396).
[366] Исто, с. 398.
[367] Исто.
[368] З. Маркова, Българската.., с. 277.

население во османлиската држава, зашто тој бил спроведувач на грчкото политичко и културно влијание.

Активностите на грчката пропаганда во Македонија, но и во другите делови на османлиската држава, продолжувале. Богатите Грци од Атина не штеделе средства за да му помогнат на ширењето на грчката писменост. Интересен е случајот со Серез. Така, еден атињанин им понудил на некои Грци во споменатиот град да одберат надарени деца, кои би ги испратиле на школување во грчката престолнина на негова сметка, со обврска по шест години да се вратат во родното место[369]. Во октомври 1871 година во Серез бил формиран Силогос, кој бил поддражан од Атинскиот силогос за ширење на грчката писменост. Всушност, Силогосот во Серез бил основан со помош на Атинскиот[370]. Еден од најголемите приврзаници на грчката политика во Серез бил Марули, по потекло Албанец од Јанина. Тој со средства дојдени од страна во 1872 година основал приватно училиште во градот, во кое имало пансион за учениците што ветувале дека ќе му се посветат на учителството во Македонија[371]. Овие активности не биле преземени без причина. Имено, во Серез во 1871 година била основана словенска црковно-просветна општина[372]. Во овој град таа година било формирано и словенско училиште[373].

Политиката на грчката влада за можен компромис со Бугарите за надминување на црковниот спор била брзо напуштена, бидејќи, за волја на вистината, и двете страни не биле расположени за заемни отстапки. Грчкиот амбасадор во Цариград Калергис ја одбил молбата на бугарскиот егзарх да предаде едно негово писмо до Синодот на Грчката православна црква. Постапката на Калергис била оценета од Грците како добар патриотски потег на грчкиот дипломат[374]. Меѓутоа, и покрај покажаната цврстина на ставовите, владата во Атина внимавала на своите постапки, најверојатно за да не ги доведе во голема криза своите односи со Русија и повремено, барем официјално, нејзиниот дипломатски претставник во Цариград добивал инструкции да им дава поддршка на напорите на Игнатиев за некаков ком-промис помеѓу Патријаршијата и Егзархијата[375], иако и тоа било со краток рок со оглед на фактот што компромисот помеѓу споменатите цркви бил речиси невозможен, а тоа, според Игнатиев, значело можност грчката влада, наместо да ги смирува, да започне да ги распламтува страстите[376].

Официјалната грчка политика за соработка со својот единствен сосед ја засилило уверувањето дека "големата идеја" може да се оствари само со добри односи со Османлиите. Грција користела најразлични начини за да покаже дека се залага за соработка и добрососедство со османлиската држава.

---

[369] Граѓа за историјата.., т. III, кн. 1, док. 202, Верковиќ - Ристиќ, Серез, 11 октомври 1871, с. 275 - 276.
[370] ДАРМ, м - III/29, ф: Јован Ристиќ, Влашић - Ристићу, Серез, 1 новембра 1871,
[371] Верковиќ, Македонски народни.., т.V, с. 361.
[372] Иван Катарџиев, Просветното движење во Серскиот санџак до Кресненското востание- Школството.., с. 307.
[373] Р. Кантарџиев, Школството и.., Школството.., с. 31.
[374] ДАРМ, м - 435, ф: МИП - ПО, Христић - Ристићу, Пера, 23 маја 1872,
[375] Кирил, Патриарх Български, Граф Игнатиев.., с. 414-415.
[376] Исто, с. 437.

Грчкиот пратеник во Цариград изјавувал дека би било добро доколку биде склучен сојуз помеѓу неговата земја и Османлиското Царство. Тој ја уверувал Портата во добрите намери на неговата влада, која заедно со грчкиот крал имала желба за сојуз со султановата држава. За да докаже дека нејзината политика била насочена кон пријателство со османлиската држава, грчката влада во мај 1872 година го одликувала султанот со највисокото грчко државно одликување - Орденот на спасителот[377].

Заострувањето на грчко-бугарскиот црковен спор кулминирало во јуни 1872 година со објавувањето на шизмата од страна на Патријаршијата, која за оваа одлука добила поддршка и од Грчката автокефална црква[378]. Грчката влада дури го одликувала патријархот Антим со Орденот на спасителот[379]. Некои Грци на шизмата гледале како на обезбедување бариера за бугарската експанзија кон Тракија и Македонија[380]. Сепак, Грција немала голема корист од објавувањето на шизмата, но во тие моменти расположението на Грците од двете страни на границата било насочено во тој правец. Тоа било забеле-жано и од дипломатите во грчката престолнина. На пример, американскиот амбасадор во Атина Такерман во текот на 1872 година говори дека Грците верувале оти треба да се елинизираат териториите, кои, според грчките толкувања, биле населени со луѓе што потекнувале од Грци, исповедале православна или грчка вера или пак го зборуваат грчкиот јазик[381]. Приврзаниците на "големата идеја" во некои делови на Македонија изјавувале дека попрво би сакале да исчезнат, отколку да се откажат од својата идеја[382]. Во такви услови било нереално да се очекува поинаква политика на Атина.

Паралелно со засилувањето на црковниот спор со Егзархијата, во некои делови на османлиската држава се формираат нови грчки пропагандни здруженија. Според директивите на Атинскиот силогос, во Солун во 1872 година било формирано "Македонското образовно друштво" на чело со Михаил Пападопулос. Силогосот во Солун имал 114 членови и негова задача било да го развива образованието во Солун и во околните области од Македонија, да отвора училишта и да ги помага, да организира јавни курсеви, да основа библиотеки и др[383].

Несомнено, влијанието на Русија во Грција било забележливо намалено. Поголемиот дел од политичарите биле ориентирани кон западните влади. Доаѓањето на Вулгарис на челото на грчката влада значело поголемо поврзување на Атина со западните земји, пред сè со Англија. Иако повремено имало недоразбирања помеѓу грчките и англиските влади, сепак односите помеѓу двете држави биле блиски. Довербата што ја стекнала Грција кај

[377] Driault et l'Heritier, Histoire diplomatique..., t. III, p. 374.
[378] Кирил, патриярх български, Ексарх Антим, с. 414.
[379] Кирил, Патриарх Български, Граф Игнатиев.., с. 193.
[380] Evangelos Kofos, Attempts of mending the greek - bulgarian ecclesiatical schism (1875 - 1902), Balakn Studies, v. 25/2, Thessaloniki, 1984, p. 374.
[381] S. Xydis, Diplomatic relations..., p. 54.
[382] Граѓа за историјата.., т. III, кн. 1, док. 243, Верковиќ - Ристиќ, Серез, 11 јули 1872, с. 316.
[383] Р. Поплазаров, Пропагандната.., с. 198; К. Битоски, Дејноста на Пелагониската.., с. 76; Κ. Βακαλοπουλος, Το μακεδονικο..., σ. 141.

владата во Лондон може да се види и со барањето на англискиот конзул во Битола до неговиот грчки колега Логотетис да ги застапува англиските интереси во градот. Логотетис, инаку, имал одлични односи со своите колеги, со османлиските власти, а истовремено ги застапувал и италијанските интереси во градот[384]. Без никаква дилема, грчкиот конзул бил способен дипломат, но добивањето на застапништвото на англиските интереси во градот не било само поради личната способност. За насоката на грчката политика се уверил и рускиот амбасадор во Цариград Игнатиев по разговорот со неговиот грчки колега Симос на 15 октомври 1872 година[385]. Во истиот период, Симос му изјавил на австроунгарскиот амбасадор во османлиската престолнина дека Грција и Австро-Унгарија можеле да го поделат Балканот на сфери на влијание според принципот - јужниот дел на Грција, а северниот на Австро-Унгарија[386]. Поблиското поврзување на Грција со западните сили било направено поради чувството на Атина дека елинизмот е загрозен од панславизмот. Тоа не значи дека Грција не правела сондажи на Балканот. Грчкиот конзул во Белград Доскос, во текот на септември 1872 година имал подолг разговор со српскиот кнез Милан, на кого му предал порака од грчкиот крал Георгиос. Во текот на разговорот двајцата соговорници се согласиле дека двете земји имале заеднички интереси, особено за прашањето на Егзархијата[387].

Формирањето на нови силогоси во Македонија, со помош на Атинскиот силогос и грчките конзули, не престанувале. Во ноември 1872 година во Костур бил основан таков силогос на чело со митрополитот Никифорос, Д. Сиомос и Анастас Пихеон[388]. Во донациите на овој силогос, без никакво сомнение, не изостанувала ни помош од владата во Атина. Имено, помош за Костурскиот силогос пристигнувала и со посредство на грчкиот амбасадор во Цариград Евстатиос Симос. На 12 декември 1872 година една група привржаници на прогрчките кругови во Воден го основале локалниот Силогос, а за негов претседател бил избран Јанис Сакалеру[389]. Главната преокупација било да се засили позицијата на грчкото образование во тој дел од Македонија. Воденскиот силогос им давал помош на повеќе селски училишта, но истовремено добивал дотации од Солунското образовно друштво и од сличните пангрчки силогоси во османлиската држава и надвор од неа, како на пример друштвото Парнасос од Атина. Членовите на Воденскиот силогос имале намера да основаат мал археолошки музеј, со цел да прикажат како"луѓето од Воден сè уште ја задржале античката грчка традиција"[390]. Причина за создавањето на Воденскиот силогос најверојатно биле сè

[384] ДАРМ, м - 2, Blunt - Elliot, Monastir, 2 september 1872, FO 78/2240.
[385] М. Тодорова, Подбрани извори.., док 218, с. 308.
[386] З. Маркова, Българската.., с. 278.
[387] G. Ioannidou - Bitsiadou, La Situation politique et culturelle..., p. 443 - 444.
[388] Κ. Βακαλοπουλου, Ο Βορειος..., σ. 384 – 385.
[389] Athanassis E. Karathanassis, The Vodena society for promotion of education, Balkan Studies, v. 29/2, Thessaloniki, 1988, p. 341.
[390] Исто, p. 348.

почестите судири помеѓу привврзаниците на Патријаршијата и нејзините противници предводени од Павел Божигропски[391].

Претставниците на грчката пропаганда во Македонија често одржувале состаноци, на кои биле разгледувани мерките за засилување на грчкото влијание, а како еден од центрите ја користеле и Света Гора. Официјална Атина не застанала отворено зад ваквите состаноци поради стравот од негативна реакција на европските сили, но тајно ги поддржувала, бидејќи оделе во насока на реализација на "големата идеја"[392]. Двата главни силогоси во Македонија ги поделиле реоните на своето дејствување за полесно да се остварат целите. Така, Серскиот силогос имал задача да испраќа пари и книги во Кавала, Мелник, Неврокоп, а Солунскиот се грижел за Воден, Гуменџе, Ениџе Вардар, Негош, Струмица, Дојран, Велес, Прилеп, Костур, Крушево и Охрид, а двата силогоса биле во котнакт со грчките дипломатски претставници во Солун[393]. Активности имало и во западните делови на Македонија. Во 1873 година во Магарево било формирано друштвото за пропаганда на грчката писменост Ελπιζ (Надеж), а набрзо било основано и основно училиште под патронат на Силогосот[394].

Владата во Атина, секако, кога давала донации, морала да има и контрола, ако не целосна, тогаш барем делумна, врз работата на разните силогоси. Таа барала разни начини да врши контрола врз работата на силогосите, но и на другите институции на грчката пропаганда. Контролата морала да биде прикриена под плашт на некоја друга активност со цел да не се предизвикаат османлиските власти, во согласност со политиката за добрососедски односи. Во есента 1873 година, под изговор дека ги контролирале грчките конзули во османлиската држава, чиновниците на грчкото Министерство за надворешни работи извршиле и активности што не биле поврзани со работата на грчките дипломати. Грчкото Министерство за надворешни работи формирало комисија за контрола на работата на грчките конзулати во Епир, Тесалија и во Македонија[395]. На чело на комисијата бил Пападопулос, а во неа значајно место имал грчкиот конзул во Солун Ватикиотис. Комисијата ги посетила Солун, Битола, Волос, Лариса и Јанина. Освен конзулатите, Ватикиотис ги посетил и локалните училишта што биле организирани од силогосите и се интересирал за нивната активност и нивните потреби за одбрана на грчките интереси во областите на османлиската држава кон кои Грција имала, тогаш прикриени, територијални аспирации[396]. Наведената активност на грчките дипломати само ја потврдува вмешаноста на грчката држава во активностите, кои воопшто не биле во согласност со политиката на добрососедство.

Формирањето на грчки образовни друштва под раководство на Атинскиот силогос продолжило и во 1874 година. Тогаш во Крушево било

---

391 Види повеќе кај; Б. Ристовски, Портрети и .., т. 1, с. 104-105.
392 ДАРМ, м - 93, Moulin - Remusat, Salonique, 22 fevrier 1873, AMAE, Turquie, f. 199 - 200.
393 Македония.., док. 136, с. 285.
394 S. Papadopoulos, Ecoles et association grecques..., p. 411.
395 ДАРМ, м - 171, Chico - Il ministro degli affari esteri, Salonico, 10 Novembre 1873, ASMAE.
396 ДАРМ, м - 93, Moulin - Duc de Broglie, Salonique, 2 decembre 1873, AMAE, Turquie, f. 284.

основано Филобразовното друштво Аристотел[397]. Слично како и во Магарево, и во Крушево грчката пропаганда сметала на влашкиот елемент во градот како на своја потпора.

Активностите за зацврстување на позицијата на елинизмот во Македонија не довеле да запирање на процесот на одделување на македонското словенско население од прегратките на Патријаршијата. Случајот со спречувањето на струмичкиот патријаршиски митрополит Јеротеј да отслужи литургија во Берово во 1874 година од Димитар Поп Георгиев[398] е најдобар пример за гореискажаната констатација.

Грчкиот амбасадор во Цариград Симос во текот на март и април 1874 година покажал голема активност. Тој настојувал да ги спречи одобрувањата на берати на Егзархијата за владички места во Скопје и во Охрид. Симос не успеал во директниот разговор со Игнатиев да го убеди рускиот дипломат да не ги поддржува егзархиските барања. Затоа, за сопирање на дејствата на својот руски колега се обидел да побара помош од австроунгарскиот амбасадор[399]. Меѓутоа, Игнатиев бил решен да ги поддржи егзархиските барања и да не попушта пред грчките притисоци[400]. Многу брзо биле издадени два султанови берати за егзархиски владици, со кои Натанаил бил наименуван за владика во Охрид, а Доротеј за владика во Скопје[401]. Ова решение било голем удар за грчките интереси, меѓутоа, може да се смета и како пораз за грчката дипломатија, која не успеала да го спречи донесувањето на бератите. Политиката на приближување на Атина кон османлиската држава заради полесна пенетрација и остварување на "големата идеја" доживеала, несомнено, силен удар. На идеолозите на "големата идеја" и нејзините пропагатори не им останало ништо друго освен да продолжат да дејствуваат и да чекаат поволна можност за остварување на целта. Од друга страна, противниците на политиката на приближување кон османлиската држава со издавањето на егзархиските берати добила голем адут во раката. Кумундурос, кој бил против оваа насока на грчката политика, во 1874 година повторно дошол на чело на грчката влада и се заложил за поблиски односи со Русија. Поделеноста на грчките политичари, не за целта на "големата идеја", туку за начинот како таа да се реализира, била голема. Непосредно пред почетокот на Големата источна криза таа поделеност се продлабочила, така што ќе доведе до нерешителност во одредени важни моменти или пак до погрешна проценка на ситуацијата, што не било ново во грчката надворешна политика.

---

397 Μακεδονια..., σ. 500.

398 Љубен Лапе, Македонија во XVIII, XIX и XX век, Скопје, 1992, с. 195.

399 Кирил, патриярх български, Ексарх Антим, с. 556 - 557.

400 Рускиот дипломат К. Леонтиев сметал дека Грците со своите аспирации кон Цариград биле опасни за руските интереси. Тоа било поддржано и од Игнатиев. (Илия Тодев, Граф Игнатиев и принципът на единство на православието. Исторически преглед, г. 41, бр. 7, София, 1991, с, 81).

401 Овие двајца владици ги добиле своите места врз база на спроведените референдуми во двата града. (За резултатите од изјаснувањата види кај: Генчев Н. Българското.., с. 312). Сепак, речиси истовремено во Скопје и во Охрид се појавиле одредени проунијатски пројави со надеж дека ќе се обнови Охридската архиепископија. (Б. Ристовски, Портрети и.., с. 42)

## 3. ГРЦИЈА И ГОЛЕМАТА ИСТОЧНА КРИЗА 1875 - 1881

### *3.1. Политиката на неутралност како политика на исчекување*

Заострувањето на односите на Балканот со почетокот на востанието во Босна и Херцеговина, кое довело до повторно отворање на источното прашање, предизвикало интерес во Грција. Официјална Атина во почетокот на кризата ниту имала сила, ниту пак мислела да презема некаква активност или пак да се залага за некаква балканска соработка против османлиската држава. На чело на грчката влада во време на избувнувањето на кризата бил Харилаос Трикупис. Тој ги уверувал претставниците на големите сили дека неговата влада нема никаква желба да се вмеша во судирите и да прифати авантуристички правец во надворешната политика. Трикупис сметал дека Грција нема интерес за целосно отворање на источното прашање, бидејќи во тогашните односи на силите се плашел од неповолно решение за грчките интереси[1]. Некои политичари Трикупис во тој момент го сметале за приврзаник на т.н. англо-турска струја во грчкиот политички живот, која се залагала за помирлива политика со османлиската држава[2]. Меѓутоа, со оглед на неговото минато, не би можел да се смета за голем приврзаник на грчко-османлиското пријателство, сепак развојот на настаните пред почетокот на Источната криза го натерал овој познат политичар да се залага за поблиски односи со северниот сосед, како начин за остварување на грчките аспирации. Грција во поглед на Егзархијата, чие формирање било сметано како загрозување на грчките интереси во Македонија и во Тракија и придонело за засилување на антисловенските чувства во Грција, целосно се солидаризирала со Грците во османлиската држава [3]. Во Грција постоела девиза за борбата на елинизмот на два фронта - против Словените и против Османлиите. Во тој контекст Словените биле сметани за поопасни за грчките интереси отколку Османлиите, бидејќи, според тогашните грчки видувања, им го оспорувале правото на Грците на поголемиот дел од наследството на османлиската држава[4]. Кон антисловенското расположение продонесувало и сè поголемото англиско влијание. Дел од грчкиот печат го поддржувал мислењето дека востанието во Босна и Херцеговина било одраз на панславистичката активност и следствено на тоа било штетно за елинизмот[5]. Постоеле и весници што ја признавале словенската борба во Босна и Херцеговина, но ги нагласувале и грчките интереси. Така весникот Ωρα, близок до Трикупис, застапувал став дека Словените имаат свои интереси, кои требало да бидат

[1] В. Трайков, Идеологическите течния.., с. 366.
[2] С. Терзић, Јован Ристић и Грци, Живот и рад Јована Ристића, Београд, 1985, с. 170.
[3] Крсте Битоски, Грција инастаните на Балканот, s. 278.
[4] Ели Скопетеа, Грчка и сарадња на Балкану (1875 - 1878). Случај Леониде Вулгарија, Историски часопис, XXVIII, Београд, 1981, с. 90.
[5] V. Todorov, Greek politics…, p. 95.

поддржувани од Грците, но секако, без да бидат загрозени грчките интереси[6]. Постоеле и политичари што се залагале за соработка со Словените. Таков бил Александрос Кумундурос, за кого се сметало дека бил словенофил. Тоа не беше вистина. Кумундурос се залагал за соработка со Словените, бидејќи сметал дека Грција би извлекла корист од тоа, но кога доаѓал на чело на грчката влада, тој внимавал на грчките национални интереси и аспирации исто како и најголемите словенофоби.

Покрај внатрешниот отпор спрема грчкото вмешување во судирите на Балканот, врз ставот за неутралност не мало влијание имале и Грците што живееле во османлиската држава. Патријаршијата на чело со Јоаким II била против грчко вмешување во судирот. Истовремено, и грчката интелигенција од османлиската држава, особено онаа во Цариградскиот силогос, била против насилното протерување на Турците од Балканот. Нивниот прилог кон аспирациите на елинизмот бил претежно финансиски, културен, понекогаш политички, но многу ретко воен[7]. Грчката елита во Цариград сметала дека пријателството со османлиската држава било најдобар начин за остварување на грчките национални интереси. Грчките кругови во османлиската престолнина се залагале за постепено елинизирање на османлиската држава, а богатиот цариградски банкар Георгиос Зарифис бил настроен за формирање на двојна империја помеѓу османлиската држава и Грција според примерот на Австро-Унгарија[8].

Востанието во Босна и Херцеговина било причина за Русија да покаже извесен интерес за грчките ставови по повод најновиот развој на настаните на Балканот. Така руската дипломатија направила испитување за можен грчко-српски сојуз. Рускиот генерален конзул во Белград, Карцов, во јули 1875 година го поставил пред својот грчки колега Доскос прашањето за подзаборавениот сојуз од 1867 година. Грчкиот конзул одговорил дека конзулатот на Кралството Грција во Белград постоел од 1868 година и не постои архива од претходната година[9]. Ваквиот одговор на Доскос најдобро сведочи за грчкото расположение кон можна соработка со Србија. За грчките ставови бил свесен и Ристиќ, кој на една седница на српскиот Министерски совет на 4 септември 1875 година рекол дека по Критското востание во Грција завладеало заладување спрема Словените и затоа во тие моменти однесувањето на Грција било резервирано[10].

Македонија, која била одвоена од грчкото кралство со Епир и Тесалија, сè до избувнувањето на грчко-бугарскиот црковен спор не била приоритет на грчките национални барања. Сепак, стравот од можното губење на Македонија како дел од идното проширено грчко царство ја мобилизира Гр-

---

[6] Georges Ploumides, Les Slaves et la Serbie dans la pensee politique de Charilaos Tricoupis, Greek - Serbian..., p. 80.

[7] Evangelos Kofos The subject Greks during the eastern crisis of 1875 - 1878, Medjunarodni simpozijum povodom 100 godisnice ustanka u Bosni i Hercegovini i drugim balkanskih zemljama u isticnoj krizi 1875 1878, t. I, Sarajevo, 1977, p. 99 - 100.

[8] С. Терзић, Србија и.., с. 153 - 154.

[9] Е. Скопетеа, Грчка и сарадња.., с. 94.

[10] Записи Јеврема.., с. 121.

ција да даде повеќе средства за грчката пропаганда, особено на образовно поле. Со помош на локалните османлиски власти во Солун, Софоклис Гарполас успеал да го издаде првиот грчки весник во Македонија - Ермис[11]. На теренот продолжило ширењето на мрежата на силогосите спонзорирани од Атина. Така во септември 1875 година во Струмица бил формиран Струмичкиот образовен силогос со цел да го подобри и зацврсти грчкото образование во овој дел од Македонија[12]. Тоа би се постигнало, според плановите на основачите на Силогосот, со развивање на постојните и формирање на нови училишта, со создавање на библиотека и со други активности. Атинскиот силогос му помагал на струмичкиот, а во тоа имал помош и од атинскиот Универзитет[13]. Практиката на грчката пропаганда покажува дека таа го засилува своето дејствување или присуство во сите реони на Македонија, каде што се сметало дека интересите на елинизмот се загрозени или пак грчкото влијание било слабо.

Грција по започнувањето на Големата источна криза зазела став на неутралност и немешање во настаните. Активностите на грчките дипломатски претставници во Македонија биле насочени кон остварување на официјалната грчка политика - пропагирање на грчката неутралност и поддршка на активностите на силогосите. Грчкиот конзул во Битола Логотетис во врска со настаните на Балканот го застапувал ставот на официјална Атина за неутралност и тоа им го соопштувал на приврзаниците на "големата идеја" Грција ѝ посветувала големо внимание на можноста некои приврзаници на "големата идеја" да не бидат замешани во антиосманлиски активности, кои би биле доведени во врска со словенските дејствувања. Тоа било очекувано однесување на држава, која другите аспирации ги сметала како опасни за своите планови.

На 28 октомври 1875 година на чело на грчката влада дошол Александрос Кумундурос. Доаѓањето на овој грчки политичар на чело на атинската влада предизвикало загриженост кај западните дипломати поради наводната прословенска определеност на Кумундурос. Кралот Георгиос морал да дава смирувачки изјави со ветување дека тој лично ќе се заложи ситуацијата да остане под контрола[14]. Меѓутоа, Кумундурос не бил политичар што би ги загрозил националните интереси на својата земја. Тој јавно се залагал за непроменливост на грчката надворешна политика, но исто така одржувал контакти со тајните здруженија како еден од можните начини за остварување на грчките национални аспирации, но и како можност за нивно контролирање. Една од доверливите личности на Кумундурос бил Леонидас Вулгарис[15]. Кумундурос не сакал да ја вмеша земјата во настани, за кои во Грција се сметало дека се штетни за грчките интереси. Неговата влада сметала дека во

[11] Παναγιωτης Γ. Κοκκας, Η οικογενεια Γκαρπολα και η πρωτη ελληνικη εφημεριδα της Θεσσαλο νικης, Μακεδονικα, 21, Θεσσαλονικη, 1981, σ. 234 – 235.
[12] St. Papadopoulos, Ecoles te associationes grecques..., p. 431.
[13] ДАРМ, м - 171, Foskarini - Il ministro degli affari esteri, Salonico, 7 ottobre 1875, ASMAE.
[14] Evangelos Kofos, Greece and the Eastern crisis 1875 - 1878, Thessaloniki, 1975, p. 45.
[15] Г. Л. Арш, Греция и восточпуј кризис 70 - х годов XIX века, Русско - Турецкая война 1877 - 1878 и Балканы, Москва, 1978, с. 170.

тие моменти не треба да им се помогне на Словените[16]. Во таа насока Кумундурос, во текот на ноември 1875 година, ги одбил српските предлози за сојуз, со што за покус период биле запрени контактите со Белград. Со цел да не доведе до заладување на односите со Цариград, кој не гледал со големи симпатии кон овој грчки политичар, Кумундурос ја уверувал османлиската влада дека Грција не ја променила нејзината политика[17]. Колку и да бил Кумундурос наклонет кон една балканска соработка, тој не смеел да дозволи посериозно нарушување на односите со османлиската држава поради нејзината реална сила, интересот на Грците што живееле во неа, а тие односи биле потребни во плановите на секоја атинска влада и поради важното место што го имал северниот сосед во грчката економија.

Грчката влада, веќе како по обичај, имала редовни консултации со Атинскиот силогос, кој од своја страна ѝ давал извештаи за своите активности и трошоци, а тоа секако било важно во времето на кризата на Истокот. Претседателот на Атинскиот силогос Маврокордатос, во еден извештај од 11 декември 1875 година до грчкиот министер за надворешни работи Контоставлос, препорачал: 1) да се засилат центрите на грчката култура во Македонија - Солун, Битола, Серез, Воден, Кожани, Костур и Корча. Слично како во Солун, да се основаат гимназии и во Серез, Битола и во Корча; 2) да се основаат грчки основни училишта во Струмица, Неврокоп, Дојран, Валандово и во Еницe Вардар; 3) да се основаат две училишта во областа Китрос и две во Берската област; 4) да се издвојуваат поголеми парични средства за силогосите во Солун, Серез и во Костур[18]. Маврокордатос побарал од владата дополнителни 10. 000 драхми за активностите на Силогосот. Во Македонија постепено се зголемувала активноста на грчката пропаганда, за чиј раководител претставниците на другите земји во Солун го сметале грчкиот конзул во Солун[19].. Не можело да дојде до засилување на грчката пропагандна активност без соработка со владата во Атина, чии дипломатски претставници со својата позиција биле од голема корист за приврзаниците на "големата идеја".

Настаните во Босна и Херцеговина не можеле да не предизвикаат реакција кај дел од грчката јавност. Така во Атина во јануари 1876 година бил формиран клубот "Ригас", кој почнал да собира средства за востаниците во Босна и Херцеговина и да врши агитација за соработка со Србите. Истовремено, разни капетани од Крит повикувале на акција и востание во Епир, Тесалија и во Македонија[20]. Во овој период во Атина дејствувал и од порано формираниот Воен комитет за ослободување на христијаните во Турското Царство на чело со Леонидас Вулгарис .

Активностите на разните комитети и капетани воопшто не влијаеле врз позицијата на грчката влада во однос на настаните на Балканот и врз

[16] Σ. Θ. Λασκαρι, Διπλοματικη..., σ. 148.
[17] Driault et l'Heritier, Histoire diplomatique…, p. 386.
[18] Σοφια Βουρι, Πηγες για την ιστορια της Μακεδονια, Πολιτικη και εκπαιδευση 1875 – 1907, Αθηνα, 1994, δοκ. 2, Μαυροκορδατος – Κοντοσταυλος, Αθηνας, 11– 12–1875, σ. 30 – 34.
[19] ДАРМ, м - 8, Blunt - Elliot, Constantinople, 11th january 1876, FO 195/1149.
[20] С. Терзиħ, Србија и .., с. 182.

можната соработка со Словените, поточно со Србите. На 12 февруари 1876 година српскиот кнез Милан го повикал грчкиот конзул Доскос и наводно му понудил српска поддршка за грчките барања во Македонија, не само во јужните делови, туку и во внатрешноста[21]. Милан, покрај поддршката за грчките барања, побарал воена соработка. Кралот Георгиос не сакал да се согласи со барањата на српскиот кнез. Грција официјално ја одбила понудата со образложение дека војската била слабо подготвена[22]. Некои грчки новинари ја критикувале ваквата политика на владата во Атина, но таа сметала дека не било во интерес на државата да влегува во преговори или пак да презема обврски, со кои би биле загрозени грчките позиции.

Русија, која имала свои планови и интереси на Балканот, сè повеќе се интересирала за ставовите на грчките политичари во врска со Источната криза. Во таа насока, рускиот амбасадор во Атина Сабуров вршел испитување на пулсот на грчките политичари во поглед на вклучувањето на Грција во балканскиот конфликт. На 7 март 1876 година тој се сретнал со Харилаос Трикупис, кој му изјавил дека националниот интерес ги терал Грците да останат пасивни во најновите балкански настани, бидејќи тие биле непо-волни за грчка акција[23].

Исто како и Русија, и официјален Белград имал голем интерес, не само за испитување на ставовите на грчката влада, туку и за потесна соработка. Од Атина немало позитивни сигнали. Српската влада, по неколкуте неуспеш-ни обиди да преговара со Грција, решила да го испрати во Атина Милутин Гарашанин со цел да ја испита политичка ситуација во Грција, силата на грчката војска и расположението на Грците за заедничко дејство со Србија. Гарашанин на 11 март 1876 година пристигнал во Атина. Тој веднаш се сретнал со Леонидас Вулгарис, кој му соопштил дека не требало многу да се очекува од постојната грчка влада, а тоа го зборувал по налог на Кумундурос[24]. Српскиот пратеник заклучил дека грчката влада била нерешителна да заземе цврст став во случај на општо востание на Балканот, а за таквата нерешителност придонесувале: 1) отпорот на кралот Георгиос, 2) нерешителноста на грчките државници, кои жестоко се спореле во Парламентот, а владите често се менувале, при што само Кумундурос бил наклонет кон соработка со Словените, 3) јавното мислење во Грција се сомневало во српските цели[25]. Гарашанин заклучил дека Грците во Србија гледаат орудие на Русија, а во можниот судир тие би се вклучиле само откако Србија би покажала некои резултати на воено поле. Тој се уверил дека грчката влада повеќе не го сметала за валиден договорот од 1867 година. Претставниците на Воениот комитет, иако оваа организација формално била за балканска соработка, исто така не верувале на српските намери.

---

[21] E. Kofos, Greece and…, p. 48.
[22] Zacharios N. Tsirpanlis, Les Grecs et l'Insurrection de 1875 en Herzegovine et en Bosnie, Medjunarodni …,p. 217.
[23] Международные отношения... 1856 - 1878, с. 322.
[24] ДАРМ, м - 436, ф: МИП - ПО, Мемоар Милутина Гарашанина о тајној мисији у Грчкој у марту 1876 године, 31 март 1876.
[25] Исто.

Единствено Вулгарис покажал подготвеност и бил расположен за соработка со Белград. Другите раководители на Комитетот отворено му замериле на Гарашанин за српската неутралност во критските настани, на што овој морал да се правда со српската воена слабост во тие моменти. Сепак, Комитетот сметал дека треба да се продолжат подготовките и без согласност на владата во Атина. Гарашанин ги испитал и силата и подготвеноста на грчката војска, при што заклучил дека таа тешко би можела да биде некаква потпора на акцијата[26].

По иницијатива на Леонидас Вулгарис, на 18 април во Атина била формирана "Националната комисија" на чело со генералот Скарлатос Суцос, а во оваа организација учествувале многу познати личности од јавниот живот во Грција - Михос, Валаоритис, Мавромихалис, Византиос, Колокотронис, полковникот Метаксас Мацас и др. Комисијата издала прокламација, во која била поздравена борбата на востаниците во Босна и Херцеговина[27]. Оваа Комисија била составена од приврзаниците на активната политика спрема османлиската држава, кои сметале дека моментот бил поволен за акција против северниот сосед, но имало и такви, кои уште тогаш стравувале за грчките национални интереси доколку словенската борба заврши успешно.

Грчката влада, и не само таа туку и поголем дел политичари не сакале да го сменат курсот на неутралност, но настаните на Балканот започнале многу силно, но и брзо да ја заострувааат целата криза. Априлското востание во Бугарија ја ставило грчката влада пред нови дилеми во врска со зачувувањето на неутралноста. Кралот Георгиос ја советувал атинската влада да ја држи земјата надвор од конфликтите. Министерот за надворешни работи Контоставлос исто така ја поддржал неутралноста, но со два услова: 1) неутралноста да биде напуштена во случај на загрозување на грчките национални интереси; 2) при евентуално решавање на конфликтите, областите, кои Атина ги сметала за грчки, да ги добијат истите права и привилегии како и востанатите словенски области[28]. Таквиот став на грчката влада им бил соопштен на големите сили. Во Македонија исто така се случил еден настан, кој оставил последеци врз понатамошниот развој на настаните. На 8/20 мај 1876 година во селото Разловци избило востание[29], кое брзо било задушено од османлиските сили, но покажало една работа. Востанието не

[26] Според податоците до кои дошол Гарашанин, грчката војска имала 12 000 војници, распоредени во 10 баталјони. Грчката артилерија располагала со 48 топови. Командниот кадар имал 400 офицери, а резервата, која постоела како народна гарда, изнесувала 1200 - 1800 луѓе. Воената морнарица располагала со 18 брода, но само два со по 34 топа биле за воена употреба. Истовремено, не постоеле воени фабрики, од што се гледа големата зависност од странство во поглед на набавување и одржување на оружјето. (Исто). Во истиот период и рускиот амбасадор во Атина Сабуров ја известил својата влада за состојбата на грчката војска, која, според него, имала 11 000 војници и слаба артилерија и флота, а целата состојба на грчката војска ја оценил како очајна.( Г. Л. Арш, Греция и восточный.., с. 176).

[27] Z. N. Tsirpanlis, Les Grecs ..., p. 219.

[28] В. Трайков, Идеологическите течения.., с. 368.

[29] За востанието види повеќе кај: Љубен Лапе, Разловечкото востание од 1876 година и личноста на неговиот организатор Димитар Поп Георгиев Беровски, Скопје, 1976.

избило спонтано, без организација. Тоа било планирано подолг период од неговиот водач Димитар Поп Георгиев[30]. Како и да е, овие настани не биле во полза на грчките интереси.

Настаните во Македонија и во Бугарија биле проследени со масовни османлиски репресалии врз населението. Токму ова влијаело кај одредени кругови во Атина да се појави надеж дека спомнатите настани можат да доведат до засилување на позициите на Патријаршијата. Контоставлос сметал дека селаните во Македонија, кои Грција ги сметала за Бугари, и во Тракија, по задушувањето на востанието самоиницијативно ќе се вратат во пазувите на Патријаршијата за да ги избегнат османлиските репресалии[31].

Развојот на настаните на Балканот започнал да влијае на грчките политичари. Грција постепено почнал да ја зафаќа страв, кој, во извесна мера, и претходно бил присутен кај помала група јавни личности, дека неутралноста може да доведе до исклучување на Атина во евентуалната пре-распределба на османлиските територии. Со желба лично да ги објасни ставовите на грчката држава пред големите сили, кралот Георгиос во април 1876 година заминал на европска турнеја. Георгиос имал намера да ги убеди големите сили дека концесиите што би биле направени за словенските провинции требало да се прошират и на пограничните области на осман-лиската држава, кои биле населени со Грци[32]. Прва станица на турнејата на грчкиот крал била Виена, каде што Георгиос имал разговори со царот Франц Јозеф и со австроунгарскиот министер за надворешни работи Андраши. Не-говите домаќини нагласиле дека се задоволни од мирољубивата политика на Грција и доколку големите сили решаваат за позицијата на словенските про-винции, ќе се заложат тоа да биде направено и со областите каде што живееле Грци. Андраши му укажал на грчкиот суверен дека Виена била расположена за територијално проширување на Грција, но таа требало да остане неутрална. Ставот на Андраши искажан пред грчкиот крал го навел Георгиос да верува дека интересите на Грција и Австро-Унгарија на Бал-канот биле идентични[33]. Овие зборови се совпаѓале со желбите на грчкиот крал и тој повеќе од задоволен ја напуштил Виена и се упатил за Лондон. Тој очекувал поддршка од Англија за неговите барања, бидејќи неговата сестра била принцезата од Велс. На негово разочарување, во тие моменти англи-ските интереси не се совпаѓале со грчките, особено не со барањата на Тесалија, Епир и на Крит. Затоа Георгиос не добил од англискиот премиер Дизраели никакви ветувања[34].

Грција, која со сè поголема загриженост ги следела настаните на Балканот, сепак нема да остане нивен пасивен набљудувач. Во тој правец владата во Атина продолжила да ја засилува пропагандата, а за таа цел, меѓу другото, го користела и Атинскиот силогос. Претседателот на Силогосот, Мавро-

---

[30] Исто, с. 29.

[31] E. Kofos, Greece and..., p. 61.

[32] George J. Marcopoulos, King George and the expansion of Greece 1875 - 1881, Balkan Studies, v. 9/1, Thessaloniki, 1968, p.22.

[33] Κ. Αιλαινου, Η Αυστρο Ουγγαρια..., σ. 49.

[34] G. J. Marcopoulos, King George..., p. 23.

кордатос, на 22 април 1876 година пристигнал во Солун. Тука тој веднаш се сретнал со грчкиот конзул во градот и разговарале за активностите на грчката пропаганда, пред сè на Силогосот, за ширење на грчката писменост, како и за грчкото влијание на Света Гора. Маврокордатос, придружен од конзулот Ватикиотис, го обиколил целиот Солунски вилает, но и други делови од Македонија со цел да ја види фактичката состојба на теренот и таму каде што е потребно да даде сугестии[35]. Претседателот на Атинскиот силогос во некои градови доделил и помош за локалните силогоси. Во придружба на Ватикиотис, тој го посетил Воден, каде што и на тамошниот Силогос му доделил парична помош, која била обезбедена од атинските донатори[36]. Доаѓањето на Маврокордатос ја покажува желбата на атинската влада да го зацврсти своето влијание во тој дел од Македонија што било потребно за евентуалната распределба на османлиските територии, но и стравот дека грчките позиции не се сигурни и силни. Освен Атинскиот силогос, дотации за засилување на грчкото образование во овој период давале и побогатите цариградски Грци. Така, цариградскиот банкар Зарифис објавил дека ќе му помогне на Солунскиот силогос со тоа што на своја сметка ќе школувал 20 до 30 ученици, под услов тие по завршувањето на школувањето да работат како учители во Македонија[37]. Истата цел на двата центри на елинизмот придонела за сè поблиски и покоординирани акции на двете страни, кои, за волја на вистината, и покрај некои несогласувања, и порано кога била во прашање позицијата на елинизмот, добро соработувале.

Настаните во Солун, кои се случиле во мај 1876 година со убиствата на францускиот и германскиот конзул, предизвикале интерес во Атина, а дале и можност за грчка дипломатска активност, со која се искажала загриженоста на Атина од можниот развој на настаните што би можеле да се одвиваат спротивно на грчките интереси. Вестите за случувањата во Солун биле пренесени од грчкиот конзул, а владата во Атина одржала седница, на која било решено воениот брод "Крал Георгиос" да биде упатен за Солун[38]. Кон Солун веќе бил упатен уште еден воен брод, кој претходно се наоѓал во близината на македонското пристаниште. На 9 мај 1876 година бродот "Саламина" влегол во солунското пристаниште, а тоа им влеало сигурност на Грците и прогрчките кругови во градот[39]. Пристигнувањето на грчкиот брод во солунското пристаниште Османлиите го сметале како провокација и понижување, но не побарале заминување на бродот. Во тие моменти имале многу поголеми грижи. Владата во Атина, по повод солунските настани, го обврзала својот амбасадор во Цариград Кундуриотис да дејствува заедно со своите европски колеги и да му ја искаже на султанот загриженоста на

---

[35]ДАРМ, м - 94. Moulin - Decasez, Salonique, 25 avril 1876,AMAE, Turquie, v. 5, f. 49 - 50.
[36]Αποστολου Βακαλοπουλου, Τα δραματικα γεγονοτα της Θεσσαλονικη κατα το μαιο 1876 και οι επιδρασεις τους ανατολικο ζητημα. Μακεδονικα, τ. 2, Θεσσαλονικη, 1953, σ. 233.
[37]ДАРМ, м - 1046, - Игнатиеву, Солунъ, 21 февралa 1876, АВПР,ф: Posolwstvo в Константинополе, 1876, д. 2274, с. 30.
[38]ДАРМ, м - 13, Stuart - Derby, Athens, 8th may 1876, FO 195/1087.
[39]ДАРМ, м - 13, Blunt - Derby, Salonica, 9th may 1876, FO195/1087
Α. Βακαλοπουλου, Τα δραματικα.... σ. 233.

грчката влада за состојбите во Солун и околината. Меѓутоа, амбасадорите на големите сили не сакале да го вклучат грчкиот дипломатски претставник во дејствата околу солунските настани, со образложение дека Грција не била потписник на Парискиот договор од 1856 година[40]. Тоа било само изговор, амбасадорите на големите сили немале потреба од вклучување на својот грчки колега, чие присуство можело да донесе и одбојност на османлиската влада. По повод настаните во Солун, Грција освен во Цариград, дипломатски дејствувала и во Виена. Грчкиот амбасадор во австроунгарската престолнина, Ипсилантис, ја искажал пред Андраши грчката загриженост за состојбите во Солун и за безбедноста на нејзините државјани во градот[41]. Ваквите грчки дипломатски чекори не постигнале резултати, но покажале дека Грција ќе ја користи секоја можност за дипломатско вмешување во настаните што би се одвивале на територијата на нејзиниот сосед, а кои, според проценките на атинската влада, ги засегаат грчките интереси. Во таа насока, на 10 мај 1876 година Кумундурос испратил циркулар до грчките дипломатски мисии во османлиската држава, во кој се барало задржување на неутралноста за да не се провоцираат османлиските власти, но истовремено, во случај на потреба, да се посредува[42]. Реалноста не одела во насока на желбата на грчкиот министер, бидејќи Грција не можела да игра поважна улога поради нејзината економска слабост, но и поради територијалните претензии спрема Османлиската Империја, со што се намалувала можноста за посредство.

Заострувањето на ситуацијата на Балканот, пред сè во односите помеѓу Србија и османлиската држава, кои можеле да доведат до воен судир, придонело за зајакнување на разузнавачките активности на грчките конзули и емисари. Грчкиот вицеконзул во Кавала Пападопулос во текот на јуни 1876 година го следел мобилизирањето на башибозукот и собирањето на средства, а во околината на Олимп се појавиле грчки емисари што вршеле статистички записи за воените табори во регионот[43]. Тоа не значи дека Грција сакала да влезе во воен конфликт со Османлиите, бидејќи за такво нешто не била подготвена, а исто така голем дел од грчките политичари сметале дека неутралноста може повеќе да помогне во остварувањето на грчките аспирации. Затоа Кумундурос на делегатите од Крит, Епир и од Тесалија, кои во мај 1876 година дошле да бараат средства за кревање востание, им одговорил дека грчкиот трезор бил празен. Грчкиот премиер, на известувањето на Доскос од Белград дека Србија се подготвувала за воен судир, одговорил дека Грција опстанува на зацртаната политика на неутралност и мир[44].

Српската влада, која веќе се подготвувала за војна со османлиската држава, решила да испрати уште еден свој пратеник во Атина, кој повеќе

[40] Исто, σ. 231.
[41] Исто.
[42] D. Dakin, The unification..., p. 127.
[43] Γεωργια Ιωαννιδου – Μπιτσιαδου, Η περιοχη της Καβαλας στις παραμονες του ρωσοτουρκικου πολεμου του 1877 – 78, Βαλκανικα συμμεικτα, τ. 9, Θεσσαλονικη, 1997, σ. 111; М. Тодорова, Подбрани извори.., док. 309, с. 423.
[44] Driault et l'Heritier, Histoire diplomatique..., p. 390 - 391.

имал задача да контактира со Леонидас Вулгарис. Врз основа на извештајот на Гарашанин, српската влада го испратила во грчката престолнина трговецот Васа Тоскиќ, кој на Вулгарис требало да му го пренесе предлогот на српската влада за заедничка акција против Османлиската Империја и да му додели помош за подготовка на востание во Епир, Тесалија и во Македонија. Тоскиќ пристигнал во Атина во почетокот на јуни 1876 година[45]. Тој се сретнал со Вулгарис, кој за доделената помош му одговорил дека не била доволна, бидејќи било потребно да се купи брод, два топа и поголемо количество пушки. Сепак, некои информации, до кои стигнал српскиот пратеник, нема да бидат поволни за Србите. Тоскиќ дознал дека Вулгарис за разговорите го информирал Кумундурос, а самиот изразил сомнеж и за можноста од самостојна акција на Леонидас. Последниов неоспорно можел да дејствува самостојно, се разбира со лимитиран успех, но сомнежите на српскиот пратеник, најверојатно, се темелеле не само на барањата на Леонидас, туку биле основани и на разговорите на Вулгарис со грчкиот премиер.

Видовме дека грчкиот крал при посетата на Виена добил навестување од тамошната влада за можна поддршка при евентуални територијални промени на Балканот. Тој став на австроунгарскиот министер за надворешни работи може да се забележи и во Рајхштадската спогодба помеѓу Русија и Австро-Унгарија од 16 јуни/8 јули 1886 година[46]. Имено, и во двата записа од оваа спогодба, рускиот и австроунгарскиот, било предвидено дека во случај на христијанска победа би можело да дојде до територијално проширу-вање на Грција[47].

Почетокот на српско-османлиската војна довел до некои недоумици кај грчката влада. Во случај на српска победа, без учество на Грција, аспирациите на Грците тешко би се оствариле. Србија би имала руска поддршка, а таа поддршка на словенските стремежи веќе ѝ била позната на Атина. Од друга страна, пак, влегувањето во војна не било можно од причина што грчката војска не била подготвена за воени дејства, иако расположението на дел од јавното мислење во земјата одело во прилог на воени дејства. Весникот Νεολογος во статијата објавена на 28 јуни (10 јули) се залагал за внимателност со потсетување дека политиката на грчката влада во 1841, 1854 и 1866 година му нанела тежок удар на елинизмот и ги оддалечила осман-лиските Грци од "големата идеја"[48].

По почетокот на српско-османлиската војна, грчката влада презела мерки, со кои би се заштителе "грчките интереси во новонастанатата меѓу-

[45] Kliment Dzambazovki, The mission of Milutin Garasanin and Vasa Toskic in Athens on the eve of the 1876 serbian - turkish war, Greek - serbian…, p. 146.

[46] Со оваа спогодба, која не содржела потписи, двете големи европски сили, всушност, постигнале согласност за иднината на Балканот во зависност од понатамошниот развој на воената ситуација. (Александар Христов - Јован Донев, Македонија во меѓународните договори 1875-1919, док. 4, Скопје, 1994, с. 34).

[47] Во руската варијанта стои дека во случај на победа на христијаните Грција би можела да ги присоедини Епир и Тесалија. Од друга страна, пак, австроунгарската варијанта предвидувала кон Грција да се присоединат Тесалија и островот Крит. (Исто с. 34-37).

[48] ДАРМ, м - LVI/666, ф: Јован Ристиќ,Фирмилијан - Ристићу, б.д.

народна состојба"[49]. Тоа подразбирало интензивирање на религиозната, образовната и културната пропаганда на Црквата, силогосите, реорганизирање на армијата и морнарицата и агитација помеѓу западните сили дека елинизмот бил добра замена за слабата османлиска држава. Кумундурос, преку грчкиот конзул во Белград, протестирал против вклучувањето на Грците во прогласот на кнезот Милан по повод почнувањето на војната, но тоа предизвикало силни критики во некои грчки весници[50]. Грчкиот премиер морал да го изрази својот став во поглед на прогласот, бидејќи грчкиот став за неутралност морал да биде потврден.

Руската дипломатија, како што можеше да се очекува, покажала интерес за грчките ставови во однос на избувнувањето на српско-османлиската војна. Сабуров, рускиот амбасадор во Атина, се сретнал со Кумундурос и воделе разговори околу најновите настани на Балканот. Имајќи го предвид ставот за неутралност на Грција, било очекувано и логично грчката влада да не сака официјално да се обврзе за вмешување во војната или пак за која било друга форма на соработка со Србија. Затоа, ставот на Кумундурос не бил никакво изненадување. Грчкиот премиер му изјавил на рускиот дипломат дека би било добро доколку Србија успее да издржи до зимата, со цел тој да ја сврти грчката јавност во полза на вклучување на Грција во судирот на српска страна[51]. Тоа било оправдување на Кумундурос, но не за да ја придобие грчката јавност, што не би претставувало поголем проблем за политичар со големо влијание, туку за да се види како ќе се одвива развојот на настаните.

Српската влада, притисната со воените дејства, повторно испратила пратеник во Атина. Тоа бил Јован Кумануди, кој во грчката престолнина требало да биде придружен од Фирмилијан Дражиќ, кој бил студент на атинскиот Универзитет. Дражиќ веќе имал контакти со Вулгарис. Кумундурос му наложил на Вулгарис да го информира Фирмилијан дека Грција, без никакво сомнение, ќе влезе во војна, но воените движења требале да бидат добро подготвени, а тоа, според Грците, значело да се изработи добра стратегија и да се пристапи кон една почетна спогодба[52]. Вулгарис, всушност, советувал да дојде до праќање на доверлива личност во Атина. Леонидас му го открил на Фирмилијан својот план за предизвикување немири во османлиската држава, поточно во Тесалија, каде што би се користела помош од Албанците[53]. Вулгарис имал подготвено чети, кои би дејствувале во Македонија, и тоа четата на Карапатакис требало да дејствува околу реката Вардар, а Лазар требало да дејствува околу Костур. Исто така, биле одредени чети што би дејствувале во Серез и во Нигрита. Вулгарис за особено важен го сметал Охрид, со образложение дека голем број македонски емигранти живееле во Атина и би можеле да ѝ се придружат на акцијата. Тој се жалел на дејствувањето на

[49] E. Kofos, Greece and…, p. 64.
[50] Е. Скопетеа, Грчка и сарадња... с. 95.
[51] G. L. Arsh, P. A. Saburov on his mission in Greece during the eastern crisis of the 1870's , Διεθνις ιστορικο σιμποσιο Η τελευταν φαση τησ αϖατολικις κρισεως και ο ελληνισμος 1878 – 1881, Αθηνα 1981, σ. 111.
[52] ДАРМ, м - 436, ф: МИП - ПО, Вулгарис - Фирмилијану, Атина, 24 јула 1876.
[53] ДАРМ, м - 436, ф: МИП - ПО, Вулгарис - Фирмилијану, б. д.

англиските дипломати во Атина, кои успеале да придобијат некои луѓе за да формираат комитет со ветување дека Лондон ќе се заложи Грција да ги добие Епир, Тесалија и Крит[54]. Сепак, поконкретен одговор во врска со грчкото влегување во воениот судир не бил добиен. Тоа не можело ниту да се очекува.

Притисната од развојот на ситуацијата на боиштето, српската влада не можела повеќе да ги прифаќа грчките објаснувања за нивната неутралност. По првите српски порази на фронтот, Ристиќ решил да му испрати писмо на Кумундурос и на тој начин да ја разјасни неговата политика кон Србија. Со писмото од 28 јули Ристиќ го изразил неговото незадоволство од грчката апстиненција во воените дејства, при што истакнал дека една од главните причини за тоа бил грчкиот конзул во Белград Доскос[55]. Гледано од формална страна, Грција не била должна да влезе во војна и да го почитува договорот од 1867 година. Пред почетокот на воените дејства двете држави требало заеднички да донесат решение во таа насока, а во конкретниот случај не било така. Грците, исто така, не можеле да го заборават српското однесување за време на најголемите грчко-османлиски недоразбирања, кои можеле да доведат до воен судир за време на Критската криза во 1868 година. Затоа Кумундурос во одговорот до Ристиќ ги нагласил грчките симпатии за српската борба, но го потсетил и на настаните од пред неколку години. Тој истакнал дека Грција не била воднички подготвена за да влезе во судир со османлиската држава[56]. Одговорот на Кумундурос значел одбивање на српските барања, но грчкиот премиер не сакал да остави простор за српски обвинувања дека Грција не сака да влезе во војна со османлиската држава. Затоа во понатамошниот период тој, преку Вулгарис, одржувал контакти со Фирмилијан.

Во Грција не било тајна дека дејствуваат разни организации и комитети што подготвуваат акции против Османлиската Империја. Некои од нив, особено повлијателните, имале врски со грчката влада. Така бунтовничките комитети "Етники Амина" и "Аделфотис" биле во постојан контакт со грчката влада. Помеѓу претставниците на комитетите и владата имало повеќе средби, на кои биле разгледани идеите за дејство помеѓу Грците во османлиската држава. Кумундурос бил свесен за активностите на комитетите, но не ги спречувал во работата[57]. Тој не сакал да ја вовлече својата држава во конфликт, кој објективно не можела да го добие и во таа насока одржувал контакти со комитетите, како можност да се контролира нивната активност, но и да бидат подготвени за можна акција, доколку Атина процени дека биле загрозени грчките интереси. Во текот на септември 1876 година организацијата "Аделфотис" дејствувала во јужна Македонија. Во

[54] Исто.

[55] Јован Ристић, Дипломатска историја Србије, т. 1, Београд 1896, с. 184 - 189. Сомневањата на српскиот премиер биле потврдени и од Леонидас Вулгарис. Имено, тој при посетата на Тоскиќ на Атина му изјавил на српскиот пратеник дека Доскос во своите извештаи до грчката влада ја нагласувал лошата состојба на српската војска. (ДАРМ, м- 436, Тоскић-Ристићу, Београд, 23 јула 1876, МИП-ПО, Г-2, Ф-I).

[56] ДАРМ, м- 436, ф: МИП - ПО, Koumudouros - Ristich, Athenes, 14/26 aout 1876.

[57] E. Kofos, Greece and..., p. 65.

областа Китрос, во близина на Катерини, нејзините членови биле во контакт со епископот Николаос[58]. Тоа било почеток на една поголема ангажираност на грчката пропаганда во овој дел во Македонија со цел во еден поволен момент да се крене востание, кое би послужило за оправдување на грчките барања.

Негативниот одговор на грчката влада на српското барање за заедничка акција не бил причина за прекин на контактите помеѓу двете страни. Всушност, ниедна од нив не била расположена да го направи тоа. Контактите често оделе преку Вулгарис. Тој се интересирал за тоа дали ќе продолжи војната, бидејќи кај грчкиот премиер имало волја и дух за борба, но недостигале средства и оружје[59]. Сепак, и покрај тоа, според Вулгарис, Кумундурос бил подготвен да поддржи востание, и покрај големиот отпор кај противниците на военото решение[60]. Вулгарис не криел од Фирмилијан дека бил задоволен што војната продолжува, и покрај известувањето на Доскос за српското барање за примирје, што демотивирачки влијаело врз грчкиот премиер[61]. Од своја страна, Кумундурос побарал од Вулгарис да се сретне со Фирмилијан со цел да го информира дека кралот сè уште не бил вратен од пат и затоа би било подобро Белград да не праќа свој човек во Атина, бидејќи немало да има полза. Тој побарал од српската страна да ја продолжи војната[62]. Вулгарис го информирал Фирмилијан дека кралот и по 20 сеп-тември не се вратил во земјата, а со тоа доцни и востанието, но тоа немало да доведе до големо одлагање, бидејќи било добро подготвено. Според Вул-гарис, востанието ќе биде кренато во текот на октомври[63]. Кон крајот на септември 1876 година во Белград дошол грчкиот полковник Византиос за да побара парична помош со цел да собере доброволци под своја команда. Византиос не добил средства од српската влада и се вратил во Грција. Вулгарис за него пишувал дека бил приврзаник на Патријаршијата и не бил многу наклонет кон балканска соработка[64]. Различните ставови на можните лидери на востанијата во османлиската држава покажувале дека до востание нема да дојде.

Иако дел од грчките политичари се застапувал за соработка со балканските народи, кога ќе се покажела и најмала можност за тоа, тогаш се појавувале проблеми. Романија во септември 1876 година искажала желба за договор со Грција, но грчката влада изразила сомневање, бидејќи овие предлози биле дел од романските пазарења со Русите. Вистинската причина за грчкото одбивање на предлозите од Букурешт биле активностите на романските агенти помеѓу Власите во Македонија, но и романските предлози за решавање на проблемите со конфискација на имотите на манастирите.

---

[58] Ευαγγελος Κοφος, Ο επισκοπος Κιτρους Νικολαοσ και η επανασταση του 1878: Τα ανακδοτα Απ ομνημονευματα του, Μακεδονικα, τ. 20, Θεσσαλονικη, 1980, σ. 200.
[59] ДАРМ, м-LVI/665, ф: Јован Ристиќ, Вулгарис - Фирмилијану, Атина, 28 августа 1876.
[60] Исто.
[61] ДАРМ, м-LVI/665, ф: Јован Ристиќ, Вулгарис - Фирмилијану, Атина, 13 септембра 1876.
[62] ДАРМ, м - 436, ф: МИП - ПО, Вулгарис - Фирмилијану, Атина, 5 септембра 1876.
[63] ДАРМ, м - 436, ф: МИП - ПО, Вулгарис - Фирмилијану, Атина, 25 септембра 1876.
[64] С. Терзић, Јован Ристић и Грци.., с. 178.

Уште во јули 1876 година грчкиот министер за надворешни работи Контоставлос му дал инструкции на грчкиот дипломатски претставник во Букурешт Рангавис да внимава на активностите на Македоно-романскиот комитет[65]. Грција не сакала да прифати дејствување на други пропаганди во Македонија, а особено не меѓу Власите, преку кои успевала да го шири своето влијание во некои делови на Македонија - во Битолско, Гревенско[66]. Таквиот однос ќе придонесе Атина да остане без можен сојузник на Балканот. Договорот со Србија од 1867 година повеќе не важел, односите со Бугарите биле затегнати поради црковниот проблем, романскиот предлог за сојуз бил одбиен, а во Македонија сè посилни биле стремежите за еманципација на македонските Словени.

Во целата ситуација, следувало уште едно големо изненадување за грчката држава. Предлозите на британската влада од 21 септември 1876 година за одржување конференција, на која би биле разгледани мерките за автономија на словенските провинции на османлиската држава предизвикале шок во Грција[67]. Надежите за британска помош исчезнале, но тоа и можело да се очекува со оглед на одговорот на владата во Лондон на барањата на грчкиот крал. Во Грција биле организирани демонстрации, на кои владата била обвинета за слабост и неорганизираност. На 1 октомври во Атина бил одржан голем митинг. На оваа манифестација, одржана на плоштадот "Феникс", присуствувале познати личности од јавниот живот на Грција - ректорот на Универзитетот Пападакис, Папаригопулос, универзитетските професори Кокинос и Дамалас и др[68]. На собирот, меѓу другото, биле поддржани словенските народи на Балканот што се бореле за слобода. Истовремено, говорниците на манифестацијата, меѓу кои бил и Папаригопулос, ја обвиниле владата дека не презела адекватни подготовки и побарале поголема активност во таа насока. Грција била поделена околу прашањето за влегување во војна, но поголемиот дел од политичарите бил против вмешување на земјата во конфликтот. Во таа насока било и објаснувањето на Вулгарис на Фирмилијан во врска со кревањето востание во османлиските провинции. За разлика од порано, доцнењето на кревањето на востанието Вулгарис сега го правдал со отсуството на кралот, со што се одлагало заседавањето на Парламентот, кој требало да одобри средства, но многу брзо до тоа и ќе

[65] E. Kofos, Greece and..., p. 70; Грците биле многу загрижени од дејствувањето на романската пропаганда во Македонија, која своите почетоци ги имала направено во 1864 година со отворањето на првото романско училиште во Македонија во битолското село Трново. Инаку, во Букурешт во 1860 година, по иницијатива на писателот Болинтинеану, бил основан Македонски комитет со цел да работи на оттргнување на Власите од Македонија, но и од другите европски делови на Османлиската Империја од грцизмот. (К. Битоски, Дејноста на пелагониската..., с. 135-136).

[66] Романскиот министер за надворешни работи Јонеску, во еден разговор со грчкиот конзул во Букурешт Клеон Рангавис, изнел план за романско-грчка соработка, во кој, меѓу другото, предложил романска поддршка за грчко територијално проширување, дури и во реоните каде, како што се изразил, живеат Романци, под кои, секако, подразбирал Власи. (Исто, с. 70-71).

[67] Исто, p. 79.

[68] Z. N. Tsirpanlis, Les Grecs et..., p. 221.

дојде[69]. Гласините за примирје помеѓу Османлиската Империја и Србија, според Вулгарис, ги запреле акциите на востаничките комитети. Со тоа се потврдиле предвидувањата на Гарашанин дека Грците би влегле во војна само во случај на српски успеси. Комитетот на Вулгарис бил вознемирен од примирјето, а Кумундурос ги спречил пратките на оружје за Тракија и Македонија[70]. Сето ова покажува дека Грција не сакала да ризикува нови понижувања, како во 1854 и 1869 година кога останала сама и без никаква поддршка. За разлика од порано, владата во Атина сега одела на сигурно и чекала да добие поддршка од големите сили, пред сè од Франција и Англија, иако последнава во тој момент не покажувала никаков интерес за грчките ставови и желби. Истовремено, Атина водела дволична политика и кон Србија, но тоа можело и да се очекува. Истото го направила и српската влада за време на Критското востание.

Во времето кога состојбите во Османлиската Империја сè повеќе се заостривале, Грција била вознемирена од еден потег на Портата, кој во Атина предизвикал големо негодување. Имено, грчката влада била многу загрижена поради населувањето на Черкезите во пограничните области на османлиската држава. Владата во Атина во повеќе наврати протестирала поради населувањето на кавкаските бегалци, а тоа го правеле и грчките конзули во османлиската држава, кои во разговорите со своите колеги од другите европски држави ја искажувале загриженоста на својата влада[71]. Османлискиот амбасадор во Атина дури бил повикан на разговор, при што му била искажана грчката загриженост за населувањето на Черкезите со барање тие да бидат населени во области што не биле блиску до грчката граница. Тоа, според Контоставлос, се барало поради економските односи на Грција со Епир, Тесалија и Македонија, но најмногу од сè поради добрите односи помеѓу двете соседни земји, бидејќи тие не можеле да бидат добри ако страдаат Грците што живеат во Турција[72]. Дејствувањето на Черкезите не-сомнено предизвикало големи страдања на христијанското население, без разлика на народносната припадност, но Атина, по сè изгледа, била загрижена и од засилувањето на османлиската способност за одбрана со населувањето на воинствените Кавкасци. Сепак, Портата, со цел да не предизвика дополнителни проблеми во и без тоа премногу комплицираната состојба, решила во иднина да не формира ниедна колонија со Черкези во Јанинскиот вилает и во соседните области[73].

Во текот на подготовките за Цариградската конференција, според српскиот историчар Терзиќ, Грција, со цел да го реши спорот со Бугарите, била готова да направи отстапки над линијата Охрид - Битола - Прилеп -

[69]ДАРМ, м - III/34, ф: Јован Ристиќ, Вулгарис - Фирмилијану, Атина, 2 октобра 1876.
[70]ДАРМ, м - III/34, ф: Јован Ристиќ, Вулгарис - Фирмилијану, Атина, 9 октобра 1876.
[71]ДАРМ, м - 4, Blunt - Elliot, Salonica, 25th september 1876, FO 78/2496.
[72]ДАРМ, м - 5, Contostavlos - Genadius, Athens, 9/21 october 1876, FO 198/42.
[73] Случајно или не, датумот на писмото, со кој Сафет-паша го информирал грчкиот амбасадор во Цариград Кундуриотис за решението на Портата го има датумот 21 септември 1876 година, денот кога британската влада го дала предлогот за одржување на Конференцијата. (Британски..., т. IV, док. 61, с. 303).

Струмица - Мелник - Неврокоп[74]. Сепак, меѓу грчката јавност сè повеќе кружеле брошури, во кои како грчки територии биле означени сите области до Шар Планина и Балкан. Со таквото расположение, не бил можен каков било компромис. Напротив, во Македонија почнале да се собираат петиции, кои биле испраќани до амбасадорите на големите сили во османлискиот главен град. Приврзаниците на "големата идеја" во Македонија во петициите, кои требало да се испраќаат до Цариградската конференција, барале да се нагласи дека Македонија има грчки карактер и затоа Грците треба да добијат исти привилегии како и Словените[75]. Во таа насока, грчката влада настојувала да добие поддршка од некоја голема сила, но и тоа било тешко. Од Русија не можело да се очекува ништо, а на Англија, со самите предлози за Конференцијата, во Атина се гледало со сомневање. Затоа грчката влада се обидела да ја придобие Франција. На 30 октомври таа испратила меморандум до Париз, во кој биле изложени грчките погледи и барања[76]. Грчката влада сметала дека пред да се разговара за автономија на Босна и Бугарија, треба да го искаже своето мислење за актот, кој можел да доведе до промени на состојбите на Истокот, со што би се влошила позицијата на Грција, бидејќи сите мерки што биле против Грците што живееле во османлиската држава се сметале како мерки против Грците од Кралството. Атина сметала дека Словените биле фаворизирани, а тоа можело во иднина да доведе до востание на османлиските Грци. Тоа можело да ги зголеми проблемите на Грција, зашто секогаш при немири во Османлиската Империја, Кралството било преплавено со бегалци, а можело да се зголеми и разбојништвото. Атинската влада се надева дека големите сили ќе направат добро за грчките интереси, како и за османлиските Грци. Тоа било поткрепено со религијата, сличноста на јазикот и моралната обврска што ја имала Грција во последно време спрема своите сонародници[77]. Грчката влада држела до желбите на големите сили, кои сакале да го избегнат воениот судир, и со своето влијание помеѓу османлиските Грци придонела за нивна апстиненција, со што биле олеснети акциите за смирување на состојбите, кои Европа ги сакала, и затоа Грција била слободна да очекува дека големите сили ќе го ценат овој факт и ќе се застапат во прилог на грчкото население. Притоа, било изразено жалење што европската дипломатија ги земала предвид само словенските барања. Во Атина се сметало дека со постојаното нагласување на словен-ската опасност може да се издејствува некоја отстапка.

Мирното однесување на османлиските Грци не секогаш било резултат на нивното задоволство. Атина сметала дека мерките за подобрување на положбата на христијаните во османлиската држава се неопходни, но би било неправилно ако Грците бидат оставени на страна[78]. Владата во Атина со својата политика на неутралност, која всушност била политика на чекање на

[74] С. Терзиќ, Србија и..., с. 200.
[75] E. Kofos, Greece and..., p. 87.
[76]ДАРМ, м - 1571, Contostavlos - P.Delyanni, Athenes, 18/30 octobre 1876,AMAE, Turquie, v. 102, f. 35.
[77] Исто, f. 36.
[78] Исто, f. 40.

исходот од настаните, доживеала неуспех, бидејќи големите сили воопшто не разговарале за барањата на Грција. Кумундурос, свесен за немоќта на Грција, на 19 октомври се обратил до Парламентот со најава дека ќе започнат воени подготовки, бидејќи Грците во османлиската држава биле неправедно заборавени, а нивните надежи што ги држеле мирни биле уништени[79]. Говорот на грчкиот премиер бил сигнал за оние што веќе работеле за создавање немири на османлиска територија. Вулгарис повторно стапил во контакт со Фирмилијан, при што нагласил дека Собранието барало војна, но кралот бил против тоа. Сепак, според Вулгарис, тоа не требало да прет-ставува пречка за соработка со Србија и затоа било решено да се поработи на сојуз со Србија, доколку таа не го отфрли[80]. Постапката на Вулгарис сигурно била наложена од Кумундурос. Грција во моментите на осаменост барала потенцијален сојузник, а тоа можела да биде само Србија, која и без тоа била во потешка ситуација. Истовремено, Атина не сакала да оди против големите сили, особено не против Англија, иако во тие моменти англиската политика била сметана како неповолна за грчките интереси. Меѓутоа, надежите дека неучеството во судирите ќе донесе резултати не ги напуштале грчките политичари. Така, Фирмилијан добил информација од Вулгарис дека Кумундурос сакал да го извести Ристиќ за притисокот на Англија врз Грција, но Грција и понатаму ќе била со Србија[81]. Грчката влада со ова повторно сакала да избегне преземање какви било обврски, но и да остави простор за понатамошно дејствување. Кумундурос во таа насока добро го користел Вулгарис, кој бил познат по своите залагања за соработка со Словените, но и по симпатиите што ги негувал спрема нив.

Без разлика на изјавите на Кумундурос во Парламентот, грчката влада внимавала да не предизвика заладување на односите со Османлиската Империја. Затоа Кумундурос преку министерот за надворешни работи, Контоставлос, го уверувала султановиот амбасадор во Атина дека Грција се вооружува поради пансловенската опасност и посакувала сојуз со Англија[82].

Грција истовремено сакала да ги искористи за своите цели англо-руските недоразбирања. Кумундурос цели два месеца разговарал со рускиот амбасадор во Атина, по што Сабуров заклучил дека Грците нема никогаш да ги поддржат Словените. Разговорите на Кумундурос со Сабуров го привлекле вниманието на британскиот амбасадор во Атина, кој побарал средба со грчкиот премиер, на која бил запознаен со ставот на атинската влада дека Грција немало да може да се воздржи ако не бидат заштитени правата на Грците во османлиската држава и ако тие не ги добијат привилегиите како и словенското население[83]. Ваквата намерна изјава на грчкиот премиер предизвикала загриженост и незадоволство во Лондон. Затоа, кралот Георгиос морал да интервенира и да го убедува англискиот амбасадор дека

---

[79]Χριστοφορου Ναλτσα, Η συνθηκη του Αγιου Στεφανου και Ο Ελληνισμος, Θεσσαλονικη, 1953, σ. 25.

[80]ДАРМ, м - 436, ф: МИП - ПО, Вулгарис - Фирмилијану, Атина 29 октобра 1876.

[81]ДАРМ, м - LVI/665, ф: Јован Ристиќ, Вулгарис - Фирмилијану, Атина 20 новембра 1876.

[82] Driault et l'Heritier, Histoire diplomatique..., t. III, p. 401.

[83] E. Kofos, Greece and..., p. 81.

немало да дојде до поголеми промени во грчката надворешна политика. Грчкиот монарх имал право. Едноставно, државата не била подготвена за поактивна политика.

Стравот што бил присутен во Грција дека постојната ситуација може да доведе до губење на грчките позиции во некои делови на Македонија се гледа и од изразувањето на загриженоста на атинската влада по повод наред-бата на големиот везир до солунскиот валија да не го принудува локалното население да ѝ ги плаќа црковните такси на Патријаршијата[84]. Тоа, според атинската влада, било направено под влијание на пансловенските агенти и можело да доведе до целосно оттргнување на локалното население од пазу-вите на Патријаршијата. Затоа министерот за надворешни работи Конто-ставлос му наложил на грчкиот амбасадор во Рим Папаригопулос да го замоли италијанскиот министер за надворешни работи, преку својот амбасадор во Цариград да влијае врз османлиските власти да ја повлечат одлуката.

Грчката влада била во постојан контакт со Атинскиот силогос и како и претходните години добивала извештаи за неговите активности и потреби за засилување или одбрана на позициите на елинизмот. Атинскот силогос предложил да се прошират активностите преку формирање на нови училишта во Македонија, и тоа во северните делови - Ќустендил, Кратово, Кочани, Штип, како и во оние области што биле поблиску до приморјето - Петрич и Кукуш[85]. Потребно било и основање на едно училиште за девој-чиња во Нигрита, две нови училишта во областа околу Енице Вардар, како и зголемување на платите на учителите. Силогосот се ангажирал и за засилување на грчката пропаганда во европските држави. Така при изра-ботката и печатењето на етнолошката карта на Османлиската Империја од Едвард Странфорд во Лондон во 1876 година биле користени податоци што ги приложил Атинскиот силогос. Според овие податоци, кои ја отсликувале идната проширена Грција, линијата што поминувала од Струга кон Качаник и преку Ќустендил завршувала до Црно Море означувала земји со претежно грчко население[86]. Тоа биле ставови, кои многу не се разликувале од по-зициите на грчката влада, но тоа воопшто не било изненадувачко со оглед на фактот кој стоел зад Атинскиот силогос.

Почетокот на Цариградската конференција на 23 декември 1876 годи-на ја принудил грчката влада на уште позасилена дипломатска активност за да успее да ги придобие големите сили за своите барања. На 20 декември Грција, преку својот амбасадор во османлиската држава Кундуриотис, испра-тила меморандум до големите сили, со кој побарала на Конференцијата да ѝ биде посветено внимание на положбата на Грците во османлиската држава, бидејќи реформите преземени од османлиската влада тешко ги погодиле османлиските Грци, кои, пак, биле многу чувствителни поради нивното повисоко цивилизациско ниво[87]. Истовремено, Грција испратила посебен

---

[84]ДАРМ, м - 178, Contostavlos - M. Paparigopoulo, Athenes, 6/18 novembre 1876, ASMAE.
[85] Σ. Βουρι, Πηγες και..., δοκ. 3, Μαυροκορδατος – Κοντοσταυλος, 14 δεκεμυπου 1876, σ. 35.
[86] Victor Berard, La Turquie et l'Hellenisme contemporain, Paris, 1893, p. 225.
[87] E. Koofs, Greece and..., p. 92.

меморандум до англиската влада, во кој биле изразени слични ставови како и во меморандумот упатен до амбасадорите на големите сили во Цариград [88]. При врачувањето на меморандумот грчкиот амбасадор во Лондон Генадиос се задржал во подолг разговор со лордот Дерби. Притоа, грчкиот дипломат ја искажал загриженоста на неговата влада за обидот да се зголемат словенските провинции. Според него, а тоа бил став на атинската влада, Грција ќе го смета за сериозен удар проширувањето на словенските провинции јужно од планината Балкан[89]. Генадиос истакнал дека Грците во осман-лиската држава заслужувале повеќе симпатии од Словените, а истовремено Грците повеќе биле наклонети кон продолжување на османлиската власт отколку кон каква било доминација на Словените. Целта на меморандумите била да се анимираат големите сили за позицијата на Грците во османлиската држава, но вистинската намера било спречување на одобрувањето на кон-цесиите за Словените, и набрзо грчкиот амбасадор во Цариград нема да ја крие оваа намера. Надежта дека со играњето на картата за опасноста од пан-славизмот ќе придобие некоја од западните сили не ѝ донела успех на грчката дипломатија. Амбасадорот на Грција во Цариград Кундуриотис, откако видел дека на Конференцијата не биле земени предвид барањата на неговата влада, почнал да се залага за ограничување на концесиите што би биле одобрени за Словените. Тој објаснувал дека јазикот не требало да биде земен како критериум за одредување на припадноста во Македонија и во Тракија, зашто "населението кое говорело словенски било грчко по црковна припадност, култура и национална свест"[90]. Грција сакала да ја искористи припадноста на дел од словенското население кон Цариградската патријаршија за да докажува дека неговата национална свест била грчка. Сепак, словенското население во Македонија во тој период од грчките конзули било поделено на три категории: 1) фанатични приврзаници на Егзархијата; 2) оние што некогаш ѝ припаѓаат на Патријаршијата, а некогаш на Егзархијата ; 3) оние што имаат чиста грчка свест[91]. Дури и ваквата поделба на населението во Македонија, без разлика што не се базира на бројноста, не одела во прилог на тврдењата на Кундуриотис. Исто така, факт е дека јазикот е една од главните карактеристики на секоја народносна група[92].

Односите на Русија со Османлиската Империја станувале сè поза-тегнати, со што била зголемена можноста за воен судир. Грчките политичари повторно биле поделени во врска со прашањето за можното учество на Грција во војната, која можела да избие секој момент. Контоставлос се застапувал за немешање во случај на руско-османлиска војна, сè додека не стане јасно кој ќе победи[93]. Тој во исто време ги убедувал западните сили дека во нивна корист било да ја поддржат Грција во стопирањето на словенскиот

---

[88]ДАРМ, м - 5, Memorandum communicated by Genadius, 29th december 1876, FO 198/42.
[89]ДАРМ, м - 5, Derby - Stuart , Foreign office, 29th december 1876, FO 198/42.
[90] E. Kofos, Greece and..., p. 92 - 93.
[91] Κ. Βακαλοπουλος, Ο Βορειος ελληνισμος..., σ. 21.
[92] "Никогаш не е откриено племе без сопствен јазик и сите спротивни тврдења се обична бајка"(Edvard Sapir, Ogledi iz kulturne antropologije, Beograd, 1984, s. 22).
[93] E. Kofos, Greece and..., p. 99.

продор кон Егејот. Постоеле и такви што мислеле дека војната би била добра шанса за остварување на сонот за голема држава, а кралот Георгиос бил во недоумица на која страна да застане, бидејќи неуспехот да се убедат големите сили да се заложат за османлиските Грци им дал голем простор за дејствување на приврзаниците на воен конфликт со османлиската држава, а од друга страна војската, но и целото грчко општество, реално не биле подготвени за конфликт со држава, која и покрај сите слабости, била премногу силна за Грција.

Следејќи ја состојбата на Балканот, претставниците на европските сили биле во постојан контакт со грчката влада, интересирајќи се за нејзините ставови во врска со најновиот развој на настаните во регионот. Грчкиот министер за надворешни работи Контоставлос, во разговорот со италијанскиот амбасадор во Атина Матеи истакнал дека неговата влада прави сè за да ги одврати османлиските Грци од востание, но тоа било отежнато со неуспехот да се задоволат грчките барања на Цариградската конференција[94]. Грчките конзули во османлиската држава, според Контоставлос, редовно ја информирале владата за активностите на агитаторите на востаничкото движење, но тој укажал на проблемите на атинската влада што ги имала во тие моменти во насока на нивно спречување. Грчките политичари се правдале дека имале тешкотии со контролирањето на емисарите на бунтов-ничките комитети, но истовремено не ја ограничувале нивната активност во земјата, ниту пак ги спречувале да ја минуваат границата, а за таквата состојба редовно ги обвинувале големите сили и нивното неприфаќање на грчките барања на Цариградската конфе-ренција. Во јануари 1877 година Павлос Патралексис го посетил Николаос, епископот на Китрос, при што го информирал за организирање на движење околу Олимп и Катерини. Патралексис бил поврзан со грчкиот конзул во Солун Ватикиотис[95]. Тоа кажува дека грчката влада, или барем дел од неа, бил поврзан со активностите на емисарите.

Во Атина во овој период дејствувал Славомакедонски револуционерен комитет, во кој членувале поголем број македонски печалбари, особено од Костурско. Негова цел било да крене востание во Македонија[96]. Меѓу највидните претставници на Комитетот биле Леонидас Вулгарис и попот Константин Буфски[97]. Комитетот имал контакти со грчката влада, која во тој период била приврзана кон својата политика на неутралност. Контактите најверојатно биле одржувани преку Вулгарис. Грчката влада преку овие контакти можела да ги контролира активностите на овој Комитет. Славо-

[94] ДАРМ, м - 178, Mattei - Malegari, Atene, 28 gennaio 1877, ASMAE.

[95] Ε. Κωφος, Ο επισκοπος..., σ. 201 – 202.

[96] Љубен Лапе, Внатрешната положба во Македонија за време на источната криза, Македонија во.., с. 36.

[97] Буфски, најверојатно се приклучил кон овој Комитет по неговото ослободување од османлискиот затвор во мај 1877. (Христо Андоновски, Костадин Трпков-Буфски во Македонското востание од 1878 година; Кресненското востание во Македонија 1878-1879, Скопје, 1982, с. 287).

македонскиот комитет организирал неколку чети што требало да навлезат во Македонија, кои тоа и ќе го сторат .

Непосредно по завршувањето на Цариградската конференција[98], рускиот амбасадор во османлиската престолнина Игнатиев го посетил грчкиот главен град. Посетата на рускиот дипломат на Атина, кој требало да ја испита состојбата во Грција, предизвикала несогласувања во земјата. Игнатиев пристигнал во Пиреја на 28 јануари 1877 година. Веќе во следниот ден рускиот дипломат присуствувал на еден митинг, каде што имало и голем број македонски емигранти, кои му изразиле благодарност за неговото залагање за христијаните во Ориентот[99]. Овој митинг ги предизвикал приврзаниците на "големата идеја" - Грци од Македонија, но и гркомани, кои биле професори и студенти на атинскиот Универзитет, да организираат протест за да го изразат своето незадоволство. Притоа била испратена декларација до рускиот амбасадор, во која се нагласува дека манифестацијата, на која присуствувал Игнатиев, била организирана во прилог на припојување на Македонија кон Бугарија, а тие со тоа не се согласувале, бидејќи Македонија била грчка[100]. Ова доволно зборува за расположението во Грција, иако имало и такви што биле наклонети кон Словените. На митингот, на кој присуствувал Игнатиев, учествувал Леонидас Вулгарис. Тој, иако внимавал на своите контакти со руските дипломатски претставници во Атина, од добар дел од Грците му се припишувало дека стоел зад митингот како еден од неговите организатори. Вулгарис се сретнал со Игнатиев на рускиот воен брод, со кој генералот пристигнал во Атина[101]. Во разговорите, Игнатиев му ветил на Леонидас поддршка во оружје и пари и наскоро му пратил 500. 000 франци за таа намена[102]. Рускиот дипломат побарал од грчката влада и од позначајните личности на јавниот живот во Грција да се заложат владата да ја промени својата политика, бидејќи државата сигурно имала интерес да преземе иницијатива за едно движење во соседните области[103]. Овој апел не бил прифатен од грчките политичари, дури бил сфатен како навреда за елинизмот. Кога станува збор за барањето на грофот Игнатиев до грчките политичари за промена на позицијата и водење поактивна политика, интересно е едно искажување на

[98] Русија и Австро-Унгарија, паралелно со траењето на Конференцијата во Цариград, а за која веќе се знаело дека нема да донесе успех, воделе тајни преговори со цел да се одбегне евентуалниот судир на интереси во случај на руско-османлиска војна, која била сè поизвесна. Договорот помеѓу овие две сили ѝ бил повеќе од потребен на Русија со цел да обезбеди неутралност на Виена, без што не би можела да смета на успех во евентуалната војна. Преговорите завршиле со склучување на Тајната конвенција во Будимпешта на 3/15 јануари 1877 година. Со оваа конвенција, меѓу другото со членот 3 од Дополнителната конвенција, биле потврдени веќе напоменатите можни територијални промени на Балканот, споменати со Рајхштадската спогодба. И тука се споменува можноста Грција да добие територијално проширување со прилојување на Тесалија, дел од Епир и островот Крит. (А. Христов-Ј. Донев; Македонијаво.., д.6, с. 46-50).

[99] ДАРМ, м - 178, Mattei - Malegari, Atene, 2 febbragio 1877, ASMAE.

[100] Исто.

[101] Исто.

[102] V. Todorov, Greek politics…, p. 99.

[103] Nikolai Todorov, L'insurrection d'avril et l'opinion publique grecque, Balkan Studies, v. 17/2, Thessaloniki, 1976, footnote 2, p. 239.

Леонидас Вулгарис. Имено, тој во едно писмо до Фирмилијан Дражиќ истакнал дека му предочил на Игнатиев да не биде убеден во наклонетоста на кралот и Кумундурос за влегување на земјата во војна, бидејќи тие ќе го измамеле, исто како што и самиот Вулгарис бил измамен од нив за тоа прашање[104]. Леонидас бил во право, кога увидел дека бил искористен од Кумундурос, но и во иднина нема многу да се оддалечи од влијателниот грчки политичар, и покрај повременеите заострувања на меѓусебните односи.

Леонидас Вулгарис започнал подготовки за испраќање на една чета во Македонија, за што бил направен план, а во таа група требало да учествуваат 1000 луѓе, од кои 150 го сочинувале јадрото. Тие биле по потекло од Македонија и се обучувале во близината на Саламина[105]. Во околината на Катерини и Негуш веќе дејствувале повеќе христијански чети, од кои некои биле словенски, а некои грчки, тоа биле четите на Јанко, Карапатакис, Ахилеос, Давилис, Калогерос. Османлиите најмногу стравувале од Карапатакис, за кого сметале дека бил поврзан со востаничкиот комитет во Атина[106]. Османлиските власти кон овие делови на Македонија испратиле нерегуларни воени сили [107]. Навлегувањето на четите од Грција, од кои некои биле на Вулгарис, а некои на грчките комитети, предизвикало сомневања на османлиските власти кон грчкиот конзул во Солун. Тој, од своја страна, се трудел со сите сили да ги убеди османлиските локални власти дека неговата влада не охрабрува движења што би им наштетиле на добрососедските односи помеѓу Грција и Османлиската Империја. Ватикиотис за таа цел побарал помош од својот англиски колега[108]. Иако османлиските власти биле расположени да прифатат дека овие навлегувања биле резултат на посетата на Игнатиев на Атина, сепак тие во понатамошниот период нема да имаат голема доверба во грчкиот конзул. Ватикиотис, со цел да ги намали османлиските сомневања, одбил да контактира со некои членови на четите[109]. Активностите на коми-тетите продолжиле и понатаму. Појавувањето на емисари на Халкидик ги зголемило османлиските сомневања дека Вулгарис нешто подготвувал. Тие него го сметале за водач на партијата во Грција, која се залагала за востание во османлиската држава. Грчкиот конзул морал да интервенира со цел да ги намали османлиските сомнежи. Така, Ватикиотис негирал дека постои таква партија во Грција, но во поглед на Вулгарис, "поради неговото потекло", секое негово движење требало да се надгледува[110]. Овој став на Ватикиотис ги покажува реалните состојби во тогашната грчка политика. Колку и да соработувал Вулгарис со сите што се залагале за остварување на "големата

---

[104] ДАРМ,м-LVI/665, ф:Јован Ристиќ, Вулгарис-Фирмилијану, Атина, 22 јануара 1877.

[105] Σ. Παπαδοπουλου, Οι επαναστασεις του 1854..., σ. 67.

[106] Кофос тврди дека Карапатакис бил поврзан и со Вулгарис и со здружението Аделфотис.(Ευαγγελος Κωφος, Η επανασταση στη Μακεδονια κατα την 1878, Θεσσαλονηκι 196 6, δοκ. 4, Βατικιοτης – Κοντοσταυλον, 8 φεβρουαριου 1877,σ. 80).

[107] ДАРМ, м - 8, Blunt - Joselin, Salonica, 19th february 1877, FO 195/1149.

[108] ДАРМ, м - 4, Blunt - Joselin, Salonica, 22 february 1877, FO 78/2496.

[109] ДАРМ, м - 94, Mallet - Decasez, Salonique, 3 mars 1877,AMAE, Turquie, v. 4, f. 245.

[110] ДАРМ, м - 4, Blunt - Derby, Salonica, 10th march 1877, FO 78/2626.

идеја", тој не можел да ја има целосната нивна доверба поради потеклото на неговиот татко, кој дал придонес за грчкото ослободување.

Османлиските власти почнале со поголемо внимание да ги следат активностите на силогосите[111]. Особен интерес бил покажан за работата на силогосите во Солун, Струмица, Воден и во Серез. Политичката цел на овие здруженија повеќе не можела да биде скриена. Тоа се должело на сè поголемата активност на силогосите по Цариградската конференција. Во таа активност биле вклучени и грчките конзули, дописниците на грчките весници, при што особено внимание им било посветено на жалбите на селаните, на кои било одговарано со целосни симпатии и предлози за помош[112]. Тешката позиција на македонското селанство била одличен терен за дејствување на грчката пропаганда за придобивање на што поголем број приврзаници со нудење помош, која некогаш била нереална.

Заострувањето на османлиско-руските односи, кое водело кон војна, логично повторно ја насочило заинтересираноста на Русија за можно грчко вклучување во судирот. Затоа, руската дипломатија се обидела да ја придобие Грција. Една недела пред почетокот на војната рускиот пратеник во Атина Сабуров ѝ предочил на атинската влада дека секоја грчка акција во Епир и во Тесалија би била добредојдена. Во случај на грчка акција, Русија немала да се противи на анексија на некои делови од Османлиското Царство кон Грција[113]. Притоа, Русија не се обврзала да склучи воен сојуз со Грција. Грчката влада во тие моменти не помислувала на влегување во воен конфликт со османлиската држава, правдајќи се со страв од османлиската воена интервенција[114]. Тоа не било неточно. Меѓутоа, вистинската причина била подруга. Грција сè уште тактизирала со вклучувањето во балканските конфликти. Расположението на јавното мислење во Грција не било поволно за заедничка грчко-руска акција, а Трикупис го испитувал и мислењето на цариградските Грци, кои решително одбиле секаква соработка со Русите поради нивната поддршка на Бугарите во црковниот проблем[115]. Политичките групи во Атина не престанале да мечтаат за остварување на "големата идеја". Политиката на Трикупис, според Сабуров, била - сè или ништо, и затоа тој ја држел Грција неутрална, мислел на сериозни подготовки и се стремел да добие англиска поддршка[116]. Грчкиот амбасадор во Цариград Кундуриотис во разговорот со својот англиски колега Лајард, одржан на 28 април 1877 година, изјавил дека неговата влада не се согласува со руската политика спрема османлиската држава, бидејќи таа политика истовремено била прословенска и антигрчка. Кундуриотис го изнел ставот на атинската влада дека таа не сака растурање на соседната држава, но доколку османлиското оружје не се покаже доволно силно, тогаш Грција би посакала

[111]ДАРМ, м - 4, Blunt - Derby, Salonica, 30th march 1877, FO 78 2626.
[112]ДАРМ, м - 4, Blunt - Derby, Salonica, 30th march 1877, FO 78/2626.
[113] E. Kofos, Greece and..., p. 102.
[114] Σ. Θ. Λασκαρι, Διπλοματικη..., σ. 147.
[115] Освобождение Болгарии от турецкого ига, т. II, Москва, 1961, док. 456, Сабуров - Горчакову, Afiny, 5(17) апреля 1877, с. 639 - 640.
[116] Исто.

припојување на Епир, Тесалија и на Македонија[117]. Тоа значело дека Грција не прекинала со политиката на исчекување на развојот на настаните, која била водена од самиот почеток на Источната криза.

Романската влада на 26 мај 1977 година повторно ѝ предложила на Грција сојуз. Истовремено владата во Букурешт наименувала дипломатски агент во Атина. Грчката влада го разгледувала предлогот за сојуз, но одбила да го прими романскиот дипломат[118]. Сојузот не бил остварен, за што придонело романското влегување во војна со османлиската држава, но и нестабилната политичка состојба во Грција.

Традицијата на често менување на влади во Грција не била заборавена ниту во моментите кога земјата била на крстопат. Кумундурос на 16/28 мај 1877 година повторно застанал на чело на владата, но не успеал да добие мнозинство во Парламентот. Со цел да биде избегната поголема политичка криза, кон крајот на мај нов премиер станал Канарис, учесник во Востанието од 1821 година[119]. Тој како натпартиска личност требало да ги обедини сите позначајни политички сили во земјата, но и во оваа влада биле присутни големи разлики во однос на дејствувањето на Грција на надворешно-политички план[120]. Владата на Канарис почнала да составува подробни оперативни планови за навлегување на чети на османлиската територија и за кревање на востанија, востановување контрола на одредени територии и формирање на "привремени влади" за да ја објават желбата на Грците за ослободување и присоединување кон Грција, а во краен случај се предвидувало учество на грчката војска, но само во Епир и во Тесалија[121]. Истовремено, владата во Атина од своите конзули во османлиската држава добивала информации, кои ги подгревале грчките аспирации. Конзулот во Солун Ватикиотис известувал дека грчката интервенција би била добро прифатена од "словенските патријаршисти во Македонија, особено што Турците ги апселе нивните повидни луѓе"[122]. Реално, тешко било да се очекува грчка интервенција, бидејќи Грција не се осмелувала да интервенира ниту во Епир и Тесалија, каде што составот на населението ѝ одел во прилог. Поповолна варијанта за владата во Атина било поддржување на заговорничките комитети, кои би кренале востанија за да бидат искористени во насока на остварување на аспирациите[123]. Тогаш се засилува активноста на

[117] Ε. Κ. Κυριακιδου, Ιστορια του συγχρονου..., τ. 2, σ. 563.

[118] Veselin Trajkov, La guerre de liberation russo - turque de 1877 - 1878 et les peuples balkaniques, Etudes balkaniques, 4, Sofia, 1977, p. 70.

[119] E. Kofos, Greece and…, p. 114.

[120] Во владата најочигледни биле разликите помеѓу Кумундурос и Делијанис. Првиот се залагал за соработка со сите што би можеле да помогнат во остварувањето на грчките аспирации, вклучувајќи ги и Словените, додека Делијанис како заколнат англофил ја отфрлал таа можност. (Γ. Ασπρεα, Πολιτικη ιστορια..., τ. Β, σ. 80).

[121] Агоп Гаребедиян. Гърция и източната криза, Исторически преглед, г. 52, бр. 4, София, 1996, с. 98.

[122] D. Dakin, The unification…, p. 129.

[123] Стратешки цели на востанијата, според Кофос, во зависност од постигнатото, биле: 1) ослободување на реоните, кои според Атина, биле населени со Грци и нивно присоединување кон Грција, 2) осуетување на словенското проширување на југ, 3)

комитетите - "Ригас", "Етники Амина" и "Аделфотис", кои го усогласувале нивното дејствување со грчката влада. За полесна координираност , владата на Канарис ги обединила "Етники Амина" и "Аделфотис" во еден Централен комитет на чело со Павлос Калигас[124]. По создавањето, Централниот комитет ја засилил својата соработка со владата, која како екуменска ги соединувала сите претставници на грчкиот политички живот. Владата побарала да има свои претставници во ЦК со цел да ги изложува своите погледи во врска со некои прашања[125]. Тоа било начин за контрола на дејствувањето на ЦК, бидејќи во тој период не бил посакуван конфликт со Османлиите, но исто така требало да се убедат претставниците на западните сили во Атина во грчките мирољубиви намери. Англискиот амбасадор во грчката престолнина Стјуарт ја известил својата влада дека грчките власти биле доволно силни да спречат испраќање на нерегуларни сили и дека не постои намера за инвазија врз османлиската држава, а за таква акција немало доволно единици[126]. Сепак во Атина, барем во некои кругови, постоела желба за напад врз османлиската држава, но реално за тоа не постоеле силни воени ефективи.

Грчкиот министер за надворешни работи, Трикупис, на 9 јуни 1877 година се сретнал со Стјуарт и го замолил да добие известување за погледите на лондонската влада во однос на политиката на официјална Атина за време на руско-османлискиот судир. Трикупис нагласил дека грчката влада настојувала да спречи немири во соседните османлиски провинции и затоа очекува да добие ветување од Англија дека во моментот кога ќе се преговара за мир, ќе биде разгледано и грчкото прашање исто како да било покренато со востание во сите, според атинската влада, грчки области[127]. Тој барал англиска помош за грчко територијално проширување со Епир и Тесалија. Англиската влада не била подготвена да даде какви било гаранции во однос на настаните што би можеле да се случат ако дојде до растурање на Османлиската Империја, а било и незрело и несоодветно, според официјален Лондон, да се разговара за поделба на областите што биле под османлиска власт[128]. Лондон бил готов да ѝ гарантира на грчката влада дека ќе го вложи целото свое влијание за да обезбеди административни реформи или поволности за грчкото население во османлиската држава, кои можат да ѝ бидат доделени на некоја друга христијанска народност[129]. Овој одговор предизвикал големо разочарување во Грција. Надежта дека Англија би можела да ги поддржи грчките аспирации, како пандан на словенските, повторно не се остварила.

поставување на грчките претензии во идните мировни преговори. ( А. Гарабедян, Гърция и .., с. 98).

[124] E. Kofos, Greece and…, p. 114.

[125] Ε. Κωφος, Πολιτικες και στρατιοτικες επαναστικες προετοιμασιες στη διετια 1876 – 1878, Βαλακνικα συμμεικτα, τ. 3, Θεσσαλονικη, 1989, σ. 111 – 112.

[126] ДАРМ, м - 28, Analysis…, FO 195/1341.

[127] Исто.

[128] Исто.

[129] Исто.

Забавувањето на руското напредување и силниот османлиски отпор кај Плевен ја принудил царската влада да побара од Грција нејзино вклучување во војната со цел да се олесни позицијата на руската војска. Рускиот дипломатски претставник во грчкиот главен град Сабуров преговарал со кралот Георгиос за можното влегување на Грција во војна. Грците побарале од руската страна да ја одреди демаркационата линија помеѓу словенските и грчките зони во Македонија и Тракија[130]. Тоа било одбиено од Русите, а Грција не покажала желба да влезе во воениот конфликт. Сабуров отворено изјавил дека вклучувањето на Грција во војната може да ѝ донесе перспектива, а пасивното дејствување немало да донесе ништо[131]. Грчката влада не ги сфатила сериозно предупредувањата на рускиот дипломат.

Развојот на настаните на Балканот ја натерал Грција да почне повторно да покажува интерес за намерите на Србија. Во таа насока Трикупис испратил до грчкиот конзул во Белград телеграма во која барал Доскос да дознае какви биле намерите на Србија и кој правец таа би го зазела во текот на воените дејства. На 17 јули, Доскос одговорил дека учеството на Србија во воените операции било извесно и посочил дека евентуалното грчко учество би имало влијание врз српското јавно мислење[132]. Додека се интересирал за српските намери, Трикупис го информирал Ристиќ за грчките воени подготовки, кои, според него, ќе биле готови за два месеци, а почетокот на дејствата би зависел од договорот и состојбите. Грција реално немала намера да влезе во воен конфликт со османлиските сили, особено не во моментите кога Русија имала проблеми кај Плевен, но сакала да ги знае српските намери.

Владата во Атина формално ја задржувала неутралноста, но, од друга страна, им давала материјална поддршка на разните здруженија за да подготват вооружени единици. Во неможност за директна грчка воена акција, нивната дејност била единствена можност за некакво ограничено грчко воено дејствување. Во текот на јули започнало навлегување на чети на османлиска територија. Такви чети се појавиле во близина на Гревена и во реоните на реката Бистрица, што некои ги потсетувало на состојбите од 1854 година[133]. Околу Превеза и Јанина започнало позасилено дејствување на грчки чети. Иако грчката влада јавно правела сè за да докаже дека е против вакви движења, османлиските власти од реоните во близината на границата се сомневале на подготовките во Грција, но немале доволно докази тоа да го докажат[134]. Во областа на Серез бил организиран грчки заговор против османлиската власт, чии главни инспиратори биле грчкиот вицеконзул во градот Папакостопулос и италијанскиот конзуларен агент Јоан Калостетис,

---

[130] E. Kofos, Greece and…, p. 125 - 126.

[131] Крсте Битоски, Македонија во времето на големата источна криза 1875 - 1881, Скопје, 1982, с. 120: Треба да се напомене дека и Србија била изложена на руски притисок за влегување во војна на страната на Русија по неуспехот кај Плевен. Исто како и на Грците, и на Србија ѝ било предочено дека доколку не влезе во војна, нејзината национална иднина засекогаш ќе биде компромитирана. (Чедомир Попов, Јован Ристић у српско-турским ратовима 1876-1878 године-Живот и рад Јована Ристића, Београд, 1985, с. 71).

[132] J. Ристић, Дипломатска.., кн. 2, Београд 1898, с. 145.

[133] ДАРМ, м - 173, Foskarini - Malegari, Salonico, 25 luglio 1877, ASMAE.

[134] ДАРМ, м - 4, Barker - Layard, Salonica, 28th july 1877, FO 78/2626.

кој претходно пристигнал од Атина[135]. Заговорот опфатил поголем број лица, но локалните првенци во Серез, плашејќи се од османлиски репресалии, не го прифатиле. Иако странските конзули не очекувале поголеми немири во Тесалија, сепак имало обиди за бунтување на локалното население. Група од 80 грчки андарти се истоварила во близината на Танатос во Тесалија со цел да го кренат населението, но немале успех[136]. Ваквите обиди придонесувале да се зацврсти увереноста на османлиските власти дека била можна грчка агресија врз Тесалија. Затоа, како превентивна мерка, во Тесалија биле испратени воени засилувања, меѓу кои и Черкези[137]. Османлиските страву-вања ќе се покажат како преголеми. Опасност од грчка инвазија во тој пе-риод не постоела, бидејќи Атина војнички не била подготвена, а и воениот судир не кореспондирал со политиката на чекање. Сепак, затегувањето на состојбите на грчко-османлиската граница ја принудило Портата да ја предупреди Атина да ги прекрати воените подготовки и да ги распушти востаничките комитети, зашто во спротивно ќе бидат преземени остри мерки[138]. Истовремено, и англиската влада упатила до Грција преду-предување да се воздржи од каква било активност против османлиската држава. Трикупис на англиското барање одговорил дека Грција не се под-готвува за војна со својот сосед, но како независна држава го задржува правото да дејствува во зависност од настаните. Англиското барање пре-дизвикало големо незадоволство во Грција, а амбасадорот Стјуарт ја извес-тил владата во Лондон дека нејзиното влијание во Грција било значително намалено[139]. Ваквото расположение во Грција нема да трае долго.

Кралот Георгиос, кој најверојатно веќе немал друг избор, постепено почнал да го прифаќа военото расположение. Тој сметал дека Грција требало да влезе во војна со османлиската држава, но само во случај кога султановата војска ќе биде пред конечен пораз[140]. Според него, тоа било шанса пред западните сили Грција да се претстави како брана за словенското навлегување и замена за османлиската држава. За тој став кралот имал це-лосна поддршка од Трикупис, Кумундурос, Заимис и Делијанис, односно од сите поважни грчки политичари.

Активноста на востаничките комитети, поддржана од грчката влада, предизвикувала постојан интерес на претставниците на странските држави во Грција и во областите на османлиската држава, кон кои Грција имала претензии. Тие почнале да праќаат извештаи до своите влади за можноста од избувнување востание во некои делови на османлиската држава, под влијание на грчките емисари. Во Македонија се очекувало дејствување на грчките

---

[135] Славко Димевски, Положбата во Македонија за време и по Разловечкото востание според извештаите на австрискиот генерален конзулат во Солун, Македонија во време на источната криза, с. 240.
[136]ДАРМ, м - 8, Barker - Layard, Salonica, 25[th] july 1877, FO 195/1149.
[137]ДАРМ, м - 4, Barker - Layard, Salonica, 4[th] august 1877, FO 78/2626.
[138] Г. Л. Арш, Греция и.., с. 178.
[139] S. Lascaris, La politique exterieure da la Grece avant et apres le Congres de Berlin, 1875 - 1881, Paris, 1924, p. 127 - 130.
[140] E. Kofos, Greece and…, p. 135.

заговорнички комитети околу Гревена, Сјатиста, Кожани, Костур и на Халкидик, при што можело да дојде и до немири[141]. Османлиските власти исто така се сомневале на грчките активности и затоа постојано испраќале воени засилувања кон грчката граница, претежно составени од нерегуларни воени единици[142].

Притисната од потребата за заслабување на османлиските воени позиции во регионот, Русија повторно се обидела да ја придобие Грција за влегување во војна. Рускиот цар Александар II лично апелирал до грчкиот крал за напад врз османлиската држава со цел некои османлиски единици да се повлечат кон грчката граница, а со тоа да биде олеснета позицијата на руските сили. Георг веднаш иос бил готов позитивно да одговори на царските барања. Тој не можел лесно да ја одбие молбата на рускиот император, имајќи предвид дека неговата сопруга била руска принцеза. Меѓутоа вла-дата, внимавајќи на претходно изречените англиски предупредувања, не се согласила со тоа[143]. Грчката влада не го отфрлила веднаш руското барање, туку побарала, во замена за воена помош, Русија да гарантира дека Грција ќе ги добиела Епир, Тесалија, Македонија и Крит, а руската флота да го обезбедува грчкото крајбрежје. Русија ова барање го сметала како одбивање на нејзиниот апел. Царската влада, заради своите интереси, не сакала да се обврзува за грчкото територијално проширување, но исто така не била сигурна колку ќе се покаже грчката војска во воениот судир.

Во Грција постоел страв дека перманентното отсуство од борбата на балканските народи може да резултира не само со губење на Македонија и Тракија, туку би било доведено во прашање и присоединувањето на Епир и Тесалија[144]. Тој страв сепак, реално, бил многу помал отколку стравот за словенски успех со грчко учество во воените дејства. Затоа, не случајно, Атина во текот на целата криза чекала да види каков ќе биде развојот на настаните и евентуално, со помош на западните сили, како награда за зачувувањето на стабилноста на најјужните делови на Балканот да ги добие посакуваните области. Тоа помалку било чудно, со оглед на неприфаќањето на грчките барања за време на Цариградската конференција. Многу брзо Грција ќе стане свесна дека нејзините очекувања биле залудни, барем во овој временски период.

Кон крајот на 1877 година грчката политика на исчекување била ставена на големо искушение. Руските сили во декември 1877 година ги пробиле османлиските одбранбени позиции и започнале брзо да напредуваат кон Одрин. Кралот Георгиос, притиснат од новонастанатата ситуација и од внатрешното незадоволство, почнал да размислува за вклучување на неговата земја во воениот судир. Тој барал од владините министри да се согласат со грчкото стапување во војна, но овие не го делеле неговиот став, сметајќи дека Грција не била доволно воено подготвена, а во исто време се плашеле од

[141]ДАРМ, м - 173, Foskarini - Malegari, Salonico, 3 ottobre 1877, ASMAE.
[142]ДАРМ, м- 94, Mallet - Decasez, Salonique, 27 novembre 1877,AMAE, Turquie, v. 4, f. 307 - 308.
[143] G. J. Marcopoulos, King George..., p. 25.
[144] E. Kofos, Greece and..., p. 139.

реакцијата на Англија и Франција[145]. Во таа насока е и грчкото резервирано однесување кон српските очекувања за заедничка соработка. На 14 декември Србија повторно влегла во воен судир со османлиската држава, а премиерот Ристиќ по тој повод му изјавил на грчкиот конзул дека неговата влада очекува од Грција соработка во најновите настани[146]. Грција не одго-ворила на српските предлози.

Неактивирањето на грчката армија не значело дека Грците се однесуваат апатично. Во земјата забрзано работеле бунтовничките коми-тети, кои соработувале со владата и имале цел да предизвикаат востанија во Епир, Тесалија и во Македонија. Тоа било поприфатливо за владата во Атина, отколку директен воен судир со османлиската држава. На пла-нирањето на востанието во Македонија заеднички работеле и грчките конзули во Македонија, кои за таа цел имале голема поддршка од локалните митрополити. Особено бил активен конзулот во Солун Ватикиотис, но не помала активност покажале и неговиот колега во Битола Логотетис, пот-конзулот во Серез Јоанис Папакостопулос и потконзулот во Кавала Аристидис Пападопулос[147]. На теренот сè позасилени биле активностите на четите. Во селата на Олимп и брегот околу Катерини се појавиле Кара-патакис, Вангелис Хостевас, Панајотис Калогирос, браќата Димос и Ахилеас Хацару[148]. Некои од нив претходно биле обични разбојници, но веќе било тра-диција во моментите кога се бранеле националните интереси и разбојниците да се вклучат во борбата. За разлика од порано, кога се барала цела Маке-донија, во тие моменти линијата што била замислена да ги опфати грчките операции се движела од Костур преку Битола и Кукуш до Серез[149]. Затоа во некои градови во јужна Македонија биле создавани магацини за оружје, била организирана курирска служба, а во Солун постоел центар што ги ко-ординирал разузнавачките активности[150]. Активност пројавил и солунскиот митрополит Јоаким, кој самиот заминал на Халкидик со цел да го уреди текот на планираните акции[151]. Поради недостиг на оружје, искусни команданти и доброволци во Македонија, Ватикиотис ѝ предложил на атинската влада истоварување на доброволци на три различни дела: 1) во источна Македонија - помеѓу Ставрос и Кавала, 2) на Халкидик и 3) во Литохоро, од каде што немирите требало да се прошират во западните делови на приморска Македонија[152]. Грците особено биле заинтересирани да испровоцираат востание во Македонија, кое требало да овозможи определување на демаркациона линија меѓу реоните што понатаму требало да ѝ припаднат на Грција и словенските реони[153]. Од особен интерес за Грците бил рам-

[145] G. J. Marcopoulos, King George..., p. 27.
[146] Driault et l'Heritier, Histoire diplomatique..., t. III, p. 444.
[147] Σ. Παπαδοπουλου, Οι επαναστασεις του 1854..., σ. 67.
[148] Ε. Κωφος, Ο επισκοπος..., σ. 202 – 203.
[149] ДАРМ, м - 94, Mallet - Vaddingtot, Salonique, 28 decembre 1877,AMAE, Turquie, v. 4, f. 319.
[150] D. Dakin, The unification..., p. 131.
[151] A. Vacalopoulos, A History of Thessaloniki, p. 121 - 122.
[152] E. Kofos, Greece and..., p. 182 - 183.
[153] Исто, p. 148.

ничарскиот приморски дел од Македонија, кој во иднина би бил житница на Грција. Затоа требало да се создаде грчко прашање. Ова не било можно со интервенција на грчката војска, која не била способна тоа да го стори. Единствен начин било кревање на востанија, не само во Македонија, туку и во Епир, Тесалија и на Крит. Бидејќи ЦК на "Етники Амина" и "Аделфотис" имал одговорност за кревање на востанија во Епир, Тесалија, Македонија и на Крит, со цел да биде олеснета активноста, во јануари 1878 година во Атина бил формиран Македонскиот комитет, чија задача била да предизвика востание во Македонија[154]. Комитетот добивал информации од грчките конзули во Македонија дека таму постоеле услови за акција. Тешката состојба на христијанското население во Македонија била поволна за активностите на Комитетот и таа требало да се искористи. Во Македонскиот комитет членувале познати личности од грчкиот јавен живот, а некои од нив потекнувале од Македонија - Стефанос Драгумис, Јоанис Пантазидис[155], воениот лекар Леонидас Пасхалис, професорот Николаос Халкиопулос и други. Многумина од нив живееле во населбата Неа Пела во Аталанти, каде што имало голем број емигранти од Македонија. Леонидас Вулгарис во почетокот исто така бил член на Комитетот, но брзо бил исклучен поради неговите врски со Русија[156].

Доаѓањето на руските сили пред Одрин довело до голема загриженост во Грција. Незадоволството спрема грчката влада сè повеќе се зголемувало. Грчкиот печат посебно се истакнувал во нападите кон владата. Во весникот Εφιμερης од 12 јануари 1878 година било напишано дека елинизмот претрпел многу трауми од владеењето на коалициската влада[157]. Кралот, иако и самиот претходно бил зафатен од воената треска, се наоѓал пред голема дилема - дали да ги поддржи стремежите на војската и населението, поттикнати од разните комитети, или пак да ја зачува неутралноста на државата. Многумина почнале да гледаат кон Србија, како таа со помош на оружјето тежнеела кон остварување на националните аспирации[158]. Војската веќе имала подготвено два воени кампа во Ламија и Халкида, кои биле во близина на границата[159]. Целата држава била во движење. Меѓутоа, веста за руско-османлиското примирје, која пристигнала во Атина на 16 јануари 1878 година, предизвикала шок во Грција. На 17 јануари во Атина избиле големи демонстрации, во кои најголемиот дел од гневот бил насочен кон министерот за надворешни работи Трикупис и кон Заимис[160]. Кралот се обидел да ја смири

---

[154] Σ. Παπαδοπουλου, Οι επαναστασεις του 1854..., σ. 68.

[155] Потекнувал од Крушево, а во времето на формирањето на Македонскиот комитет бил професор по филозофија на атинскиот Универзитет.

[156] Σ. Παπαδοπουλου, Οι επαναστασεις του 1854..., σ. 68.

[157] Исто, с. 64.

[158] Χ. Ναλτσα, Η συνθηκη..., σ. 50.

[159] Γ. Ασπρεα, Πολιτικη ιστοριας..., τ. 2, σ. 691.

[160] Во времето кога Русите се доближувале кон Одрин, во Атина се водела жива политичка дискусија во врска со прашањето дали е добро Грција да навлезе во Тесалија. Кумундурос и Делијанис се залагале грчката војска да навлезе во Тесалија, а против тоа се изјаснил Трикупис. (Исто, с. 90; Кирил патриярх български, Българската екзархия, т. I, кн. 2, с. 344).

ситуацијата и ѝ наредил на армијата преку министерот на војската Замвракакис да ги придвижи своите единици во источна Грција, кон османлиската граница. Тоа не довело до смирување на состојбите, а Георгиос побарал од владата да поднесе оставка. Така во Грција, во согласност со традицијата за често менување на владите, и во овој тежок момент повторно доаѓа до поместување на силите на грчката политичка сцена.

### *3. 2. Обид за создавање на грчко прашање и Берлинскиот конгрес*

На 24 јануари 1878 година нов грчки премиер станал Александрос Кумундурос. Тој во инаугуративниот говор пред грчкиот Парламент изјавил дека енергично ќе го брани елинизмот и активно ќе го заштитува грчкото население[161]. Тоа значело водење на поактивна и поагресивна политика. Планираните востанија сега биле дополнети со планот за интервенција на грчката војска во Тесалија. Тоа требало да доведе до создавање на грчко прашање, кое, според мислењето во Атина, големите сили ќе морале да го решаваат[162]. Кумундурос им соопштил на бунтовничките комитети дека востанието требало да започне на 27 или 29 јануари, а истовремено на кон-зулите во Епир, Тесалија и на Крит им биле дадени инструкции да ги натераат локалните водачи да формираат, во што пократок рок, привремени влади, кои би прогласиле обединување на тие области со Грција[163]. Ку-мундурос не сакал ништо да остави на случајот и затоа настојувал да обезбеди лична контрола врз работата на ЦК на "Етники Амина" и "Аделфотис", во што многу брзо ќе успее[164]. Тој, всушност, ќе ги раководи сите активности во врска со востаничките движења. Продолжило собира-њето доброволци за потребите на Македонскиот комитет. Тоа се вршело во Атина и во Аталанти. На чело на целата активност бил Космас Думбиотис, а му помагале Георгиос Захилас, Михаил Цима, Милтијадис Апостолидис, Г. Лазо и др[165].

Во согласност со плановите за почеток на немирите во пограничните области на османлиската држава, кон крајот на јануари 1878 година започнало навлегување на грчките чети во Тесалија. Полковникот на грчката војска Хисомахос на 30 јануари, со околу 900 борци, навлегол спрема Аграфа, а генералот Суцо на чело на група од околу 1000 борци, меѓу кои имало и припадници на регуларната грчка армија, од Ламија навлегол во јужните делови на Тесалија[166]. Овие чети биле претходница на грчката војска, која требало да

[161] Driault et l'Heritier, Histoire diplomatique…, t. III, p. 450.
[162] E. Kofos, The subject Greeks…, p. 99.
[163] Исто, p. 155.
[164] Ε. Κωφος, Πολιτικες και στρατιοτικες..., σ. 113.
[165] Κ. Βακαλοπουλος, Νεαελληνικα..., σ. 265 – 266.
[166] ДАРМ, м - 4, Barker - Layard, Salonica, 11th february 1878, FO 78/2849.

навлезе во Тесалија, а на тоа требало да му претходи и прогласот на привремените влади за присоединување на областите кон Грција. Во близината на Волос на доброволците им се придружиле многу селани, а била формирана и привремената влада на Пилион[167]. Привремената влада, според претходно дадените упатства од Атина, испратила прокламација до грчката влада, со која се прогласува присоединување кон Грција[168].

Навлегувањето на четите и појавата на привремената влада биле доволен повод за Атина воено да интервенира во Тесалија. Без поголема анализа и информации за мислењата што преовладувале во европските престолнини, грчката влада решила да ја испрати својата војска на османлиска територија, сметајќи дека така ќе може да создаде грчко прашање. На 2 февруари 1878 година 25. 000 грчки војници навлегле во Тесалија. Министе-рот за надворешни работи Теодорос Делијанис испратил циркулар до голе-мите сили. Со циркуларот грчката влада објаснувала дека нејзините трупи навлегле на османлиска територија пред Атина да дознае за примирјето[169]. Притоа, грчката влада изразила готовност да ги повлече своите војски од османлиската територија, доколку големите сили гарантираат сигурност и заштита на населението, кое "живеело во грчките провинции на Турција"[170]. Англиската влада одговорила дека не разбира потполно што се барало со гаранциите за населението, но доколку се мислело големите сили да ги спречат можните немири и насилства врз населението во провинциите, тогаш Лондон бил готов да влијае, со сите можни ограничувања, да се обезбеди сигурност на населението[171]. Во одговорот, владата во Лондон изразила подготвеност да го потврди повлекувањето на грчките сили и да ја спречи османлиската држава да преземе мерки против Грција. Со други зборови, од Грција се барало безусловно да ги повлече силите од Тесалија. Француската влада, која била информирана од Портата дека османлиската флота може да интервенира, исто така побарала од грчките сили да се повлечат од Тесалија[172]. Грчкиот амбасадор од Петербург ја информирал својата влада за рускиот совет до Атина да ги повлече силите од османлиска територија. Русија, слично како и владата во Лондон, испратила предупредување до Цариград да не презема акција против Грција. Поповолни вести не пристигнале ниту од Виена. Андраши побарал од грчкиот крал да ги повлече војските од Тесалија, со ветување дека ќе ги поддржи грчките барања на претстојниот конгрес[173]. Атинската влада останала наполно осамена во поглед на воената интервенција во Тесалија. Таа немала друг избор, освен да се согласи да ги повлече воените сили од османлиската провинција. Грција, од една страна, не сакала да се замери со големите сили, од кои сепак очекувала дека ќе ги земат предвид грчките желби, а од друга страна руско-османлиското примирје им

[167] ДАРМ, м - 4, Barker - Layard, Salonica, 2 february 1878, FO 78/2849.
[168] ДАРМ, м - 94, Mallet - Vadington, Salonique, 25 genvier 1878,AMAE, Turquie, v. 4, f. 329 - 333.
[169] ДАРМ, м - 11, Delyannis - Genadius, Athenes, 5 fevrier 1878, FO 32/506.
[170] Исто.
[171] ДАРМ, м - 11, Layard - Genadius, Foreign office, 6th february 1878, FO 32/506.
[172] Марица, 21 ноемврий 1878, бр. 34, с. 6.
[173] K. Αιλιανου, Η Αυστρο– Ουγγαρια..., σ. 50.

овозможувало на дел од султановите копнени и поморски сили да дејствува против Грција, која не би можела да им се спротивстави, дури и со помош на востаниците, кои би дејствувале на османлиската територија. Грција на море имала само еден военоспособен брод - "Крал Георгиос". Тоа доволно кажува каков резултат можело да се очекува од евентуалниот воен судир. Затоа Атина решила да ги повлече воените сили од Тесалија, притоа изразувајќи благодарност до големите сили за понудените гаранции[174]. Друго не можела ни да направи. На 9 февруари 1878 година грчката војска се повлекла од Тесалија.

Иако грчките сили се повлекле од Тесалија, тоа не значело крај на активностите на комитетите што се залагале за остварување на "големата идеја", директно поддржани од атинската влада. Во Тесалија и на Крит немирите не престанале, а Кумундурос сакал тие да се прошират и во Епир и во Македонија, доколку ветувањата на големите сили не донесат резултати[175], но всушност со тоа се сакало да се врши притисок за да бидат разгледани грчките барања. За таа цел биле ангажирани бунтовнички лидери, но и влијателни грчки дипломати. Паралелно со грчката пропаганда на теренот, започнала и зголемена активност на грчката дипломатија. Владата решила да упати нота до големите сили, во која ќе се бара Грција да има право рамноправно да учествува на конференцијата. Таа нота до големите сили била испратена од министерот за надворешни работи Делијанис на 11 февруари 1878 година[176]. Атинската влада со барањето за учество на конференцијата не мислела да ги застапува само сопствените интереси. Грција сакала да учествува на конференцијата како природен претставник на османлиските Грци[177]. Тоа било начин да се остварат аспирациите. Истовремено, владата решила да го прати Трикупис во Лондон и во Петербург со цел да побара помош. Владата во Атина решила да бара територијално проширување од устието на реката Војуса во Албанија, до устието на реката Бистрица во Македонија[178]. Интересно е дека грчката влада, иако го посакувала поголемиот дел од Македонија, сепак се решила само за најјужните делови од приморска Македонија. Тоа може да значи дека и во Атина се сметало дека за почеток, што не значи и конечно, било подобро да се бараат региони, во кои грчкото и влашкото население биле мнозински. Мисијата на Трикупис многу брзо, под притисок на рускиот амбасадор во Атина, била откажана.

Во Македонија во јануари 1878 година неколку доброволечки чети, кои претходно учествувале во Руско-османлиската војна, а биле под заед-ничка команда на Иљо Марков-Малешевски и Димитар Поп Георгиев Бе-ровски, ја ослободиле нахијата Пијанец[179]. Овие акции предизвикале интерес на грчкиот

---

[174]ДАРМ, м - 11, Delyanni - Genadius, Athenes, 8 fevrier 1878, FO 32/506.
[175] E. Kofos, Greece and…, p. 172.
[176]ДАРМ, м - 13, - Layard. Foreifn office, 9[th] march 1878, FO 195/1167.
[177] Χ. Ναλτσα, Η συνθηκη.... σ. 72.
[178] E. Kofos, Greece and…, p. 197 - 198.
[179] Ристо Поплазаров, Востаничките и други акции во Македонија во 1878 година според грч-ките конзулски извештаи-Македонија во Источната.., с. 288.

конзул во Солун и вицеконзулот во Серез, кои редовно ја инфор-мирале Атина за настаните[180]. Грчкиот вицеконзул воопшто не криел дека го плашело влијанието на славизмот, бидејќи, како што известувал, тие што порано ја очекувале грчката војска сега, "разочарани започнале да се спогодуваат со членови на словенската пропаганда"[181]. Без сомнение, нивните извештаи биле користени за анализирање на ситуацијата и за подготовките за натамошното дејствување.

Комитетите што биле задолжени да предизвикуваат немири или востанија во османлиските области пројавувале сè поголема активност. Во ноќта помеѓу 15 и 16 февруари 1878 година 500 луѓе под раководство на К. Думбиотис, М. Цимас, В. Захилас и Т. Лазос заминале од Плака за Литохоро. Од другата страна, на границата приврзаниците на "големата идеја", во содејство со грчките конзули, го подготвувале теренот за акции, кои би го привлекле вниманието на големите сили. На 18 февруари во селото Вурино, Кожанско, била формирана привремена влада на македонската област Елимија[182]. И оваа привремена влада, на чие чело бил Јоанис Говедаро, упатила проглас до грчката влада, во кој била изразена вербата во борбата под раководство на атинската влада и во обединување со Грција[183]. Групата на Корвангос на 16 февруари се истоварила во близина на Литохоро, каде што ѝ се придружиле и локалните жители[184]. Веднаш била формирана привремена влада, која упатила проглас до Атина, но и до конзулите на странските држави во Солун[185]. Оваа влада, која воопшто не била влада, се нарекла привремена влада на Македонија. Со тоа се сакало да се прикаже дека Македонија, бидејќи се говори од името на цела Македонија, била грчка земја и како таква требало да ѝ припадне на матицата-Грција. Во прогласот се нагласува дека долготo ропство ги принудило жителите на Македонија да го земат оружјето в раце за да се заштитат, при што претставници на разни општини од Македонија се собрале во Литохоро за да ја отфрлат султановата власт и да прогласат "присоединување на Македонија кон мајката Грција"[186]. Затоа била формирана владата, која била овластена да побара заштита од големите сили. Претставниците на владата искажале увереност дека големите сили ќе ја насочеле својата внимателност и кон Македонија, која била готова за соединување со Грција[187]. Со овој проглас се целело да се предизвика вниманието на големите сили, за подоцна да бидат добиени концесии. Османлиските власти од Солун брзо реагирале на ова мало востание со праќање на поголеми воени сили со цел да бидат разбиени грчките чети. Исто така и

[180] Исто, с. 288-292.

[181] К. Кврте Битоски, Македонија во времето.., с. 205.

[182] Денешната област помеѓу Костур и Кожани.

[183] Κ. Βακαλοπουλος, Νεαελληνικα..., σ. 269.

[184] ДАРМ, м - 174, Foskarini - Depretis, Salonico, 6 marzo 1878, ASMAE.

[185] Прогласот на привремената влада бил доставен до конзулите на Грција, Англија, Русија, Италија, Франција, Германија, Австро-Унгарија и САД.
(Е. Κωφος, Η επαναστασηη..., бок. 26, Βατικιωτης – Δεληγιαννην, 23 φεβρουαριου 1878, σ. 100 – 101 ).

[186] ДАРМ, м - 4.Barker - Layard, Salonica, 9th march 1878, FO 78/2845.

[187] Исто.

атинската влада им испраќала оружје и помош на востаниците, а за тоа требало да се грижи грчкиот конзул во Солун[188]. Османлиските акции довеле до бран на бегалци. Тие во Солун биле згрижени од еден комитет, кој бил формиран од грчкиот конзул Ватикиотис, а во него членувале повеќе видни граѓани на Солун, приврзаници на "големата идеја" - Ронгодис, Т. Маврудис, С. Гарполас и Г. Харисис[189]. Истовремено бил организиран и поморски транспорт за бегалците од Солун до Атина[190]. Ова зборува за обидите да се изврши добра подготовка на теренот, но и за големата ангажираност на солунскиот конзул Ватикиотис. Таквата активност не довела до успех на ова мало востание. Османлиските сили во текот на март успеале да го ликвидираат востанието. Ослободувањето на Македонија во тој период било можно само со учество на сите христијани, без разлика на народносната припадност, но таква соработка, барем во ова востание, не била побарана.

За разлика од јужните делови на крајбрежните делови на Македонија, во западните делови на оваа османлиска област грчките обиди да се направи нешто во полза на интересите на елинизмот не дале некои резултати. Тоа било признаено и од секретарот на грчкиот конзулат во Битола Скотидис, кој констатирал, не без горчина, дека тие што требало да ја понесат акцијата тоа не го направиле, а самиот пелагониски митрополит Матеос одбил да соработува[191].

Неуспехот на грчките акции непосредно по руско-османлиското примирје не бил ништо во споредба со тоа што следувало. Руските преду-предувања до Атина во поглед на нејзината апстиненција од воените дејства започнале да се остваруваат. На 3 март 1878 година во Сан Стефано бил потпишан прелиминарен договор помеѓу Русија и Османлиската Империја[192]. Со договорот од Сан Стефано се востановувала голема бугарска држава со излез на Егејско Море, при што било предвидено речиси цела Македонија да влезе во составот на новосоздадената држава. Грчките аспирации не биле земени предвид. Само со членот 15 од договорот била предвидена стриктна примена на правилникиот од 1868 година на островот Крит и донесување на сличен акт за Епир и Тесалија. Немало ниту збор за можно припојување на споменатите области кон Грција. Решенијата од Сан Стефано предизвикале шок во Грција. Со создавањето на големата бугарска држава патот за Цариград бил физички пресечен, но стравот бил зголемен со фактот дека населението во османлиските европски провинции било незадоволно од османлиската власт и можело да ја прифати бугарската[193]. Грција, исто така, стравувала од можноста за уништување на образовниот, културниот и еко-

---

[188] Ε. Κωφοσ, δοκ. 185, Δεληγιαννις – Βατικιοτην, 25 φεϖρουαριου/9 μαρτιου 1878, σ. 293.
[189] Σ. Παπαδοπουλου, Οι επαναστασεις του 1854..., σ. 684 – 685.
[190] ДАРМ, м - 174, Foskarini - Il ministro degli affari esteri, Salonico, 3 aprile 1878, ASMAE.
[191] К. Битоски, Македонија во времето.., с. 208 -209.
[192] Александар Христов - Јован Донев, Македонија во меѓународните договори 1875 - 1919, Скопје ,1994, док. 8, с. 54 - 65.
[193] E. Kofos, Greece and…, p. 191.

номскиот потенцијал на елинизмот во Македонија и во Тракија по паѓањето на овие две области под бугарска власт[194].

Грците сметале дека мора да дејствуваат против решенијата од Сан Стефано. На сцена стапила грчката дипломатија, заедно со пропагандата. Разни грчки асоцијации во Цариград развиле активност за докажување на грчкиот карактер на Македонија и Тракија. Грчките претставници започнале да испраќаат петиции од Македонија за да го искажат своето незадоволство со припојувањето на Македонија кон Бугарија. На 10 март 1878 година таква петиција била испратена од Грците и гркоманите во Солун[195]. По иницијатива на Г. Зарифис требало да се пишуваат заеднички христијанско-муслимански петиции, со кои би се барало отфрлање на присодинувањето на Македонија кон Бугарија[196]. Според Зарифис, Македонија требало да биде автономна област или кнежевство. Атинската влада ги известила своите дипломати дека се согласува со петициите. Исто така, грчката влада ги известила своите дипломати во Македонија за потребата во петициите да се нагласи дека потписниците бараат областите што било предвидено да потпаднат под бугарска власт да бидат припоени кон Кралството Грција, бидејќи тие области биле чисто грчки, а Грција можела да му обезбеди сигурност на населението[197]. Истовремено, и Патријаршијата во Цариград се ангажирала да подготви извештај за бројот на Грците во областите, кои, според Санстефанскиот договор, требало да влезат во составот на новата голема бугарска држава[198]. Под Грци, Патријаршијата ги сметала сите што потпаѓале под нејзина јурисдикција, а тоа значи дека во нив ќе бидат вброени и негрчките православни христијани, со што бројот на грчкиот елемент во областите значително би бил зголемен, а тоа ѝ одговарало на тезата за грчкиот карактер на Македонија и Тракија.

Сепак, имало една позитивна работа за Грците во однос на Санстефанскиот договор. Имено, јасно било дека Русија сама со Османлиската Империја можела да потпише единствено "прелиминарен, но не и конечен мир[199]. Тоа значело дека била можна негова ревизија и некои кругови во Петроград биле свесни за тоа.

Заедничко за сите западни сили било неприфаќањето на Санстефанскиот договор и барањето за негова ревизија, а тоа ѝ одговарало на Атина. Во тоа предничела англиската влада. Лондон, секако поради своите интереси, сакал да ги искористи негативните реакции во Грција спрема договорот. Лордот Дерби во разговорот со францускиот амбасадор во британската престолнина нагласил дека би било добро да се поддржат Грците кога е во прашање судбината на Епир, Тесалија и на Македонија, но без да ѝ биде даден

[194] E. Kofos, The subject…, p. 109.
[195] ДАРМ, м - 19,Layard - Salisbury, Constantinople, 16th april 1878, FO 78/2785.
[196] К. Битоски, Македонија во времето на.., с. 170.
[197] Ε. Κωφος, Η επανασταση..., δοκ. 192, Δηλιγιαννις – Βατικιωτην, 20 μαρτιου 1878, σ. 296.
[198] ДАРМ, м - 19, Constantinople, 19th march 1878, FO 78/2782.
[199] Милорад Екмечић, Стварање Југославије, т. 2, Београд, 1989, с. 318.

ист ранг и привилегија како на големите сили[200]. Поддршката на англиската влада за идејата Грција да земе учество на Конгресот била во правец на настојувањето на Лондон да добие сојузник во грчката влада[201]. Тој сојузник требало да биде за краткотрајна употреба. Англија ги информирала големите сили за можното грчко учество на Конгресот, при што Русија изразила подготвеност да се согласи со тоа, но само за прашањата што ги засегале грчките интереси, а постоеле шанси и Австро-Унгарија да се согласи со тој предлог[202]. Промените на англиската политика ги стимулирале апетитите на одредени грчки политички кругови, кои, по сè изгледа, не биле свесни за вистинските намери на британската влада. Како и да е, некои грчки политичари почнале да мислат дека Англија ќе работела на обновата на Византиското Царство[203]. Рускиот амбасадор во Атина Сабуров известувал дека големата идеја престанала да биде сон на некои професори, туку таа почнала да станува тема на разговори по улиците и плоштадите.

Откако станало јасно дека Санстефанскиот договор не можел да биде спроведен поради решителното противење на западнинте сили, кои се залагале за одржување конгрес, на кој споменатиот договор ќе се ревидирал, во Грција започнало јавно да се зборува за територијално проширување на државата. Грчките политичари, но и општествените дејци се зафатиле со предлагање на можни територијални барања. Тие вршеле пресија дека Грција била должна да бара присоединување на востанатите области и дека треба да ја пуштат судбината на Македонија и на Тракија во рацете на големите сили, кои биле против ширењето на словенското влијание до брегот на Егејското Море[204]. Други, пак, барале присоединување на европските делови на османлиската држава, вклучувајќи го и Цариград. Грчкиот амбасадор во Берлин Александрос Рангавис, на кој инаку не му била далеку идејата за соработка со останатите балкански народи против Османлиите, се залагал за анексија на Епир, Тесалија, Македонија, Тракија, егејските острови, малоазискиот брег и на Цариград кон Грција. Доколку постоел отпор за анексијата на наведените области, тогаш, според Рангавис, Грција требало да побара интернационализирање на Цариград и привремена окупација на Македонија и на Тракија од една западна сила, пред тие да бидат припоени кон Грција[205]. Играјќи на актуелната словенска опасност, Рангавис сметал дека грчкото проширување кон Босфорот не била безосновна желба, туку европска неопходност. Најверојатно на ваквите мегаломански барања на Рангавис влијаел ставот на Андраши, кој во една пригода, на забелешката на еден виенски дипломат дека би било добро Австро-Унгарија од западните покраини на османлиската држава да направи независни држави, изјавил дека

[200] Француски документи за историјата на македонскиот народ 1877 - 1878, Скопје, 1969, док. 1, Аркур - Вадингтон, с. 5

[201] Освобождение Болгарии.., т. III, Москва, 1967, док. 15, Горчаков - Шувалову, Лондон, 6 марта 1878, с. 39.

[202] Србија 1878 , Београд, 1978, док. 106, Цукиħ - Ристиħу, Беч, 8 марта 1878, с. 177.

[203] G. L. Arsh, P. A. Sabouroff on…, p. 111.

[204] Κ. Βακαλοπουλος, Νεαελληνικα..., π. 275.

[205] Исто.

доколку дојде до конгрес, ќе се заложи за зголемување на Грција, без притоа да се изјасни кои области би биле земени предвид[206]. Во книгата То ανατολικον ζητημα και η μεγαλη ελληνικη ιδεα ωσ λυσις αυτον издадена во Атина во ова време, се тврдело дека ако Словените се род на Русите по крв, тогаш Грците биле род на Европа по дух, поради античката просвета која била темел на европската, а Русија не смеела да не се сеќава дека од Грците ја примиле православната вера[207]. Во истата книга бил предложен и план за решавање на источното прашање. Според точката 4, сите земји јужно од Балкан и Шар Планина - Тракија, Македонија, Албанија и егејските острови требало да се организираат како посебен вилает, со целосна авто-номија, на чие чело како валија би бил поставен Грк, а според точката 5, Тесалија, Епир и Крит требало да ѝ се отстапат на Грција за одреден паричен надомест, кој дополнително ќе биде утврден[208]. Нереалноста и мегало-манството на желбите на некои грчки политичари и општествени дејци, иако тие желби не соодветствувале со реалната состојба, сепак послужиле како показател за дефинирање на грчките барања пред големите сили во овој период.

Покрај грчките политичари и јавни личности, голема активност пројавил Атинскиот силогос. Силогосот жестоко реагирал на картата на Кипер, која во овие моменти била сметана како опасна за грчките интереси. Италијанскиот амбасадор во Атина Матеи бил известен од Силогосот дека картата на Кипер не била прифатлива за Грците и затоа било потребно таа да се ревидира[209]. Грчкиот министер за надворешни работи Делијанис испратил писмо до грчкиот амбасадор во Рим Михаил Папаригопулос, во кое му го испратил мемоарот во врска со картата на Киперт. Притоа Делијанис го изнел и ставот на владата дека, иако таа не сакала да се меша, сепак картата на Киперт не соодветствувала на етнолошката пропорција на Балканот. Според Делијанис, синџирот на Балкан и Шар Планина претставувал демаркациона линија помеѓу Словените и Грците, а тоа било потврдено од историјата и етнологијата[210]. Грчкиот министер сметал дека од јужната страна на Балкан Планина имало, како што самиот се изразил, Бугари и Албанци, но сепак грчкиот елемент доминирал и неговата бројна надмоќ не можела да се оспори[211]. Ваквиот став на грчките политички кругови и на Силогосот бил поврзан со неколкумесечната преписка помеѓу Киперт и Константинос Папаригопулос во врска со картата на првиот. Причина за преписката било објавувањето во 1876 година на картата на Киперт, која не одговарала на грчките гледања за етничката распореденост на народите на Балканот.

[206] Србија, док. 127, Штолберг - Билову, Беч, 1 априла 1878, с. 216; Андраши, кој имал истакнато дека би поддржал грчко територијално проширување, без да наведе на кои територии мислел, во моментите кога се разговарало за ревизија на Санстефанскиот договор во еден свој разговор со Игнатиев од 17/29 март 1878 година, меѓу другото, предложил формирање на автономна провинција Македонија, во која би влегол и градот Солун.(Србија, д. 156, Берлин, 2/14 априла 1878, с. 267).

[207] Стојан Новаковић, Балканска питања и , с. 364.

[208] Исто, с. 366.

[209] ДАРМ, м - 178, Mattei - Corti, Atene, 28 marzo 1878, ASMAE.

[210] ДАРМ, м - 178, Delyannis - Paparigopoulo, Atene, 18/30 mars 1878, ASMAE.

[211] Исто.

Папаригопулос се ангажирал да го убеди Киперт дека направил грешка при објавувањето на картата, во што во текот на февруари 1878 година имал успех[212].

Во целата ситуација, нормално, голема активност пројавила и грчката дипломатија. Грчкиот амбасадор во Цариград на својот британски колега му изјавил дека атинската влада, и Грците воопшто, просторот помеѓу Јадранско и Црното Море го сметале за неразделив и на секое негово делење гледале како на катастрофа на единството и постоењето на нивните сонародници од другата страна на границата[213].

Додека грчката влада и јавните личности активно дејствувале за промоција на грчките интереси и барања на претстојниот конгрес, во Епир, Тесалија и околу Олимп во Македонија продолжило дејствувањето на грчките чети. Тоа не било без знаење на официјална Атина. Владата требала да му довери поголема група војници на полковникот Коронеос, кој требало да врши притисок врз пограничните области. Меѓутоа, официјален Лондон не можел да се согласи со овие грчки акции, бидејќи тие биле штетни за плановите на англиската влада. Затоа Солзбери му наложил на англискиот пратеник во Атина да ја предупреди грчката влада дека Англија немало да го поддржи грчкото барање за учество на Конгресот, ако не престанат акциите во Тесалија и во јужните делови на Македонија. Грчката влада не можела да остане индиферентна на британските опомени. По предупредувањето од Лондон во Епир, Тесалија и во Македонија биле испратени владини претставници и членови на "Етники Амина" за да ги убедат водачите на четите да престанат со активностите[214]. Во убедувањето на водачите да се вратат во Грција учествувале и британските конзули Блант и Морлин, а атинската влада и комитетите престанале да праќаат помош што довело до "опаѓање на ентузијазмот"[215]. Некои од грчките доброволци биле убедени да се вратат во Грција и било договорено тоа да го сторат преку копно и море[216]. Владата во Атина со цел, колку-толку, да ја смири ситуацијата, на 2 април 1878 година го повикала на состанок својот конзул од Солун, Ватикиотис, кој наскоро и заминал за грчката престолнина[217]. Атина станала свесна дека активностите на нејзиниот конзул во Солун предизвикале негодување кај османлиските власти, кои, од своја страна, не криеле дека го сметале Ватикиотис за главен виновник за настаните околу Олимп. Неговото присуство во Солун, без никакво сомнение, можело негативно да се одрази на односите со османлискта држава, а тоа во Атина не било посакувано, барем во моменти кога била очекувана англиска поддршка за грчките барања. Од друга страна, пак, со тоа што не бил наименуван нов конзул Атина ставила на знаење дека

[212] Дел од преписката помеѓу Папаригопулос и Киперт е објавена во Француски документи за.., док. 6, 7, 8 и 9. С. 14 - 20.

[213] Χ. Ναλτσα, Η συνθηκη..., σ. 61.

[214] Χ. Ναλτσα, Η συνθηκη..., σ. 58 – 59.

[215] Француски.., док. 11, Фурние - Вадингтон, Цариград, 30 април 1878, с. 24.

[216] ДАРМ, м - 5, Barker - Layard, Salonica, 18th may 1878, FO 78/2849.

[217] ДАРМ, м - 174, Foskarini - Corti, Salonico, 1 maggio 1878,ASMAE

Ε. Κωφος, Η επανασταση..., δ. 194, Δελιγιαννι – Βατικιωτην, 2 απριλιου 1878, σ. 298.

Ватикиотис и понатаму, како врвен и способен дипломат, го задржува конзулското место.

Незадоволство од договорот во Сан Стефано имало и во Србија и во Романија. Тоа било од полза за грчките интереси. Во еден свој извештај британскиот конзул во Велград, Вајт, споменал дека грчката влада се обидела да постигне договор со Србија и со Романија за меѓусебна поддршка против политиката на Русија за создавање на Бугарија[218].

Незадоволството во Грција од Санстефанскиот договор, и покрај извесноста дека тој нема да профункционира, не стивнувало. Покрај дипломатската активност на Атина, и грчките силогоси во османлиската држава не мирувале. Нивната активност во овој период била координирана. Англискиот амбасадор во Цариград бил посетен од Аристоклес, претседател на Цариградскиот силогос и Василидес, претседател на Епирскиот силогос, кои му предале меморандум што се однесувал на позицијата на, како што се изјасниле тие, грчкото население што живеело во областите кои, според Санстефанскиот договор, ѝ биле доделени на Бугарија.[219]. Многу брзо пристигнал нов меморандум од Цариградскиот силогос, во кој била дадена грчка верзија на македонската историја од најрани времиња. Според авторите на меморандумот, територијата јужно од Балкан Планина отсекогаш била населена со Грци, а Словените што живееле тука биле словенизирани Грци[220]. Постојаното држење на тензијата од грчкото незадоволство било една од задачите на Цариградскиот силогос, кој во овој период дејствува во голема координираност со владата во Атина. Со тоа требало да се потсетуваат големите сили, особено Англија, за грчките желби. Ваквиот грчки настап ѝ одговарал на владата во Лондон. Таа имала алиби за своите барања, иако имало англиски дипломати што укажувале дека било пожелно да не се запоставуваат грчките барања поради можноста од нестабилност на регионот во иднина[221]. Желбите за територијално проширување на Грција ѝ оделе во прилог на Англија. За разлика од порано, кога Грција не можела да смета на англиска помош, сега опасноста од словенска држава на Егејот ги зближила Атина и Лондон. Грчкиот страв од словенските аспирации на Балканот и англиското неприфаќање на постоењето на голема словенска држава, која би била под целосно руско влијание, се совпаднале. Не се отфрлала можноста од територијално проширување на Грција со анексија на Епир и на Тесалија, со цел грчкиот да му се спротивстави на словенскиот елемент[222].

---

[218] Србија, д. 168, Београд, 25 април 1878, с. 291.

[219] Меѓу другото, во меморандумот била дадена и бројната состојба на населението, која била во согласност со грчкото сфаќање за народносната припадност на населението во Македонија. Според посоченото, во Драмскиот санџак имало 42 000 Грци и 1000 Бугари. Во Солунскиот санџак имало 210 500 Грци и 39 300 Бугари. Во Битолскиот санџак имало 278 000 Грци и 60 000 Бугари, а во Серскиот санџак имало 175 000 Грци и 20 000 Бугари. Од вкупно 1 330 000 жители, 705 500 биле Грци, од кои 70 000 Грковласи и 197 400 Грци-бугарофони. 140 500 биле Бугари, 349 000 муслаимани, 100 000 други народности и 35 000 странци. (ДАРМ, м - 19, - Salisbury, Cinstantinople, 10th april 1878, FO 78/2784).

[220] ДАРМ, м - 19, - Salisbury, Constantinople, 17th april 1878, FO 78/2785.

[221] Србија, док. 172, Вајт - Солзберију, Београд, 29 априла 1878, с. 295.

[222] Освобождение.., т. III, док. 48, Гирс - Новикову, С. Петрсбург, 30 апреля 1878, с. 92.

Кога во почетокот на мај 1878 година во Атина се дознало дека бил закажан датум за почеток на Конгресот, грчката влада имала разработено програма за барање на територијално проширување на Грција со анек-тирање на Епир, Тесалија и на Крит. Што се однесува до Македонија и Тра-кија, грчката дипломатија ќе работела во правец на спречување на нивното припојување кон Бугарија[223]. Атинската влада, иако ги посакувала овие две области, особено Македонија, не се решила да бара нивно присоединување со цел да не се предизвикааат големите сили. Во таа насока било сметано на англиска поддршка. Англиската влада, пак, од своја страна сакала да ги приближи Грција и османлискатата држава пред почетокот на конгресот. Грчкиот крал Георгиос дознал за оваа намера на Лондон и во разговорот со англискиот пратеник во Атина, кон средината на мај 1878 година, побарал како граница да се земе линијата од устието на Бистрица во Егејско Море до устието на Војуса во Јадранско Море, односно линијата што била одредена од грчката влада пред неколку месеци[224]. Солзбери, од своја страна, му наложил на Лајард да види дали Портата би се согласила за нова гранична линија, која би водела од устието на реката Каламас во Јонско Море до устието на реката Пенеј во Егејско Море[225]. Османлиската влада учтиво го одбила предлогот, бидејќи била порасположена овој проблем да го остави за решавање на Конгресот, каде што реално имала можности да избегне огромни територијални отстапки, барем кон Грција. Настојувањето на Солзбери за грчко-османлиско приближување било мотивирано од англискиот интерес за спречување на словенскиот продор на југот од Балканскиот Полуостров. Тој сметал дека од англиски интерес било слабеењето на османлиската држава и јакнеењето на Грција да оди по мирен пат, при што на Грција не требало да ѝ се дозволи одеднаш да ги оствари своите аспирации, зашто тоа би водело кон непрекинато непријателство со османлиската држава[226]. Реално гледано, и ваквото постепено територијално проширување на Грција било поволно за Атина, која во тој случај немало да мора да прави постојана пресија врз својот единствен сосед.

Силогосот во Атина не можел да остане по страна од настаните што се одвивале молскавично. Ова здружение будно го следело развојот на настаните во врска со Берлинскиот конгрес и, по потреба, реагирало на некои изјави што не им одговарале на грчките интереси. Така, Извршниот комитет на Атинскиот силогос упатил писмо до британскиот банкар Фрешфилд поради неговата изјава дека некои поумерени Грци од османлиската држава би биле задоволни со подобра власт на султанот што немало да ги спречи во добивањето на Цариград во иднина[227]. Писмото било искористено да се искажат ставовите на Силогосот пред одржувањето на Конгресот, особено во врска со територијалното проширување на Грција. Писмото било упатено од Маврокордатос, претседател на Силогосот. Тој напишал дека меѓу Грците во

[223] Κ. Βακαλοπουλος, Νεαελληνικα..., σ. 276.
[224] Исто.
[225] ДАРМ, м - 5, Analysis..., FO 195/1341.
[226] E. Kofos, Greece and..., p. 221.
[227] ДАРМ, м - 13, Freshfield - Salisbury, London, 6th june 1878, FO 195/1169.

османлиската држава немало никој што би се согласил со ставот дека која било османлиска влада би можела да ги подобри условите и сите тие предпочитаат унија со Грција отколку да останат под османлиска власт. Грците во Кралството исто така биле согласни со потребата од територијално проширување на Грција, а тоа, според Маврокордатос, било потребно за да се зачува стабилноста на Грција, која би можела да биде загрозена со големиот прилив на бегалци од Тесалија и од Епир, како резултат на османлиските репресалии[228]. Економската ситуација во Грција била многу тешка поради грчките трошоци за воените подготовки, а тоа можело да доведе до обиди за разбојништво од страна на голем број доброволци, кои не можеле да најдат работа. Доколку Конгресот не донесе одлука за територијално проширување на Грција, според Маврокордатос, можело да дојде до големи немири, бидејќи требало да се распуштат поголеми воени единици. Затоа единствениот начин да се спаси државата од уривање лежел во анексијата на Епир, Тесалија и Крит кон Грција[229]. Доколку Англија, како што се тврди, ја сметала Грција за брана кон ширењето на словенството, тогаш требало да им се излезе во пресрет на грчките барања. Маврокордатос, исто така, побарал писмото да се испрати и до Солзбери. Мемоарот послужил не само како одговор на тврдењето на британскиот банкар туку и како можност да се изкажат грчките барања.

Интересно е да се напомене дека во врска со прашањето за територијално проширување на Грција се произнесле и полибералните кругови во грчкото општество, кои се залагале за поблиски односи со останатите народи на Балканот. Сепак и тие не биле имуни на влијанието на "мегали-идејата". Во 1878 година, во статијата под наслов "Федерација на Истокот", познатиот публицист Георгиос Филаретос, демократ и федералист, како што го нарекува бугарскиот историчар Врбан Тодоров, предложил можно решение на источното прашање во полза на балканските народи[230]. Тој сметал дека Турците би требало да бидат ограничени само на Тракија и на тој начин би се решиле балканските контрадикторности, чија главна точка било поседувањето на Босфорот. Според Филаретос, Бугарите би имале независна држава на териториите северно од Балкан Планина, а Србите, Црногорците и Романците меѓусебно би ги решиле територијалните недоразбирања[231]. Најинтересен е неговиот став за териториите што би требало да ѝ припаднат на Грција. Тој предложил грчката држава да ги добие егејските острови, Епир, Тесалија, Македонија и Албанија и истовремено Грција да биде патрон на федералните балкански држави[232].

Активност пројавиле и одредени истакнати претставници на македонско словенско население, кои, секако, имале барања различни од оние на Грците. Во овој период бил активен и Димитар Робев, член на првиот

[228] Исто.
[229] Исто.
[230] V,. Todorov, Greek federalism..., p. 109.
[231] Исто.
[232] Исто.

османлиски Парламент. Тој се сретнал со грофот Игнатиев со цел да му ги изложи своите ставови[233].

Во меѓувреме, Лондон и Петроград постигнале согласност, со која всушност започнало анулирањето на Санстефанскиот договор. Протоколот што бил потпишан помеѓу Англија и Русија на 30 мај 1878 година во Атина бил примен со загриженост. Грција сметала дека Англија можела да ги напушти позициите за поддршка на грчките барања веднаш штом би постигнала каква било спогодба со Русија[234]. Сепак, кралот и владата решиле да го послушаат укажувањето на Солзбери за испраќање на грчки делегат во Берлин и Делијанис бил задолжен да замине во германската престолнина. Истовремено, со цел да ја подобри грчката преговарачка позиција, владата во Атина ја задржала позицијата на закана спрема османлиската држава. Агентите почнале да го поттикнуваат населението во Тесалија, кое веќе покажувало нестрпливост за одржување на Конгресот поради надежта за анексија кон Грција[235]. Грчките вооружени чети повторно се појавиле на османлиска територија, дури и оние што, според претходниот договор, требало да се повлечат, го одложиле враќањето во Грција со цел да видат што ќе стане со грчките барања на Конгресот[236]. Османлиските власти, исто така, не седеле со скрстени раце. Тие во областите на Јанина и Превеза, каде што имало поголема концентрација на албанско муслиманско население, планирале потпишување на петиции од муслиманите и христијаните, со кои би се барало Епир и Тесалија да останат во рамките на Османлиската Империја[237]. Таквите потези, нормално, биле вознемирувачки за владата во Атина, која им дала инструкции на своите конзули да ги тераат христијаните да им се спротивстават на петициите.

---

[233] Во врска со средбата на Д. Робев со Игнатиев, во еден српски документ е нагласено дека Робев "сонува" за независна Македонија, а самиот руски дипломат му изјавил дека Македонија не припаѓала на ниту еден од трите главни народи на Балканот. (Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, т. 3, кн. 2, Белград, 1984, док. 220, Београд, 14 маја 1878, с. 313). Без разлика на етничката припадност на Д. Робев, прикажана во користениот документ, и изјавите на Игнатиев, кој е творец на санстефанска Бугарија, сепак овие појави покажуваат дека и во Македонија нешто се случувало и некои се залагале за решавање на нејзиниот статус. Битовски во однос на истапувањето на Робев смета дека тоа воопшто не било случајно. Имено, во Битола постоеле кругови кои "околу идното уредување на македонското прашање размислувале уште отпорано, особено од склучувањето на Санстефанскиот прелиминарен договор"(К. Битоски, Македонија во времето на.., с. 263, ф. 368).

[234] E. Kofos, Greece and..., p. 226; Грчките стравови биле претерани. Солзбери во едно писмо до Одо Расел нагласил дека било важно грчкото население, мислел на оние што требало да бидат опфатени во Санстефанска Бугарија, да се сочува од опасноста да биде покорено од бројното понадмоќно словенско население. Исто така, Солзбери нагласил дека Солун и Кавала требало да се наоѓаат далеку од јурисдикција на секоја држава која можела да дојде под влијание на Русија, а егејскиот брег требало, во начело, да остане во рацете на Портата. (Србија 1878, док. 221, Лондон, 6 јуна, 1878, с. 382).

[235] ДАРМ, м - 174, Foskarini - Corti, Salonico, 12 giugno 1878, ASMAE.

[236] ДАРМ, м - 5, Barker - Layard, Salonica, 14th june 1878, FO 78/2849.

[237] Evangelos Kofos, Greek reaction to development leading to the Albanian league of Prizren, Balkan Studies, v. 23/2, Thessaloniki, 1982, p. 355 - 356.

Иако во Атина се појавиле стравувања за можното откажување на Англија од поддршка на грчките барања за учество на Конгресот, сепак надежите за задоволување на грчките барања не биле напуштени. Кон ваквото расположение на атинската влада придонела и француската поддршка на грчкото барање. Во декларацијата пред француското Собрание, непосредно пред да отпатува за Берлин, министерот за надворешни работи Вадингтон изјавил дека на Конгресот ќе ги поддржи грчките аспирации за тери-торијално проширување како начин да се спречи словенското напредување кон Средоземно Море[238]. Англија, и покрај грчките стравувања, немала на-мера, барем во овој период, да го напушти курсот на поддршка на грчките барања. Тоа им било сугерирано и на англиските претставници во Берлин[239]. Грчката делегација, која била составена од Делијанис и грчкиот амбасадор во Берлин Рангавис, добила инструкции, доколку биде примена на Конгресот, да побара унија на Епир, Тесалија и Крит со Грција и да соработува со Англичаните "за да се задржат Македонија и Тракија надвор од дофатот на Словените"[240]. Заминувањето на Делијанис во германскиот главен град било проследено со петиции од грчката пропаганда во османлиската држава, во кои се барало заштита на грчките интереси. Така Струмичкиот силогос испратил петиција до Делијанис, кој требало да ја приложи на Конгресот, во која се истакнувал ставот дека било неприфатливо областа да биде припоена кон Бугарија, туку таа требало да се припои кон Грција[241]. Иако ова барање било нереално, а тоа сигурно го знаеле и грчката влада и Делијанис како нејзин претставник на Конгресот, сепак желбата за претставување и на Грците што живееле во османлиската држава од страна на Грција довела до испраќање на вакви петиции, кои нема воопшто ни да бидат разгледани.

Конечно, Конгресот започнал да работи на 13 јуни 1878 година. Солзбери уште на првото заседание најавил дека ќе го постави прашањето за учество на Грција на следните сесии на Конгресот. На второто заседание на на 17 јуни францускиот делегат Депре го поддржал предлогот на англискиот дипломат за присуство на грчки делегат, при што прецизирал дека тоа се однесува на задоволување на грчките барања за делови од Епир и Тесалија[242]. Делијанис на 18 јуни се сретнал со Солзбери, кој му нагласил дека грчките барања не би смееле да бидат преголеми, на што грчкиот дипломат протестирал со образложение дека Грција би побарала само погранични области, но не се изјаснил за минимумот на територии, кои би биле барани од

[238] С. Дамянов, Франция.., с. 219; Изнесениот став на Вадингтон воопшто не треба да зачудува. Тој во едно писмо во декември 1878 година напишал дека во целиот средоземноморски Исток постои само еден цивилизиран елемент, а тоа бил грчкиот. (Исто, с. 219).

[239] Србија, док. 225, Крос - британским опуномоћеницима, Лондон, 8 јуна 1878, с. 392.

[240] E. Kofos, Greece and…, p. 230.

[241] Ε. Κωφος, Η επανασταση..., δοκ. 61, Βατικιωτης – Κουμουνδουρον, 10 ιουνιου 1878, σ. 145 – 146

[242] С. Дамянов, Франция и.., с. 219 - 220.

Грција[243]. Присуството на грчката делегација и контактите на Делијанис со Солзбери предизвикале внимание кај османлиските делегати. На седницата на 19 јуни османлискиот делегат Каратеодори-паша побарал објаснување за присуството на грчките делегати на Конгресот, но наместо одговор Солзбери предложил грчките делегати да бидат поканети да земат учество кога ќе се разговара за прашањата што се однесувале на интересите на Грците[244]. Предлогот на англискиот делегат не бил прифатен од Горчаков, кој нагласил дека во случај на прием на Грција на Конгресот, како земја што не била потписник на Парискиот договор, ќе се отворело прашањето за прием и на други помали земји, кои неодамна биле во војна со османлиската држава, алудирајќи на Србија и на Романија. Прашањето за грчко учество на Конгресот довело до дискусии што траеле неколку дена. За време на дискусиите во врска со грчкото учество на Конгресот, во германската престолнина при-стигнала и делегација на османлиските Грци. Делегацијата во состав: В. Сарикиотис, претставник на патријархот, Андонис Психарис и Јоанис Крикоцис, претставник од Солун, имала задача да ги претставува Грците од Тракија, Македонија, Тесалија и од Епир и да ги брани нивните ставови[245]. Делегацијата имала таен налог од патријархот да биде под раководство на грчкиот министер за надворешни работи Делијанис, со цел, како што сметале тие, да бидат застапени правата на сите грчки области[246]. Прашањето за грчкото учеството на Конгресот било решено со прифаќање на предлогот на францускиот министер за надворешни работи Вадингтон Грција да биде повикана на седницата кога ќе се разговарало за судбината на соседните области со цел да ги изложи своите барања[247]. Грција била поканета на Конгресот, но грчките дипломати ќе се појават само како претставници на Кралството Грција, но не и на османлиските Грци[248]. Со тоа не се оствариле очекувањата на делегацијата на османлиските Грци за нивно застапување од грчката делегација. Тие не можеле да бидат застапувани од грчката делегација, бидејќи биле државјани на друга држава, која, пак, имала свои претставници на конгресот.

Грчкиот министер за надворешни работи Делијанис настапил пред претставниците на големите сили на Берлинскиот конгрес на 29 јуни 1878 година. Грчките аспирации за територијално проширување, изразени преку настапот на Делијанис, се состоеле во барање за анексија на Крит и на соседните области, при што грчкиот дипломат не се изјаснил на кои области мисли[249]. Било мошне забележливо што Делијанис не споменал ниту збор за

[243]ДАРМ, м - 5, Salisbury - Layard, Berlin, 18[th] june 1878, FO 78/2899.
[244]ДАРМ, м - 5, Salisbury - Cross, Berlin, 24[th] june 1878, FO 78/2899.
[245]ДАРМ, м - 174, Galagna - Kaikoli, Salonico, 24 guigno 1878, ASMAE.
[246]Κατερινα Γαρδικα – Αλεξανδροπουλου. Η συμμετοχη του Κονσταντινου Καραπανου στις διαπραγματευσεις για τα νεα ελληνικα συνορα, Η τελευταια..., σ. 275.
[247] Христо Христов, Освобождението на България и политиката на западните държави, София, 1968, с. 204.
[248] Χ. Ναλτσα, Η συνθηκη..., σ. 74.
[249] E. Kofos, Greece and…, p. 235.

грчките интереси во Македонија, Тракија и во егејските острови[250]. Делегатите ги сослушале грчките барања[251], по што Делијанис ја напуштил салата. На седницата на 5 јули биле разгледани грчките барања. Барањата на Грција биле поддржани од Вадингтон, кој уште пред да започне седницата се обидел да придобие некои од претставниците на силите, ако не за исполнување на сите барања, тогаш барем за исправка на копнената граница. Вадингтон дури предложил и линија на корекција на границата по должината на реката Саламаријас кон Егејско Море и по должината на реката Каламас кон Јонско Море[252]. Грчките барања за територијално проширување не биле решени. Делегатите апелирале до Портата да започне преговори со Грција за решавање на територијалните барања на Кралството, а некои сметале дека нерешениот проблем ќе претставува причина за постојано нарушување на османлискиот интегритет[253]. Конечно, на 13 јули 1878 година во Берлин бил потпишан договор, со кој била извршена ревизија на Санстефанскиот мировен договор. Според Берлинскиот договор, односно според членот 24, Атина и Цариград биле повикани да се договорат во врска со корекцијата на заедничката граница, а доколку во тоа не успеат, тогаш големите сили ќе предложеле посредништво[254]. Решенијата на Берлинскиот конгрес биле крајно разочарувачки за Грција. Нејзините очекувања не биле исполнети. Единствено што можело да биде прифатено во Атина како мало задоволство било останувањето на Македонија во рамките на османлиската држава, која станувала сѐ послаба и во иднина оваа област би можела да биде припоена кон Грција, а тоа би било потешко доколку останел на сила договорот од Сан Стефано.

Преговорите во Берлин не значеле неактивност на грчката дипломатија и пропаганда на теренот. Грчкиот вицеконзул во Аргирокастро на 29 јуни тајно се спогодил со локалниот митрополит со цел христијаните од гра-дот да не им се придружат на политичките намери на муслиманите за потпишување резолуција до Берлинскиот конгрес против припојувањето на Епир кон

---

250 Според Кофос, Делијанис тоа го направил со цел да добие поддршка и од Англија и од Русија.(E. Kofos, Greece and..., p. 236) Миша Глени дава еден мошне неповолен став за Грците на Конгресот, изнесен лично од Беконсфилд, кој рекол:"Грците потполно погрешно ја разбрале целта на овој конгрес, тие изгледа замислуваат дека неговата цел е распарчување на Османлиското Царство, иако на овој собир ништо слично на тоа не му паѓа на памет."(Miša Gleni, Balkan 1804-1999, Prvi deo, Beograd, 2001, s. 156). Во излагањето на грчкиот делегат не била спомената Македонија. Српскиот историчар Милорад Екмечиќ, во врска со споменатата османлиска област и Грција на Берлинскиот конгрес, пишува за една анегдота. Имено, кога Бизмарк на свечениот банкет го прашал грчкиот пратеник дали сакал "малку Македонија", последниов му одговорил дека ја сака цела. Германскиот канцелар мислел на познатата салата "македонија', а грчкиот пратеник на земјата Македонија. (Милорад Екмечић, Стварање Југославије, т. 2, с. 357).

251 Секретарот на Конгресот, Радовиц, забележал дека во текот на обраќањето на грчкиот делегат Вадингтон, Беконсфилд и Солзбери "спиеле со сон на праведници"(M. Gleni, Balkan, s. 152).

252 Ч. Попов, Француска и.., с. 407.

253 С. Дамянов, Франция и.., с. 220.

254 А. Христов - Ј. Донев, Македонија во меѓународните.., док. 10, с. 80.

Грција[255]. Македонија, за која веќе било јасно дека останува дел од османлиската држава, станувала сѐ поважна за Грците. Тие не сакале да дозволат да го загубат влијанието во некои делови на Македонија, каде што и претходно потрошиле големи средства за распространување на писменоста, преку која најлесно се ширело и политичкото влијание. Затоа кон крајот на јуни и почетокот на јули 1878 година во Солун била испратена поголема група учители, учителки и комисии со цел во поголемите градски центри да отворат нови училишта со посебни пансиони, во кои бесплатно ќе се воспи-туваат сиромашните ученици, за во блиска иднина тие да станат огнени приврзаници и работници на "големата идеја"[256].

### *3.3. Грчко - османлиските преговори за исправка на границата и првото територијално проширување на Грција на Балканот*

Резултатите од Берлинскиот конгрес не ги задоволиле грчките апетити и очекувања, покрај другото и затоа што илузиите на атинската влада биле потхранувани и од некои сили. Веднаш по завршувањето на Конгресот, грчкиот министер за надворешни работи Делијанис го посетил Лондон со цел да добие поддршка од британската влада за почнување преговори со османлиската држава за промена на границата во согласност со членот 24 од Берлинскиот договор. Делијанис во англиската престолнина се сретнал со Солзбери, кој, од своја страна, му изјавил дека британската влада не можела да ја натера Портата да почне преговори доколку таа не сака тоа да го стори[257]. Доколку, пак, османлиската влада ќе сака да започне преговори, тогаш Англија би била задоволна. Со ваквиот став на официјален Лондон било повеќе од јасно дека во тој момент Англија не била расположена да ѝ помогне на Грција во исполнувањето на членот 24 од Берлинскиот договор. Лондон на Берлинскиот конгрес ја постигнал својата цел - анулирање на Санстефанскиот договор, и со тоа била намалена неговата заинтересираност за задоволување на грчките желби. Англиската опозиција, за разлика од владата, ѝ дала поддршка на Грција. Либералите на чело со Вилијам Гледстоун и сер Чарлс Дилк му ветиле на грчкиот министер дека ќе се залагаат за грчката кауза и во случај да дојдат на власт ќе настојуваат членот 24 од Берлинскиот договор да стане стварност. Делијанис од Лондон заминал во Виена, а ги посетил Рим и Петербург. Во австриската и италијанската престолнина добил поддршка за грчките барања, но во рускиот главен град наишол на студен пречек. Царот Александар II јасно му ставил на знаење на грчкиот дипломат дека Русија не го заборавила грчкото однесување за време

[255] Богумил Храбак, Први извештаји дипломата великих сила о Призренској лиги, Balcanica, IX, Београд 1978, с. 245 - 246.
[256] Марица, 25 август 1878, бр. 9,с. 5.
[257] G.J. Marcopoulos, King George ..., p. 30.

на кризата[258]. Турнејата на Делијанис по европските престолнини не била многу успешна, но сепак со текот на времето грчко-османлискиот граничен проблем ќе стане едно од поважните европски прашања[259]. Притоа, Грците полагале голема надеж во својот крал, кој поради своите роднински врски со поголемите европски дворови би можел да има многу важна улога во решавањето на граничното прашање[260].

Османлиите очекувале дека Грција може да предизвика проблеми со цел што побрзо да го актуелизира членот 24 од Берлинскиот договор. Тоа било поткрепено и со извештаите што пристигнувале од Атина. Османлискиот амбасадор во грчката престолнина Фотијадес-бег на 16 јули јавил дека во случај на непостигнување договор за границата постоела веројатност од грчки напад во Тесалија и во Епир. Истиот ден Фотијадес бил информиран од грчкиот премиер дека Кундуриотис, амбасадор на Кралството Грција во Цариград, добил инструкции да побара од Портата наименување лица, кои би воделе разговори со грчките претставници за промена на граничната линија[261]. Кумундурос на 25 јули 1878 година директно побарал од османлиската влада да одреди преговарачи[262]. Таа не одговорила на грчкиот предлог, со што покажала дека не била заинтересирана, или во најмала рака не ѝ се брзало да преговора со Грција за одредување на нова гранична линија. Портата сметала дека моментот бил поволен за одложување на почетокот на преговорите, кој и онака не бил одреден со членот 24 од Берлинскиот договор. Грција, од своја страна, пак, не можела да ја принуди Портата да ги почне преговорите.

Владата во Атина сфатила дека Портата нема брзо да прифати разговори за одредување на новата гранична линија. Затоа грчката влада започнала да го поттикнува дејствувањето на грчката пропаганда, особено во Епир, со цел да ги придобие христијаните, без разлика на нивната народносна припадност, за припојување на пограничните османлиски области кон Грција. Христијаните во Јанина кон крајот на јули 1878 година биле убедувани дека за нив би било подобро доколку Епир биде припоен кон Грција, бидејќи ако дојде до прекројување на границата, а градот остане во рамките на османлиската држава, со што ќе биде изолиран и осамен, трговијата во Јанина би била загрозена[263]. Со ваквото објаснување грчката пропаганда успеала да постигне ефект, особено кај побогатиот слој од јанинисиките христијани, кој, пак, од своја страна, имал влијание врз другите.

---

[258] Рускиот император отворено му изјавил на Делијанис"Вие не се помрднавте кога требаше, а кога треба да бидете мирни, тогаш правите проблеми".(Исто).

[259] Evangelos Kofos, Greece at the crossroads (1878 - 1881), reappraisal of priorities in an evolving balkan setting, Η τελευτια..., σ. 32.

[260] Александра, сестрата на Георгиос, била сопруга на англискиот престолонаследник. Дагмар, втората сестра на грчкиот суверен, била сопруга на идниот рускиот цар.( Исто, p. 39).

[261] Roderic Davidson, The ottoman-greek frontier question 1876 - 1882 from ottoman records, Η τελευταια..., σ. 189.

[262] Ε. Κ. Κυριακιδου, Ιστορια του συγχρονου..., τ. 2, σ. 599.

[263] Б. Храбак, Први извештаји.., с. 258.

Грчката влада вршела разни видови притисоци врз Портата. Атина постојано држела тензија околу датумот за почеток на преговорите за границата со цел да ја принуди османлиската влада да се согласи тие да почнат колку што може побрзо. Кумундурос во почетокот на август формирал тим што требало да ги подготви грчките барања на преговорите. Во него влегле познати грчки воени и политички личности - Скарлатос Суцос, Георгиос Антонопулос и Панос Колокотронис[264]. Истовремено, грчкиот министер за надворешни работи побарал од големите сили да извршат притисок врз Цариград со цел Портата да одговори на грчкиот предлог за почнување на преговорите за границата. Грчките барања не наишле на одѕив ниту во европските престолнини, а уште помалку во Цариград.

Грција и во овој период не го тргала вниманието од Македонија, иако приоритетите ѝ биле на друго место. Всушност, Македонија и преговорите за одредување на новата гранична линија, кои сè уште не биле започнати, на некој начин биле поврзани. За разлика од порано, кога тоа било правено тајно, во овие моменти владата во Атина започнала да им дава јавна поддршка на грчките чети што навлегувале во јужните делови на Македонија. Грчката влада била свесна за можностите на нејзината војска, која не можела да ги совлада османлиските воени сили. Затоа, како начин за вршење на притисок врз османлиската влада било одбрано праќање чети во Македонија. Атина сметала дека предизвикувањето нестабилност во делови на Македонија може да влијае врз Портата да ги прифати грчките барања[265]. Всушност, тука се почетоците на поагресивното грчко дејствување во Македонија, иако и претходно не било пасивно, со цел добар дел од неа да биде припоен кон Грција. Голема улога во формирањето и праќањето на четите во Македонија имал Македонскиот комитет. Кумундурос во август 1878 година, паралелно со поддршката на четите, им испратил инструкции на грчките конзули во Солун и во Битола, со кои им наредува да им даваат секаква помош на четниците[266]. Кон почетокот на август започнало навлегување на грчки чети  на османлиската територија. Една чета од околу сто борци навлегла во Тесалија, а на Олимп имало околу двесте грчки четници[267]. Други грчки чети тргнале кон север со цел да стигнат до Мариово и до Преспанското Езеро. Грчките чети што се појавиле во Македонија по Берлинскиот конгрес биле од два типа. Едните биле пљачкашки, кои покрај политичкиот дел од своите активности, се занимавале и со ограбување на населението, а вториот тип биле чисто политички, неретко составени од истите оние што пред Берлинскиот конгрес се обиделе да направат грчко прашање во османлиските области што биле во близина на Грција[268].

---

[264] Ε. Κ. Κυριακιδου, Ιστορια του συγχρονου..., τ. 2, σ. 574.
[265] D. Dakin, The unufication…, p. 134.
[266] Исто, р. 132.
[267]ДАРМ, м - 174, Foskarini - il ministro degli affari esteri, Salonico, 4 agosto 1878, ASMAE.
[268]Κωνσταντινος Α. Βακαλοπουλος, Μορφες ληστρισης δραστηριοτητας στη Μακεδονια μετα την επανασταση του 1878, Βαλκανικα συμμεκτα, 2, Θεσσαλονικη, 1983, σ. 128.

Освен дејствувањето на четите, грчката влада во насока на остварување на своите намери во врска со регулирањето на новата гранична линија ги користела и услугите на локалната грчка пропаганда. Видни претставници на грчките заедници во Македонија се среќавале со дипломатските претставници на странските сили, од кои, според стариот испробан рецепт, барале помош за решавање на проблемот[269]. Цариградскиот силогос во почетокот на август 1878 година побарал од македонските силогоси да предложат начини и мерки како да се вратат Македонија и Тракија во центарот на елинизмот. Солунскиот силогос, кој бил под директно влијание на грчката влада, предложил: 1)да се убеди населението во Македонија дека не било ниту бугарско, ниту грчко, туку било македонско и затоа немало причина за меѓусебна омраза; 2) во градовите со повеќе од 6.000 жители да се основаат пансиони, во кои ќе седеле и учеле девојчиња од соседните села; 3) за таа цел да се побараат донации од богатите Грци, а по можност и од француските и англиските филелени[270]. Предлогот не бил усвоен, но неговата содржина, особено предлогот број еден доволно кажува дека, иако заради моментална потреба и интерес, се нагласува реалноста дека мнозинството од населението во Македонија не било ниту грчко, ниту бугарско. Тоа не значи дека Атина се помирила со таа реалност или пак дека се согласува со неа.

Грчкиот амбасадор во Цариград Кундуриотис го информирал османлискиот министер за надворешни работи Сафет-паша дека неговиот грчки колега Делијанис барал одговор на нотата од 16 јули 1878 година во рок од четири дена. Во спротивно, Атина ќе барала помош од големите сили, што било во согласност со членот 24 од Берлинскиот договор[271]. Османлискиот министер одговорил дека и неговата влада чекала одговор на една своја нота, но од големите сили. Тоа значело дека Цариград не размислувал за брз почеток на преговорите со Грција. Османлиското одбивање на разговорите за границата не можело, а да не предизвика негативни реакции во Атина. Јавното мислење, кое со големо внимание ги следело настаните по завршувањето на Берлинскиот конгрес, било подготвувано за можното заострување на односите со османлиската држава, кое можело да доведе до оружен конфликт. Повторно се зборувало за мобилизација на воените сили, кои имале потреба од посовремено оружје. Недостигот од современо оружје, кој бил болка на грчката војска, требало да се ублажи со купување на модерни артилериски орудија од Германија и од Италија[272]. Покрај воените подготовки, атинската влада решила да се обрати до големите сили со цел да добие нивна поддршка за почнување на грчко-османлиските преговори за границата. Грчкиот амбасадор во Берлин Рангавис на 15 септември 1878 година му врачил нота на германскиот државен секретар Фон Бјулов, во која

---

[269] Италијанскиот конзул во Солун Фоскарини бил замолен од виден член на грчката заедница во градот неговата влада да помогне за решавање на граничниот проблем. (АМ, м - 174, Foskarini - il ministro degli affari esteri, Salonico, 7 agosto 1878, ASMAE).

[270] Марица, бр.4, 8 август 1878, с. 7; К. Битоски, Дејноста на пелагониската.., с. 76.

[271] R. H. Davidson, The ottoman - greek..., p. 191.

[272] Грчката влада планирала да купи шест артилериски орудија од германската фирма Круп, како и четири батерии на топови од Италија. (Марица, бр. 15, 15 септември 1878, с. 5).

грчката влада, во согласност со членот 24 од Берлинскиот договор, ги моли големите сили за посредство во спорот со османлиската држава[273]. Истовремено, некои грчки дипломати советувале да се направат обиди за приближување со оние од балканските држави, кои имале слични проблеми со османлиската држава. Грчкиот конзул во Скадар Мавроматис, увидувајќи дека и Црна Гора би можела да има проблеми со османлиската влада при одредувањето на заедничката граница, ја советувал атинската влада да пристапи кон сојуз со Цетиње со цел полесно да бидат остварени правата на двете држави[274]. На османлиска територија, како што видовме, дејствувале грчки чети. Активностите на грчките чети во Македонија, околу Олимп, Грамос и во близината на Битола продолжиле и понатаму, како средство за притисок врз османлиската влада[275]. Грција, која објективно имала потреба од животен простор, не можела постојано да чека да бидат одложувани преговорите за нова гранична линија.

Покрај затегнувањето на односите со османлиската држава, нова грижа на владата во Атина ѝ претставувало избивањето на Кресненското востание во Македонија[276]. Во овој период политика на атинската влада било да дејствува против словенско востание во Македонија, кое можело да доведе до несакани последици за грчките аспирации. Затоа била ангажирана грчката дипломатија. Солунскиот конзул Ватикиотис се ангажирал против секоја тенденција или обид за востание во Македонија, а особено против учество на патријаршистите или пак на Грците во едно такво востание[277]. Во насока на агитирање против востанието бил ангажиран и Солунскиот силогос, но морал да биде прифатен фактот дека востаниците добиле поддршка и од некои патријаршисти[278]. Кресненското востание предизвикало загриженост и во Лондон. Британската влада преку својот амбасадор во Атина ѝ врачила

---

[273] Кирил, патрияарх български, Българската ексархия.., т. I, кн.2, с. 262.

[274] Мавроматис две години пред тоа бил против каква било соработка со Црна Гора.(E. Kofos, Greek reaction…, p. 357).

[275]ДАРМ, м - 174, Foskarini - il ministro degli affari esteri, Salonico, 7 novembre 1878, ASMAE.

[276] Ова востание, кое избило на 5/18 октомври 1878 година, слично како и Разловечкото од 1876 година, било претходно подготвувано. За избивање на востанието имало предуслови. Решенијата на Берлинскиот конгрес биле само дополнителен мотив. Не треба да се заборави дека во османлиската престолнина требало да се одржи конференција на претставниците на големите сили, кои требало да го изработат "органскиот устав" на Источна Румелија. Благотворителните комитети од Бугарија, кои исто така биле незадоволни од решенијата на Берлинскиот конгрес, сакале да го искористат развојот на ситуацијата во Македонија. За таа цел собрале повеќе доброволци за востание во Македонија. Во исто време, владиката Натанаил требало да ја организира и да ја раководи оружената акција. Сепак, на чело на востаниците ќе застанат видни војводи од Македонија, кои се истакнале во претходниот период - Димитар Поп Георгиев Беровски и Стојан Карастоилов, кои многу брзо ќе дојдат во судир со претставниците на комитетот "Единство". (За востанието види повеќе кај Иван Катарџиев, Кресненското востание, Скопје, 1978; Кресненското востание во Македонија во 1878-1879, Скопје, 1982; Дойно Доинов, Кресненско-Разложко въстание 1878-1879, София).

[277] Р. Поплазаров, Востаничките.., с. 298.

[278] Француски.., док. 28, Фурние - Вадингтон, Цариград, 29 октомври 1878, с. 43. (Во востанието учествувале и грчки државјани, Грци по потекло. Таков бил и примерот на војводата Караискаки. -Х. Андонов-Полјански, Собрани.., т. 2, с. 347).

меморандум на грчката влада, во кој се нагласувало дека успехот на востанието сигурно би довел до трајно преминување на Македонија "од Грција кон словенските народи"[279]. Меморандумот се покажал како добра можност за атинската влада да ја поврзе опасноста од Кресненското востание за грчките интереси со одредувањето на новата гранична линија помеѓу Грција и османлиската држава. Во грчкиот одговор на меморандумот било нагласено помалото влијание на Грција врз населението отколку пред руско-османлиската војна и се сугерирало дека би било добро Англија да ја принуди османлиската држава да ѝ ја отстапи на Грција територијата предвидена со решенијата на Берлинскиот конгрес[280]. Уште повеќе, владата во Атина упатила еден меморандум во Лондон, во кој се нагласува дека Грците што живееле во "областа на новата граница со словенството"[281] биле привлечени од Словените, зашто Грција не била во состојба да им даде ефикасна помош против словенските тенденции за излез на Егејско Море[282]. Тоа можело да доведе до губење на нивната националност што би било спротивно на англиските интереси. Затоа, било нагласено во меморандумот, Англија требало да ја обврзе османлиската држава да ѝ ја даде на Грција територијата добиена на Конгресот. Воочливо е дека и во одговорот на атинската влада на британскиот меморандум, и во грчкиот меморандум се наведува територија што Грција требало да ја добие врз база на одобрението од Берлинскиот конгрес, а видовме дека такво нешто немаше. Владата во Лондон, и покрај почетната загриженост за настаните во Македонија, сепак нема да сака да се обврзе за поддршка на грчките барања за територии. Таа дури не ѝ се приклучила ниту на француската иницијатива, поддржана од Германија, за притисок врз османлиската влада со цел да започнат преговорите за границата[283]. Секако дека грчката влада била разочарана од ставот на Лондон. Атина очигледно настаните во Македонија сакала да ги поврзе со прашањето за почеток на преговорите за одредување на новата гранична линија за да добие поддршка од големите сили за почнување на преговорите со османлиската држава.

Освен барањето поддршка од големите сили, Атина, користејќи ги настаните во Македонија, се обидела да ги започне преговорите со директен контакт со османлиските власти. Грчкиот министер за надворешни работи Делијанис, во разговорот со османлискиот амбасадор во Атина изјавил дека грчката влада била расположена за добрососедски односи со Цариград и за

[279] Британски..., т. IV, док. 80, Атина, 29 октомври 1878, с. 343.

[280] Исто, док. 81, Атина, 1 ноември 1878, с. 343-344.

[281] Исто, док. 82, Атина, 1ноември 1878, с. 345.

[282]ДАРМ, м - 11, Corbett - Salisbury, Athens, 1 november 1878, FO 32/500; Овој став на грчката влада се должел на информациите од теренот што ги доставувале грчките дипломатски претставници. Така, грчкиот вицеконзул во Серез отворено ја предупредил својата влада дека тамошните Грци ќе бидат принудени да ја прифатат словенската борба, зашто во нејзиниот успех го гледале своето ослободување од режимот што бил неподнослив. Тие, чувствувајќи се напуштени од Европа, почнувале да веруваат дека само Русија, ако сака, може нешто да направи за своите истоверници. (Р. Поплазаров, Востанички и.., Македонија во Источната.., с. 295).

[283]ДАРМ, м - 11, Corbett - Salisbury, Athens, 4th november 1878, FO 32/500.

заедничко дејство против Словените, но на таквата соработка требало да ѝ претходи отстапување на територија[284]. Фотијадес на овој грчки предлог одговорил дека Портата била расположена за соработка со Грција и готова да направи отстапки, но на тоа требало да му претходи заедничка акција.

Иако Англија не им била многу наклонета на грчките барања за почеток на преговорите, сепак Грција не се откажувала од барањето поддршка од оваа голема сила, знаејќи ја нејзината влијателност. Грчкиот амбасадор во османлиската престолнина Кундуриотис разговарал со својот англиски колега Лајард, од кого побарал да се заложи кај османлиската влада за почеток на преговорите[285]. Истовремено Делијанис му изјавил на англискиот амбасадор во Атина дека притисокот на Лондон врз Портата би ги отстранил пречките за решавање на прашањето. Меѓутоа, Грција започнала да бара помош и од другите сили. Грчкиот министер за надворешни работи бил во постојан контакт со францускиот амбасадор во Атина. Францускиот дипломат барал од Грција да го намали присуството на војската на границата, на што Делијанис одговорил дека тоа би било можно ако Портата го продолжи добронамерното расположение кон Грција, кое било евидентно во тие денови[286]. Всушност, одговорот на Делијанис покажал мал чекор напред во поглед на можноста за почеток на преговорите. Постепено се создавале услови за започнување на преговорите, но тоа не било примено со одобрување од сите големи сили. Виена, која во тој период била соочена со отпор во Босна и Херцеговина, не била наклонета кон брзо решавање на грчко-османлискиот граничен проблем. Нејзиниот амбасадор во грчката престолнина барал од атинската влада да заземе поцврст став спрема османлиската држава, како резултат на австриските проблеми во Босна и Херцеговина[287].

Знаците дека османлиската влада би можела да се согласи на скоро почнување на преговорите не влијаеле врз акциите на грчките чети во Македонија во текот на ноември и декември 1878 година. Познатиот разбојнички шеф Калогерос навлегол на османлиска територија на чело на група од 70 луѓе и се упатил кон Македонија. Истовремено, во околината на Кожани и Населица биле присутни грчки чети, за кои "се верувало дека биле формирани да поттикнат немири помеѓу Грците" во тој дел од Македонија[288]. Во околината на Олимп била активна групата на Вангелис и Димо Кацарас, на која ѝ се приклучил и Калогерос, така што бројот на четниците достигнал до 250 луѓе[289]. Активностите на грчките чети предизвикале загриженост кај странските конзули во Македонија, кои барале објаснување од грчките дипломати, за кои се знаело дека биле во контакт со раководствата на четите. Грчкиот конзул во Солун појавата и дејствувањето на овие чети го објаснувал

[284]ДАРМ, м - 11, Corbett - Salisbury, Athens, 11th november 1878, FO 32/500.
[285]ДАРМ, м - 13, Corbett - Salisbury, Athens, 13th november 1878, FO 195/1174.
[286]ДАРМ, м - 13, Corbett - Salisbury, Athens, 16th november 1878, FO 195/1174.
[287]ДАРМ, м - 13, Corbett - Salisbury, Athens, 16th november 1878, FO 195/1174.
[288]ДАРМ, м - 4, Blunt - Layard, Salonica, 27th november 1878, FO 78/2807.
[289]ДАРМ, м - 174, Foskarini - il ministro degli affari esteri, Salonico, 10 decembre 1878, ASMAE.

со незадоволството од решенијата на Берлинскиот конгрес[290]. Наводното незадоволство од решенијата на Конгресот било повеќе поттикнувано од Атина отколку што било израз на вистинските чувства на Грците и патријаршистите, кои го добиле тоа што го сакале - Македонија не била вклучена во составот на Бугарија, а со тоа се создала можност за понатамошна активност на грчките пропагандни здруженија во насока на нејзино елинизирање.

Гореспоменатото придвижување на работите во правец на почеток на преговори за новата гранична линија се должело на дејствувањето на големите сили, кои не сакале да дојде до избувнување на конфликт помеѓу Грција и османлиската држава, и тоа неколку месеци по завршувањето на Берлинскиот конгрес. Затоа тие, особено Франција и Геманија, извршиле притисок врз Портата со цел оваа да започне преговори со Грција за границата. Кон крајот на декември 1878 година османлиската влада, под притисок на големите сили, го прифатила грчкиот предлог од 16 јули за почеток на преговорите. Претходно, на 4 декември Портата назначила комисија што требало да преговара со Грците за новата гранична линија[291]. Прифаќањето од Цариград на почетокот на преговорите не значело дека османлиската држава лесно би се согласила на компромис со Грција во врска со територијалните отстапки. Портата планирала во насока на неисполнување на членот 24 од Берлинскиот договор да ги искористи Албанците, кои веќе почнале да го искажуваат своето незадоволство од можноста Епир да биде припоен кон Грција[292]. Не е случајно што еден од османлиските преговарачи Абедин-бег бил Албанец[293]. Грчките дипломатски претставници во Османлиската Империја почнале со поголемо внимание да ги следат активностите на Албанската лига. Битолскиот конзул Петрос Логотетис бил задолжен за следење на активностите на Лигата во западниот дел од Македонија[294].

Непосредно пред почетокот на Конференцијата во Превеза, на која требало да почнат преговорите за границата, грчката пропаганда настојувала да ја подигне температурата. Дванаесетмина Грци и Власи во Атина поднеле меморандум, во кој се барало Епир со Јанина да ѝ припадне на Грција, бидејќи градот немал стратегиско значење, како што го прикажувала тоа османлиската страна. Според нив, стратегиски позначаен град за османлиската војска во однос на Албанците бил Битола, од каде што војската

[290] ДАРМ, м - 174, Foskarini - il ministro degli affari esteri, Salonico, 18 novembre 1878, ASMAE.

[291] Османлиската комисија ја сочинувале Гази Мухтар-паша, Вахан-ефенди и Абедин-бег. (R. H. Davidson, The ottoman - greek..., p. 192).

[292] Еден од османлиските преговарачи, Мухтар-паша, се сретнал со двајца претставници на Албанската лига - Мустафа-бег и Абдул-бег Фрашери, со цел да биде договорено заедничко дејство. Албанската лига на 11 јануари 1879 година во Превеза одржала советување, на кое било решено Албанците да се спротивстават на припојувањето на Епир кон Грција. (Дойно Дойнов, Кресненското - Разложкото въстание 1878 - 1879, София, 1979, с. 265 - 266).

[293] Абедин-бег потекнувал од Превеза, а бил и активен член на Албанската лига.(Basil Kondis, The albanian nationalist movement and the epiro-thessalian boundary problem, Η τελευταια..., σ. 309).

[294] E. Kofos, Greek reaction..., p. 352.

полесно можела да навлезе во Албанија[295]. Интересно е дека за момент одредени грчки кругови заборавиле на Битола како дел од османлиската област Македонија.

Конечно, на 8 февруари 1879 година во Превеза била отворена грчко - османлиската конференција за прашањето на границата. Уште од самиот почеток станалало јасно дека конференцијата нема големи изгледи за успех, бидејќи двете страни имаат дијаметрално спротивни ставови. Османлиската делегација членот 24 од Берлинскиот договор го сметала за препорака, а не и за задолжение, па така и се однесувала[296]. Османлиите предложиле промена на границата по еден тесен појас паралелно со постојната граница од заливот Волос до реката Аспропотамос[297]. Грчките делегати не биле задоволни со ваквиот предлог и преговорите западнале во ќорсокак. На 19 март 1879 година преговорите завршиле без договор. Два дена подоцна Делијанис упатил до грчките дипломатски претставници во европските престолнини инструкции, во кои барал од нив да ги известат дека Грција сакала посредство на големите сили со цел да продолжат преговорите со османлиските власти. Големите сили го прифатиле тоа[298]. Нивната согласност се базирала на членот 24 од Берлинскиот договор.

Неуспехот на Превеската конференција довел до ново заострување на грчко-османлиските односи. Двете страни користеле и најмал повод за да се обвинат. Така, преведувачот на грчкиот конзул во Солун бил обвинет од османлиските власти дека делел пари во сиромашните села со цел да предизвика демонстрации на населението во прилог на анексија на Македонија кон Грција[299]. Затоа, османлиските власти побарале од амбасадорите на големите сили во Атина да го испитаат овој случај. Тие тоа ќе го сторат. Очекувано, грчката влада ги отфрлила османлиските обвинувања. На забелешките на странските дипломати Кумундурос одговорил дека обвиненијата биле продукт на османлиската пропаганда, бидејќи Грција не располагала со финансиски средства за да си дозволи такво дејствување.

Последиците од неуспехот на конференцијата во Превеза биле сигнал за засилено грчко дејствување на теренот. Во таа насока, грчките чети ги зголемиле своите активности во Тесалија и во Македонија. Околу Олимп повторно се појавиле чети составени од Грци и од Власи, но тешко било да се разликува дали се политички или разбојнички[300]. Во западниот дел од приморска Македонија, во околината на Сјатиста, под раководство на Карамицос се наоѓале три чети со околу двесте борци. Тој бил во контакт со Комитетот во Атина, а негова главна цел била да ги контролира планинските превои што воделе кон Тесалија, со цел да се има под контрола областа околу

[295] Француски.., док. 63, Тисо - Вадингтон, Атина, 26 јануари/6 февруари 1879, с. 100 - 101.
[296] D. Dakin, The unification..., p.135.
[297] G. J. Marcopoulos, King George..., p. 30 - 31.
[298] На 21 април 1879 година францускиот министер за надворешни работи Вадингтон изјавил дека грчко-османлискиот бил и европски проблем. (Кирил, патриярх български, Българската ексархия.., т.I. кн. 2, с. 263).
[299]ДАРМ, м - 23, Corbett - Mallet, Athens, 28th april 1879, FO 294/10.
[300]ДАРМ, м - 94, Mallet - Wadington, Salonique, 7 mai 1879,AMAE, Turquie, vol. 4, f. 463.

Мецово во Епир[301]. Истовремено, помали чети вооружени од Атинскиот комитет крстареле низ Епир и Тесалија со цел да предизвикаат востание како средство за притисок врз османлиските власти[302].

Отпорот на османлиската влада кон грчкиот став за заедничката граница го принудил Кумундурос да размислува во насока на приближување кон Србија. Тој посредно преку Фирмилијан му порачал на Ристиќ дека бил расположен за сојуз со Србија. На ваквиот предлог на грчкиот премиер му се спротивставил кралот Георгиос, кој сметал дека грчко-српската алијанса во тој момент не била можна, бидејќи непријателот не бил ист како пред окупацијата на Босна и Херцеговина[303]. Георгиос имал право. Сепак круговите блиски до грчкиот премиер продолжиле да контактираат со Србите. Леонидас Вулгарис, кој една година порано не бил во најдобри односи со Кумундурос, повторно стапил на сцена. Тој воспоставил посреден контакт со Ристиќ со цел да го објасни ставот на атинскиот премиер[304]. Според Вулга-рис, Англија му советувала на премиерот Грција да се воздржи од какви било акции, иако овој бил многу расположен за сојуз со Србија. Јавното мислење во Грција, кое инаку било многу променливо во своите ставови, исто така било за сојуз со Србите[305]. Вулгарис го информирал Ристиќ дека работи во Македонија, а имал намера да стапи во контакт и со Албанците со цел да ги придобие за сојуз, бидејќи Австро-Унгарија сè повеќе имала амбиции за проширување кон југ. Во тие моменти во Грција многумина ја критикувале политика на официјална Атина во 1876 и 1877 година и се застапувале за пријателство на Грција со останатите балкански кнежевства[306]. Фирмилијан Дражиќ желбата за пријателство со Србија ја поврзал со политиката на Виена, која го посакувала Солун[307]. Грција исто така го посакувала споменатиот град. Сепак, Србија, која по Берлинскиот конгрес станувала сè позависна од Австро-Унгарија, логично не покажала голем интерес за овие предлози, а најверојатно и кралот Георгиос во тој момент не сакал да ја предизвикува Виена.

Грчката пропаганда ја користела и најмалата можност за да ги изрази своите намери. По повод верскиот празник Свети Георги, кој бил сметан за

---

[301] Грците, поучени од настаните во 1854 година, му посветиле големо внимание на заземањето на Мецово, бидејќи ова мало гратче било центар на сите колски патишта помеѓу Епир, Тесалија, Македонија и Албанија, а преминот во негова близина бил единствениот употреблив премин во текот на зимата. (Француски.., док. 73, Де Торш - Греслеј, Терапија, 13 мај 1879, с. 118).

[302] Кирил, патриярх български, Българската ексархия.., т. I, кн. 1, с. 358.

[303] ДАРМ, м - LVI/666, фонд: Јован Ристиќ; Фирмилијан - Ристићу, Атина, 15 маја 1879.

[304] Српскиот премиер бил запознаен со состојбата во Грција преку известувањата што ги добивал од Фирмилијан Дражиќ. Последниов, во еден свој извештај отворено пишувал за лошата состојба, во која се наоѓала Грција, но и за неповолниот став на Леонидас Вулгарис за Кумундурос.(ДАРМ, м - LVI/667, фонд: Јован Ристиќ; Фирмилијан - Ристићу, Атина, 26 новембра 1878). Токму Вулгарис сега ја презел улогата на пренесувач на ставовите на Кумундурос .

[305] ДАРМ , м- III/37, фонд: Јован Ристиќ; Voulgaris - Ristich, Athenes 25 mai/6juin 1879.

[306] ДАРМ, м - LVI/667, фонд: Јован Ристиќ; Фирмилијан - Ристићу, Атина 20 децембра 1879.

[307] Исто.

празник на грчкиот крал, во Солун биле организирани манифестации од Грците, но наместо да се велича грчкиот суверен, манифестантите изразувале поддршка на Франција, која тогаш им била наклонета на грчките ставови[308]. Во Арта биле организирани демонстрации, на кои бил величан кралот Георгиос, што довело до реакција на локалните османлиски власти. Привржаниците на "големата идеја" исто така успеале да организираат демонстрации во Кавала, на кои се протестирало против наводната можност од анексија на регионот околу Кавала кон Бугарија[309].

Неуспехот на Превеската средба довел до загриженост кај големите сили, кои не сакале да се заостри и онака сложената состојба во регионот. Затоа тие започнале да вршат притисок, но не само врз османлиската влада, која Грците ја сметале за одговорна за неуспехот на конференцијата, туку и врз Атина, со цел да бидат обновени разговорите за решавање на граничниот проблем. Грчката влада формирала нов преговарачки тим составен од искусни дипломати - грчкиот амбасадор во Цариград Кундуриотис и амбасадорот во Петербург Браилас Арменис[310]. Портата исто така презела одредени активности, но на друг план. Имено, османлиската влада, очекувајќи дека периодот што му претходел на обновувањето на прего-ворите со Грција Атина ќе го искористи за притисок со помош на вооружени чети, испратила воени засилувања на границата. Покрај тоа, овие воени единици требало да влијаат врз Грција за оваа да заземе поумерен став во однос на територијалните барања за Тесалија и Епир[311]. Во август 1879 година, како резултат на притисокот на големите европски сили, во Цариград се сретнале грчките и османлиските преговарачи, но преговорите уште од самиот почеток западнале во ќорсокак и продлжиле во следните месеци без некои позначајни резултати.

И покрај големата зафатеност на грчките политичари со решавање на проблемот во врска со новата гранична линија, во Македонија продолжило дејствувањето на Силогосот од Атина, кој бил под силно влијание на грчката влада. Во овој период во Кавала било формирано филобразовното друштво "Аристотелис", кое започнало со пропагирање и развој на грчкото образование во овој дел од Македонија[312]. Засилувањето на дејствувањето на Атинскиот силогос преку неговите клонови во Македонија било повеќе од потребно. Активноста била зголемена и имала некои успеси. Сепак, составот на населението и понатаму бил голема пречка за остварување на грчките аспирации. Тоа било признаено дури и од солунскиот митрополит Калиникос[313].

---

[308]ДАРМ, м- 94, Mallet - Wadington, Salonique, 28 mai 1879,AMAE, Turquie, v. 4, f. 406.

[309] Исто, f. 407.

[310] Писма Филипа.., док. 227, Јени - кеј, 5 јуна 1879, с. 248.

[311]ДАРМ, м - 175, Lambertenghi - il ministro degli affari esteri, Salonico, 30 luglio 1879, ASMAE.

[312] Μακεδονια, σ. 500.

[313] Во разговорот со баронот Де Ринг, Калиникос отворено признал дека"грчкиот елемент не ги преминува многу бреговите што ја ограничуваат на север долината на Бистрица. Почнувајќи од таа линија, право речено, Грци има само во градовите."(Француски.., док. 114, Де Ринг - Вадингтон, Солун, 7 октомври 1879, с. 189).

Конференцијата во Цариград за решавање на граничното прашање продолжила во текот на ноември 1879 година. Грчката делегација на 17 ноември предложила како нова граница да биде прифатена линијата помеѓу реките Каламас и Пенеј, со која Грција би ги добила градовите Јанина и Мецово[314]. Османлиите, играјќи на факторот време, го одолговлекувале одговорот на грчкиот предлог. Тоа придонело грчката делегација да ја советува својата влада да побара од големите сили да извршат притисок врз Портата со цел да ја прифати предложената линија[315]. Наместо тоа, во почетокот на јануари 1880 година османлиските делегати побарале да се одложи заседавањето на комисијата[316].

Освен проблемот со османлиските власти во врска со определувањето на новата гранична линија во согласност со членот 24 од Берлинскиот договор, Грција била вплетена во решавањето на несогласувањата помеѓу Цариградската патријаршија и Бугарската егзархија. Во спорот, исто како и порано, била вклучена и Русија. Владата во Петербург сакала да побара помош од Грчката православна црква за повлекување на шизмата од страна на Патријаршијата. Во таа насока, рускиот вршител на работите во Цариград Он побарал од својот колега во Атина Данзас да се заложи кај Светиот синод на Грчката православна црква таа да влијае врз Патријаршијата. Данзас, знаејќи го расположението во Атина, не бил многу наклонет за една таква акција, бидејќи сметал дека интересите на Грчката црква и елинизмот биле тесно поврзани и затоа не би требало да се бара поткрепа од атинската црква[317]. Рускиот претставник во грчката престолнина бил во право.

Споменавме дека некои кругови во Атина, поради проблемот со османлиското одолговлекување на решавањето на проблемот за новата гранична линија и погледите на Виена кон Солун, имале желба за поблиска соработка со балканските кнежевства. Меѓутоа, таа соработка била можна само доколку тие немале свои интереси во реоните на османлиската држава кон кои Грција имала аспирации. Владата во Атина покажала голема загриженост за дејствувањето на романската пропаганда помеѓу влашкото население во Османлиската Империја по Берлинскиот конгрес. Без никакво сомнение, загриженоста на грчката влада ја споделувала и Цариградскатата патријаршија. Доаѓањето во Солун на романскиот конзул Де Линш било причина за изразување на загриженоста на солунскиот митрополит пред англискиот конзул. Според митрополитот, романскиот конзул требало да работи на одвојувањето на Власите од патријаршиската заедница[318]. Гледајќи голема опасност во дејствувањето на романската пропаганда, патријархот Јоаким III стапил во контакт со грчките дипломати во Цариград за да

[314] G. J. Marcopoulos, King George..., s. 32.

[315] Османлиите, од своја страна, пуштиле гласини дека ќе предложат линија, која на Грција би ѝ ги отстапила градовите Трикала и Лариса. (Писма Филипа.., док. 291, Пера, 25 децембра 1879 с. 308).

[316] Times, 6th january 1880, p. 8.

[317] ДАРМ, м - 340, Tissau - de Freycinet, Athene, 4 janvier 1880,AMAE, Correspondance politique, Grece, t. 110, f. 22 - 24.

[318] ДАРМ, м - 23, Blunt - Layard, Salonica, 20th january 1880, FO 78/3134.

договорат заеднички акции. Тој, заедно со грчкиот амбасадор во османлиската престолнина Кундуриотис и конзулите во Битола, Солун и Јанина договорил синхронизирање на акциите против романската пропаганда со дејствување во местата каде што имало позначајна концентрација на влашко население[319]. Истовремено, биле следени сите активности на романските дипломати, но и тоа што се пишувало во романскиот печат. Пишувањето на официјалниот весник на романската влада "Монитор" за составот на населението во Солун, врз основа на извештај на романскиот конзул во градот, според кое немало Грци, предизвикало жестока реакција на грчките кругови во градот[320]. Како одговор на грчката заедница во градот, упатен бил меморандум до странските конзули, во кој се изразувало несогласувањето со пишувањето на "Монитор". Во меморандумот биле дадени податоци за грчкиот елемент присутен во Солун, според видувањето на грчките кругови во градот. Така, според нив, грчката заедница имала 20.000 луѓе[321], 16 цркви, гимназија, женско училиште, пет основни училишта, кои биле посетувани од 2.400 ученици "кои биле учени на грчката писменост од учители што биле праќани низ цела Македонија, па дури и во Тесалија и Тракија", а тоа било организирано од Силогосот во градот[322]. Реакциите на Грците и прогрчки ориентираните кругови не биле само во Солун. Од Самарина, прогрчки ориентирани Власи испратиле писмо до Атинскиот силогос, во кое, како реакција на романското дејствување, бараат испраќање учител [323]. Грците презеле конкретни чекори кон засилување на позициите на својата пропаганда. Во 1880 година во Битола бил основан "Συλλογος της παιδεας"[324].

Во време на засилувањето на грчко-романските несогласувања во Македонија, во Атина пристигнал новонаименуваниот романски амбасадор Ексарху[325]. Во грчката престолнина се очекувало пратеникот на владата од Букурешт да даде одговор во врска со романската пропаганда во Македонија.

---

[319] Тоа се однесувало на: Клисура, Хрупиште, Невеска, Москополе, Миловиште, Гопеш, Крушево, Магарево, Трново, Нижеполе, Ресен, Прилеп, Охрид, Горна и Долна Белица. (K. Βακαλοπουλος, Το μακεδονικο..., σ. 126; K. Βακαλοπουολος, O Βορειοις..., σ. 97).

[320] Според "Монитор", Солун имал 120 или 125. 000 жители, од кои 90 до 95. 000 биле Евреи, 15 или 20. 000 Турци; 2.000 Власи; 8 или 12. 000 Бугари. (АМ, м - 24, Blunt - Layard, Salonica, 9th february 1880, FO 78/3134).

[321] Англискиот конзул во Солун Џон Блант, во прилогот на меморандумот дава своја проценка за составот на населението. Според него, Солун "имал околу 90. 000 жители, од кои 40. 000 биле Евреи, а остатокот подеднакво го сочинувале муслимани и христијани, кај кои доминирале Грците и Бугарите, а Куцовласите биле во многу мал број".(Исто).

[322] Исто.

[323] Британски..,т. IV, док. 153, Солун, 18 ноември 1880, с. 490 (писмото е со дата од 19/31 декември 1879 година).

[324] К. Битоски, Дејноста на пелагониската.., с. 90.

[325] Романската влада на 28 декември 1880 година решила да испрати свој дипломатски претставник во Атина. Грција, пак, одлука за испраќање на свој дипломат во Букурешт донела на 20 јули 1880 година.(Constantin Velichi, Les relations roumano - grecques pendant la periode 1879 - 1911, Revue des etudes sud est europeennes, t. VII, n. 3, Bucarest, 1969, p. 511).

Во таа насока, грчкиот министер Делијанис со голема жестина зборувал пред францускиот амбасадор, особено по повод написите во романскиот печат[326].

Грчкото јавно мнение со љубомора ги следело сите претензии што би можеле да ги загрозат грчките интереси во османлиската држава. Тргнувајќи од тоа гледиште, грчкиот министер за надворешни работи протестирал пред францускиот амбасадор во Атина поради намерата на Портата да насели 60.000 муслимански бегалци од Бугарија, со што, според мислењето на грчката влада, "се нанесува тешка повреда на сегашната положба, во смисла на осетна измена на етнографските односи на штета на грчкиот елемент"[327].

За разлика од претходниот период, во февруари 1880 година грчката влада го одбила предлогот на османлиските преговарачи за обнова на преговорите. Атина сметала дека било невозможно да дојде до обнова на преговорите на билатерална основа и затоа била потребна интервенција на големите сили[328]. Многу брзо, кон средината на февруари 1880 година, големите сили, преку своите амбасадори во Цариград, ги повикале Грција и османлиската држава да ги продолжат преговорите за подредување на границата[329]. Портата не губела време и веднаш го поканила грчкиот амбасадор во Цариград за да ги продолжат преговорите за границата. Османлиската влада предложила како база за преговарање и решавање на граничниот спор да се земе линијата од Анино, заливот Арта до Теба на Егејско Море[330]. Паралелно со предлозите што доаѓале од Портата, таа преземала и конкретни чекори на теренот. Истото го правела и Атина. Како последица на територијалниот проблем во Епир дошло до заострување на односите помеѓу Грците и муслиманите, особено албанските, при што и двете страни потпишувале петиции со цел прашањето да биде решено во нивна полза[331]. Грција објек-тивно не била расположена за продолжување на преговорите и тие во март 1880 година биле прекинати. Атина својата шанса ја гледала во вмешувањето на големите сили, надевајќи се дека тогаш би можела да добие поголемо територијално проширување.

Атинскиот кабинет повторно ја продолжил тактиката на заострување на односите со својот сосед во моменти кога требало нешто да се изнуди. Грчката влада протестирала пред големите сили поради екцесите и нередите направени од османлиските сили и муслиманското население во Епир и Тесалија[332]. Со тоа сакала да ја покаже својата загриженост за состојбата на грчкото население од другата страна на границата, а имало и вистина во нејзините тврдења. Грчкиот крал Георгиос во разговорот со секретарот на англиската амбасада во Атина Мунси изјавил дека можело да дојде до немири

---

[326]ДАРМ, м - 340, Tissot - Freycinet, Athenes, 4 mars 1880,AMAE, Correspondance politique, Grece, t. 110, f. 79.
[327] Исто, f. 80.
[328] Standard, 2nd february 1880.
[329] Times, 16th february 1880.
[330] Pall Mall Gazette, 26th february 1880.
[331]ДАРМ, м - 95, Fornier - Krajewski, Arta, 7 mars 1880,AMAE, Turquie, v. 6, f. 14.
[332] Documentes diplomatiques francais, 1er serie, t. III, doc. 30, De Saint Vallier - Freycinet, Berlin, 25 fevrier 1880, p. 29.

доколку прашањето на грчко-османлиската граница не биде решено во полза на Грција[333]. Грчките весници правеле сè со цел и најмалиот и најбезначајниот инцидент да го прикажат како акт на непријателство или провокација од страна на Османлиите[334]. Целта била да се привлече вниманието на големите сили, кои веќе работеле на проблемот да извршат притисок врз Портата за да ги прифати грчките барања, зашто во спротивно би можело да дојде до нарушување на мирот, работа која големите сили не ја посакувале.

Во активностите на грчките владини кругови во врска со граничното прашање лично се активирал и кралот. Слично како и во 1876 година, кра-лот Георгиос тргнал на турнеја по европските престолнини, на која требало да ги изложи грчките ставови за да добие поголема европска поддршка за граничниот проблем. Пред заминувањето за Париз, како тактички потег, кралот нагласил дека сака да ѝ се заблагодари на Франција за дотогашната поддршка на грчките барања[335]. Во Париз тој успеал да добие уверување од претседателот на францускoто Собрание, Гамбета, дека Франција ќе ја поддржи Грција со цел да дојде до исправка на грчко-османлиската граница[336]. Втората станица на грчкиот крал бил Лондон, каде што во април 1880 година дошло до промена на владата и до назначување на Гледстоун на чело на англискиот кабинет. Оваа промена ѝ одговарала на Грција, во согласност со ветувањето дадено на Делијанис во август 1878 година од тогашната опозиција. Ветувањето почнало да се реализира многу брзо по доаѓањето на новата англиска влада[337]. Георгиос во англиската престолнина се сретнал со Гледстоун и со сер Чарлс Дилк. Во разговорите грчкиот крал добил уверување за англиска поддршка, особено што и Франција била расположена за решавање на граничниот проблем[338]. Ветувањата на Гледстоун биле на линија на дипломатските активности што се одвивале по повод граничното прашање. Во тоа време големите сили забрзано се подготвувале за одржување на една конференција, на која би се решавало за грчко-османлискиот граничен проблем.

Во време на престојот на грчкиот крал во Париз и во Лондон, во виенските дневни весници се појавил еден циркулар на грчката влада, кој ќе предизвика мал скандал. Во него Абедин-паша[339] и Расим-паша[340] биле обвинети дека се противеле на решенијата на Берлинскиот конгрес за

[333]ДАРМ, м - 23, Corbett - Salisbury, Athens, 16th february 1880, FO 195/1273.
[334]ДАРМ, м - 95, Krajewski - Freycinet, Salonique, 24 mars 1880,AMAE, Correspondance politique, Salonique, f. 12.
[335] Documentes diplomatiques..., 1er serie, t. III, doc. 127, Tissot - Freycinet, Athenes, 19 mai 1880, p. 113.
[336] G. J. Marcopoulos, King George..., p. 34.
[337] Англискиот министер за надворешни работи во еден циркулар од 4 мај 1880 година, упатен до кралскиот амбасадор во Цариград, барал, во согласност со другите големи сили, да се потсети Портата на нејзините обврски во однос на Грција според членот 24 од Берлинскиот договор. (Σ. Θ. Λασκαρι, Διπλοματικη..., σ. 168).
[338] G. J. Marcopoulos, King George..., p. 34.
[339] Солунски валија.
[340] Јанински валија.

исправка на границата[341]. Циркуларот предизвикал изненадување помеѓу Грците во Солун. Во врска со овој циркулар следувала реакција на весникот "Ермис" од Солун, кој ги изразувал погледите на влијателните грчки кругови во градот, инаку приврзаници на "големата идеја". Весникот прашувал од каде грчките конзули во Јанина и во Превеза добиле информации за состанокот на албанските великодостојници и кога Трикупис го составил циркуларот и им го обзнанил на виенските весници[342]. Ставен во незгодна позиција, грчкиот министер за надворешни работи, за да ја изглади работата, морал да дава објаснување во врска со циркуларот. Според него, грчкиот амбасадор во Виена, без согласност на атинската влада, објавил циркулар во тамошните весници[343]. Трикупис бил вознемирен од потегот на амбасадорот Аргиропулос и сметал дека тоа било направено под влијание на баронот Хајмерле. Затоа грчката влада ќе побара демант на циркуларот.

Непосредно пред почетокот на Конференцијата во Берлин, на планината Грамон Текеш на општото собрание на претставници од сите народносни групи од Македонија, на 21 мај 1880 година, била создадена Привремената влада на Македонија. Собранието составено од 32 делегати од речиси сите делови на Македонија, иницијативата за кое била покрената од Константин Буфски и Леонидас Вулгарис, едногласно решило да ја избере Привремената влада, која имала три члена - Васил Симу, претседател, Анастас Димитровиќ и Али-ефенди[344]. Учесниците на Собранието не барале приклучување на Македонија кон ниедна од соседните држави. Во протоколното решение на Собранието тие говорат за една независна и слободна македонска држава. Појавата на оваа влада предизвикала различни оценки на европските дипломати во Солун[345]. Доколку ги споредиме прогласите на привремената влада од Литохоро од 1878 година и на владата од Грамон Текеш од 1880 година може да се забележат големи разлики. Имено, владата од Литохоро се залага за припојување на Македонија кон Грција како единствено решение за тешката ситуација, а владата од Грамон е за независна Македонија со рамноправност на сите нејзини жители. Другата разлика е и во фактот што владата од Литохоро настапува од името на цела Македонија, но во неа нема претставници од цела Македонија, ниту пак таа, за разлика од оваа од 1880 година, била избрана на некое собрание, на кое

---

341 ДАРМ, м - 24, Blunt - Layard, Salinica, 8 may 1880, FO 78/3135.

342 ДАРМ, м - 24, Extract from "the Hermes" of Salonica, dated 7th may 1880, FO 195/1276.

343 ДАРМ, м - 178, Curtopasi - Cairoli, Atene, 29 maggio 1880, ASMAE.

344 Христо Андоновски, Привремената Влада на Македонија (мај - јуни 1880), Македонија во .., с. 370.

345 Австрискиот конзул Фон Кијари сметал дека појавата на оваа влада била дело на грчката пропаганда како обид за стопирање на бугарското влијание.(Исто, с. 375). Рускиот конзул Уљанов известувал дека во Солун постоело мислење дека владата била дело на грчката дипломатија, но сепак го изразува мислењето дека и да се прифатат таквите тврдења, мора да се забележи дека и во планот на привремената влада од Грамос и на онаа од Пирин на Дијамндиев главна цел била автономија на Македонија со рамноправност на сите нејзини жители. (Одбрани текстови.., с. 255). Романскиот конзул, кој изнел три мислења, заклучил дека владата била дело на внатрешните елементи поради големото незадоволство. (Исто, с. 252 - 252).

имало претставници од други делови на Македонија, а не само од најјужните. Сепак, и денес постојат различни мислења за идејата и целта на формирањето на Привремената влада, нејзините намери и поврзаноста со одредени кругови или влади од соседството. Македонскиот историчар Христо Андонов-Полјански заклучува дека оваа трочлена влада претставува самобитно македонско движење, чија појава била стриктно поврзана со само-стојниот национален развиток на македонскиот народ[346]. На исто стојалиште е и публицистот Христо Андоновски. Блаже Ристовски, во врска со активностите на Привремената влада, коментирајќи го нејзиниот манифест од април 1881 година, го изнесува ставот: "И воопшто, документот одразува една идеологија што беше широко распространета среде македонскиот народ и стана свест на широките слоеви. Барем засега не располагаме со грчките архиви, кои кријат веројатно најбогати сведоштва за овие активности, но секако имаше право Христо Андонов-Полјански кога на Привремената влада се обиде да ѝ определи место во нашата историја"[347]. Битовски, иако, како што истакнува самиот, поради недостапноста на целата потребна документација не можат да се донесат дефинитивни судови за оваа влада, дава неколку заклучоци што се во насока на горенаведените[348].

Грчките историчари, секако, имаат поинакви гледишта. Така, Евангелос Кофос[349], користејќи ги документите од грчкото Министерство за надворешни работи, поточно преписката помеѓу конзулот на Грција во Солун Логотетис и амбасадорот во Цариград Кундуриотис, го изразува ставот дека "идејата за свикување на Националното собрание и за формирање на Привремената влада тргнала од Атина и се должи на Леонидас Вулгарис, на тој неспокоен револуционер, кој се плашел исклучителното интересирање на владата за тесалиското прашање да не предизвикува опасности за Македонија"[350]. Според Кофос, целта на Вулгарис била автономија на Македонија и соработка на сите подјармени националности што живееле во областа, но контролата би останала во грчки раце и би им служела на грчките интереси[351]. На Грција, според споменатиот историчар, не ѝ одговарал мо-ментот да предизвикува бунтови и во другите области на османлиската држава пред да се реши проблемот со Тесалија, и затоа била одбиена идејата на Вулгарис[352]. Вакалопулос го прифаќа гледиштето на Кофос[353].

Евангелос Кофос, по сè изгледа, своите ставови ги темели на учеството на контроверзниот Вулгарис во настаните поврзани со Привре-мената влада и

---

[346] Х. Андонов Полјански, Одбрани.., т. 2. С. 407.

[347] Блаже Ристовски. Историја на македонската нација, Скопје, 1999, с. 82.

[348] К. Битоски, Македонија во времето на.., с. 288-294.

[349] Бидејќи не располагам со книгите "Македонија во југословенската историографија" и "Хеленизмот во периодот 1869-1881" од Евангелос Кофос, во кои тој го елаборира своето мислење за Привремената влада. тука ја користам книгата на Христо Андоновски -"Јужна Македонија од античките до денешните Македонци", Скопје, 1995, во која споменатиот автор ги користи делата на Кофос и дава цитати од нив.

[350] Х. Андоновски, Јужна Македонија.., с. 87. Кофос не го споменува Константин Буфски.

[351] Исто, с. 87-88.

[352] Исто.

[353] К. Βακαλοπουλου, Ο Βορειος.., σ. 88.

неговата поврзаност со одредени влијателни политички кругови во Грција, особено со познатиот политичар и повремен премиер Кумундурос. На записникот од Собранието, приложен до британскиот конзул во Солун Џон Блант, стои печат, на кој пишува - Централен комитет во Атина за ослободување 1870: Света борба[354]. Ристовски, пишувајќи за писмото на Привремената влада на Македонија, кое било испратено до рускиот конзулат во Солун и во кое било приложено Протоколарното ре-шение на Привременото народно собрание на Македонија, дава два печати, од кои на едниот пишува - Управа организирана за ослободување на разните племиња во Македонија "Света борба", а на другиот стои - Македонија, Кандија, Епир, Тесалија[355]. Несомнено, овие печати се поврзани со Вулгарис, особено што тој бил истакнат член на атинскиот Комитет за ослободување, формиран во грчката престолнина во 1870 година. Исто така, баронот Гундлах, соработник на Вулгарис, во една своја изјава до британскиот конзул во Одрин Калверт, не криел дека биле одржувани контакти со Кумундурос[356]. Сепак за целосен суд за овој настан потребни се понатамошни истражувања околу Привремената влада на Македонија, во кои, несомнено, од особен интерес се грчките архиви.

Приближувањето на почетокот на Конференцијата во Берлин, на која требало да се расправа за грчко-османлискиот проблем, било причина за меѓусебни обвинувања на Атина и Цариград. Портата ја обвинила грчката влада за нејзина вмешаност во дејствувањето на четите во Македонија и во Тесалија. Атина веднаш одговорила на овие обвинувања. Според грчкиот министер за надворешни работи, неговата влада не ги контролирала комитетите, а четите биле формирани и од индивидуалци, кои не соработувале со грчките власти. Затоа, пак, разбојништвото во османлиската држава било продукт на автократската власт и благодарение на нејзината индолентност, тоа се проширило и во близината на Цариград[357]. Трикупис упатил инструкции до грчките амбасадори во европските престолнини, во кои ги повторувал ставовите на атинската влада изнесени пред странските амба-садори со напомена дека разбојничките банди повеќе ги нема во Грција, а османлиските власти говорат за нив, без вистински аргументи, само за да ѝ наштетат на Грција[358].

Во првата половина на јуни 1880 година требало да започне конференцијата во Берлин. Претставниците на големите сили забрзано се подготвувале за собирот, при што предлагале и нова гранична линија. Така, фран-

---

[354] Британски документи.., т. IV, док. 147, Солун, 24 јули 1880, с. 465.

[355] Б. Ристовски, Историја.., с. 78.

[356] Британски документи.., т. IV, док. 173, Константинопол, 4 мај 1881, с. 541 (Интересно е гледиштето на рускиот конзул во Солун Скрјабин. Тој во еден извештај од 14 јуни 1881 година во врска со активностите на Привремената влада пишува дека ова движење имало некои здрави идеи за решавање на македонското прашање, но допушта и замешување на "тајната дипломатија меѓу грчката влада и словеномакедонското движење", поврзувајќи го со интересите на грчката влада во поглед на Тесалија и Епир.- Б. Ристовски, Историја на.., с.83).

[357] ДАРМ, м - 178, Curtopasi - Cairoli, cit. dok.

[358] ДАРМ, м - 340, Tricoupis - Ypsilantis, Athens, 17/29 mai 1880, AMAE, Correspondance politique, Grece, t. 110, f. 252 - 253.

цуската влада се изјаснила за линијата која би водела по текот на реката Каламас во Епир и на север од реката Саламарија во Тесалија[359]. Францускиот амбасадор во Берлин имал разговор со германскиот министер за надворешни работи Хохенлое, при што двајцата се согласиле Грција да ги добие Јанина и Мецово. Со ова се согласил и австрискиот претставник во Берлин, но италијанскиот амбасадор се заложил да се внимава со проширувањето на Грција во Епир поради присуството на поголем број албанско население во таа османлиска област[360]. Ставот на италијанскиот дипломат не би требало да зачудува со оглед на интересот што Италија веќе го имала кон Албанија. Портата, очекувано, не сакала да се согласи со францускиот предлог, кој полека добивал поддршка од речиси сите големи сили. Таа сметала дека конференцијата, во согласност со членот 24 од Берлинскиот договор, немала мандат да одредува гранична линија [361]. Иако италијанскиот амбасадор во почетокот имал резерви во однос на Епир, сепак владата во Рим на 15 јуни го овластила да го прифати францускиот предлог, а истиот ден тоа го направила и англиската влада[362]. Конечно, на 25 јуни 1880 година големите сили се согласиле да го усвојат францускиот предлог како нова гранична линија помеѓу Грција и Османлиската Империја.

Грција, која немала свој претставник во Берлин, со големо внимание го следела текот на конференцијата. Додека во Берлин се разговарало за границата во Епир, дошло до засилување на нередите, во кои и Грците и Албанците биле подбуцнувачки расположени. Албанците, поддржани од османлиските власти, се заканувале дека немало да се согласат на неповолна за нив демаркациона линија и ќе се спротивставеле со оружје на сите посегања по територијата која ја сметале за нивна. Грците овие закани ги сфатиле сериозно и не се занесувале со тоа дека нема да наидат на отпор, и затоа многу сметале на поткрепата на големите сили[363].

За време на одржувањето на Берлинската конференција, во Атина им се посветило внимание на состојбите во Македонија и во Тракија, во кои се сметало дека позициите на елинизмот биле сериозно загрозени. Грција почнала да се помирува со фактот дека грчка империја до Шара и Балкан Планина не била прифатлива за другите балкански народи. Затоа, неминовно морало да дојде до менување на однесувањето. Барањата базирани врз историска почва, гледана од грчки аспект, кои биле без политичка важност, полека биле напуштани. Во јуни 1880 година грчкиот министер за надворешни работи Трикупис испратил писма до грчките конзули во Солун, Битола и Пловдив со молба да дадат различни предлози за прашања што се однесувале за територијално реформирање на Македонија и на другите делови на османлиската држава според предлозите на Берлинскиот кон-грес[364]. Грчкиот

[359] Documentes diplomatiques..., 1er serie, t. III, doc. 149, Freycinet - Leon Say, Paris, 4 juin 1880, p. 132.
[360] Исто, doc. 164, de Saint-Vallier - Freycinet, Berlin, 12 juin 1880, p. 142 - 144.
[361] Исто, doc. 167, Tissot - Freycinet, Therapia, 15 juin 1880, p. 146.
[362] Исто, doc. 168, de Saint-Vallier - Freycinet, Berlin, 15 juin 1880, p. 147.
[363] ДАРМ, м - 95, Krajewski - Freycinet, Salonique, 15 juin 1880,AMAE, Correspondance politique, Salonique, f. 32.
[364] К. Βακαλοπουλος, Ο Βορειοσ..., σ. 26.

конзул во Битола Логотетис, на 2 јули 1880 година испратил одговор до Трикупис, во кој сугерирал јужниот дел од Македонија, кој, според него, бил грчки, да се одвои од северниот по линијата Крушево - Прилеп - Мариово - Струмица - Демир Хисар - Серез - Драма[365]. Исто така, тој предложил казите и санџаците да се поделат на повеќе општински об-ласти, кои би имале посебни управи. Солунскиот конзул Ватикиотис пред-ложил северната граница на областите во кои, според него, доминирал грчкиот елемент, да се движи од Родопите кон Кресна и Малеш, па да про-должи кон утоката на Црна Река во Вардар и преку Тиквеш, Битола, Преспа и Охрид да заврши кај Корча[366]. Овие предлози биле прифатени од Трикупис и тие ќе послужат за изработка на еден меморандум, кој требало да биде испратен до претставниците на големите сили во Атина и во Цариград.

Решението на Берлинската конференција не можело а да не предизвика големо задоволство во Атина. но сепак не се предвидувале јавни манифестации по тој повод. Причина за тоа било сомневањето на грчката влада дека Османлиите лесно ќе се согласат со отстапувањето на територијата одредена со решението на Берлинската конференција. Затоа, грчката влада започнала да концентрира воени сили на северната граница, при што се планирало и навлегување на грчките сили на османлиска територија и упатување прокламација до големите сили, во која ќе се бара нивна помош[367]. Атина очекувала помош пред сè од Франција. Големите сили, кои мошне наклонето се однесувале кон Грција, за време на Берлинската конференција не сакале да дојде до избувнување на воен конфликт помеѓу Грција и османлиската држава во момент кога мислеле дека било можно да се реши граничното прашање. Германскиот министер за надворешни работи ја советувал Грција да се воздржи од акција, која би била повод за османлиската држава да може да интервенира[368]. Посетата на грчкиот крал на Берлин, меѓу другото, била искористена да му биде изразена загриженоста по повод дејствувањето на некои грчки политички кругови. Георгиос одговорил дека тој се залагал за мирно решавање на проблемот, но не можел да ги смири Трикупис и некои други министри, кои биле многу запалени[369]. Ставовите на грчкиот крал не влијаеле врз однесувањето на Трикупис. Откако увидел дека Портата нема намера да го прифати решението на Берлинската конференција, Трикупис на 24 јули 1880 година решил да се пристапи кон мобилизација на грчката војска[370]. Меѓутоа, Трикупис не ја објавил веднаш јавно мобилизацијата, бидејќи чекал поволен момент. Откако англиската влада се изјаснила дека не се противи на грчката постапка, владата во Атина на 5 август ја објавила мобилизацијата[371].

---

[365] Κ. Βακαλοπουλος, Το μακεδονικο..., σ. 77.
[366] Κ. Βακαλοπουλος, Ο Βορειος..., σ. 27.
[367] Standard, 2nd july 1880.
[368] Documentes diplomatiques..., 1er serie, t. III, doc. 195, Freycinet - de Saint-Vallier, Paris, 7 juillet 1880, p. 165.
[369] Исто, doc. 202, de Saint-Vallier - Freycinet, Berlin, 9 juillet 1880, p. 169 - 170.
[370] E. S. Forster, A short history..., p. 27 - 28.
[371] Standard, 6th august 1880.

Во моментот кога грчката влада донела решение за мобилизација на војската се случил еден инцидент што довел до заострување на грчко-османлиските односи. На 27 јули 1880 година во грчкиот конзулат во Солун избил пожар, при чие гаснење османлиските власти откриле поголемо количество оружје[372]. Со тоа Османлиите имале докази за вмешаноста на грчката влада во дејствувањето на четите на нивна територија. Атина била ставена во мошне неповолна позиција. Грчкиот заменик-конзул се обидел да го оправда присуството на оружје со објаснување дека тоа било донесено од еден грчки брод во време на кризата во градот со убиството на германскиот и францускиот конзул, бидејќи во конзулатот очекувале напад од фанатизираните елементи[373]. Истиот дипломат, пак, при разговорот со солунскиот валија Акиф-паша дал друго објаснување за пронајденото оружје во конзулатот. Бофидис му рекол на османлискиот функционер дека оружјето потекнувало од дезертерите на грчката војска и затоа барал тоа да биде вратено, бидејќи не било наменето против османлиските власти, но Акиф-паша го одбил барањето[374]. Аферата со оружјето во грчкиот конзулат предизвикала загриженост кај населението. Османлиските власти, како превентива, презеле мерки за поголема безбедност во градот, а странските конзули се ангажирале за побрзо расчистување на случајот[375]. Тоа било потребно за да не се заоструваат и онака проблематичните грчко-османлиски односи во време кога, барем некои така се надевале, можело да дојде до решавање на граничниот проблем. Османлиите барале грчкиот конзул во Солун Ватикиотис, кој во тоа време не бил во градот, под итно да биде заменет со нов дипломат, бидејќи, според нив, тој бил главниот виновник за сите немири што се случувале во Солун и во околината. Меѓутоа, Ватикиотис за време на аферата ненадејно починал и со тоа биле создадени услови за затворање на ова горливо прашање, кое ги оптоварувало односите меѓу двете земји, кои и без овој инцидент биле далеку од добрососедски или пријателски[376]. На 5 август 1880 година грчкиот заменик-конзул Бофидис упатил писмо, со кое ја објаснувал целата афера во врска со оружјето во грчкиот конзулат. Објаснувањето на грчкиот дипломат било прифатено од османлиските власти, но мора да се напомене дека, без никакво сомнение, врз нивната одлука влијаеле и странските конзули во Солун, кои сакале целиот случај што побрзо да се затвори[377]. Овој инцидент само потврдува дека конзулатот на Кралството Грција во Солун бил центар, од каде што се координирале сите активности на грчката пропаганда.

Грција во времето кога не била сигурна во османлиските намери, но и во согласност со политиката за промена на пристапот кон Македонија, ја

[372] Османлиската полиција запленила два сандаци со пушки, еден сандак пиштоли и поголемо количество барут. (АМ, м - 95, Krajewski - Freycinet, Salonique, 2 aout 1880,AMAE, Correspon-dance politique, Turquie, v. 6, f. 41).
[373] Исто.
[374]ДАРМ, м - 24, Alvarez - Blunt, Salonica, 28th july 1880, FO 78/3135.
[375]ДАРМ, м - 24, Blunt - Goschen, Salonica, 31 july 1880, FO, 78/3135.
[376] K. Βακαλοπουλος, Ο Βορειος..., σ. 89.
[377]ДАРМ, м - 24, Blunt - Goschen, Salonica, 5th august 1880, FO 78/316.

испитувала можноста за заедничко дејствување со Бугарите. На 27 јули 1880 година грчкиот амбасадор во Цариград Кундуриотис го посетил бугарскиот дипломатски агент во османлиската престолнина Балабанов и му предложил склучување спогодба помеѓу Грција и Кнежеството Бугарија. Во поглед на Македонија, во согласност со инструкциите од Атина што биле направени врз основа на предлозите на грчките конзули, тој предложил нејзина поделба, при што северниот дел би ѝ припаднал на Бугарија, а јужниот на Грција[378]. Наводно, со таквата поделба бил согласен и Гледстоун, а со тоа би се спречило вмешување на други сили. Предлогот останал без одговор.

Грција, која Епир и Тесалија веќе ги гледала како дел од својата територија, сè повеќе се интересирала за Македонија и Тракија како идни цели на нејзината територијална експанзија. Затоа, почнала да дава предлози за решавање на реформите во Македонија пропишани со членот 23 од Берлинскиот договор. Како основа биле земени предлозите од грчките конзули во Македонија, посебно од солунскиот конзул Ватикиотис. На 14 август 1880 година грчката влада поднела меморандум до амбасадорите на големите сили, кој, всушност, бил наменет за Европската комисија задолжена за организација на Источна Румелија[379]. Во меморандумот грчката влада бара во Македонија да не се наруши принципот на рамнотежа на народностите, бидејќи тоа било важно за рамнотежата на Медитеранот. Македонија, според авторите на меморандумот, била клуч на Егејско Море и спојна врска помеѓу Епир и Тесалија од една, и Тракија, од друга страна, и затоа Македонија била особено важна и барала најсериозно внимание од Комисијата за реформи. Рамнотежата од која, според грчкиот меморандум, зависел успехот на реформите, не можела да се постигне без едно разграничување во Македонија, кое, пак, можело да стави крај на активностите на странските агенти[380]. Според атинската влада, Словените и Грците пред почетокот на дејствувањето на пансловенските агенти живееле многу добро и немало посериозни проблеми во меѓусебните односи, но сега тие имале недоразбирања, а врз грчките учители постојано се вршел притисок. Затоа, би било добро да дојде до разграничување. Македонија требало да се подели на два вилаета, од кои едниот би го зафаќал југоисточниот, а другиот - северозападниот дел од областа[381]. Демаркационата линија би започнала од Родопите, па би минувала помеѓу Струмица и Радовиш, од каде што би продолжила кон утоката на Црна Река во Вардар, при што би го опфатила Тиквеш и би продолжила кон Битола, оставајќи ги од десно околиите на Прилеп и Охрид и опфаќајќи ја целата област на Корча и оттука би се споила со новата грчка граница преку Колоња, Анаселица и Гревена. Југоисточниот дел би ги опфатил - 1) целиот Солунски вилает освен Велешката каза; 2) Мариовската нахија и казите Битола, Лерин, Корча, Колоња, Анаселица, Кајлари, Кожани и Серфиџе од Битолскиот вилает; 3) околината на Гревена,

[378] Външната политика на България, 1879 - 1886, т. 1, док. , с. 127.
[379] ДАРМ, м - 30, Corbett - Granville, Athens, 15th august 1880, FO 32/520.
[380] Исто.
[381] Исто.

која била во составот на Јанинскиот вилает[382]. Овој дел би ги содржел следниве националности: Грци - 455. 000[383]; Бугари и бугарофони - 425. 000; муслимани - 450. 000; Евреи и други - 63. 000, или вкупно 1. 397. 000 жители[384]. Другиот северозападен дел би се состоел од остатокот од Битолскиот вилает, Скопскиот санџак и Велешката каза. Исто така, била потребна и поделба на нахиите, кои би претставувале административни единици, при што требало да се води сметка за рамнотежа помеѓу различните народносни групи. Поделбата на Македонија на два вилаета, според авторите на меморандумот, ќе значи формирање на непремостлива бариера за сите амбиции, без разлика од каде тие доаѓаат и ќе ги направат залудни сите напори на оние што сакале да ја нарушат рамнотежата на Медитеранот[385]. Сличен меморандум до Комисијата бил поднесен и од Цариградскиот силогос[386]. Овој меморандум ги имал истите барања како и оној на атинската влада. Всушност, зад овие меморандуми стоела грчката влада, а тоа било забележано и од странските амбасадори во Атина[387]. Покрај споменатиот меморандум, во исто време владата во Атина испратила уште еден, во кој ги изнела своите видувања, поточно стравувања за опасноста од преовладувањето на словенскиот елемент врз грчкиот во Македонија и во Источна Румелија[388]. Иако меморандумите не влијаеле врз одлуките на Комисијата, сепак тие покажале кон кои делови на Македонија во иднина ќе бидат насочени грчките активности.

Заострувањето на грчко-османлиските односи, како и во претходниот период, било шанса за позасилено дејствување на грчките чети. Во реоните на Мариово, Лерин, Костур и Битола населението било тероризирано од повеќе грчки чети. На 15 август 1880 година во селото Маловиште, Битолско, влегла четата на Катарахија, при што биле одведени единаесет истакнати селани, а претходно биле убиени две жени. Причина за ваквата акција била словенската богослужба во селската црква, а попот бил принуден да ја прекине поради заканата на Катарахија, кој рекол дека богослужбата морала да биде на грчки јазик зашто Македонија била грчка[389]. Во Битолско во тој период Катарахија и Коракас вршеле притисок врз населението со цел да се избркаат словенските учители и на нивно место да дојдат грчки[390]. Грчките чети, кои првично требало да служат како средство за притисок врз османлиските

[382] Исто.

[383] Грците биле поделени на чисти Грци.-.380. 000, Гркоалбанци, Грковласи и Албанци-75. 000

[384] Исто; бројот на населението и неговата поделба на народносна основа се, всушност, преземени од предлогот на Ватикиотис од јули 1880 година (види ,К. Βακαλόπουλος, Ο Βορειος..., σ. 27, φους. 32).

[385] Исто.

[386] Славко Димевски, Владо Поповски, Светозар Шкариќ, Михајло Апостолски, Македонската лига и уставот за државното уредување на Македонија, Скопје, 1985, с. 72.

[387] Италијанскиот амбасадор во Атина Де Фореста во својот извештај до владата во Рим нагласил дека меморандумот на Силогосот бил направен во соработка со грчката влада. Од него од страна на Трикупис било побарано поголемо ангажирање на италијанскиот претставник во Комисијата. (AM, м - 178, De Foresta - Cairoli, Atene, 19 agosto 1880, ASMAE).

[388] Британски..., т.IV, док. 148, Атина, 30 јули 1880, с. 469-473.

[389] А. Селищев, Греко-болгарские.., док. 11, Neagha - Novikow, Monastir, 17 aout 1880, p. 77.

[390] Исто, док. 12, Neagha - Novikow, Monastir 5 septembre 1888, p. 80.

власти за граничното прашање, сѐ повеќе претставувале средство за насилно наметнување на грчката свест врз локалното население. Грчките четници ги заземале сите позначајни планински премини на осман-лиска територија што биле во близината на границата[391]. Постепено се соз-давале услови за можно навлегување на грчките сили на османлиска територија. На Халкидик се појавиле грчки емисари, кои посетиле неколку села, но не наишле на расположение кај населението за нивните планови[392]. Истовремено, во областа дејствувале чети, од кои некои биле разбојнички, а две"најверојатно се орудие на грчката влада за поттикнување на немири"[393].

Расположението на народот во Атина во врска со можниот судир со османлиските сили било различно. Некои, особено помладите, посакувале војна со својот северен сосед, но еден голем дел не бил среќен поради можноста од конфликт[394]. Големите сили, следејќи ги написите во грчкиот печат, верувале дека Грција се подготвува за војна и затоа извршиле притисок врз кралот со цел неговата влада да покаже поголема воздржаност[395]. Меѓутоа, притисокот не дал резултати, зашто засилувањето на националните чувства на народот во Грција бил добро испробан рецепт на разните грчки влади за да се одвлече вниманието на јавноста од економските проблеми, а во конкретниов случај владата имала оправдување-османлиското спротивставување на решавањето на граничното прашање.

За разлика од јули, кога преку својот амбасадор во Цариград Грција ѝ понудила соработка на Бугарија, во текот на септември Атина одбила една бугарска иницијатива за соработка. Бугарскиот кнез Александар му ја пренел на грчкиот конзул во Софија својата желба за соработка со Грција со цел да се надминат грчко-бугарските црковни недоразбирања, а за тоа се повикал на средбата помеѓу Балабанов и Кундуриотис[396]. Грчката влада го отфрлила предлогот на бугарскиот кнез, вознемирена од извештаите што доаѓале од Македонија, и пред сѐ од Тракија. За разлика од односите со Бугарија, Атина покажала поголема заинтересираност за развој на односите со Србија. Впрочем, со Белград Грците немале територијални недоразбирања, а Србија би можела да биде и можен сојузник, и покрај не многу позитивните искуства. Грчкиот премиер Трикупис бил мошне заинтересиран за развој на односите со Белград и таа своја заинтересираност ја пренел и на кралот Георгиос. Овој на 9 октомври 1880 година испратил писмо до кнезот Милан, со кое го информирал дека го наименувал Николаос Делијанис за пратеник во Белград[397]. Со тоа Грција го поставила својот прв амбасадор во Србија. Причина за таквиот потег на Атина бил развојот на ситуацијата во односите со османлиската

[391]ДАРМ, м - 175, Lambertengi - il ministro degli affari esteri, Salonico, 24 agosto 1880, ASMAE.
[392]ДАРМ, м - 25, Blunt - Granville, Salonica, 21 september 1880, FO 78/3136.
[393] Исто.
[394] Daily News, 30th august 1880.
[395] Documentes diplomatiques..., 1er serie, t. III, doc. 252, Jaureguiberry - Ternaux-Compans, Paris, 3 septembre 188o, p. 217.
[396] E. Kofos, Attempts at..., p. 355 - 356.
[397] G. Ploumidis, Les Slavs et la Serbie..., p. 81.

држава, но сепак не дошло до преговори или до други активности што би воделе кон заедничко дејство на двете држави.

Гледајќи дека ситуацијата на јужниот дел од Балканот лесно може да излезе од контрола, владата во Лондон се обидела да влијае во насока на смирување на тензиите. За да се принуди Османлиската Империја да попушти во поглед на исполнување на договорот од Берлин, Гледстоун во октомври 1880 година предложил англиската флота да ја окупира Смирна (Измир) и да ги одземе од пристаништето сите царини што се слевале во османлиската ка-са[398]. Англиската влада сметала дека окупацијата на Смирна ќе ја принуди Портата да попушти, бидејќи ова егејско пристаниште ѝ носело огромни приходи. Франција, која ја поддржувала Грција, сепак не се согласила со овој предлог, што било причина Грција да ги продолжи воените подготовки. Ситуацијата дополнително се комплицирала. Османлиската влада изразила загриженост поради воените подготовки на грчката војска, сè почестите воинствени изјави во Атина за можна војна со северниот сосед и поради дејствувањето на четите на османлиска територија[399]. Претставниците на големите сили започнале да ја испитуваат силата на грчката војска и нејзината реална моќ за водење војна. Од тоа што било видено, не можело да се поверува дека Грција би можела да води војна, иако постоел ентузијазам за тоа, но дисциплината и опременоста на војската не биле на завидно ниво[400]. Таквите извештаи не влијаеле врз притисокот на силите врз Атина со цел и таа да покаже знаци на воздржаност. Новиот германски амбасадор во Атина Радовиц го пренел несогласувањето на својата влада со некои грчки активности, а Гледстоун, и покрај своите познати антиосманлиски ставови, испратил во грчката престолнина свој специјален пратеник за да ѝ пренесе на грчката влада дека мора да се согласи со некој компромис или нема да може да смета на британска поддршка[401].

Наместо да преземе мерки за намалување на затегнатоста на границата, грчката влада се жалела на однесувањето на некои големи сили, кое не кореспондирало со нејзините желби и интереси. Грчкиот амбасадор во Лондон во текот на разговорот со англискиот министер за надворешни работи Гренвил во врска со границата се пожалил на однесувањето на Русија, која ги обвинувала Грците во Македонија и Тракија за нивното дејствување против тамошното словенско население и како резултат на тоа не сакала да ѝ помогне на Грција во нејзиниот спор со Портата[402]. Исто така, Контоставлос се жалел и на однесувањето на италијанскиот конзул во Скадар, кој ги поттикнувал муслиманите на отпор. Целта на ваквите изјави на грчките дипломати било да се покаже дека нивната земја била загрозена на повеќе начини и од повеќе страни и затоа било потребно големите сили, особено Англија, да ги земат предвид и грчките интереси.

[398] Richard Shanon, Gladstone and rhe Hellenic factor in tha eastern question, Η Τελευταια..., σ. 439.
[399] Documentes diplomatiques..., 1er serie, t. III, doc. 300, Tissot - Saint-Hilaire, Pera, 24 novembre 1880, p. 267.
[400] ДАРМ, м - 23, Swaine - Goschen, Constantinople, 21 novembre 1880, FO 78/3098.
[401] C. Velichi, Les relations roumano-grecques...(1879 - 1911), p. 515.
[402] Британски..., т.IV, док. 154, Форин Офис, 23 ноември 1880, с. 492.

Османлиската влада исто така не седела со скрстени раце. Таа повторно ги алармирала големите сили дека располага со докази за навлегување на грчки чети на османлиска територија, при што на нив им се придружиле и војници од регуларната грчка војска[403]. Ваквите извештаи, кои постојано пристигнувале до европските престолнини, биле причина за повторен притисок врз Атина. Тој притисок го вршеле и државите што имале позитивен став спрема грчките барања. Францускиот амбасадор во Атина во разговорот со кралот истакнал дека Грција морала да се воздржи од авантура, но за разлика од порано, кога покажувал кооперативност, Георгиос негативно се изјаснил во однос на советите од францускиот дипломат[404]. Ставот на грчкиот крал не бил поразличен од ставот на атинските политичари. Трикупис во своите говори почнал да ги обвинува големите сили дека не сакале да ѝ помогнат на неговата земја и затоа тие морале да избираат помеѓу мир и војна. Цврстиот став на грчките политичари бил наменет кон јавното мислење, но со него требало да се демонстрира решителност, која требало да влијае врз големите сили со цел овие да ги земат предвид грчките аспирации. Ваквиот став на грчките лидери и воените подготовки сè повеќе ја провоцирале Портата да преземе мерки за адекватен одговор. Тоа, пак, предизвикувало дополнителна загриженост во европските престолнини. Поради ваквиот развој на настаните големите сили сè повеќе размислувале за арбитражно решение на проблемот. Увидувајќи дека може да дојде до арбитража, која пак, од своја страна, можела да доведе до решение што не би ги задоволило грчките барања, атинската влада ја ангажирала својата дипломатија. Грчкиот премиер Кумундурос испратил циркулар до грчките дипломатски претставници во европските метрополи, во кој им дава инструкции за одбивање на предлогот за арбитража, доколку таа биде понудена[405]. Големите сили на 22 декември 1880 година го усвоиле предлогот за арбитража. Грчката влада при првото информирање за одлуката за арбитража јасно ставила на знаење дека не била расположена да го прифати предлогот, а кон ставот на владата се приклучил и кралот Георгиос[406]. Продолжувањето на цврстата политика на атинскиот кабинет ги принудило Франција и Англија заедно да протестираат кај грчката влада за оваа да заземе еден поумерен став, кој би водел кон решавање на граничниот проблем[407]. Грција не го прифатила овој демарш, но и османлиските постапки ѝ оделе во прилог. Имено, османлиската влада на 17 јануари 1880 година, исто како и грчката, го одбила предлогот за арбитража[408]. Тоа бил добар знак за Атина да ги продолжи воените подготовки. Грчката влада преговарала со една англиска фирма за купување на четири воени бродови, а се очекувало

---

403 Documentes diplomatiques..., 1er serie, t. III, doc. 303, Saint-Hillaire - Tissot, Paris, 27 novembre 1880, p. 270.

404 Morning Post, 1st december 1880.

405 Morning Post, 23rd december 1880.

406 Times, 24th december 1880.

407 Documentes diplomatiques..., 1er serie, t. III, doc. 322, Saint-Hillaire - Lacour, Paris, 30 decembre 1880, p. 294 - 295.

408 Исто, doc. 340, Tissot - Saint-Hillaire, Pera, 17 janvier 1880, p. 318.

пристигнување на артилериски орудија[409]. Плановите на атинската влада, и покрај забрзаните подготовки, реално не можеле да се остварат поради сè позасилениот притисок на големите сили. И покрај тоа што решението за арбитража нема да биде ефектуирано, на Атина и на Цариград повеќе од јасно ќе им биде ставено на знаење дека проблемот во врска со границата мора да биде решен.

Атина сè повеќе согледувала дека отпорот на Албанците спрема грчките побарувања бил умешно користен од Портата, а тоа не одело во полза на Грција, особено пред големите сили, кои биле сведоци на еден голем отпор што можел да доведе до нова криза. Затоа грчката влада презела некои потези со цел да привлече дел од Албанците на своја страна. Таа се обидела да го искористи незадоволството од Портата на некои албански големодостојници. Грчкиот амбасадор во Цариград Кундуриотис водел разговори со некои албански претставници за можноста да се формира заедничко грчко-албанско кралство под круната на кралот Георгиос[410]. Атинската влада на некои муслимански првенци во Епир им ветила права загарантирани со грчкиот устав во поглед на религијата и обичаите, а за возврат барала нивно мирување во моментот кога грчката војска ќе влезе да ја заземе областа[411]. Кон крајот на јануари 1881 година во Атина, под редакција на К. Фреаритис, бил отпечатен памфлет, во кој се укажувало на потребата од формирање на грчко-албанска држава базирана на верувањето во заедничкото потекло, цивилизација, интереси и цели[412]. Ваквите грчки напори не дале резултати, бидејќи поголемиот дел Албанци сè уште биле приврзани кон султановата власт, која реално им нудела повеќе привилегии и била поприфатлива од грчката. Затоа и се противеле на евентуалното грчко проширување во Епир.

Во текот на завршната фаза од грчко-османлискиот граничен спор во Берлин излегла од печат картата на Киперт, со сите сугестии направени од Атинскиот силогос, според која граничната линија на областите населени со Грци почнувала северно од Струга и продолжувала преку Крушево кон Велес[413]. Картата била многу слична со предложената поделба на Македонија изложена во меморандумот на грчката влада од август 1880 година.

Иако грчко-османлиските односи биле сè уште затегнати, сепак активноста на грчките чети во Македонија постепено била намалена, но тоа не значи дека некои водачи на четите престанале да планираат акции. Така познатиот четнички водач Катарахија, кој повремено бил и разбојник, планирал своите активности да ги префрли на Касандра, но османлиските власти, кога дознале за оваа негова намера, ги засилиле патролите покрај брегот, со што го оневозможиле неговиот план[414]. Катарахија најверојатно сметал дека народносниот состав на населението на Касандра бил поповолен

---

409 Morning Post, 17th january 1880.
410 Σ. Θ. Λασκαρι, Διπλοματικη..., σ. 169.
411 Standard, 18th december 1880.
412 B. Kondis, The albanian nationalist..., p. 313.
413 V. Berard, La Turquie et l'Hellenisme..., p. 225.
414 ДАРМ, м - 25, Blunt - Granville, Salonica, 29th january 1881, FO 78/3316.

за неговите активности. Иако ваквите планови предизвикувале вознемиреност кај османлиските власти, но и кај локалното население, сепак, состојбата во деловите на јужна Македонија, кои најмногу биле на удар на грчките активности, почнала да се смирува. Тоа, секако, било направено под влијание на Атина. Водачите на грчките заедници, особено во источниот дел на приморска Македонија, верувале дека политиката на англиската влада ќе донесе резултати што би биле поволни за Грција. Затоа, тие во овој период не преземале активности што би довеле до судири со османлиските власти, но и со локалното население. Немало формирање на нови комитети, немало запишување доброволци за четите или некои активности што би биле оценети како провокација, но тоа била тактика на чекање на резултатите од грчко - османлискиот спор[415].

Големите сили, како што веќе напоменавме, биле решени да го затворат грчко-османлиското гранично прашање. Во таа насока тие вршеле притисок врз двете држави да го продолжат дијалогот под нивен надзор, со цел да постигнат спогодба. Така Англија, Франција и Германија ги принудиле двете влади да ги обноват преговорите. Во февруари 1881 година во османлиската престолнина започнала нова рунда на грчко-османлиските преговори. Како и претходно, текот на преговорите се одвивал тешко, бидејќи и двете страни имале ставови што биле неспоиви. Османлиската влада на 23 март 1881 година предложила нова гранична линија, која би почнала од утоката на реката Пенеј и би го следела текот на реката Арта, при што градовите Јанина и Мецово би останале во рамките на османлиската држава, а поголемиот дел од Тесалија и помалиот дел од Епир со градот Арта би биле припоени кон Грција[416]. На седницата одржана на 27 март, амбасадорите на големите сили го прифатиле османлискиот предлог за новата гранична линија со сугестија за демилитаризирање на некои османлиски утврдувања по текот на новата гранична линија[417]. Откако била утврдена новата гранична линија, амбасадорите на големите сили на 6 април 1881 година упатиле колективна нота до грчката влада со барање таа да ја прифати за да се стави крај на несогласувањата[418]. Владата во Атина немала голем простор за политички маневар и морала да го прифати решението на големите сили[419]. Премиерот Кумундурос во одговорот на нотата нагласил дека неговата земја уште со прифаќањето на решенијата на Берлинската конференција од 1880 година ја покажала својата заинтересираност за миролјубиво решение на недоразбирањата со својот сосед, но благодарение на отфрлањето на решението од Портата, проблемот не се затворил. Со цел да

[415]ДАРМ, м - 30, Pecchioli - Blunt, Cavalla, 5 mars 1881, FO 424/136.

[416] G. J. Marcopoulos, King George and..., p. 38.

[417] Documentes diplomatiques..., 1er serie, t. III, doc. 414, Tissot - Saint-Hillaire, Pera, 27 mars 1881, p. 392.

[418] Исто, doc. 431, Tissot - de Courcel, Constantinople, 6 avril 1881, p. 408 - 409.

[419] Одредени европски весници, врз база на информациите што ги добивале од Атина, предвидувале дека Грција нема да го прифати барањето на големите сили. Била спомената и можноста Кумундурос да поднесе оставка. Меѓутоа, предвидувањата се покажале како неточни. (Британски..., т. IV, док. 170, с. 526-530).

не дојде до поголеми проблеми, Грција, во согласност со својата намера да ги подобри односите со османлиската држава, ја прифаќа новата гранична линија и гарантира заштита на муслиманското население во анектираните области[420].

Прифаќањето на новата гранична линија од Грција ги задоволило големите сили, но и османлиските власти. Во Солун, видните османлиски првенци, како и повидните претставници на грчката заедница, исто така изразија задоволство од решавањето на горливото прашање, кое можело да доведе до судир. Во разговорот со англискиот конзул Блант, еден од водачите на грчката заедница изјавил дека неговите сонародници биле задоволни од "мудрите акции на грчката влада за мирољубиво решавање на проблемот". Тој забележал дека Грција без крв ќе добие повеќе територија и приходи отколку Србија и Романија, кои тоа го добиле со големи човечки и материјални жртви[421]. Искажувањата на Гркот не биле далеку од вистината. Ова говори за задоволството, кое не било присутно само помеѓу Грците во османлиската држава. Можеби желбите на Грците од двете страни на границата целосно не се оствариле, но добиената територија без истрелан куршум не била за потценување.

Иако граничното прашање полека се затворало, не биле сите задоволни од неговото решавање. Власите од Тесалија, Епир и Македонија наименувале шестмина делегати, кои требало да заминат во Цариград со цел на Портата и на амбасадорите на големите сили да им се изрази незадоволството од фактот дека при решавањето на граничното прашање не биле земени предвид интересите на влашката заедница. Грците на оваа активност гледале како на акт на романската пропаганда и тоа му го припишувале на Апостол Маргарит[422]. Иако не сакале да изгледаат дека оваа активност во тие моменти ги загрижува, Грците сепак не останале рамнодушни. Впрочем, тие "секогаш се внимателни во секој момент да ги ефектуираат своите национални и политички интереси"[423]. Многу брзо грчката пропаганда со закани се обидела да ја стопира активноста на Маргарит. Така митрополитот на Лариса понудил награда за главата на Апостол Маргарит[424]. Иако Тесалија веќе била добиена, грчката пропаганда не смеела да дозволи никаква реакција што би можела да го оспори грчкиот карактер на областа, бидејќи тоа можело да доведе и до други барања.

Османлиската влада на 24 мај 1881 година ја прифатила Конвенцијата за новата грчко-османлиска граница, која била подготвена на 21 истиот месец [425]. Конвенцијата, која била изработена со учество на османлиски претставници и на грчкиот амбасадор во Цариград, веднаш била испратена во Атина со цел владата да ја потпише. Грчката влада, откако ја разгледала

---

[420] Исто, doc. 452, Mouy - Saint-Hillaire, Athenes, 12 avril 1881, p. 430 -431.
[421] ДАРМ, м - 25, Blunt - Granville, 23[rd] april 1881, FO 78/3316.
[422] ДАРМ, м - 25, Blunt - Granville, 1[st] may 1881, FO 78/3317.
[423] Исто.
[424] Standard, 7[th] june 1881.
[425] Dodumentes diplomatiqeus..., 1er serie, t. IV, Paris, 1932, doc. 20, Tissot - Saint-Hillaire, Pera, 21 mai 1881, p. 17.

Конвенцијата, на 28 мај 1881 година решила да ја прифати, што било и очекувано[426]. Конечно, како резултат на прифаќањето на Конвенцијата за новата гранична линија помеѓу Грција и Османлиската Империја, таа била потпишана во Цариград на 2 јули 1881 година од страна на грчкиот амбасадор во османлиската држава, Кундуриотис, и османлискиот министер за надворешни работи, Сервер-паша[427]. Со потпишувањето на овој документ било предвидено етапно повлекување на османлиските сили од Тесалија и од помалиот дел на Епир, кои требало да ѝ припаднат на Грција. Територијата била поделена на шест сектори за повлекување[428]. На 6 јули 1881 година османлиските сили се повлекле од првиот сектор - Арта, а на 14 ноември 1881 година султановата војска се повлекла и од секторот 6 околу Волос, со што било завршено повлекувањето на османлиските сили. Со тоа територијата доделена на Грција целосно ѝ била предадена на управа на атинската влада. На тој начин бил ставен крај на тригодишниот граничен спор. Грција добила нови 14. 000 квадратни километри со обработлива земјоделска површина, која била многу поголема отколку што претходно ја имала. Грција со ова територијално проширување стигнала до границите на Македонија, најбогата османлиска европска провинција. Таа била една од следните цели на грчките аспирации и во неа, особено во приморскиот дел, веќе дејствувале грчки пропагандни зруженија, кои полека граделе инфраструктура што требало да послужи за полесно остварување на плановите за голема грчка држава.

---

[426] Исто, doc. 26, Mouy - Saint-Hillaire, Athenes, 28 mai 1881, p. 22.
[427] Morning Post, 4th july 1881.
[428] R. H. Davidson, The ottoman - greek..., 201.

# ЗАКЛУЧОК

Формирањето на Кралството Грција не значело задоволување на грчките аспирации. Големиот број Грци што останале да живеат во рамките на османлиската држава, како и потребата за животен простор заради економски опстанок на новата држава, биле причина за барања за територијално проширување на Кралството.

Грците својата независност, без никаков сомнеж, ја добиле со помош на големите сили Англија, Русија и Франција, кои станале и заштитнички на новата држава. Нивното влијание во Грција било големо, а најдобар показател за тоа било групирањето на политичките сили во земјата според наклонетоста кон некоја од наведените сили. Кралството Грција, иако не било богата држава, од средината на триесеттите години на XIX век почнало да ја распространува дипломатската мрежа во поважните европски престолнини и во деловите на османлиската држава што биле интересни за Грција. Кон крајот на декември 1834 година во Солун пристигнал првиот грчки конзул, а веќе следната година во Кавала бил отворен грчки потконзулат. Со тоа почнало дејствувањето на грчката дипломатска служба, која ќе има задача да се грижи за интересите на Кралството, но и за развој на грчката пропаганда, која во многу случаи ќе биде во судир со интересите на некои балкански народи. Иако било недипломатски, уште од самиот почеток на дејствувањето, некои грчки дипломати давале изјави за неопходноста од територијално проширување на нивната држава, како предуслов за мирна коегзистенција со Османлиското Царство. Тоа било доволно јасен сигнал дека новата држава нема да се помири со востановените граници.

Грчките интелектуални кругови му посветиле внимание на развојот на образованието, како на еден од начините за помош на пропагандата на териториите кон кои Грција имала претензии. Кон овие желби од голема помош било присуството на поголем број млади луѓе, кои се школувале пред сè во Атина, а потекнувале од областите што биле под османлиска власт. Во Атина било формирано образовно друштво, но не помало значење имало училиштето на островот Андрос. Од големо значење за образованието било и формирањето на Универзитетот во грчката престолнина.

Во триесеттите години на XIX век биле остварени контакти со Србија. Тогаш била разгледана можноста за воспоставување некој вид дипломатски односи, но идејата набргу била напуштена од страна на грчката влада.

Грчката престолнина во текот на триесеттите и четириесеттите години на XIX век била седиште на разни грчки заговорнички и националистички комитети, кои имале цел да предизвикаат нереди на османлиска територија за да се смени границата. Во Атина постоеле и комитети што биле создадени од припадници на други балкански народи. Овие комитети, иако немале иста цел, сепак заради заедничкиот непријател и истата религија, имале соработка. Владата во Атина, иако јавно не ја поддржувала работата на овие комитети, сепак не ја ни попречувала, што значи дека не се противела на нивното дејствување и се согласувала со нивните цели.

Избувнувањето на кризата поврзана со Мехмед Али, барем во почетокот, не довело до затегнување на односите на Грција со османлиската држава. Причината лежела во преговорите за склучување трговски договор помеѓу двете соседни земји. Одбивањето на грчкиот крал да го одобри склучениот договор било знак за затегнување на односите на Атина со Цариград. Тогаш дошло до засилување на активностите на комитетите, а во Грција биле водени дискусии за територијално проширување на државата, во кои била споменатa и Македонија. Во тој период доаѓа до почнување на процесот за рехабилитација на Византија во грчкото општество со барање за нејзино обновување.

Грција од самиот почеток на своето постоење била со економски проблеми. Економската состојба во земјата постојано се влошувала, а незадоволството од баварското владеење било сè поголемо и поизразено. Тоа довело до преврат во септември 1843 година, кога кралот Отон бил принуден да го прифати барањето за донесување Устав. Меѓутоа, најголем белег на овие настани им дал говорот на Јоанис Колетис во грчкото Собрание во јануари 1843 година. Овој говор се смета за јавна промоција на "мегали-идејата", во која како една од областите за територијално проширување била опфатена и Македонија. Иако Колетис бил политичар што јавно се изјаснил за територијално проширување на Грција, тој внимавал да не ги наруши и така затегнатите односи со единствениот грчки сосед, што не значи дека ги запоставувал грчките интереси. Во времето кога тој бил на чело на грчката влада во Атина, биле повикани Грци-османлиски државјани, со цел да помогнат во наоѓањето начини за полесна образовна пенетрација во османлиската држава. Во втората половина на XIX век првпат била спомената словенската опасност врз грчките интереси, но ќе помине извесен период додека антисловенското однесување да стане константа во грчката надворешна политика.

Во овој период на школување во Атина престојувале не мал број ученици и студенти од Македонија, кои не биле Грци, но биле под грчко културно влијание, Г. Прличев, К. Миладинов, Ј. Стрезов, Ј. Генадиев и др. Тие многу брзо се увериле дека нивното потекло не е многу ценето.

Избувнувањето на кризата во односите помеѓу османлиската држава и Русија и почетокот на Кримската војна во 1853 година во Грција било искористено за активирање на разните комитети што дејствувале против султановата држава. За разлика од претходниот период, сега тие имале отворена поддршка од владата и од кралот. Грчкиот крал ја искористил кризата за да ги засили своите позиции во земјата со својата силна поддршка за материјализирање на "големата идеја". Грчката јавност била под голема пресија на настаните, особено од пропагандата на весниците. Тие биле полни со написи во кои се повикувало на остварување на грчките аспирации. Во земјата постоеле и личности што не се согласувале со политиката на кралскиот двор. Тие биле претежно од проанглиските и профранцуските политички групации. Исто така, и одредени грчки дипломати ја предупредувале својата влада да не брза со решенијата и да се поврзува со Русија, но тие предупредувања немале никакво влијание. Комитетите имале

намера да кренат востанија во Епир, Тесалија и во Македонија, со цел да дојде до анексија на овие области кон Грција. Пристигнувањето на грчки чети од Тесалија и од Епир преизвикало немири во некои делови на јужна Македонија. На Халкидик ќе дојде до избувнување на востание под раководство на Каратașо. Тој ќе пристигне од Грција, но според прогласот што ќе го објави, неговата цел не била присоединување на Македонија кон Грција, туку нејзино ослободување со востание на сите христијани. Опомените и заканите што до владата во Атина пристигнувале од Лондон и од Париз не довеле до промена во грчката политика. Во 1854 година османлиската влада ги прекинала дипломатските односи со Грција, а во мај истата година здружена англофранцуска воена експедиција извршила окупација на Пиреја, што довело до промена на владата во Атина, а со тоа и на официјалната државна политика. Грција доживеала целосен неуспех во политиката за време на Кримската војна, благодарение на погрешната процена на ситуацијата и нереалните желби.

Како резултат на неуспехот на грчката политика доаѓа до засилување на антируските сили во земјата, бидејќи Русија била сметана за виновник за грчкиот неуспех. Исто така, влијанието на кралот Отон било намалено. Во Грција на сцена стапиле оние кругови што се залагале за активирање на грчката пропаганда на Балканот. Набргу, во 1859 година, доаѓа до формирање на првото грчко здружение во Македонија, битолското Казино, кое дејствувало мошне кратко, но било никулец на слични здруженија што подоцна ќе бидат формирани во споменатата османлиска област.

Успесите на италијанското движење, но и борбата за обединување имале голем одглас во Грција. Одредени грчки кругови воспоставиле контакти со италијанските комитети и се надевале дека успехот на Италијанците може позитивно да влијае за остварување на грчките аспирации. Сепак, треба да се има предвид дека Италијанците се бореле за територии што биле претежно населени со италијанско население, додека грчките аспирации, во овој период, се протегале и на територии каде што грчкото население не било мнозинско.

Иако постепено грчкото општество ќе биде зафатено со антисловенски чувства, тие нема да бидат пречка за одредени политички кругови во Атина да размислуваат за контакти со Србија заради заедничко дејствување против османлиската држава. Причина за овие размислувања бил стравот од можноста некоја голема сила да го заземе местото на Османлиите, но и неможноста на, во конкретниов случај, Грција самостојно да ги оствари своите амбиции. Во текот на 1861 и 1862 година биле водени преговори со Србија, но сојузот не бил склучен, пред сè поради преголемите грчки барања, особено во однос на Македонија, но и поради нестабилната политичка состојба во Грција.

Во Цариград бил формиран Силогос за ширење на грчкото образование. Иако ова здружение било формирано во османлиската престолнина и во него членувале претежно османлиски државјани, негов член бил и грчкиот амбасадор во Цариград, Марко Рениерис, што покажаува дека

владата во Атина имала увид во неговите активности, а не може да се исклучи и нејзиното влијание во ова здружение.

Неуспехот на кралот Отон да ја искористи Кримската војна за остварување на грчките аспирации неповратно го уништил неговиот углед кај Грците. Кон ова треба да се додаде и неговиот неутрален став во време на Италијанската војна за обединување, што во некои кругови во Атина било протолкувано како предавство на грчките интереси. Сето тоа неизбежно водело кон детронизација на Отон. Тоа се случило во 1862 година. На тој начин грчкиот престол останал празен. Како и порано, главен збор имале големите сили, пред сè Англија. Вистинска бура предизвикала можноста синот на британската кралица Викторија, Алфред да стане нов грчки крал. Тоа било поддржано од проанглиските кругови во Грција, а во Солун тамошната грчка заедница му упатила и јавна поддршка на Алфред. Наместо Алфред, нов грчки крал станал данскиот принц Георг, кој како монарх го носел името Георгиос I. Англија не сакала да се заплеткува проблемите на Балканот и затоа данскиот принц станал нов грчки крал, но Лондон со стапувањето на Георгиос на грчкиот трон ѝ ги дал Јонските Острови на Грција. Овој потег на лондонската влада го засилило уверувањето во Атина дека со помош на Англија може да се оствари "мегали-идејата". Сепак, реалноста била поинаква. Давањето на Јонските Острови било со цел да се засили англиското влијание во земјата. Настаните во Грција немале поголем одраз во јужните делови на Македонија, дури ни во реоните со грчко и влашко мнозинство.

Во Грција сè поизразени биле антисловенските чувства. Во тоа се уверил и бугарскиот деец Раковски, кој пристигнал во Атина непосредно пред изборот на нов крал. Тој, како српски пратеник, имал задача да ги испита можностите за сојуз на Србија со Грција.

Доаѓањето на кралот Георгиос на грчкиот престол, за кратко, довело до подобрување на грчко-османлиските односи. Тоа во никој случај не значело дека биле прекинати активностите на разните националистички здруженија, но тие немале поддршка на владата за своето дејствување.

Почетокот на Критското востание бил шанса за политичарите што се залагале за поцврст однос кон османлиската држава. Еден од тие политичари бил Александрос Кумундурос, кој дошол на чело на владата во Атина кон крајот на 1866 година. Тогаш биле обновени преговорите со Србите, кои ќе траат неколку месеци поради одредени несогласувања, пред сè во врска со Македонија. Договорот конечно бил склучен во 1867 година, но никогаш не бил ефектуиран, пред сè поради однесувањето на Србија во завршната фаза на Критската криза, кога не одговорила на грчкото барање за помош. Едноставно, Србија ниту сакала да го исполни договореното во дадениот момент, но реално ниту можела, ако се има предвид состојбата на нејзината војска.

Во Македонија, поточно во нејзините јужни делови, имало некои активности на грчки комитети, но тие немале поголем одглас.

Целосно осамена, финансиски снеможена и изолирана Грција морала да се согласи со решенијата на Париската конференција од 1869 година. Крит останал дел од османлиската држава.

Грција повторно ја преоценувала својата надворешна политика, откако за помалку од дваесет години вторпат претрпела неуспех во настојувањето да оствари барем дел од "мегали-идејата" Кралот се залагал за подобрување на лошите односи со Цариград, но исто така големо влијание му било посветено на засилувањето на позицијата на елинизмот, кој очигледно трпел неуспеси. Во таа насока бил формиран Силогос за ширење на грчката писменост во Атина во 1869 година под покровителство на грчкиот крал и владата. Целта на здружението била засилување на грчкото образование во османлиската држава, пред сè во Македонија и во Тракија, каде што постоел голем страв за грчките интереси поради неповолниот состав на населението. Затоа бил формиран Силогосот. Доколку народносниот состав на населението во тие области бил поволен за грчките интереси, тогаш потребата од овој вид здружение ќе била минимална. Постепено во делови на Македонија ќе никнуваат локални силогоси, кои биле материјално помагани од својот атински пандан. Нивната активност неретко била контролирана и од грчки дипломати, со што само се покажувало кој стои зад нивното формирање и дејствување.

Приближувањето на Грција кон османлиската држава било мотивирано, меѓу другото, и со можноста од создавање самостојна бугарска православна црква. Атинската влада ѝ давала голема поддршка на Цариградската патријаршија во настојувањата да се спречи или да се одложи формирањето на бугарската црква. Во таа намера тие нема да имаат успех. Грчката политика во периодот по 1870 година ќе биде оптоварена со Егзархијата, која била сметана за голема опасност за грчките интереси во османлиската држава, поточно во Македонија и во Тракија.

Промената во грчката надворешна политика се гледа и во незаинтересираноста на владата во Атина да ја искористи Француско-пруската војна во 1870-71 година, за остварување на грчките аспирации и одбивањето на српскиот предлог за акција во текот на споменатата војна. Османлискиот султан дури бил одликуван и со највисокиот грчки орден, Орден на спасителот. Грција дури ѝ понудила на османлиската држава и сојуз, кој бил одбиен, но такво нешто било незамисливо во претходниот период.

Почетокот на Источната криза во 1875 година предизвикал интерес во Грција, но земјата не сакала, ниту пак имала сили за преземање каква било акција. Тогаш на чело на владата бил Трикупис, кој поради негативното искуство од претходниот период, сметал дека било потребно да се задржат добрите односи со Османлиите и да се чека развојот на настаните. Дури и политичарите што се залагале за соработка со другите балкански народи, не преземале никаква активност јавно.

Доаѓањето на Кумундурос на чело на владата предизвикало загриженост во Цариград од можноста за грчко вмешување во настаните. Сепак, Кумундурос бил искусен политичар, кој во никој случај не можел да ги доведе во прашање интересите на својата земја, а тие биле јасни - да се остане

надвор од конфликтот сè до поволниот момент. Тој за секој случај, преку Вулгарис одржувал контакти со Србија.

Во Македонија активноста на грчките дипломати била насочена кон известувања поврзани со движењето на османлиските трупи, но и да контактираат со тамошните Грци. Во оваа османлиска област била засилена активноста на бунтовничкиот комитет "Аделфотис" со цел да биде подготвено востание, кое требало да избие во поволен момент.

Предлозите на британската влада за одржување конференција, на која би биле разгледани мерките за автономија на словенските провинции на османлиската држава предизвикале загриженост во Атина. Грчката влада упатила неколку меморандуми до големите сили, во кои барала ист третман и на, според неа, грчките провинции. Тоа не довело до задоволување на грчките барања.

Почетокот на Руско-османлиската војна во 1877 година не довел до промена на грчкиот став. Кон ова секако влијаел и ставот на поголем дел од јавното мислење, но и на османлиските Грци, кои се противеле на можноста од грчко-руска соработка.

Заострувањето на односите на Балканот довело до формирање на натпартиска влада во Грција, на чело со Канарис, со цел да се избегне честото менување на владите, но и за заедничко понесување на одговорноста во дадениот момент. Заговорничките комитети "Аделфотис" и "Етники Амина" биле обединети во еден Централен комитет, со цел да бидат полесно контролирани од владата. Грчката војска не била способна воено да интервенира на османлиска територија, но затоа биле правени планови за востанија во оние делови на османлиската држава кон кои Грција имала аспирации.

Неуспехот на руските сили кај Плевен ја принудил царската влада да побара грчко вклучување во војната. Тоа бил добар повод за тактизирање на владата во Атина. Таа се обидела со долги преговори да добие одредени концесии од Русија, но и да ја принуди Англија да се заложи за грчките интереси. Обидот останал без резултат. Русите и без грчка помош успеале да ги пробијат османлиските одбранбени линии во Бугарија. Тоа предизвикало загриженост во Атина, каде што се јавиле стравувања дека неучеството на Грците во судирите ќе ги лиши од османлиското наследство. Руско-османлиското примирје довело до промена на владата во Атина, а сите политички структури во Грција, вклучувајќи го и кралот, се согласиле дека треба да се создаде грчко прашање. На сцена стапил и Македонскиот комитет, формиран од жители на Грција што потекнувале од Македонија и биле приврзаници на "големата идеја". Членовите на овој Комитет биле главни инспиратори на истоварувањето кај Литохоро и на прогласот што бил издаден од тогаш прогласената Привремена влада на Македонија. Акцијата не успеала, но била доволен показател дека и Македонија по присоединувањето на Епир, Тесалија и Крит ќе биде цел на грчките аспирации. За разлика од Македонија, каде што имало неуспешен обид за востание, грчката војска навлегла во Епир и Тесалија, но многу брзо морала да се повлече за да биде избегната војна со османлиската држава, која по

примирјето со Русија можела да ангажира доволно силни воени групации за да ја порази Грција.

Потпишувањето на Санстефанскиот прелиминарен мировен договор предизвикал шок во Грција. Создавањето на голема бугарска држава значело и крај на надежите за остварување на "мегали-идејата". Грчките реакции биле жестоки, но за среќа на Атина западните сили не го прифатиле договорот од Сан Стефано. На теренот Грците организирале пишување петиции против споменатиот договор, а за кои имале поддршка од грчките дипломати. Тогаш дошло до зближување помеѓу Грција и Англија. Решението за одржување конгрес, на кој ќе се разгледаат решенијата на Санстефанскиот договор колку-толку ги стишило духовите во Грција.

Атинската влада се обидела да обезбеди учество на Конгресот во Берлин, надевајќи се на англиска поддршка, но во тоа немала успех. Грчките делегати можеле да се појават само во сесијата што се однесувала на грчките интереси, и тоа не за да учествуваат, туку само да ги изнесат грчките барања. Решенијата на Конгресот воопшто не биле задоволителни за Грците. Со членот 24 од Берлинскиот договор, Грција и османлиската држава биле повикани да пристапат кон преговори за нова гранична линија. Ништо повеќе од тоа. Сепак, најразочарувачко за Грците било дистанцирањето на Лондон по завршувањето на Конгресот, кога требало да се изврши притисок врз Портата за почнување преговори за исполнување на членот 24. Преговорите почнале, но Османлиите правеле сè за тие да се одолжат.

Грција како средство за притисок го применила и испраќањето чети на османлиска територија. Дел од четите бил разбојнички. Со тек на времето некои од овие чети за притисок врз османлиската влада се претвориле во чети за наметнување грчка свест кај македонското население.

Големите сили, откако увиделе дека ситуацијата може да излезе од контрола, ги седнале двете соседни земји на заедничка маса, но биле потребни повеќе од две години преговори, закани, тактизирање за да се постигне договор за границата, со кој Грција ја добила речиси цела Тесалија и мал дел од Епир. Така, Грција добила плодна и неопходна територија за економски опстанок и развој без да земе учество во воениот конфликт.

# БИБЛИОГРАФИЈА

## 1. НЕОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ

Архив на Македонија:
- Архив Въшней Политики Росии: м/559; м-1046; м-1050
- Архив Србије: м-III/25; м-III/27; м-III/34; м-III/37; м-LVI/665; м-LVI/666; м-436
- Archives des Ministeres des Affaires Etrangeres: м-87; м-88; м-89; м-90; м-91; м-92; м-93; м-94; м-95; м-340; м-1041; м-1042; м-1043; м-1571; м-1572
- Archivio Storico del Ministero degli Affari Esteri: м-99; м-100; м-171; м-173; м-174; м-175; м-178
- Nationales Archives Washington: м-116
- PRO - Foreign Office: м-1; м-2; м-4; м-5; м-7; м-8; м-10; м-11; м-12; м-13; м-14; м-15; м-17; м-19; м-21; м-22; м-23; м-24; м-28; м-30; м-158

## 2. ОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ

- АНДОНОВ - Полјански Христо, еден извештај за трговијата на Солун и Солунско за 1835, ГИНИ, XII/2, Скопје, 1968
- Архив Г.С. Раковски, т. 3, София, 1966
- Архив Г.С. Раковски, т. 4, София, 1969
- БЕРИЋ Душан, "Проект" Љубомира Ивановића из 1866 о устанку хрисћана у Европској Турској, Зборник за историју, бр.27. Матица Српска, 1983
- Британски документи за историјата на македонскиот народ, т. 1, Скопје, 1968
- Британски документи за историјата на македонскиот народ, т. 2, Скопје, 1977
- Британски документи за историјата на македонскиот народ, т. 3, Скопје, 1982
-ΒΕΛΚΟΣ Γρηγοριος, Εγγραφα απο τι αρηειο του συνοικισμου Νεα Πελλα, Μακεδονικα, 20, Θεσσαλονικη, 1980
- Външната политика на България, т.1.1879-1886, София,1978
- Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, т. III, кн. 1, Белград, 1983
- Despatches from United States consuls in Greece 1837 - 1906, Descriptive list, Sofia, 1989
- Документи за българското възраждане от Архивата на Стефан И. Веркович, София, 19
- Документи за новата исторя на българскиот народ из Виенските държавни архиви 1830-1877, ч. 1, София, 1948
- Документи и материали за историята на българскиот народ, София, 1969
- Documenets diplomatiques francais 1871-1914, tome III, Paris, 1931
- Documenti diplomatici Italiani, Prima seria 1861-1970, V. II, Roma, 1959
- Documenti diplomatici Italiani, Prima seria 1861-1870, V. III, Roma, 1962

- ДУРКОВИЋ - Јакшић Љубомир, Анонимна и загонетна брошура из 1868 године о организацији за устанак хрисћана на Балкану против Турака, Историјски гласник, 1-2, Београд, 1979
-ΙΟΑΝΝΙΔΟΥ–Μπιτσιαδου Γεοργξια, Αγνοτες ιστορικες ειδησειες για τη Μακε–δονια απο της αμερικανικες προξενικες εκθεσεις τησ Θεσσαλονικης 1832–1840, Μακεδονικα, τ. 20, Θεσσαλονικι, 1980
– Ιστορικα Αρχεια Μακεδονιας, Β, Αρχειου Βεροιας – Ναουσας 1598 – 1886, Θεσσαλονικι, 1956
– ΚΩΦΟΣ Ευαγγελος, Η επαναστασῃ στη Μακεδονια κατα την 1878, Θεσσαλο–νικι, 1966
– ЛАПЕ Љубен, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, дел 2, Скопје, 1976
- LOUKATOS Spyros, Jean Kapodistrias et la Macedoine, Balkan Studies, v. 16/1, Thessaloniki. 1975
- Македония, Сборник от документи и материали, София, 1978
- Македоня през погледа на австриските конзули 1851-1877/78, т. 1, София, 1994
- Освобождение Болгарии от турецкого ига, т. 2, Москва, 1961
- Освобождение Болгарии от турецкого ига, т. 3, Москва, 1967
- Писма Илије Грашанина Јовану Мартиновићу, књ. 2, Београд, 1931
- Писма Јована Ритића Фулипу Христићу од 1870 до 1873 и 1877 до 1880, Београд, 1931
- Писма Филипа Христића Јовану Ристићу 1868-1880, Београд, 1953
- РАЙКОВА Ана, Стефан Веркович и Българите, София, 1978
- Русия и българското национално - освободително движение 1856-1876, т. 1, ч. 1, София, 1987
- Русия и българското национално - освободително движение 1856-1876, т. 2, София, 1990
- СЕЛИЩЕВ, А. М., Греко-болгарские отношения в Македония в 1870-1880 годах, Македонски преглед, V/ 3, София, 1931
- Србија 1878, Београд, 1978
- Србија и ослободилачки покрети на Балкану 1856-1878, књ. 1, Београд, 1983
- State Papers 1832-1833, London, 1836
- СТЕФАНОВА Слава, Международни актове и договори (1648 - 1918), София, 1958
- ТОДОРОВ Николай и ТРАЙКОВ Воин, Българи участници в борбите за освобождение на Гърция, София, 1971
- ТОДОРОВА Мария, Подбрани извори за историята на балканските народи XV-XIX век, София, 1977
- FRAZEE Charles, The historian George Finlay and his correspondence with Cornelius C. Felton (1854-1859), Südost-forschungen, XXIII, München, 1964
- Француски документи за историјата на македонскиот народ 1977-1878, Скопје, 1969
- CLOGG Richard, The movement for Greek independence 1770-1821, a collection of documents, London, 1976

ЛИТЕРАТУРА

- ΑΙΛΙΑΝΟΥ Κονσταντινου, Η Αυστρο–Ουγγαρια και η προσαρτηση της Θεσσαλια και της Ηπεριου 1878–1881, Θεσσαλονικη, 1988
– АЛЕКСИЋ Лиљана, Став Француске према Србији за време друге владе кнеза Милоша и Михаила 1858-1868, Београд, 1957
- ARNAKIS George, The Cretean revolution of 1866 and the mission of Alexander Rangavis to the United States, Actes du premiere congres international des Etudes Balkaniques et sud-est europeennes, Sofia, 1969
- ARSH G., P. A. Saburoff od the mission in Greece during the Eastern Crisis of the 1870's, Διετνις ιστορικο σιμποσιο Η τελευτεαν φαση της ανατολικις κρισεως και ο ελληνισμος 1878–1881, Αθηναι, 1981
– АРШ Г., Греция и возточний кризис 70-тих годов XIX века, Руско-Турецкая война 1877-1878 и Балканя, Москва, 1978
- BERARD Victor, La Turquie et L'Hellenisme contemporain, Paris, 1893
- БИТОСКИ Крсте, Грчката просвета во Македонија во османскиот период до 70-тите години на XIX век, Школството, просветата и културата во Македонија во времето на преродбата, Скопје, 1979
-БИТОВСКИ Крсте, Континутитетот на македонските нациналноослободителни борби во XIX и почетокот на XX век, Скопје, 1998
- БИТОСКИ Крсте, Македонија во времето на големата источна криза 1875-1881, Скопје, 1982
- БУРМОВЪ Т. С., Българо-гърцката църковна распря, София, 1902
– ΒΑΚΑΛΟΠΟΥΛΟΣ Κωνσταντινος, Μορφες ληστρικης δραστηριοτητας στη Μακεδονια μετα την επανασταση του 1878, Βαλκανικα Συμμεκτα, Θεσσαλονικη 2, 1983
–ΒΑΚΑΛΟΠΟΥΛΟΣ Κωνσταντινος, Νεοελλινικη ιστορια 1204–1940, Θεσσαλονικη, 1991
– ΒΑΚΑΛΟΠΟΥΛΟΣ Κωνσταντινου, Ο Βορειος ελλινισμος κατα την πρωιμη φαση του Μακεδονικου αγωνα 1878–1894, Θεσσαλονικη, 1983
– ΒΑΚΑΛΟΠΟΥΛΟΣ Κωνσταντινος, Το μακεδονικο ζητημα, Θεσσαλονικη, 1989
– ΒΑΣΔΡΑΒΕΛΗ Ι, Η πειρατεια εις τα παραεια της Μακεδονιας, Μακεδονικα, Ε, Θεσσαλονικη, 1963
– VASDRAVELIS John, The Greek struggle for independence: The Macedonians in the revolution of 1821, Thessaloniki, 1972
- ΒΑΚΑΛΟΠΟΥΛΟΥ Αποστολου, Τα δραματικα γεγονοτα της ΘεσσαΛονικης κατα το μαιο 1876 και οι επιδρασεις τους στο Ανατολικο ζητημα, Μακεδονικα, 2, Θεσσαλονικη, 1953
– VELICHI Constantin, Les relationes roumano-grecques durant la periode 1879-1911, Revue des etudes sud-est europeennes, t. VII, n.3, Bucarest, 1969
- VELICHI Constantin, Les relationes roumano-grecques durant la periode 1866-1879, Revue des etudes sud-est europeennes, t. VIII, n.3, Bucarest, 1970

- ВИНОГРАДОВ Владимир, Великобритания и Балканы од Виенского конгреса до Кримской войны, Москва, 1985
- ВИНОГРАДОВ Владимир, Восточный вопорос в внешней политики Росии конец XVIII - начало XX века, Москва, 1978
- VYSSOULIS Panetelis, Macedonian Hellenism, Toronto, 1983
- ГАРАБЕДЯН Агоп, Гърция и Източната криза, исторически преглед, г. 52, б. 4, София, 1966
- ΓΑΡΔΙΚΑ – Αλεξανδροποπουλου Κατερινα, Η συμμετοχη του Κονσταντινου Καραπανου στις διαπραγματεις τα νεα ελληνικα συνορα, Η τελευταια φαση της αϖατολικις κρισεως και ο ελληνισμος 1878–1881, Αθηνα, 1981
– ГЕНОВ Георги, Източният въпрос, т. 1, София, 1924
- ГЕНОВ Георги, Източният въпрос, т. 2, София, 1926
- ГЕРАСИМОВ Љубомир, Книгата и Македонците во преродбата, Школството, просветата и културата во Македонија во времето на преродбата, Скопје, 1970
- GOUNARIS Basil, Social cleavages and national awaking in Ottoman Macedonia, East Euroapean Quaterly, XXIX, n. 4, Boulder, 1996
- DAKIN Douglas, The Greek unification and italian risogimento compared, Balkan Studies, v. 10/1, Thessaloniki, 1969
- DAKIN Douglas, The unification of Greece, London, 1972
- ДАМЯНОВ Симеон, Франция и българската национална революсія, Sofiя, 1968
- DANEVЪ S., Очеркъ на дипломатическата история на Баланскитя държави, София, 1931
- ДАНОВА Надя, Гърция и Цариградската патрияршия през втората четврт на XIX век, Годишник на Софиския Университет, т. LXII, кн. История 1968, София, 1969
- ДАНОВА Надя, Критското въстание през 1866-1869 и българската общественост, Исторически Преглед, 6, София, 1971
- ДАНОВА Надя, Марко Т. Балабанов и гърцкият културен и идейно-политически живот през XIX век, София, 1980
- DAVIDSON Roderic, The Ottoman Greek frontier question 1876-1882 from ottoman records, Η τελευταια φαση της ανατολικις κρισεως και ο ελληνισμος 1878–1881, Αθηνα, 1981
- ДИМЕВСКИ Славко, ПОПОВСКИ Владо, ШКАРИЌ Светомир, АПОСТОЛСКИ Михајло, Македонската лига и уставот за државно уредување на Македонија, Скопје, 1985
- ДИМЕВСКИ Славко, Положбата во Македонија за време и по Разловечкото востание според извештаите на австрискиот генерален конзулат во Солун, Македонија во Источната криза 1875-1881, Скопје, 1978
- ДИМИТРОВ Ангел, Опити за денационализация на българското учебно дело през 50-70-тите години на XIX век и спротивата срещу тяа, Българската нация през възраждането, София, 1980
- ДИМИТРОВ Страшимир - МАНЧЕВ Кйрсто, История на балканските народи XV-XIX век, т. 1, София, 1971

- DJORDJEVIĆ Dimitrije, Revolution nationales des peuples balkaniques 1804-1914, Beograd, 1961
- DONTAS Domna, Greece and Great Powers 1863-1875, Thessaloniki, 1966
- DONTAS Domna, Greek insurrectionary movement in Epirys, Thessaly and Macedonia, Ελλινικες ανακοινεσεις στο Ε διετνες συνεδριο σπουδαν νοτοανατολικης Ευροπης, Αθηναι, 1985
- DRIAULT et L'HERITIER, Histoire diplomatique de la Grece a 1821 a nous jours, II, Paris, 1921
- ДУЛИНА Н.А., Османская империя в международых отнощениях (30-40 годы XIX в. ) Москва, 1980
- ЗОГРАФСКИ Д., АБАЏИЕВ Ѓ., МИТРЕВ А., КЕРАМИДЧИЕВ М., Егејска Македонија во нашата историја, Скопје, 1951
- ЗОИДИС Г., Ригас Велестинлис, София, 1996
- ИЛЧЕВ Иван, Родината ми - права или не - външнополитическа пропаганда на балканските страни (1821-1923), София, 1973
- IOANNIDOU - Bitsiadou Georgia, La situation politique et culturelle en Servie et les relationes greco-serbes al'epoques de la regence (1968-1872), Balkan Studies, v. 34/1, Thessaloniki, 1993
- IOANNIDOU - Bitsiadou Georgia, The bavarian loan and chancellor Bizmarks intervention in the Greek-Turkish dispute over Greek's borders 1878-1881, Balkan Studies, v. 34-1, Thessaloniki,1993
- Ιστορια του ελλινικου εθνος, τ. ΙΓ, Αθηνα, 1977
– ЈАКШИЋ Гргур - ВУЧКОВИЋ Војислав, Спољна политика Србије за владе кнеза Михајла, Београд, 1963
- ЈАШАР - Настева Оливера, Григор Прличев и еден апел на охридските Власи во врска со воведувањето на мајчиниот јазик во училиштата, Живото и делото на Григор Прличев, Скопје, 1994
- JELAVICH Barbara, Balkan nationas under european protectorship, Actes du premier congres international des Etudes Balkaniques et sud-est europeennes, Sofia, 1969
- JELAVICH Barbara, Russia, Bavaria and the Greek revolution of 1862/1863, Balkan Studies, v. 2/1, Thessaloniki, 1961
- ΚΟΚΑΣ Παναγιοτης, Η οικογενεια Γκαρπολα και η πρωτη ελληνικη εφημεριδα της Θεσσαλονικης, Μεκεδονικα, 21, Θεσσαλονικη, 1981
– KOFOS Evangelos, Attempts at mending the Greek-Bulgaria ecclesiastical schism 1875-1902, Balkan Studies, v. 25/2, Thessaloniki, 1984
- KOFOS Evangelos, Dilemmas and orientations of greek policy in Macedonia 1878-1886, Balkan Studies, v. 21/2, Thessaloniki, 1980
- KOFOS Evangelos, Greece at croassroads 1878-1881, reapprasail of priorities in an evolving balkan setting, Η τελευταια φαση της ανατολικις κρισεως και ο ελληνισμος 1878–1881, Αθηνα, 1981
- KOFOS Evangelos, Greece and the Eastern Crisis 1875-1878, Thessaloniki, 1975
- KOFOS Evangelos, Greek reaction to the developments leading to the Albanian league of Prizren, Balkan Studies, v. 23/2, Thessaloniki, 1982
- KOFOS Evangelos, Greek-Serbian relations and the question of Macedonia 1879-1896, Greek-Serbian cooperation 1830-1908, Belgrade, 1982

- KOFOS Evangelos, The subject Greek during the Eastern Crisis of 1875-1878, Međunarodni simpozijum povodom 100 godišnjica ustanka u Bosni i Hercegovini i u drugim balkanskim zemljama i Istočnoj krizi, t. I, Sarajevo, 1977
- ΚΩΦΟΣ Ευαγγελος, Ο επισκοπος Κιτρους Νικολαος και η επανασταση του 1878: τα ανεκδοτα απομνημονευματα του, Μακεδονικα, 20, Θεσσαλονικη, 1980
– ΚΩΦΟΣ Ευαγγελος, Πολιτικες και στρατιοτικες επαϖαστασικεοετοιμασιες στη διετια 1876–1878, Βαλκανικα Ευμμεικτα, Θεσσαλονικη, 1989
- KONDIS Basil, The Albanian nationalist movement and the Epiro-Thessalian boundary problem, Η τελευτεα φαση της ανατολικις κρισεως και ο ελληνισμος 1878–1881, Αθηνα, 1981
–ΚΥΡΙΑΚΙΔΟΥ Επαμεινονδα, Ιστορια του συγχρονου ελληνισμου, τ. Ι, Αθηνα, 1892
–КУМАНУДИ А. J., Србија и Грчка у XIX веку, Београд, 1907
- ЛАЛКОВ Милчо, Балканското националноосвободително движение през XIX век, София, 1982
- LASKARIS Mihailo, Knez Mihailo u Atini 1845 godine, Šišič zbornik, Zagreb, 1939
- LASKARIS Mihailo, Les Grecs a toutes les epoques, Paris, 1970
- ΛΑΣΚΑΡΙΣ. Θ., Διπλοματικη ιστορια της Ελλαδος 1821–1914, Αθηνι, 1947
- LASKARIS S. Th., La premiere alliance entre la Grece te la Servie la traite d'alliance de Voeslau du 14-26 aout 1867, Monde Slave, n. 9, Paris, 1926
- ЉУШИЋ Радош. Кнежевина Србија 1830-1838, Београд, 1986
- Μακεδονια, 4000 χρονια ελλινικης ιστοριας και πολιτισμου, Αθηνα, 1982
– Μακρυγιαννης, Απομνιμονευματα, Αθηνα, 1963
– MANNEVILLE Henri, La mission de M. de Gobineaue en Greece, Revue d'historie diplomatique, t. 41, n. 2, Paris, 1927
- ΜΑΡΚΕΖΙΝΕΣ Σ., Πολιτικη ιστορια της Νεοτερας Ελλαδος 1828–1864, τ.2, Αθηνα, 1966
– МАРКОВА Зина, Българската ексархия 1870-1979, София, 1989
- MARKOVA Zina, Русия и българския църковнонационален въпрос 1856 -1864, Годишник на Софиския университет, Исторически факултет, т. 70, София, 1976
- MARCOPOULOS George, King George I and the expansion of Greece 1875-1881, Balkan Studies, v. 9/1, Thessaloniki, 1972?
- МАТКОВСКИ Александар, Македонија во делата на странските патописци 1850-1864, Скопје,1992
- Международние отношения на Балкану 1856-1878, Москва, 1986
- МЕКЕНЗИ Дејвид, Илија Гарашанин-државник и дипломата, Београд, 1987
- MILOSAVLJEVIĆ Petar, The Serbian-Greek convention of 1861, Greek - Serbian cooperation 1830-1908, Belgrade, 1982
- МИНОСКИ Михајло, Влијанието на политичките процеси и промени на Балканот врз формирањето на македонската нација до Разловечкото востание (1876), Македонија, Прашања од историја, Скопје, 1999

- МИНОСКИ Михајло, Македонија во српско-грчките преговори за поделба на интересни подрачја во 1861/1862 година, Зборник на филозофскиот факултет на Универзитетот- Скопје за 1988/1989, Скопје, 1990
- ΝΑΛΤΣΑ Χριστιφορου, Η συνθηκη του Αγιου Στεφανου και ο ελληϖισμος, Θεσσαλονικη, 1953
–ΝΙΚΟΛΑΙΔΟΥ Ελευτεριας, Ο Δημητριος Μαρκου Μποτσαρησ και η αϖεκδοτη αλληλογραφια με τον κυβερνητη Καποδιστρια, Δωδωνη, τ. Β, Ιωαννια, 1973
- NICOLOPOULOS John, From Agathangelos to the Megali Idea, Russia and the emergence of the modren greek natioanlism, Balkan Studies, v. 26/1, Thessaloniki, 1985
- НОВАКОВИЋ Стојан, Балканска питања и мање историско-политичке белешке о Балканском полуострову, Београд, 1905
- ПАНТЕВ Андерй, Дестабилизацията на англо-руските противречия в Европа 1856-1875, Годишник на Софийския Университет "Климент Охридски", Исторически факултет, т. 71, София, 1981
- PAPADOPULOS Stefanos, Ecoles et associations grecques dans la Macedoine du Nord, Balkan Stidies, 3 Thessaloniki, 1962
- ΠΑΠΑΔΟΠΟΥΛΟΣ Στεφανου, Η προετοιμασια του αγωνας της παλλιγγενεσιας στη Μακεδονια, Θεσσαλονικη, 1968
- ПАПАДОПУЛОС Стефанос, Отношения Греков к Росии в пероид Крымской войны 1853-1856, Политическа, общетсвеные и културные связи народов СССР и Греции, Москва, 1989
- ΠΑΠΑΔΟΠΟΥΛΟΣ Στεφανος, Προσανατολισμος ελληνων κατα των Κριμαικο πολεμο, Βαλκανικα συμμεικτα, τ.3, Θεσσαλονικη, 1989
- PAPOULIDIS Constantinos, Quelques elements nouveaux concernant les plans insurrectionnels de Tsami Caratasso sur le deliverance des peuples Balkaniques en 1860, Greek-Serbian cooperation 1830-1908, Belgrade, 1982
- PLOUMIDES George, Les Slaves et la Serbie dans la pensee politique de Charilaos Tricoupis, Greek-Serbian cooperation 1830-1908, Belgrade, 1982
- ПОЛЕНАКОВИЌ Харалампије, Избрани дела, т.6, Скопје, 1986
- ПОПЛАЗАРОВ Ристо, Востанието на Караташо во 1854 година, Историја, XII/2, Скопје, 1976
- ПОПЛАЗАРОВ Ристо, Грчката политика во втората половина на XIX век и почетокот на XX век, Скопје, 1973
- ПОПЛАЗАРОВ Ристо, Пропагандната дејност на грчките друштва во Македонија во втората половина на XIX век, ГИНИ, XII/2, Скопје, 1968
- ПОПОВ Чедомир, Француска и Србија 1871-1878, Београд, 1974
- PREVALAKIS Elevteros, The greek constitution of 1844 and the great powers, Ελληνικες ανακοινωσεις στο Ε διετνες συνεδριο σπουδαν νοτοανατολικης Ευ–ροπης, Αθηναι, 1985
- PROTOPSALIS Emmanuel, Aide Hellenique aux Montenegrins et Serbes durant leurs combats contre les Tirks, 1862-1876, Greek-Serbian cooperation 1830-1908, Belgrade, 1982
- PSOMIADES Harry, The Eastern question: The last phase, Thessaloniki, 1968
- PSOMIADES Harry, The character of the new greek state, Hellenism and the first greek war of liberation (1821-1830), Continuity and change, Thessaloniki, 1976

- РАДЕВ Симеон, Македония и българското възраждане въ XIX в., ч. 2, София, 1927
- РАДЕВ Симеон, Македония и българското възраждане въ XIX в., ч. 3, София, 1928
- ΡΑΓΚΑΒΙΣ Α., Απομνιμονευματα, τ.2, Αθηναι, 1895
- RISTELHUEBER Rene, Histoire des peuples Balkaniques, Paris, 1950
- РИСТИЋ Јован, Дипломатска историја Србије, т.1, Београд, 1896
- РИСТИЋ Јован, Дипломатска историја Србије, т.2, Београд, 1898
- РИСТОВСКИ Блаже, Македонскиот етнокултурен и нацинално-политич-ки развиток до почетокот на XX век во Балканскиот културноисториски контекст, Македонија. Прашања од историјата и културата, Скопје, 1999
- ROUSSOS M., Charilaos Tricoupis and Greco-Serbian alliance of 1867, Balkan Studies, v. 12/1, Thessaloniki, 1971
- САЗДОВ Томе, Григор Прличев - Собрани творби, Скопје, 1985
- ΣΒΟΛΟΠΟΥΛΟΣ Κωνσταντινος, Καθαριστικοι παραγοντες της αλυτρωτηκης Ελλαδος, εκτιμησεις και υποθεσιες με αφορμη την Κρητικη επανασταση 1866–1869, Βαλλκανικα Συμμεκτικα, 2, Θεσσαλονικη, 1983
- СЕНКЕВИЧ Ирина, Россия и Критское восстание, Москва, 1970
- SETON-Watson R.W., The rise of nationality in the Balkans. London, 1917
- СКОПЕТЕА Ели, Грчка и срадња на Балкану (1875-1878). Случај Леониде Вулгарија, Истирјски часопис, XXVIII,Београд, 1981
- SOPHOCLEOS S. M., A History of Greece, Thessaloniki, 1961
- SPIRIDONAKIS B. G., Essays on the historical geography on the Greek world in the Balkans during the Turkokratia, Thessaloniki, 1977
- СТОЈАНЧЕВИЋ Владимир, Јужнословенски народи у Османском царству од Једренског мира 1829 до Париског мира 1856, Београд, 1971
- STOJANČEVIĆ Vladimir, Problemi saradnje balkanskih naroda u nacionalnooslobodilačkim pokretima u Turskoj u prvoj polovini XIX veka, JIČ, br. 4, Beograd, 1969
- SHANON Richard, Gladstone and the Hellenic factor in the Eastern question, Η τελευταια φαση της ανατολικις κρισεως και ο ελληνισμος 1878–1881, Αθηνα, 1981
- TACHIAOS A.E.N., The national regeneration of the Greeks as seen by the Russian intelegetsia, Balkan Studies, v. 30/2, Thessaloniki, 1989
- ТЕРЗИЋ Славенко, Јован Ристић и Грци (искуство из 1876 година), Живот и рад Јована Ристића, Београд, 1985
- ТЕРЗИЋ Славенко, Србија и Грчка, Београд, 1992
- ΘΕΟΔΩΡΟΥ Θεοδορος, Η Ρουσια και η επανασταση της 3ης σεπτεμυριου 1843 με βαση εγγραφα των Αρηειον της ΕΣΣΔ και τον περιοδικο τυπο εκεινις της εποχης, Βαλκανικα συμμεικτα, τ.4, Θεσσαλονικη, 1992
- ТОДЕВ Илия, Граф Игнатиев и принципът за единство на православието, Исторически преглед, г.41, бр. 7, София, 1991
- TODOROV Nikolai, L'insurrection d'Avril et l'opinion publique grecque, Balkan Studies, v. 17/2, Thessaloniki, 1976
- TODOROV Varban, Nineteenth century federalism in Greece (An attempt of periodization), Etudes Balkaniques, 4, Sofia, 1991

- TOUSIMIS G., L'orientasion idelogique garibaldienne de la jeunesse de Monastir en 1860. L'activite de leur club et sa fermeture vehement par le grand vizir Kibrisli, Etudes Balkanique, n.3-4, Sofia, 1992
- ТРАЙКОВ ВЕСЕЛИН, Идеологическите течения и програми в национал-ноосвободителните движения на Балканите до 1878, София, 1978
- TRAIKOV Veselin, La guerre de liberation russo-turque de 1877/1878 et les peupls balkaniques, Etudes Balkaniques, 4, Sofia, 1977
- ТРАЙКОВ Веселин, Раковски и балканските народи, София, 1971
- TRUBETSKOI Gregoire, la politique russe en Orient, Revue d'histoire diplomatique, XXI, n.2, Paris, 1907
- TSIRPANLIS Zacharios, Les Grecs et l'insurrection de 1875 en Hercegovine et en Bosnie, Međunarodni simpozijum povodom 100 godišnjica ustanka u Bosni i Hercegovini i u drugim balkanskim zemljama i Istočnoj krizi, t. 1, Sarajevo, 1977
- FORSTER Edward, A short history of modern Greece 1821-1953, London, 1958
- ХРАБАК Богумил, Први извештаји дипломата Великих сила о Призренској лиги, Balcanica, IX, Beograd, 1978
- HOWARD Harry, President Lincoln's minister resident to the Sublime Porte> Edward Joy Morris (1861-1870), Balkan Studies, v.5/2, Thessaloniki, 1964
- CARABARBOUNIS Haris, the A. Coundouriotis report (1861), A contribution to the study of the Greek diplomatic service in the 19th century, Balkan Studies, v. 26/2, Thessaloniki, 1985
- COLOCOTRONIS V., Le Macedoine et L'Hellenisme, Paris, 1919
- XYDIS Stephen, Diplomatic relations between the United States and Greece 1868-1878, Balkan Studies, v.5/1, Thessaloniki, 1964
- WOODHOUSE C. M., The Macedonian contribution to the struggle of Rhigas, Balkan Studies, v. 30/1, Thessaloniki, 1989
- ШЋЕРОВИЋ Никола, Врење и завере против Турака четрдесетих година XIX века, Историски записи, XI/2, Цетиње, 1955

## ВЕСНИЦИ:

- Daily news 1880
- Daily telegraph 1880
- Македония 1868-1869
- Марица 1878
- Morning post 1880 - 1881
- Standard 1880
- Times 1880
- Цариградски вястник 1853-1854

## РЕГИСТЕР НА ЛИЧНИТЕ ИМИЊА

**А**

| | |
|---|---|
| Абдул Меџид | |
| Абдул Фрашери | 183 |
| Абедин бег | 183 |
| Абердин | 30 |
| Адамс Џон | 9 |
| Акиф паша | 195 |
| Александар | 11 |
| Александар II | 59, 104, 157, 176 |
| Александар, Батемберг | 199 |
| Александар Македонски | 3 |
| Александра | 177 |
| Али ефенди | 191 |
| Али паша, Јанински | 7 |
| Алфред | 81, 82 |
| Андоновски, Христо | 192 |
| Андраш I | 136, 138, 166, 167 |
| Антим IV | 40 |
| Антим VI | 124, 126 |
| Антимос | 5 |
| Антипас, Вангелос | 88, 114 |
| Антонијадис | 26 |
| Антонопулос | 92, 93, 96, 97, 99, 178 |
| Апостолидис, Мисаил | 26, 40 |
| Апостолидис, Милтијадис | 160 |
| Арвандинос | 94 |
| Арванитојанис, Јани | 88 |
| Аргиропулос | 25, 33, 57 |
| Аргиропулос, Јоанис | 101 |
| Аристоклес | 169 |
| Арманшперг, Јозеф фон | 15 |
| Атанас, од Пијанец | 9 |

**Б**

| | |
|---|---|
| Балабанов, Марко | 84, 197, 199 |
| Балачеану, Јон | 97, 99 |
| Басдекис | 53 |
| Белев, Јован | 68 |
| Бентам, Џереми | 9 |
| Бизмарк | 175 |
| Битовски, Крсте | 172, 192 |
| Бишта, Мина | 67, 69 |
| Бјулов | 179 |
| Блазнавац | 107 |
| Блант, Џон | 168, 188, 193, 204 |
| Божигропски, Павел | 100, 127 |
| Болинтеану | 143 |
| Бофидис | 195 |
| Боцарис, Димимтриос | 59, 64, 74, 77, 93, 94, 96, 101 |
| Бочвар, Марко | 9 |
| Браилас (Враилас), Арменис | 96, 186 |
| Буре | 58 |

Бутарис, Јоанис 101
Бутењев, А.П. 18, 65
Буфски, Константин 149, 191

**В**
Вадингтон 173-175, 184
Вајт 169
Вакалопулос, Константинос 15, 56, 58, 192
Валаоритис 119, 135
Валенцас 25, 27, 38
Валијанос 18-20, 23, 64, 67, 72, 73, 77, 88
Вамвас, Неофотос 50
Варнакиотис 50
Василидес 169
Ватикиотис 119, 120, 137, 149, 151, 153, 157, 158, 164, 168, 180, 195-198
Вахан еффенди 183
Вејкос 48, 53
Велингтон 11
Велестинлис, Ригас 3, 26, 32
Верковиќ 102
Византиос, Александрос 95, 135, 142
Викторија 82
Висулис, Панделис 3
Виторио Емануеле 77
Влахија, Петрос 90
Влахос, С. 44, 78
Влахопулос 28
Вудхаус 3
Вузас, Јоанис 101
Вулгарис, Динитриос 59, 60, 66, 80, 84, 92, 95, 96, 108-110, 126
Вулгарис, Леонидас 64, 90, 91, 111, 121, 132-135, 138-144, 146, 149-151, 159, 185, 191-193

**Г**
Гаврил 39
Гамбета 190
Гарашанин, Илија 71, 87, 92, 94, 104, 105, 107
Гарашанин, Милутин 134, 135, 144
Гарибалди 63, 64, 67, 73-76
Гарполас, Софоклес 132, 164
Гацо, Ангел 10
Генадиев, Јоан 40
Генадиос 148
Генов 12
Георгиев, Христо 111
Германос 7
Герогиос I 85, 86, 90, 91, 95, 96, 99, 107, 108, 116, 117, 127, 132, 134-136, 155-157, 160, 170, 177, 185, 186, 189, 190, 195, 199, 201, 202
Гиј, Шарл 21
Гларакис 38

| | |
|---|---|
| Гледстоун | 176, 190, 197, 200 |
| Глени, Миша | 102, 175 |
| Гобино | 110 |
| Говедарос, Јоанис | 101 |
| Горчаков | 97, 101, 174 |
| Гренвил | 200 |
| Гривас | 30, 50 |
| Григориј V | 4, 8 |
| Григориј VI | 103 |
| Грнчаров, Стојчо | 12 |
| Громадов, Павле | 44 |
| **Д** | |
| Дагмар | 177 |
| Дамалас | 143 |
| Дамјанович, Сотир | 10 |
| Данзас | 187 |
| Данова, Надја | 31 |
| Де Линш | 187 |
| Де Ринг | 186 |
| Декин, Даглас | 23, 76 |
| Делигеоргис, Епаминонда | 74, 92 |
| Делијанис, Николаос | 199 |
| Делијанис, Петрос | 97, 98, 102, 106, 113, 114 |
| Делијанис, Теодорос | 96, 112, 115, 116, 153, 156, 156, 159-162, 167, 172-177, 181, 182, 184, 189, 190 |
| Дендринос | 107 |
| Депре | 173 |
| Дерби, лорд | 148, 165 |
| Дијамандиев | 100, 191 |
| Дилк, Чарлс | 176, 190 |
| Димитровиќ, Анастас | 191 |
| Димица, Маргарит | 41, 62, 110 |
| Динка, Георги | 83-85 |
| Дионисиј | 64 |
| Доротеј | 129 |
| Доскос | 113, 127, 131, 134, 138, 141, 142, 155 |
| Достјан | 12 |
| Драгумис, Н. | 42, 46 |
| Драгумис, С. | 160 |
| Дражиќ, Фирмилијан | 140-143, 146, 151, 185 |
| Дука, Адам | 10 |
| Думбиотис, Космас | 160, 163 |
| **Ѓ** | |
| Ѓувара | 12 |
| **Е** | |
| Ејнар, Жан Габриел | 26 |
| Екмечиќ, Милорад | 175 |
| Ексарху | 188 |

**Ж**
Жинзифов, Јоан 40
Жинзифов, Рајко 63, 100

**З**
Заимис 121, 124, 156, 159
Замвракакис 160
Занос, Петрос 104-107
Зарифис, Георгиос 131, 137, 165
Зах, Фрањо 108-110
Захилас, Георгиос 160, 163
Зервас 50, 53
Зитунијадис 50
Зјакас, Теодорос 48, 50, 55, 56
Зографос, К. 17, 18, 22-24, 29, 60
Зографски, Анатолиј 22
Зографски, Партениј(Павле) 22, 65, 70, 83
Зоидис 3
Зузо 67

**И**
Ивановиќ, Љубомир 94, 98
Игнатиев 90, 106, 120, 125, 127, 129, 150, 172
Икономос, Клеоменос 39
Икономос, Константинос 16, 23
Иларион 27
Иларион, од Лазарополе 44
Иларион, Макриополски (Михајловски) 39, 65
Ипсиланти, Александар 7
Ипсилантис, Георгиос, грчки дипломат 96, 122, 138

**Ј**
Јалемос 8
Јеротеј 128
Јоаким, солунски митрополит 159
Јоаким II 131
Јоаким III 188
Јоану, Ставро 10
Јонеску 143
Јонин 72, 87
Јосиф II, хабзбуршки цар 1

**К**
Кавур 66
Каирис 20
Каламатас 44
Калверт 77, 193
Калеврас, Панајотис 68
Калергис, Д. 19, 57, 72
Калигас 57, 78
Калогерос 151, 158, 182
Калиникос 186

Калифронас, Д. 78
Калостетис, Јоанис 156
Канарис 23, 57, 80, 89, 93, 153
Канини, 68
Каподистрија, Георгиос 23
Каподистрија, Јоанис 6, 10-12, 14
Капчев, Георги 64
Караѓорѓе 6
Караискакис, Димитриос 53
Карамицос 184
Каракатаци 111
Карапатакис 140, 151, 158
Карастоилов, Стојан 180
Караташо, постариот 9
Караташо, Цами 19, 23, 25, 36, 37, 51, 53-59, 64, 68
Каратеодори паша 174
Караулис 103
Карацас, Ј. 17
Каридис, Софоклис 50
Карол 96, 97
Карцов 131
Катакази 16
Катарахија 198, 202, 203
Катерина II, руска царица 1
Кацикојанис 48
Кенинг 11
Кибризли паша 67
Кијари 191
Киперт 167, 168, 202
Киријак 84
Кодрикас, П. 10
Кокинос 143
Колетис, Јоанис 16, 31-36, 42
Колокотронис 79
Колокотронис, Панос 135, 178
Колокотронис, Теодорос 2, 8, 17, 22
Кондојанис 53
Константин, руски кнез 66, 104
Константин, Павлович 1
Контоставлос 136, 143, 144, 147-149, 200
Кораис, Адамантиос 3, 4
Коровангос 163
Корнилов 43
Коронеос, Панос 64, 84, 95, 168
Кофос, Евангелос 17, 151, 153, 175, 192
Криезис, А. 44
Крикоцис, Јоанис 174
Ксантос, Емануел 5
Ксенис 62
Куза 89
Кумануди, Јован 7, 78, 140
Кумундурос, Александрос 84, 88, 92, 95, 96, 106, 108, 120-122, 124, 129, 131-133, 137-142, 146, 153, 156, 160, 177, 178, 184, 185, 193, 201, 203

| | |
|---|---|
| Кундуриотис | 60, 144, 148, 152, 177, 179,188 192, 197, 199, 202, 205 |
| Кусев, Методи | 100 |

**Л**

| | |
|---|---|
| Лабуд-паша | 8 |
| Лајард | 152 |
| Лангада | 101 |
| Ларион | 25 |
| Левендис, Георгиос | 6 |
| Леонтијакас | 84 |
| Логотетис, Петрос | 118, 126, 158, 183, 192, 195 |
| Лојхтенберг | 82 |
| Ломбардос, Константинос | 64, 66, 74, 75, 93-95 |
| Лондос, А. | 29 |

**М**

| | |
|---|---|
| Маврокордатос, Александрос, грчки политичар | 8, 10, 16, 17, 23, 28, 29, 31, 32, 35, 39, 51, 57, 66, 81 |
| Маврокордатос,претседател на Атин. Силогос | 133, 136, 137, 171 |
| Мавроматис | 180 |
| Мавромихалис | 89, 135 |
| Мавромихалис, Петро-беј | 7 |
| Маврудис, Т | 165 |
| Мазовер, Марк | 102 |
| Макријанис | 23, 25, 28-30 |
| Мамурис, Јоанис | 34, 46 |
| Манакис, Анастасиос | 21, 22, 78, 84 |
| Манолис | 90 |
| Манос, Г. | 60 |
| Манос, Николаос | 109 |
| Мансалас | 34 |
| Маргарит, Апостол | 204 |
| Марули | 125 |
| Марков-Малешевски, Илјо | 162 |
| Маталас, Атанасиос | 83, 85 |
| Матеи | 149 |
| Маурер, Лудвиг | 15 |
| Мелетиј | 65 |
| Меншиков | 43 |
| Метаксас, Андреас | 17, 23, 29, 31, 43, 51, 52, 66, 67 |
| Метаксас, Спиридон | 96, 101 |
| Метаксас, Мацас | 130 |
| Мехмед Али | 10, 23, 25, 27 |
| Мијаулис | 74 |
| Миладинов, Димитар | 39, 44, 62, 63, 65 |
| Миладинов, Константин | 40, 62 |
| Милиос, С. | 44, 46, 48, 56 |
| Милисис | 87 |
| Миноски, Михајло | 44 |
| Михос | 135 |
| Мишајков, Константин | 40 |

| | |
|---|---|
| Мишајков, Петар | 40 |
| Мораитинис, Аристидис | 108 |
| Морлин | 168 |
| Морнар | 58 |
| Мунси | 189 |
| Мустафа бег | 183 |
| Мустафа паша | 9 |
| Мустафа Решид | 28 |
| Мустије | 90, 97 |
| Мустоксидис, А. | 35, 68 |
| Мусурос | 26, 35-37 |
| Мухтар паша | 183 |
| **Н** | |
| Наполеон | 2 |
| Наполеон III | 52, 77 |
| Натанаил | 129 |
| Наум, П. | 12 |
| Нерулос, Ј. Р. | 40 |
| Нешет беј | 47, 53, 54 |
| Никапочински | 43 |
| Никифорос | 127 |
| Никола | 78 |
| Никола Атанас | 10 |
| Николаидис | 115, 116 |
| Николај I | 42 |
| Николаос | 142, 149 |
| Николопулос | 85, 86 |
| Новиков | 83, 110, 111 |
| **О** | |
| Обреновиќ, Милош | 7, 21, 22, 35, 67 |
| Обреновиќ, Михајло | 35, 67, 84, 95, 104, 105, 112 |
| Обреновиќ, Милан | 127, 134, 199 |
| Олга | 104 |
| Олимпиос, Георгиос | 6 |
| Ону | 187 |
| Отон, грчки крал | 14, 15, 19, 24, 25, 27-32, 36-38, 42, 43, 52, 54, 56, 57, 59, 69, 74-80 |
| **П** | |
| Пајкос | 43, 44, 47, 53,54 |
| Паламидис, Р | 29, 44, 57 |
| Палеолог | 67, 73, 74, 78 |
| Палмерстон | 33, 80, 99 |
| Пантазидис, Јоанис | 159 |
| Паскал, Спиро | 10 |
| Пасхалис, Леонидас | 159 |
| Пападакис | 143 |
| Пападопулос | 128 |
| Пападопулос, грчки вице-конзул во Кавала | 138, 158 |
| Пападопулос, Г.Г. | 35, 40 |
| Пападопулос, Михаил | 126 |
| Папакостас | 38, 53, 58 |
| Папакостопулос | 156, 158 |

Папаригопулос, грчки
амбасадор во Рим, 147, 167
Папаригопулос, Константинос 42, 46, 143, 167, 168
Папас, Аристидис 7
Папас, Емануел 7, 8
Папас, Стаматис 63
Патралексис 149
Перевос, Х. 32
Петкович, Константин 43, 44
Петрас 53
Петров-Ножарот, Димитар 64
Петрониjевиќ 104-106
Пецалис, А. 32
Пиларинос, П 32
Пиликас, С. 44, 54
Пихеон, Анастасиос (Атанасиос) 101, 127
Полjански, Христо Андонов 192
Поп-Георгиев, Димитар 129, 136, 162, 180
Провеленгис 54
Прокеш 35
Прличев, Григор 40
Псалидас, А. 10
Псилас 57
Психарас, Андонис 174

**Р**
Радовиц 175, 200
Раду 34
Раковски, Георги 34, 84
Рангавис Александрос 25, 63, 96, 103, 110, 112, 114, 121, 122, 167, 173, 179
Рангавис, Клеон 143
Рангос 50
Расел, Одо 172
Расим паша 190
Редклиф 54
Рениерис, Марко 26, 69-73, 75, 76, 78, 90, 93, 94
Решид паша 34, 45, 52
Ризо, Антим 40
Ристиќ, Јован 72-74, 87, 89, 90, 92 , 93, 96, 98, 99, 102, 104, 105, 112, 115, 116, 131, 146, 155, 185
Ристовски, Блаже 11, 12, 192, 193
Робев, Димитар 172
Робев, Константин 20
Родоканакис, Леонидас 103
Ронгодис 164
Русен 58
Руфос, Венизелос 80

**С**
Сабуров 123, 134, 140, 146, 152, 155, 166
Сакалеру, Јанис 127
Сакопулос 89
Саксенкобурготски, Леополд 14
Самнер, Чарлс 103

Сарикиотис, В. 174
Сариполос, Николаос 46
Сафет паша 147, 179
Сервер паша 205
Симос, Евстатиос 127
Симу, Васил 191
Синаитски, Теодосиј 22, 39
Сиомос, Јоанис 101, 127
Сјуард, Вилијам 103
Скалцојанис 48
Скандалидис 12
Скотидис 164
Скрјабин 193
Скуфас, Николаос 5
Солзбери 168,170-172,174-176
Сотирис, Зизис 32, 64
Софијанопулос 39
Софрониј 120
Спиридонакис 3
Ставрос, Георгиос 26
Стагеиридис 12
Стаматопулос, Никитас 23
Стјуарт 154, 156
Стојанович, Натанаил 44, 129
Странфорд, Едвард 147
Стрезов, Јанаки 40
Суцос, грчки конзул во Солун 28
Суцос, Ј. 17
Суцос, М. 29
Суцос, Панајотис 45, 50
Суцос, Скарлатос 48, 135, 178
Схинас 31

**Т**
Такерман, Чарлс 110, 126
Тамцули, Христо 111
Тано, Петро 83
Тано, Стефан 83
Тано, Тома 83
Тахиаос, А. 15
Теофилос 78, 121
Терзиќ 144
Терцетис, Г. 32, 42, 46, 66,76
Тодоров, Врбан 171
Тодорова, Марија 9
Тоскиќ, Васа 139, 141
Тријандафилис 67
Трикупис, Спиридон 17, 31, 51
Трикупис, Харилаос 80, 92, 96-99, 102, 104, 123, 131, 134, 152, 154-156, 159, 162, 191, 193-195, 199, 201
Тувенел 72

**У**
Уљанов 191

**Ф**
Фармакис 50
Фармакис, Јоанис 6, 7
Филаретос, Георгиос 171
Филаретос, Д. 78
Филимон, Јоанис 45, 78
Филипидис, Николаос 101
Фоскарини 179
Фотијадес 113, 177,182
Франц Јозеф 136
Фреаритис, К. 202
Фрешфилд 171
Фридман 4
Фуад паша 45, 83

**Х**
Хаѕипетрос, Христодулос 50, 56
Хајдем, Карл Вилхлем фон 15
Хајмерле 191
Халкиопулос, Николаос 159
Харисис, Г. 164
Харисис, Теагенис 41
Хацару, Ахилеос 158
Хацару, Димос 158
Хаџиконстантинов-Џинот, Јордан 39
Хисомахос 160
Хитрово 72, 73, 77
Хохенлое 194
Хрисантос 7
Хрисовергис, Аристидис 45
Христидис 24, 44
Христидис, Г. 12
Христиќ 121, 122
Христодулос 122
Христопулос 93

**Ц**
Цавелас, Кицо 34, 50, 53, 58
Цакалов, Атанасиос 5
Цима, Михаил 160, 163
Цирлис, Атанасиос 101
Цирлис, Михаил 101

**Џ**
Џеферсон Томас 9

**Ш**
Шапкарев, Кузман 65, 68
Штакелберг 114
Шумков, Иван 40

# СОДРЖИНА

Вовед ....1
Грција и Балканот 1830-1856 ....14
Грција и Балканот 1860-1875 .. ....62
Грција и големата источна криза .... 131
Заклучок .... 206
Библиографија....213
Регистер на лични имиња ....222

Далибор Јовановски

**ГРЧКАТА БАЛКАНСКА ПОЛИТИКА И МАКЕДОНИЈА 1830 - 1881**

Издавач:

За издавачот:
Зоран Росоманов

Дизајн и печат:

Тираж:
600 примероци

**Книгата е печатена
благодарејќи ѝ на поддршката на
Пивара Скопје А.Д.**